АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ – ДОНЧО
СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

ПРАИСТОРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ БАЛКАН

(заедничка историја и иднина)

АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ – ДОНЧО
СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

ПРАИСТОРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ БАЛКАН

ЗАЕДНИЧКА ИСТОРИЈА И ИДНИНА

ИЗДАВАЧ – МАКЕДОНСКА ИСКРА – СКОПЈЕ

ЕДИЦИЈА:ИСТОРИЈА

АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ – ДОНЧО
СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

ПРАИСТОРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ БАЛКАН

Текстот го подготви и го уреди:
Славе Николовски – Катин

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа книга не смее да се репродуцира или пренесува во која било форма или со какви било средства, електронски или механички, вклучувајќи фотокопирање, снимање или со кој било систем за чување и пребарување на информации без писмена согласност од авторот, освен за вклучување на кратки и документирани цитати во новинарски прегледи

АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ – ДОНЧО
СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

ПРАИСТОРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ БАЛКАН

ЗАЕДНИЧКА ИСТОРИЈА И ИДНИНА

МАКЕДОНСКА МИ 1997 ИСКРА

ПРЕДГОВОР

За многу историографи вообичаено е „егејската култура“ да ја нарекуваат „хеленско историско чудо“, кое, според нив, почнува во осмиот век пред Христа. Од тој „архајски период“ можеме да ги датираме најстарите написи на грчки јазик кои служат како пишани извори. Особено значење имаат делата на античките историчари кои ни даваат помалку или повеќе поврзан приказ на настаните од античката историја на Грција. Тоа се Херодот, Тукидид, Ксенофон, Полибиј, Диадор, Паусанија, Стработ, Ератостен, Посејдониј и Плутарх. Современи писатели-хеленисти се Томсен (Thomsen), Томсон (Thomson), Вилкен (Wilcken), Блеген (Blegen), Вентрис (Ventris), Чедвич (Chadwich), Робертс (Roberts), Борза (Borza), Хамонд (Hammond), Папаставроу (Papastavrou), Папазоглу (Papazoglu) и многу други.

Меѓутоа, надвор од границите на историјата, наидуваме на настани од неисцрпната ризница на грчките митови и легенди, од херојските епови „Илијада“ и „Одисеја“ кои до нас дошле под името на Хомер. Тука се и делата на Хесоид од Аскра во Беотија, авторот на „Дела и денови“ и „Теогонија“.

Светската наука со векови се бави и со енигмата на „грчкото историско чудо“ и не пронашла соодветни објаснувања за настанокот на тој феномен. По ова прашање постојат спротивставени ставови за минатото, бидејќи оној кој го контролира минатото, безобзирно тежи да ја диктира и иднината. Бидејќи во Европа денес не живееме во тоталитарни времиња, ќе се направи обид да се објасни тоа фамозно „хеленско чудо“ врз основа на аргументите од современите науки, пред сè на лингвистиката и археологијата, со еден епистемиолошки пристап. Просторно, под поимот Грција, обично, се подразбира територијата од Олимп на север до Тенар и Крит на југ. Додека, пак, етногенезата на античките Грци се базара врз составот на учесниците во Тројанската војна: Данајци, Ахејци и Аргејци кои ги навел Ховер во „Илијада“, хеленистите ги означуваат иститете како единствен „грчки народ“ или „хеленски народ“ и тука грешат

– бидејќи Хелените го колонизирале Пелопонез 80 години после Тројанската војна.[1]

[1] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* I, 12., Дерета, Београд, 1991.

Натамошна енигма претставуваат боговите од Олимп. Херодот[2] истакнува дека поетите Хомер и Хесиод први се првите кои кај Хелените ги создале приказните за настанокот на боговите и на светот, им дале имиња и ги објасниле божествените почести и вештини и ги одредиле областите во кои тие владеат. Приказните биле подарок на Музите од Пиреја во Македонија, „елоквентните ќерки“ на Мнемосина (Меморија). Покрај верата, енигма претставува и јазикот на античките Грци, како и потеклото на азбуката и на митот.

[2] Херодот, *Историја*, II, 53, Матица Српска, Београд, 1988.

Во обид да се разјаснат наведените загатки од античкото минато на Балканот, во ова истражување се посегнува по една претпоставка што е поврзана со еден поим од Јунговиот поимник (Carl Gustav Jung, 1875-1961). Станува збор за архетипското несвесно. Овој модел-ентитет на основачот на комплексната психологија на „архетипното колективно несвесно“ послужи како парадигма за да се разоткрие целокупната програма на архетипското колективно несвесно по прашањето за археологијата, лингвистиката, праисторијата, митологијата и религијата од палеобалканологијата.

Имено, се смета дека историските податоци за древните народи на Балканот се многу оскудни, дека нивните јазици и дијалекти не се сочувани, како и нивното писмо - палеографизми. Меѓутоа, се претпоставило дека фасцинантната цивилизација на Лепенскиот Вир, Средното Подунавје и на централниот Балкан од VII милениум пред Христа, морала да остави траги во географските имиња на местата и дека етимолошките и семантичките називи на тие локалитети е можно да се „преведат“ од старогрчкиот јазик.

Патот на научните истражувања го трасирале археолошките наоди на Балканот – од Дунав до Крит и до Пелопонез. Археологот од Калифорнија, Марија Гимбутас, вели дека Балканскиот Полуостров во историски и цивилизациски поглед претставува „Стара Европа“, матица на европската цивилизација. Во тие податоци, хронолошки најстарите архолошки наоди се од културата на Лепенскиот Вир од VII милениум пред Христа. Следи неолитската култура на Централниот Балкан со Македонија (6500-5500), па Халколитската култура (5500-3100), во која спаѓа и Димини културата на Тесалија, па прото-Минијската култура на Крит (2800-2000) и, на крај, Микенската култура околу 1600 година пред Христа.[3]

[3] Thomson, I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio, 265, Athina, 1954.

Хронологијата на археолошките остварувања ја пратат, т.е. ја следат миграциите на праисториските племиња од север кон југ на Балканот, според географските процеси и еколошките услови, како и нивната култура.

Многу истражувачи истакнуваат дека античкиот јазик на југот на Балканот, во Грција, стигнал од север, од Дунав, но не наведуваат од кој дел на оваа голема река долга 2860 километри.

Во рамките на епистемолошките, лингвистичките, етимолошките и семантичките истражувања на ономастиката на географските имиња во Средно Подунавје во Србија, во период од околу триесетина години, утврдено е дека Панонија и централниот Балкан се колевка на егејската култура и дека ономастиката на хидролошкиот систем на Дунав, неговите притоки и на адите претставува алегорија на целиот митолошки систем на Хомеровата и Хесиодовата теогонија на Олимпискиот пантеон на богови. Идентификувани се, исто така, и творците на таа култура, а тоа биле Дануните, Борејците и Хиперборејците, во древна Грција познати како Еоли (Лапити, Македонци, Минијци, итн.), нивните миграции на просторите на Егејот и пошироко, нивното учество во Тројанската војна како и нивниот придонес, племенската етногенеза сè до Перикловото „златно доба“, што ја условило и структурата на оваа монографија. Во неа ќе се

обидеме да ги објасниме творците на „хеленското чудо“, бидејќи обликувањето на минатото може да влијае врз иднината. Добиените резултати ќе дадат/обезбедат елементи на една богата древна баштина која народите на Југоисточна Европа, особено на Балканот, повеќе ги поврзува и приближува отколку што ги раздвојува, со надеж дека ќе се отстрани искривента слика за хиерархијата на изворната европска духовна култура. Историјата на народите на Балканот е заедничка и комплементарна, а заедничка им е и нивната иднина во рамките на Евроспката заедница.

Делото содржи 28 глави во кои е дадена географската конфигурација на Балканот со археолошките откритија. Посебен простор е посветен на епистемилогијата на ономастиката на Панонија и развојот на палеографијата на Балканот. Во продожение има текстови за Тракија, Древна Македонија во праисторискиот Егеј, за Тесалија, Епир и Беотија, потоа за колонизацијата на Теба од Феникијците, митовите на Еолците и за Пелашко-еолската Атина, како и текстови за праисторискиот Пелопонез и негова колонизацијата.

Исто така во делото се застапени текстови за религијата на праисторискиот Егеј и источниот брег на Егеј, како и за Тројанската војна, за преселбата на Хелените-скитачките Дорци во Грција, за преселбите на Скитите на Балканот, со посебна нагласка на аргеатската династија на Александар Македонски.

Во ова дело се поместени и текстови за значењето на „хеленизмот“ и „македонизмот“, за етногенезата за цинцарите, како и за оригиналноста на митологијата на Балканот, нејзиното потекло и значење за раѓањето на европската цивилизација.

Авторите

I
ГЕОГРАФСКА КОНФИГУРАЦИЈА НА БАЛКАНОТ

Врз општествено-економските односи на праисторискиот Егеј многу влијаела географската конфигурација и еколошките промени на Балканскиот Полуостров. Во геолошките процеси на формирање на земјината кора, Балканот бил архипелаг од острови во океанот Тетис. Океанот се простирал помеѓу Африка и тогашната палео-Европа, вклучувајќи го Црното и Каспиското Море. Со поместување кон север на африканската плоча под морето, дошло до издигање на Динаридите и Карпатите. Во текот на неогенот, пред околу 25 милиони години, Панонското, Дакијското, Црното и Каспиското Море биле дел од Паратетис, епиконтитенталното море. Во горниот миоцен, со издигнување на планина кај Ѓердап се создала препрека помеѓу Панонското и Дакијското море. Во текот на овој период, Панонското Море станало внатрешено, т.е. епиконтинентално, затворено море, како и Каспиското, со низок салинитет од околните реки. Во „понтското време“, врската помеѓу Панонското и Дакијското Море воспоставена е преку Ѓердап. Бидејќи нивото на Дакијското и Црното Море било 30-80 м пониско, Панонското Море се одлеало во Дакијското преку „железните врати на Ѓердап“, во митологијата познати како Посејдонови „бронзени капии“. Така е обновена врската помеѓу Панонското и Црното Море и формирана е големата Панонска низина со сливот на реките од Дунавскиот хидролошки систем.

Слични геоморфолошки промени се случувале и во пределите на Централниот и јужниот Балкан, особено во Тесалија, Беотија и Арголитската рамнина. Во врска со ова, Херодот[1] наведува дека Тесалија некогаш била едно големо езеро, кое од сите страни било опколено со високи планини. Тоа било Бебеидското Езеро. Тесалијците тврдат дека Посејдон направил една клисура помеѓу планината Олимп и Ос, низ која

протекува реката Пенеј што се влева во Егејското Море, каква што направил и на Ѓердап[1].

[1] Херодот, *Историја,* VII, 129, Матица Српска, Београд, 1988.

Со време, помеѓу високите планинци венци високи и до 2500 метри, формирани се плодни котлини кои во праисториското и античкото доба го овозможиле формирањето на „полис-државите“.

Со формирање на Балканското копно, остатоците од океанот Тетис го опколиле полустровот од исток, југ и од запад со помош на пет мориња. На југот на полустровот, морето продрело во многу делови длабоко во континенталниот дел, правејќи заливи, ’ртови и острови што, исто така, влијаело врз формирање на посебни државички, развој на комуникациите и на трговијата. Овој процес го овозможиле и поголемите континентални реки.

Со повелкување на последниот леден прекривач пред 12000 години на Балканот и со поволните климатски промени се создале најдобрите услови за опстанок на поголема човечка популација на просторите на средно Подунавје, иако е најден и череп на Архантропус во пештерата Петралон (камено гумно) на Халкидики во Македонја, во близина на Солун, кој датира од 160000-750000 пред Христа.

II
АРХЕОЛОШКИ ОТКРИТИЈА

Археолошките наоди утврдиле дека првите поголеми човечки заедници на риболовци, ловци, берачи на плодови, а подоцна и на земјоделци, на просторите на Балканот ја развиле културата на Лепенскиот Вир на Ѓердап, една од настарите духовни манифестации во Европа, во периодот 8330-6700 пред Христа.[2] На рушевините на културата на Лепенски Вир, како и долж Средно Подунавје, Морава, Вардар, Бистрица, Пенеј и Егеј во неолитот (6500-5500) никнуваат првите земјоделски населби со производство на разни предмети од печена земја, наместо од чакал/ситни каменчиња.

[2] Срејовиќ, Д., Бабовиќ, Љ.: *Уметност Лепенског Вира,* Младинска књига, 1983.

Тоа се културите на Старчево, Течиќ, Падина, Рудник, Градина, итн. во Србија; Обра, Какањ, итн. во Босна; Карановo, Бања во Бугарија; Породин, Анза, Вршик, Зелениково, Неа Никомидеа и Ситарги итн. во Македонија. Во Тесалија тоа се културите на Прото-Сескло и Сескло, Отзаки, Пирасос, Тзангли и др.

Во континенталниот дел на Хаеронија, Елатија, Неа Макри, додека на Пелопонез – на Коринт и Лерна. Во халколитската или бакарно-камената култура помеѓу 5500-3100 пред Христа спаѓаат Винчанската култура за Централен Балкан, Карановата култура за Источен Балкан и Димини култура за Јужен Балкан.

На брегoвите на Егеј енолитската култура (3100-1900) се равила како Минојска, Кикладска, Микенска или општа Хеладска кутура: како рана (2500-1900), средна (1900-1550) и доцна (1500-1200).

Од анализите на археолошките наоди по епохи може да се констатира дека културата на Лепенскиот Вир е најстара и дека таа се ширела во вид на зраци на поголемиот дел на Полуостровот, до најјужниот дел на Балканот.

Носители на таа култура, јазик, религија, митологија, филозофија и етноними биле Хиперборејците и Борејците, а на тлото на јужниот Балкан познати како Еоли. Во натамошните

анализи, пред да ја презентираме состојбата во преисторискиот Егеј, под поимот Егејска култура и тоа Димени, Минојска и Микенска, според областите јужно од 40 степени географска ширина, ќе ги изнесеме резултатите од нашите епистемолошки истражувања на ономастиката на Панонија, средното Подунавје од архетипкската култура на Лепенскиот Вир.

III
ЕПИСТЕМОЛОГИЈА НА ОНОМАСТИКАТА НА ПАНОНИЈА

Археолошките откритија на некои локалитети во Панонија, како што се Лепенски Вир, Старчево, Винча и др., многу успешно ја потврдуваат оригиналноста на древната култура на средното Подунавје, помеѓу 7000 и 5300 година пред Христа, која археологот Марија Гимбутас[1] ја нарекува „древна европска цивилизација“ (Old European Civilization). Оваа древна европска цивилизација се развивала по автентичен правец, според кој поседнакво се разликува од културата на Блискиот Исток, Средна и Северна Европа. Поради тоа, во нашите истражувања тргнавме од фактот дека доколку археолошките супстрати на Средно Подунавје претставуваат најстари можни наоди во културата на европската цивилизација, тогаш некаде мора да постои и соодветна глосологија или палеоглосологија. Со ова е псотавена хипотезата за можен модел на праисториски, архетипски јазик на таа култура, односно на духовна археологија.

[1] Gimbutas, M., *The Goddesses and Gods of Old Europe 6500-3500 B.C. Myth and Cult Images,* Univ. of California Press, 1982.

Гносолошки истражиувања на теонимската и митолошката Ономастика на Панонија

Во методологијата на научните истражувања користени се Јунговите[2] ентитети од комплексната психологија: архетипското, колективно несвесно. Со овој модел истражувана е ономастиката, митологијата и праисторијата. Од ономастиката на Средното Подунавје истражувани се хидронимите и хоронимите според воено-географските карти/мапи 1:200 000, кои не припаѓаат на словенско-српскиот корпус. Во објаснување на имињата, користени се лексикони на старогрчки јазик, како и глосолошки студии на грчки, германски и други лингвисти, кои утврдиле дека во античкиот грчки јазик постојат супстрати кои не припаѓаат на Хелените, туку на праисториските домородци.

[2] Jung, K.G., *Dynamics of Unconscious,* (прев.), Матица Српска, Н. Сад, 1990.

Во панорамата на праисторискиот свет на Балканот и на Егејот постојат многу енигми кои привлекуваат истражувачи од разни профили. Една од големите енигми е таканаречената „грчко чудо“.

Грчката теогонија, космологија и митологија сè уште претставуваат енигма и покрај повеќекратниот напредок на филозофијата, хуманитарните науки и технологијата. После Талес од Милет, Херодот на свој начин се обидува да објасни дека поетите Хомер и Хесоид на Хелените им составиле историја за теогонијата, им дале имиња на боговите, им поделиле почести и на сите ним им одредиле облик/форма.

Се поставува прашањето: дали во митологијата има некоја вистина? Понатаму, дали воопшто поезијата и филозофијата можеле да постојат заедно во времето на настанување на митологијата и што е архетипско? Или, пак, митологијата претставува почеток на филозофијата?

Меѓутоа, бидејќи поезијата и филозофијата се наоѓаат во митологијата и придонеле за нејзиното настанување, се поставува и прашањето за јазикот, бидејќи во составот на најстариот јазик може да се открие ризницата, изворот на филозофија. Без јазикот не може да се замисли не само филозофската, туку и човечката свест, па и постоењето на, сè до денес, едно колективно несвесно за архетипската култура на Средното Подунавје.

Во составот на овие загатки спаѓаат и митовите за Херкул, за Аргонаутите и за златното руно, како и митот за Хиперборејците, митски народ што живеел на крајниот север, на другата страна на Северниот ветер. Поради тоа и поради верификација на поставените хипотези, избрани се следниве цели на истражувањата:

Да се утврди на кое лингвистичко семејство ú припаѓа географската ономастика на Панонија

Да се воспостави етимологијата и семантиката на имињата

Да се одредат творците и преносителите на лингвистичката култура на дунавската цивилизација

Да се разгледа прашањето за континуитетот и опстанокот на географските имиња

Да се утврди, со помош на гносологијата, дали јазикот на дунавската цивилизација на Панонија бил супстрат на античкиот грчки јазик, тнр. „коине“ јазикот на Александар Македонски

Да се разгледа прашањето за праисториските Скити-Прасловени како чувари на лингвистичкиот континуитет и архетипската култура на Централниот Балкан

Метод на истражување

Многу автори сметале дека несловенската ономастика на Панонија припаѓа на илирскиот или на келтскиот јазик. Ние, сепак, се обидовме да ја декодираме истата со помош на грчкиот јазик. Воочивме дека ономастиката е сочувана во античкиот грчки јазик и дека таа сочинува супстрат на грчкиот јазик. Привидната апорија е во тоа дека Хелените никогаш не биле на овие простори.

За хидронимот на Дунав

Повеќето хидронимичари, (експерти за хидроними), сметаат дека името на Дунав потекнува од келтскиот јазик во кој тоа гласи Дунав и во основа, едноставно, значи „река“. Постојат и други имиња како: Дунај, Дунав, Дуна, Дунареа, Донау, Дануб, Дона, Туна, итн., вкупно околу 160 различни називи. Грчките називи се Даноувиос и Истрос, додека латинскиот е Danubious.[3] Од етимолошки аспект, тука се работи за кованицата ’Даноу’ и ’виос’, која потекнува од теонимите Диос – Зевс, чија буколичка форма е Дан-Зан, сето тоа изведено од коренот ди, диос – сјаен, „сјај небески“. Генитив од Дан е Даноу. Другиот член на името Даноувиос е ’виос’, латински vivus – bios, т.е. живот. Даноувиос или Данубиус, според тоа, значи Диосова или Зевсова река на животот, Божествена река, односно „Господар на сите реки“ и претставува персонификација на богот Диос или Зевс. Ова е наша основна и почетна претпоставка.

[3] ”Vindobona, quia dat vinum bonum; Danubius, quia dat nubes”, („Виена, бидејќи дава добро вино; Дунав, бидејќи дава облаци“).

Оваа хумористочна етимологија ја дава германскиот писател од 18-ти век, J.G. Seume. Таканаречената народна или домородна етимологија ја прославил кај нас Сима Милутиновиќ Сарајлија (Мухамед=муха+мед, и сл.)

Додека Даноувиос бил име за горниот и средниот тек на реката до водопадите кај Ѓердап, дотогаш долниот дел првобитно го носел името Истрос. Хидронимот Истрос е, исто така, кованица од зборот 'истиа' или 'естиа' – огниште или храна (оттука нашиот збор 'јести' на српски) и другиот дел од зборот 'рео', 'роос' – струја, река или латински rivus, т.е. „река хранителка", па оттука и теонимот Хестиа, за едно од 12 олимписки божества и персонификација на огнот на огниште, што асоцира на многубројните огништа во Лепенски Вир.

Во хидролошкиот систем на Дунав во Панонија постојат многубројни реки, меѓу кои спаѓаат:

ТИСА – етимолошки потекнува од глаголот 'тисо' – да се дава жртва на боговите. Во митологијата Тиса е персонификација на една од нимфите на која божицата Реа ù го дала својот син Диос да го негува и чува;

ТАМИШ или ТЕМИШ е персонификација на титанката Темис, втората жена на богот Диос;

НЕРА е теоним за богот Нереј (Nerevs), прастаро божество на морето.

САВА е персонификација на богот Сава – Зиос, тракиско-фригиско божество во митологијата;

Трите МОРАВИ се персонификација на трите Миори, зли судбини, ќерки на Морос, подредени на Диос и на останатите богови;

СТИГА или МЛАВА е персонификација на нимфата Стига – Стикс, една од реките на Подземниот свет по која душите на мртвите се пренесуваат (Харон) во царството на Хад и на Персефона. Една нејзина притока навистина го носи името БУСИР и го персонифицира митолошкиот бог на египетскиот подземен свет Бусирис (Озирис), а е поврзана и со авантурите на Хераклe.

Адите на Дунав

Адите (речни острови) на Дунав се персонификација на богот Хад, етимолошки Адес.

НЕСТИНСКА АДА кај Челарево етимолошки потекнува од Нестос или Несос. Нес, во митологијата е Кентаур, демонско суштество на реките, кого боговите го овластиле да ги превезува луѓето преку реките. Ова име е поврзано со Хераклe и неговата жена Дејанира.

КРЧЕДИНСКАТА АДА етимолошки потекнува од ’каркинос’ – рак и зборот ’идин’ - наликува, гледа, а во митологијата е поврзана со борбите на Хераклe, Хидрите и на Киркин.

АДА ЦИГАНЛИЈА етимолошки е сложен збор од ’гигантис’ – див, титан и зборот ’лиан’ – многу. Во митологијата, Титаните учествувале во бунтот против Диос, во Гигантомахијата.

АДА РАТНО ОСТРВО е превод на името на богот на војните Арес и персонифицира „судир“, односно судирање на водите на Дунав и Сава.

АДИТЕ ФОРКО – ТУМАЦ И ЧАКЛИЈАН се наоѓаат помеѓу Белград и Панчево. Форкис во митологијата е бог на гребените и брановите, татко на Хесперидите, кои ја чувале градината на боговите со златни јаболки, и на божицата Хера, во Јабучкиот рит кај Панчево. Тумац или Таумац е Форков брат, татко на Ирида (Ирис), персонофикација на божицата на информации. Чаклијан етимолошки потекнува од ’как’ – лут како оса, злобен и ’лиан’ – многу. Во митологијата, Как е злобно чудовиште и е во контекст на кражбата на Гериновите крави од страна на Хераклe. Неговата сестра Кака, која му помогнала на Хераклe откако ја напуштила Панонија, се преселила во Рим, каде се издигнала до староримска божица. Како спомен на Кака, зачувана е ономастиката на некои места во Рим, околу Капитол (Atrium Caci) и на Палатина (Scale Caci).

АДА КАЛЕ порано се викала ЕРИТИЈА. Ономастиката на Еритија е сложена и се состои од ’ерио’ – со сила или жестоко да се тегне и ’тхеиа’ – што припаѓа на божество, што се однесува на извлекување на бродовите преку Дунавските водопади спротивно од течењето на водите. Во митологијата, крал на Еритија бил Герион, кој ги поседувал добропознатите говеда.

Хидронимите на Панонија и на Ѓердап

ПАНОНИЈА етимолошки е кованица од ’пан’ – сѐ, сеопшт, на пример во христијанството кај имињата севладетел, пантократор, за бог, а кај западните Словени при обраќање пан – господин. Другиот член ’нонија’ етимолошки потекнува од ’нон’ – јас, его. Во митологијата Пан е бог, син на Реја и на Крон, еден од првобитните богови.

ШУМАДИЈА е српски превод на ’ХИЛА’, етимолошки од ’хила’ – шума, дрвја. Тука отсекогаш имало шуми. Во митологијата кралицата Хила е Ехидна која со Херакле го родила синот Скит, родоначалник на сите Скити на Балканот.

ПОЖАРЕВАЧКО ПОЛЕ е спрски превод од ФЛЕГРАИОН ПЕДИОН. Етимолошки потекнува од глаголот ’флего’ – гори, спалува, место каде во митологијата се одиграла гигантомахијата.

ХЕРОНИЈА е топоним во Делиблатската пештера. Етимолошки потекнува од Хера, име на божица, Зевсовата сопруга и од зборот ’нон’ или ’он’ – навистина.

АПАТИН е град на Дунав. Во митологијата Апата е персонификација на измама. Апата поседувала волшебен појас, со чија помош божицата Реја го полудела својот сопруг Крон.

ТИТЕЛ е град на устието на Тиса и Дунав. Ономастички е кованица од ’титос’ и ’ел’ – ос. Во митологијата Титиј е страшен џин кој ја напаѓал божицата Лета, мајката на богот Аполон и божицата Артемида. Елос е мочуриште. Источно од Тител се наоѓаат големи мочуришта, а особено доминираат Бело Езеро и Царска Бара.

ЕЗЕРОТО ПАЛИЌ е митолошкиот титан Пал–ас.

ЃЕРДАП и ГЕРДАП етимолошки може да потекнува од зборовите ’гер’ – ас, подарок, дар и од ’дап’ – едон, земја, област, т.е. земја на митолошкиот крал Герион. Ѓердап во митологијата е ТАРТАР (Tartaros) – понор. Зевс во Тартар ги фрлал победените Титани и Гиганти по титаномахијата и гигантомахијата. Левиот брег на Дунав кај Ѓердап го носи името Тартарија, како и една височинка кај Јулија Алба во Трансилванија.

Етно-топомастиката на Србија

Забележавме дека при изучување на географските називи, многу топоними имаат древно етимолошко значење. Така на пример, Гордон Чајлд[4] го наведува етнонимот Дануни во египетските документи од Тел Ел-Амарн, што е датиран околу 1400 години пред Христа, а кој што се однесува на „народите од север.“ Дануните како народ се споменуваат и подоцна, во египтескиот напис во храмот Мединет Хабу во Теба, во знак на благодарност кон Рамзес III кој во 1194 година пред Христа ги одбил непријателските напади на „народите од морето“ и од копното. Етнонимот Дануни етимолошки произлегува од хидронимот Дану-биус-Дунав. Во текот на преселбата на народите, еден дел од Дануните ја населиле Киликија во Мала Азија, а друг дел го населиле Египет. Современите истражувачи на Сахара тврдат дека пронашле племе на бледокожи Нубијци во Египет, кои наведуваат дека потекнуваат од Дунав.

[4] Childe, G.V., *The Danube in Prehistory*, London, 1929

Хидронимот Мачва етимолошки припаѓа на палеобалканската глосологија (ПБГ) и се состои од зборовите –мак во –макар – што значи имотен, богат, додека зборот со суфиксот –ва е еднакво на –фа, т.е. храна, па од тука и градот Богатиќ. Овој топоним одговара на етнонимот Македон каде –кедон потекнува од ’кеднос’ што значи чесен, мил, драг, виток. Во Мачва, источно од Шабац, постои хороним и топоним Миш-ар. Во ПБГ зборот ’mus’ значи глушец (миш на српски), додека зборот ’ар’ значи навистина. Во праисторијата глушецот се почитувал како бог на исцелување, како тотем[5]. Овој хороним претставува и етноним за народот под името Миси или Мези што Хомер[6] ги лоцира на Дунав и во Мала Азија и за нив пее: „ Мишаните ги водеше Хромис и Еном, гатар во птиците...“ Топонимот Мосна на устието на Поречката река во Дунав е етноним за народот Мосиники, кои, според Грејвс[7], единствено мигрирале за Македонија од Преспанското Езеро до планината Бермион (Каракамен) и го добиле името Бриги според езерото, додека други мигрирале по течението на Дунав и се преселиле на Црноморските брегови на Мала Азија, западно од Трапезунт.

[5] Grevs, R. *The Greek Myths,* Penguin books, Middlessex, 1972.

[6] Хомер, *Илијада* II, 858, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н.Ѓуриќ)

[7] Grevs, R., *The Greek Myths,* Penguin books, Middlessex, 1972.

Градот Мионица источно од Ваљево, како и селото Мионица во ужичкиот крај, се етноними за Мионците и земјата Мионија во Мала Азија. За нив Херодот[8] изнесува дека Лидјаните порано се викале Мионци, а нивната земја Мионија и дека главен град им бил Сард. За нив, Хомер[9] истакнува: „А Меонците во бој ги поведоа Местле и Антиф...“ Тие се споменуваат и како „народите од морето“ уште околу 1400 година пред Христа, заедно со Дануните како Шард-ани, според нивниот главен град Сард. Сенц[10] наведува дека Мионците во тие бурни времиња го напуштиле Балканот заедно со Миш-аните и Бригите. Еден од најславните потомци на Мионците бил кралот Крез (555-549), „богат како Крез“ кој ја поседувал најголемата држава во Мала Азија.

[8] Херодот, *Историја,* I, 7, Матица Српска, Београд, 1988.

[9] Хомер, *Илијада* I, 1, II, 864, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н.Ѓурић)

[10] Senc. St.: *Grčko-hrvatski rje*čnik, s. 574, Kr. Zemaljska tiskara, Zagreb, 1910.

Топонимот Лапово, североисточно од Крагуевац, е етноним за праисториското племе Лапити, чиј родоначелник бил кралот Лапит, син на хиперборејскиот бог Аполон. Лапитите во бурните времиња ја колонизирале рамнината јужно од Олимп како Еоли и ја нарекле Еолија, сегашна Тесалија.

Топонимот Миничево на Тимок, јужно од Зајечар, е етноним за древниот народ Минијци, кои со Еолите ја колонизирале Тесалија и Беотија. Тие граделе „мегарони“, тврдини и ризници, војувале со Феничаните од Теба, ја изградиле Троја, ги колонизирале Арменија и Киринаика во Либија. Ја извеле аргонатуската експедиција по течението на Дунав, после Колхидите во 1225 година пред Христа.

Меѓутоа, според оригиналната палеобалканска ономастика, постои и онаа што е преведена на српски и тоа етнонимската топономастика, како што е Пожаревац, Сираково, Чемерно, итн. која спаѓа во таканаречената трансформирана ономастика. Пожаревац и Пожаревачко Поле во ПБГ значи Флеграион педион. Етимолошката основа е: флег, флогс, латински flagro, пожар, распалува, разгорува. Во праисторијата, Флегрите, заедно со Лаптитие, Минијците и останатите Хиперборејци, ја колонизирале Еолија-Тесалија. Нивниот родоначалник е Флегиј, основач на истоимените градови во Тесалија и Беотија и татко на Кронида,

која со Аплон го родила синот Асклепиј, идниот бог на лекарските вештини.

Сираково е источно од Пожаревац и претставува етноним за Тиројците, тесалските колонисти од Димини културата и за групата на Еолците. Тие дале многубројни знаменити јунаци и кралеви во целиот континентален дел на Грција и на Пелопонез. Во Атина, тоа се Пизистрадите, Кодридите, Алкмеонидите и Пајонидите, па сè до Солон и Платон.

Ономастиката на Чемерно е доста застапена во Србија и пошироко. Обично се тоа ороними, како што е тоа планината Чемерно источно од Ивањица, планината Чемерно источно од Гацко и Чемерно северно од Сараево. Во праисторијата, Чемерно е етноним за Ахејците (без радост). Според историчарите Папаставроу[11], Тејлор[12], Меквин[13] и Бамбињоти[14], Ахејците мигрирале од пределот на средното Подунавје, најпрво во тесалската Фтија, а потоа Фригиецот? Пелоп ги одведува на север на Пелопонез.

[11] Papastavrou, I,: *Istoria tis Arhaias Ellado,* p. 26-30, Hiotelli, Athinai, 1972.

[12] Taylor, W.L.: *The Mycenaeolns,* p. 158, Thames and Hudson, London, 1983.

[13] Macqueen, J.G.: *The Hittites and their contemporaries in Asia Minor,* London, 1986.

[14] Mpampiriotis, G., *Synoptiki istoria tis Ellinkis glossas,* p. 96, Athina, 1986.

Хоронимот Хомоље и оронимот Хомољски Рланини постојат во североисточна Србија, помеѓу Пек и Млава. Истоветна ономастика постоела во праисторијата vo Беотија и Тесалија, во вид на антропоними или хороними. Така на пример, кралот Амфион, Зевсовиот син кој ја изградил Теба, имал син кој се викал Хомољац (Omolöevs). Хомољка се викала една делфиска пророчица, Ениеева? ќерка, потоа божиците Атина и Деметра во Теба имале придавка 'хомолски', како и свечаните игри во Теба биле познати под името Хомолски игри (Omolöis). Еден месец во годината се викал 'хомолски' (Omolöis), ама и една порта во ѕидините на Теба.

За портата во ѕидините на Теба во Беотија најдобар опис дава Паусанија[15]: „... Хомолската врата го добила името поради следново: Кога Тебанците во битката кај Глисант биле победени од Аргивците, многумина тогаш се повлекле со Лаодамент, син на Етеокле. Еден дел од нив се откажале од патот кон Илирите и скршнале кон Тесалија па ја зазеле Хомол, најплодната и со вода

најбога тесалска гора. Кога Полиниковиот син Терсандар ги повикал да се вратат дома, ја нарекле оваа врата, низ која на враќањето поминале, Хомолска (Omolöides pylai), според гората Хомол (Omolöön).“

[15] Pauzania, *Perrigissis tis Ellados,* IX, 8, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Во Делиблатската пешчара (или Банатски песок) во Банат постои хороним Херонија. Во античката историја се спомнува градот Херонија (Hairöneia) на Кефис во Беотија, западно од минијскиот Орхомен. Тој е многу познат поради победата на македонскиот грал Филип II, 338 година пред Христа, на 2 август, кога ги совладал Атињаните и ја покорил Грција.

Кога се разгледува прашањето за имињата со трансформирана ономастика, во овие истражувања недостасува хоронимот Хипербореја и етнонимот Хиперборејци (Ypervoreoi)', т.е. Северна земја и Северци.

Лирскиот поет од Теба, Пиндар (522-442 година пред Христа), за Хипербореја истакнува дека тоа е земја со благо поднебје. Во делот „Олимпијски оди“ (3, 26-27), во делот каде Хераклe добил задача да ја фати керинската кошута/срна, вели дека тој „неуморно бил во потрага по неа цела година и дека хајката го однела дури во Истра (Дунав) и во земјата на Хиперборејците кај Кладон“ (Кладуша, крај Кладово).

Доколку планината Ворас, Борej во старите и новите грчки географии, е нашиот Кајмакчалан, тогаш сѐ што е преку неа е Хипербореја, сѐ до Истра, Дунав. Понатму, дали и етнонимот Хиперборејци, Северци со мататопија „р“ пред „в“ кај Северците и исчезнувањето на „е“ не значи Серви, Серби?

Острогорски, во делото „Историја на Византија“ (1969, 140), изнесува податок дека за време на владеењето на царот на Источното римско царство, Константин IV, „во земјата во која навлегле Бугарите живееле Словени – Северци“. Тоа било за време на Аспарух (679-680 година пред Христа).

Интрига прави и Херодот[16] кој пишува: „Хераклe, гонејќи ги стадата на Герион доспеал во земјата ... во која сега живеат Скитите... што се викала Хилеја.“ Хоронимот Хилеја потекнува од ПБВ и зборот Yle, што значи шума, т.е. Шумадија. Тој сгинал до Хилеја од Беотија до Солунскиот залив, а потоа по долината на

реката Ехедора (чува подарок, дар) и Вар-дар (чува дар), па по Моравија до Шумадија.

[16] Херодот, *Историја,* IV, 8-10, Матица Српска, Београд, 1988.

Резултати од истражувањата
Лингвистички резултати

Придржувајќи се на основите принципи на епистемологијата или, поточно, гносеологијата, како научна гранка која има за цел да ја истражува и изучува самата наука и точно да го одреди истражувачкото поле и методолошките единици, во вој труд за предмет на истражувањата земена е топонимијата на Панонија во Србија.

Методите користени во овој труд припаѓаат на етимологијата и семантиката. Етимологијата е наука за потеклото и градењето на зборот, т.е. неговиот првобитен корен, додека семантиката се бави со проучување на значењето на зборот. Истражувањата покажаа дека голем дел од топономастиката на Панониа е од несловенско потекло, етимолошки не припаѓа на санскритскиот јазик. Ономастиката е автохтона, архетипска, прото-индоевропска и извор е на палеобалканската глосологија и на прото-јазиците на Балканот, Мала Азија и на Егејот. Таа е неисцрпна духовна археологија.

Тоа го потврдуваат и други автори, како што се Томсен[17], Томсон[18] и Меквин[19], кои сметаа дека во праисторијата Балканот, заедно со егејскиот басен и Мала Азија претставувал единствено гнослошко подрачје, со ономастика која има нехеленски елементи. Освен тоа, заедничките глосолошки супстрати на ова географско подрачје покриваат и јужни делови на Русија и Црното Море, сè до земјата на Сумерите. На тој начин, овој јазик претставува посебна гранка од индоевропското семејство на јазици.

[17] Thomsen, V.: *Sur la parente de la lanque etrasque*, OKD, Copenhagen, 1899.

[18] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 119, Athina, 1954.

[19] Macqueen, J. G.: *The Hittites and their contemporaries in Asia Minor,* p. 35, London, 1986.

Бидејќи топономастиката на Панонија, а и на Балканто, претежно може најдобро и најверно да се дешифрира со

старогрчкиот речник, во методологијата е користена научната етимологија на античкиот грчки јазик. Тоа е научен превод на фонетскиот и семантичкиот развој на поедини зборови во ономастиката врз база на историско-компаративна глосологија и паретимологија, односно „народна“ етимологија на античкиот јазик што го користат грчките лингвисти. Ова е поради тоа што во античкиот грчки јазик се вградени многу супстрати од палеоглосологијата на Балканот, која во Грција уште се нарекува и „прехеленска“ или „пелашка“ глосологија.

Современиот грчки лингвист, професор Бамбињоти[20], во својата студија со наслов: „Концизна историја на грчкиот свет“ наведува дека глосолошките супстрати се од нехеленско потекло, оние елементи на грчкиот јазик на кои завршуваат одредени зборови, као на пример следниве:

[20] Mpampiniotis, G.: *Synoptiki istoria tis Ellinikis glossas,* Athina, 1986.

Во топонимите:
amos: Gramos, Samos…
nthos: Korinthos, Zakinthos, Tirinthos…
ssos: Ilissos, Parnassos, Kifissos, Knossos…
ssa: Larissa, Edessa, Naussa, Arnissa…
ttos: Lakavittos, Imittos, Ardittos…
mnos: Kalimnos, Rethimnos…
ndos: Pindos…
ake: Ithake, Trake…

Хороними:
острови: Krete, Thera, Thasos, Lesvos, Milos, Naksos, Hios…
региони: Pelazgia, Thesprotia, Thessalia, Arkadia, Magnesia…
градови: Athena, Mikali, Argos, Lerna Pirasos…
ороними: Olimpos, Pindos, Gramos, Kifissos…
хидроними: Pelagos, Pontos, Kolpos, Pineos, Sperhios…

Антропоними: Ahilevs, Atrevs, Alizevs, Andrevs, Enipevs, Erehtevs, Evpistevs, Nelevs, Nerevs, Odisevs, Persevs, Pilevs, Thisevs…, како и сите антропоними што имаат суфикс –evs.

Теоними: Athena, Artemis, Apolon, Zevs-Dios, Ermis, Promithevs…

Фитоними: Dafni, Kolokinthos, narkissos, jakinthos, kissos…

Разни други имиња: pirgos, megaron, sidiros, gefira, halkos, anks, aspis, theos, eirini, kithara, kindinos, tiranos…

(Наведените глосолошки супстрати се изнесени фонетски, а не во официјална транскрипција.)

Од етимолошката анализа на авторот, наведуваме два примери:

За теонимот на божицата „Athene„ или „Athana“ наведува дека е од непознато потекло, дека е прахеленски и дека не припаѓа на индоеврпската група јазици. Ние сметаме дека припаѓа на палеобалканската гласологија и дека префиксот „А“ е негација: без, не, додека вториот дел, зборот „thana“ означува смрт – Thanatos. Оттука, божица Athene-Athana значи бесмртна.

За хидромиот „thalassa“ - море, истакнува дека, исто така, е од непознато потекло и го поврзува за македонскиот идиоматски збор ’glössa’ – говор, јазик, наречје. Сепак, смета дека може да биде кованица од зборот ’tha’ – да трча и од ’alas’ – солен, но, не наведува дека може да потекнува од словенскиот збор „таласати“ (на спрски, односно „се бранува“ на македонски).

Во поглед на староста, топономастиката на Панонија укажува дека таа може да се поврзе со дунавската култура на Лепенскиот Вир и на Винча идека јазикот на таа култура е сочуван на овие простори, а и во античкиот грчки јазик, како непознато потекло „agnöstos“. Типолошки, овој „панонски јазик“ припаѓа на двосложните или синтетички јазици и припаѓа на прото-индоеврпскиот јазик како општ начин на комуницирање и досега, речиси до 3000-5000 година пред Христа.

Истражувачите и толкувачите на Лепенскиот Вир[21] во своите дела многу студиозно ги согледале материјалните и духовните содржини на културата на Лепенскиот Вир. Тие, пред сè, многу убедливо истакнале дека „сакралната архитектура и камената скулптура на книгата за настанокот на светот, израз на една своевидна космогонија и есхатологија“. Исто така, оцениле и дека „спомениците на Лепенскиот Вир претставуваат совршено артикулиран говор за нешто што е од најголемо значење за човечкото битие, за смислата на животот и за устројството на светот“. Меѓутоа, тие пропуштиле да кажат на кој јазик говореле творците на културата на Лепенскиот Вир.

[21] Срејовиќ, Д., *Лепенски Вир,* Београд, 1969; и Срејовиќ Д., Бабовиќ Љ., *Уметност Лепенског Вира,* Београд, 1983.

Во разговорот со авторите истакнавме дека „Лепенците“ имале свој јазик за комуникација што припаѓа на палеобалканската глосологија. На тој прото-индоевропски јазик зборот ’Лепен’ има основа во зборот lepaios – каменит карст? и lepas – гола стена, од глаголот lepö – да лушти, како и од lepra – шуга, лепра, за што сведочи и самата локација на археолошкото наоѓалиште, како и камените скулптури во него.

Еволуцијата на развојот на палеобалканската глосологија изнесена е во делото „Језик античких Македонаца“, како Александровиот „коине“ јазик.

Теонимски и митонимни резултати

Топономастиката на Панонија содржи теонимни и митолошки елементи. Хидронимијата на Дунавскиот систем, каде таа го персонифицира Зевс (Зевс-Зен, Dios, Дан, Danoubius) со притоките и адите, припаѓа на ПГБ и претставува алегорија на целиот митолошки систем на Хомеровата и Хесиодовата теогонија од олимпискиот пантеон на богови.

Хоронимот Панонија е персонификација на Панонското Море – Океан, кое е формирано во текот на гоеграфската еволуција на овој простор од Океанот Тетис како Паратетис кога претставувал хидроним. Неговото теонимско значење е „господар“ – Пантократор, а во Хомеровата и Хесиодовата митологија Тетија е прамајка на сите богови и живи суштества, Океанова сопруга, Уранова и Геина ќерка и мајка на три илјади ќерки, Океаниди. Со подигнување на нивото на Панонскиот океан, водите се прелеале во Дакијското море кога, со текот на времето, е создадена Ѓердапската Клисура – Тартар: понор со должина од 98 километри. Планинскиот карст што ја преживеал заканата од рушење е наречен со оронимот Карпати (камен кој страда; пати на српски). Оваа вечна борба помеѓу водата и каменот во митологијата е опишана како титаномахија (титанос е вар, т.е. креч на српски). На крајот на Ѓердапската клисура – Тартар, богот Посејдон, на Зевсово барање, поставил „Бронзена капија“[22] чиј назив денес е преиначен во Железна капија (Iron Gate). Зад „капијата“ се простирала „Океановата струја“: водопадите на Дунав во должина од 3 км, со висинска разлика од 30 м и со брзина на брановите од 5 м/с и просечен проток помеѓу 6.000 и

16.000 м^3. Тука, на местото каде ширината на Дунав била 1 км, подгинат е хидроенергетскиот и пловен систем „Ѓердап“ во 1970 година. Со исчезнување на Панонскиот океан, на исушеното дно на басенот се создале големи панонски реки, огромни песочни пространства, т.н. пешчари, ади, мочуришта и ливади. Овој географски процес во митологијата е опишан како Гигантомахија која, според Хесиод[23], се одиграла во големата битка на Флегрејската рамнина (Flegrion pedion), т.е. во Пожаревачката рамнина. Во оваа гигантска борба победила третата генерација митолошки богови на чело со Зевс-Диос (Dios-Dan-Danou-Danoubius). Така Диос-Дунав, со својата сила, искуство и мудрост, ги надминал сите останати богови и станал „господар“ на местото на богот Пан, кој станал бог на стадата и овчарите, но го сочувал хоронимот Панонија.

[22] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* p. 453

[23] Исто, с. 183

Како што Уран и Геја имале за деца шест Титани и шест Титанки, така и титанот Крон, со својата сестра, титанката Реја, имал дванаесет деца-богови, меѓу кои биле Зевс и Хестија. При поделбата на функциите, Хестија (Estia) или Хистиа (Istia) владеела со долната третина од големата река под хидронимот Истриос. Во теогонијата, Хестија е персонификација на огнот на домашното огниште, заштитничка на куќите, градовите, племињата, државите и прогонетите, додека „истриос“ во превод означува „храна која тече“. Со времето, хидронимот Дунав преовладал по должината на целото течение на реката, а како спомен останал градот Истриа на устиоето на реката во Црното Море. Останале, исто така, бројни огништа (134) на локалитетот на Лепенски Вир на Ѓердап.

Големиот господар Дан-биус на својот брат Ад (Ades; заб. Хад, на српски) му ги доделил на управување сите ади на Дунав и станал бог на Подземниот свет – Ад, заедно со својата жена Персефона. Во митологијата, царството на богот Ад се наоѓа западно од Тартар (Ѓердап) и тука е „Палатата Стига“ (Stygos Domos), во Хомољските пештери. Преку Стишкото поле, источно од Пожареац, рече реката Млава која е синоним за митската река Стиг (Stix): омразена, страшна, мрска, odvratna. Стига-Млава е Нимфа, најстарата од 3000 Океанови и Тетиини ќерки. Таа, со своите деца, прва побрзала да му помогне на Зевс-Дунав во

борбата со Титаните. Таа на Зевс му ја родила Персефона, кралица на подземниот свет. Нејзините замоци во подземјето имаат сребрени столбови кои се издигнуваат до небото. „Замоците на Стига“ се Хомољските пештери што ги чува Адовиот пес Кербер (Kerveros: кер- верен) со стотици глави и со змија наместо опашка. Овој подмолен и опасен пес, најславниот митски свирач е пејач, поет и крал на Македонија, Орфеј, успеал да го маѓепса со својата песна, додека Хераклe го совладал Кербер без ластегарка и без стрела. За овој настан пее и Хомер[24]: „... Кога Евристеј го испратил (Хераклe) во Адот, за да му го донесе омразениот пес од Ереб (Бездна), за никогаш да не излезе од стрмнината на Стишка река...“

[24] Хомер, *Илијада и одисеја*, I, 1, VIII, 369, Нови Сад, 1985 (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Во митологијата реката Стикс има пет притоки, како и Млава, меѓу кои една го носи хидронимот Бусур, а во митологијата Бусур (Vousiris) е египетски бог на подземниот свет, синоним за богот Озирис. Богот Озирис-Vuziris со божицата Изида во Египет (околу 2500-2340) ги имал синовите Македон и Анубис. Тој го препуштил владеењето со Египет на својата жена и тргнал да го освојува светот заедно со синовите. Кога стигнал во Тракија, војувал со кралот Ликург, кого го убил, а својот прв син Македон го поставил за крал на областа долж реката Халиакмон, која од тогаш го има хоронимот Македонија. Анибус се вратил назад и станал крал на Египет по смртта на својата мајка. Кога Озирис-Vuziris станал крал на Стишкото поле, бил познат по својата суровост, бидејќи сите туѓинци кои би дошле ги жртвувал на богот Зевс. Кога Хераклe стигнал на овие простори трагајќи по Кербер, Бусирис го фатил јунакот, го врзал и го накитил со цвеќе и го привел до жртвеникот. Хераклe смирено се приближил до кладата, но, кога започнал ритуалот, ги искинал сите окови, го убил Бусирис, како и учесниците во церемонијата. За овој настан Европид напишал и сатирична драма, а притоката Млава-Стига го памети овој настан како Бусур.

Реката Млава-Стига во митологијата е поврзана и со демонот на Подземниот свет, Харон (Harön), кој преку Могила, Аорн, Кокит и Ахеронт ги превезува сенките на мртвите до вратата на Ад. Душите кои немаат паричка под јазикот, мораат бесконечно да чекаат покрај брегот во горите од црни тополи во Делиблатската пешчара, во Sвзденuот Гај и во Врачевскиот Гај. Во митологиајта,

Стига со титанот Палант (Pallas) имала син чие име го носи адата Жилово (Zilos) низводно од устието на реката Млава.

Додека Зевс-Дунав бил во развој, неговата мајка, божицата Реја (вода) го дала својот син на Тис (Thyssos) да го чува и одгледува. Тис била нимфа (вила), пониско божество. Персонификација на оваа нимфа е реката Тиса во Панонија, лева притока на Дунав. Кога Зевс-Дунав веќе пораснал, ја земал титанката Темида (Themis) за вонбрачна жена, која од боговите била задолжена да управува со човековите судбини и да ги сменува годишните времиња во одредени месеци во годината. Нејзина персонификација у Панонија е хидронимот Тамиш или Темиш и градот Темишвар во Романија.

Нерej (Nerevs) во митологијата е прастаро божество на морето, Форков брат (ада Форко-Тумац кај Панчево), седокос старец во бела облека, не ја зборава правдата и целиот е во пена, а има и педесет ќерки - нимфите Нереиди. Реката Нера во југоисточен Банат е негова персонификација.

Интересен е и хидронимот на реката Сава. Таа, изгледа, првобитно се викала Еридан (Eridanos). Во митологијата се истакнува дека тоа е бујна река која доаѓа северозападно од гората Рипеон (Рипањ) и истекува во Океан. Етимолошки, тоа е двосложен збор, составен од зборот 'ери' со грчкото (η) од ера (ηρα) љубов, помош, додека другиот дел од зборот е 'дан' од Диос-Дан-Данубиус. Истоветна етимологија има и божицата Хера (Ηρα) со грчкото 'ета'. Семантички, хидронимот би значел дека божицата Хера влегува во Дан-Дунав, а нивното дете во митологијата е богот Арej (Ares), Големото воено острово кај Каламегдан. Арej е еден од дванаесетте олимписки богови и има натприродна сила, а како бог е персонификација на војната. Тој е агресивен и не признава никакви закони и правила на војување, па поради тоа го мразеле не само луѓето, туку и боговите. Во Тројанската војна, Арej учествувал на страната на Тројанците, за што ни соопштува и Хомер.[25] Во митолигијата, Еридан (Сава) го прифатил Фаетон (Faethön), син на богот Хелиј (Сонце) кога Зевс со молња главечки го фрлил надолу од небото бидејќи премногу се приближил до планетата Земја со сончевата двоколка за да го спаси и обнови животот на Земјата. Фаетон го погребале Хесперидовите нимфи.

[25] Хомер, *Илијада и одисеја,* I, 1, II, 512, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Зевс-Дунав во митологијата бил познат и како голем љубовник кој обљубил многу божици, ќерки на Титан и нимфи, но и многу смртни жени. Најмалку четири олимписки божества изродил вонбрачно, а меѓу нив биле Сабазиј, Дионис и Дионис-Загреј. Какои Херакле, така и Сабазиј бил син на Зевс и Персефона и често е поистоветуван со Зевс или со Дионис, богот Бакус. За време на неговите оргијастични мистерии, баковскиот извик бил „сави, сави“ при лудувањата и баханалиите, што значи „да се спаси“, па оттука и хидронимот Сава и англискиот збор 'save'. Тоа бил период кога 4-тата генерација богови се дигнале против стариот канон, што го вовел господарот на сѐ, Зевс-Дунав. Во ликовната уметност, Сабазиј е прикажан во бригијско-фригијска носија, со шишарка во раката, додека во Римското царство постоеле „Сабазиеви раце“. Тоа биле дланки од бронза со подигнати три први прста (денес српски знак), како култен инструмент. Во народното паметење на богот Сабазиј останал називот на градот Шабац (Sabaz-ios), на бреговите на реката Сава. Богот Сабазиј многу рано имал следбеници, не само на овие простори во Хипербореја, туку и во Фригија и Лидија во Мала Азија. Бил познат и во Атина во текот на VI век пред Христа, а во IV век пред Христа стигнал дури до Африка, каде станал небесен бог, веројатно идентификуван со семитскиот Баал, па оттука и етнонимот Три-бали за скитското племе во Србија. Сабазиј го добил и епитетот „врховен“ (hypsistos)[26]. Кај Херодот[27], реката Сава носи име Бронг (Vroggos) и се наоѓа во Трибалската рамнина, а се влева во Истар. Во реката Бронг се влева и реката Ангро (Aggros), т.е. Дрина која од Илирија тече на север.

[26] Елијаде, М., *Светске религије,* Народна књига, Алфа, 1996.

[27] Херодот, *Историја,* IV, 49, Матица Српска, Београд, 1988.

Реката Морава е следна голема притока на Дунав, додека во митологијата претставува антропомофризам за богот на злата судбина Морос (Moros). Како што Морава се состои од три дела (Јужна, Западна и Велика Морава), така и богот Морос има три ќерки - Мојри. Тие се викале Клота (предачка), Лахеса (онаа што мери) и Атропа (онаа која не може да се одбегне). Зевс, заедно со Мојрите, управува и ја одмерува човековата судбина. Нишката на животот ја „преде“ Клота, ја „одмерува“ аршинот на Лахеса, а ја „сечат“ ножиците на Атропа.

Меѓу интересните притоки на Морава со митолошка содржина се и Нишава и Ресава. Нишава е десна притока на Јужна Морава, тече низ Нишката планина, Сиќевачката клисура и Нишката котлина. Во митологијата нимфата која го негувала и догледала богот Дионис се викала Нисиа (Nysia), што се однесува на Нишава, односно на „... Нисејските девојки на лудиот бог Дионис“[28]. Етимолошки, Дионис (Dio-nysos) е кованица од Диос-Зевс и 'нисос' од Ниса. Тој е син на Зевс. Живеејќи на брдото Ниса, Дионис открил како се сади винова лоза, како се прави вино и како се ужива во него. Кога станал големо моче меѓу убавите нимфи и тргнал во свет, се окитил со венци од ловор и бршлен. Со него тргнал и неговиот воспитувач Силен, добродушен, обично пијан, старец, сатир кој ги презира овоземските добра кого луѓето, кога е пијан, го врзуваат со ланци од цветови за да им ја претскаже судбината.

[28] Хомер, *Илијада и Одисеја,* I, 1, VII, 133, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓурић)

Дионис со својата оргијастичка придружба тргнал во својот победоносен поход од Нис (Ниш), па натаму кон југ во Тракија кај кралот Ликург, во Македонја кај кралот Мида и го обиколил Египет, Индија, Грција и Шпанија. Неговите празнувања се викале Дионисии. Главно обележје на неговиот култ е оргијање и паѓање во екстаза под дејство на вино, игри и музика, а на ноќните пијанки владеела сексуална слобода. Надежите на Дионисиевите следбеници што тие ги гаеле во однос на животот мајсторски ги опишал платонистот Плутарх[29] и отсликани се на многу споменици ширум Балканот. Душата требало во животот после смртта да ужива во состојба на перманентно блаженство и небеска опијанетост. Реката Ресава е десна притока на Велика Морава, а нејзина притока е Ресавица. Постои и село Ресавица и Ресавска пештера. Оваа богата географска топономастика содржи спомени и традиција на народите на овој крај на славниот меѓу најславните водачи во Тројанската војна 1193-1183 година пред Христа, на кралот на Хилеја-Шумадија, Ресос, кој бил водач на тракијските воини. Тие се ставиле на страната на Тројанците, со своето блескаво оружје и воена опрема, како што во песната „Песна за Долон“ Хомер изнесува[30]:

[29] Plutarchus, *Vitae parallelae (*prev. *Usporedni životopisi)*, s. 45-125, Zagreb, 1988.

[3o] Хомер, *Илијада и Одисеја,* I, 1, X, 434, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ќурић)

„Доколку сакате токму во тројанскиот табор да влезете,
Сосема таму на крај новодојдените Тракијци стојат
Кај нив кралува сега Рес, Ејонеев внук.
Кај него видов многу убави и големи коњи
Ждребињата се побели од снег, во трчањето достојни/слични на ветрот.
Украсена со злато и сребро е неговаа кола
Носи оружје златно и големо, висинско е чудо
Да се види тоа оружје; не прилега на борците смртни
Да се наоружаат со истото, туку на бесмртните богови само...“

Во Делибатската пешчара во Банат постои топонимот Хероница, што има теонимско значење. Етимолошки е кованица од зборот ’Хера’ што се однесува на божицата Хера и суфиксот „ön“, его, јас лично. Во митологијата Хера е Кронова и Реина ќерка, сестра на богот Зевс. Во титаногигантомахијата, Хера ја чувал Океан 300 години. По победата на Зевс-Дунав над останатите богови, свечено е прославена нивната венчавка. Покрај многубројните подароци, Хера добила од божицата Геја расад што раѓа златни јаболки, кои многу ќе се допаднала, па боговите како дрва на животот, вечната младост и бесмртноста ги засадиле во „градината на боговите“, во Јабучковиот рит крај Панчево. Јаболката ги чувале Хеспердите, ќерки на богот Форка (адата Форко-Тумац). Според Диодор[31], градината на Хесперидите се наоѓа во земјата Хипербореја.

[31] Diodorus Siculus, *Bibliotheca historica,* Fr. Vogel, IV, 26, Leipzig, 1986.

Освен топонимот Хероница постои и топоним Велики Дос, што е персонификација на божицата Доро (Dös, Döro), божица на давање подароци и на подмитување. Неа Хера ја искористила за да ја подмити божицата на продувањето Ејлејта да го одложи за три месеци Херакловото раѓање.

Палиќкото езеро и градот Палиќ имаат, исто така, митолошка содржина. Во делата на Хесиод[32], Палант (Pallas) је син на Земјата и Ад, титант кој во време на борбата на боговите и титаните го убила божицата Атина, му ја одрала кожата од него и со неа си го заштитила своето тело.

[32] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* p. 376.

Градот Тител на устието на реката Тиса во Дунав има, исто така, митолошко значење. Титиј (Tit-yos) бил страшен џин, Зевсов син. Тој ја нападнал божицата Лето-Лато (Letö-Latö) додека со

брзање поминувала низ овие простори, како Хиперборејка, на патот за Делфи. Во неговиот обид да ја силува, тој ú го тргнал велот од главата, но на помош ú прискокнале Аполон и Артемида кои страшниот џин го застрелале. Бидејќи ја малтретирал божицата Лето-Лато, Титиј е во подземјето сурово казнет. Неговото огромно тело е распнато во Панонија, на површина од 5-6 хектари, а оваа територија постојано ја надлетуваат јастреби кои на страшниот џин му ја раскинуваат утробата и се хранат со неговиот џигер. На неговите маки им нема крај бидејќи џигерот вечито повторно му обновува напоредо со Месечината. Во знак на сеќавање кај народот на оваа легенда за Титиј, останало името на градот Тит-ел, бидејќи етимолошки tit-yos е осветник, додека el-os е мочуриште, т.е. џиновско мочуриште. Источно од Тител до Бегеј се наоѓаат големи мочуришта, меѓу кои Белото езеро и Царската бара посебно доминираат. Тука слетуваат птици-преселници, корморани, лебеди и други птици што ловат риба.

Топономастиката во Панонија со префиксот „Ба“ е многу присутен, како на пример: Балатон, Банат, Бачка, Барања, Бач, Баја, Бајмок, итн. Кај грчкиот етимолог, проф. Бамбињоти[33], -ba во ba-sileus е од непознато потекло, додека кај Сенк[34] значи крал, владетел, кнез, господар, војвода, па оттука и Војводина. Припаѓа на палеобалканската глосологија. Езерото Балатон во Унгарија, со длабочина околу 11 м, а површина од 591 км^2, има митолошки хидроним. Етимолошки е кованица од зборот –ba, -bas крал и зборот Latö, Letö, што се однесува на титанката Лата, односно Лета. Во митологијата Лата-Лета е Хиперборејка, Кејова и Фибина ќерка. Зевс ја засакал Лата, по венчавката со божицата Хера, и таа зачнала божествени близнаци, богот Аполон и божицата Артемида. Бремената Лета долго скитала по светот, сè до егејското острово Дел, каде се породила со страшни породилни болки. „Бабица“ била Хиперборејка, божицата Ејлејтија, ќерка на Зевс и на Хера.

[33] Mpampioniotis, G, *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis,* Athinai, p. 358.

[34] Senc, St. *Grčko-Hrvatski rječnik,* s. 147, 152, Kr. Zemaljska tiskara, Zagreb, 1910.

Делибатската пешчара во Банат семантички значи божествена кал или мочуриште, која во митолошкиот систем претставува прва област на Тартар. Во неа душите на јунаците

кои се симнуваат во Тартар бесцелно скитаат меѓу мноштвото помалку значајни мртовци, додека Харон не ги одведе по реката Стига во Адот.

Од брдата во Панонија што имаат митолошка содржина ги наведуваме Фрушка Гора, Ерино Брдо и Велико Брдо.

Фрушка Гора е оланина во Срем, јужно од Дунав, со еден од врвоите под името Стражилово (321 м), над Сремски Карловац. Оронимот ù потекнува од ПБГ збор -фрура што значи стража, па оттука и Стражилово. Во подножјето на Фрушка Гора се наоѓа градот Ириг, а над него, на котата 444 м, е Иришкиот венац. Во митологијата, Ирис е теоним на ќерката на Тумац (адата Форко-Тумац) и Океанидата Електра. Таа е персонификација на божицата на информации, „златокрила гласница“ на боговите за вести од небото. Дигресија: во Хесиодовата космогинија се истакнува дека од почетниот Хаос призлегол врховниот бог Ерос, потоа Земјата, Тартар (Ѓердап), Ереб и Ноќта. Името Ереб (Erevos) значи бездна, чија топономастика постои на Дунав во Бачка, кај градот Бездан, на почетокот на каналот Дунав-Тиса-Дунав. Топономастиката Ноќ (Nyx-ноќ) го носи гратчето Ноќај/Ноћај јужно од Сремска Митровица. Нивната функција во теогонијата била заштитна од разоната моќ на Хаос. Ереб-Бездна и Ноќ-Ноћај биле двострука обвивка околу создадениот Свет која го изолирала од Хоас. Тие спаѓале меѓу првите етноними. Во Хесиодовата *Теогонија* од која произлегле, сите персонифицирани созданија имаат ранг на божества и се наоѓаат во географските имиња на Панонија.

Ерино Брдо крај Дунав, источно од Белград и во непосредна близина на Хесперидините градини, ги персонифицира Ерииите (Erneyes) или Фуриите. Според Хесиод[35], Ерииите се постари од Зевс и од останатите олимписки богови и родени се од Земјата (Геја) оплодена со капки крв од скопениот Уран. Хомер[36] наведува дека Ерииите се страшни и лути божици, старици со блед лик, кои наместо седа коса имаат змии на главите. Тие ги казнуваат прекршителите на законите, ја светат пролиената крв на роднините, оние кои им нанеле навреди на роднините и оние кои го повредиле гостопримството. Облечени се во црна парталава облека, а во рацете држат факели или камшик. Без нивниот благослов нема среќа. Една од трите сестри Ерии е

Тисифона која ја чувала „Кулата“ – Голубачката трвдина на влезот во Тартар – Ѓердап.

[35] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* p. 133-187.

[35] Хомер, *Илијада и Одисеја,* I, 1, IX, 454, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Големото Брдо се наоѓа источно од Стишкото полен, а на него се наоѓа тригонометриската точка 324 со назив анатема, помеѓу селата Рачица и Клучевац, на десниот брег на Дунав. Зборот ’анатема’ (anathema-anathma) значи проклетство и особено се однесува на боговите. Етимологијата на селото Кличевац потекнува од глаголот klizö - оплакува. Наведените топоними имаат интересна митолошка содржина.

Имено, кога Херкул ги украл Гериновите говеда од островото на Дунав што се викало Еритија (Ада Кале), кралот Герион ги престигнал отмичарите кај „рекичката Анатхема“. Во страшниот двобој, Хераклe ги прострерал со една стреал сите три Геринови тела.

Селото Кличевац се наоѓа „на местото каде се вкрстуваат три патеки, тука тројцата судии Миној, Радамант и Ајек непрестано им судат на новодјдените души. Радамант им пресудува на Азијатите, а Ајак на Европејците, но и двајцата потешките случаи му ги праќаат на Миној. Откако ќе им се изрече пресудата, душите се упатуваат кон една од трите патеки: едната води назад кон асфоделската ливада (Делиблатската пешчара) и по неа таа одат оние кои не се ниту добри, ниту лоши; другата води кон казненото поле на Тартар (Ѓердап) по која се упатуваат сите злосторници; а третата води кон елисејскиот овоштарник (Годомин – Стигина палата), каде заминуваат оние кои во текот на животот биле благородни и полни со доблести.[37]

[37] Grevs, R., *The Greek Myths,* Penquin Books, Middlessex, 1972.

IV
РАЗВОЈ НА ПАЛЕОГРАФИЈАТА НА БАЛКАНОТ

За истражувачите на праисторијата како извори на информации, освен археологијата и јазикот, и писмото претставува централна загатка. Во географските имиња во Панонија и централен Балкан ја воспоставивме пелеобалканската глосологија. Во потрага по писмо, дојдовме до трудовите на истражувачите на Лепенскиот Вир[1] кои изнесуваат дека „меѓу уметничките остварување во културата на Ѓердап и Средното Подунавје од XI милениум пред Христа, графизмите, како своевидни записи, претставуваат значаен дел во развојот на симболизмот поврзан за водите на Дунав. Гравурите на рогови и коски прикажуваат ликовен јазик што се негувал и во тогашните културни центри на Средна и Западна Европа, некаде околу 25000 година пред Христа. Графизмите се геометриски украси составени од полни линии, одвоени во вид на монограми, триграми и полиграми.“ Понатаму, авторите изнесуваат дека линиите се положени вертикално, хоризонтално или накосо. Покрај тоа, постојат и цик-цак мотиви, ленти, скалички, ромбови, триаголници и други шрафирани или негеометриски форми. Вкупно се утврдени 12 основни знаци, со околу 40 варијанти. Врз основа на ова се поставило и прашањето дали графизмите на Ѓердапската култура претставуваат писмо на нејзините жители и што сè тие ни соопштуваат?

[1] Срејовиќ, Д., Бабовиќ, Љ.: *Уметност Лепенског Вира,* стр. 30, Младинска књига, 1983.

Основачот на српската археологија, професорот Милоје Васиќ[2], прв укажал уште во 1908 година на одредени винчански објекти на кои биле врежани натписи кој ги сметал за букви.

[2] Милоје Васиќ, *Археологија и лингвистика,* Белград, 1983.

Археологот М. Гимбутас[3] во неколку наврати во своите студии за неолитот на Стара Европа (Old Europe) истакнува дека е утврдено постоење на линеарно писмо и храмовидни градби во Централниот и Источниот Балкан, како во Винчансаката култура,

така и во источно-балканските култури. Освен тоа, повикувајќи се на радио-јаглеродните датуми за винчанскиот слој во Азанбегово во Македонија, што пресметани хронолошки датираат околу 5300-5200 година пред Христа, таа изричито вели дека линеарните знаци што обично се наоѓаат на фигурините и други предмети потврдуваат дека првото линеарно писмо се јавува при крај на VI милениум и во V милениум.

[3] Gimbutas, M., *Proto-Indo-European Culture: The Kurgan culture during the fifth, fourth and third millennia B.C., Indo-European and Indo-Europeans,* 157-97, Philadelphia, 1970; *The Neolithic cultures of the Balkan Peninsula, Aspects of the Balkans,* 9-49, 1972; *Old Europe c. 7000-3500 B.C.: The earliest European civilization before the infiltration of the Indo-European peoples,* Journal of Indo-European Studies, 1, No. 1-21; *The Goddesses and Gods of Old Europe 6500-3500 B.C. Myth and Cult Images,* University of California Press, 1982.

Професорот Радивоје Пешиќ од Белград во своите многубројни и плодни лингвитички студии[4] прв го свртел вниманието дека Балканот е средишен емисионен центар на палеографизми врз основа на палеолитските археолошки наоди на локалитетот Јованица на планината Рудник, кај Горњи Милановац, што датираат меѓу 16000-7000 година пред Христа. Тој ги продолжил своите истражувања со винчанските графизми и утврдил дека тие претставуваат линеарно писмо, односно писмо со букви. Со тоа Пешиќ ја дешифрирал енигмата и ставот на претходните истражувачи дека знаците-орнаменти пронајдеи на грнчаријата во археологшките ископини во Подунавјето, особено во Винча, се обична графика, туку утврдил дека тие сочинуваат азбука со фонетска вредност. Исто така, установил дека облиците и бројот на буквите на етрурската азбука во целост се совпаѓаат со буквите на Винчанското писмо, како и тоа дека Винчанското писмо настанало и пред протосумерското, односно дека тоа постои од втората половина на IV милениум пред Христа. Во текот на 1985 година тој направил компаративна систематизација на Винчанското писмо со етрурското и латинското писмо и сите останати архајски писма и истакнал дека тоа се состои од 26 основни знаци, плус седум варијанти. За постоењето на палео-писма и на други археолошки локалитети ширум Балканот сведочат наодите на многу истражувачи. Така на пример, проф. Хурмузијадес[5] од Солун, ги изнесува резултатите од неговите археолошки истражувања на локалитетот Диспислион (Дупјак) на Костурското езеро во Македонија, каде е

утврдена неолитска населба единствена во Грција. Покрај мегалитските градби и соеници, најдена е и даска со линеарно писмо, кое уште не е дешифрирано. Меѓутоа, со помош на Ц14 утврдил дека писмото потекнува од 5260 година пред Христа. Наодот се чува во археолошкиот музеј во Костур. Во најново време, писмото е дешифрирано од страна на проф. Илъов[16], кое на современ македонски јазик би гласело: „Дупјак 7 колиште," т.е. седум соеници. Истиот автор изнесува дека и еден епитаф од локалитетот Долно Дупени во Македонија содржи алфабетско слоговно писмо – фонетско, кое датира помеѓу 5000-4500 година пред Христа.

[4] Радивоје Пешиќ, *Sillabario etruscum,* Arezzo, 1980, *L Origine della scritura Erusca,* Milano, 1985, *Винчанско писмо,* Београд, 1995, итд...

[5] Hourmouziades, H.G.: *Dispilio (Kastoria),* Codex, Thessaloniki, 1996.

[6] Илъов, *Најстари пишани споменици,* Македонија 2. Рев, 2000, Скопје.

Прото-писма се најдени и на други локалитети во Македонија, како што се Церје[7] крај Скопје, Зелениково, Маџари, Говрлево, Породин, Голема Тумба-Битола, Азенбегово и Вршник-Штип...

[7] Билбија, М., *Церје, неолитско населье,* АП, 26/1985, Љубљана, 1986, 35-36, Радивоје Пешиќ, *Оптужујем ђутање,* Пешић и синови, Београд, 1996.

Изнесените податоци во целост ја потврдуваат тезата на Пешиќ за просторната раширеност на Винчанската култра и писмо и дека Балканот во праисторијата претставувал централен емисионен, цивилизациски центар, бидејќи линеарното писмо А е утврдено дека се појавило на Крит околу 1700-1450 години пред Христа, додека линеарното писмо Б се појавило на Крит, Микена и Пилос помеѓу 1450-1200 година пред Христа. Феникијското писмо во областа Егеј се јавува во 1200 години пред Христа, во Атика и на Коринт околу 700-600 години пред Христа, а во Рим околу 500 години пред Христа.

За централно-балканското потекло на азбуката сведочи и Грејвс[8] кој вели дека таа потекнува од Еритреја (Ада кале) на Дунав и дека Норак, внук на кралот Герион, им ја однел „азбуката на дрвото" на Грците, Шпанците и Египќаните.

[8] Grevs, R., *The Greek Myths,* Penquin Books, Middlessex, 1972.

Во посмртното издание на Пешиќевата книга „Оптужујем ђутање"[9] во поглавјето „Писмото од Церје" се изнесува дека археолошкиот локалитет Церје во близина на Скопје (Македонија), укажува на трагите на неговите први жители уште во раната етапа на неолитот, која хронолошки е детерминирана

на околу 6000 години пред Христа. На овој локалитет, животот се одвивал во шест фази сè до железната епоха, со трагови на светилишта и духовност. Овде се утврдени знаци на линеарно писмо, како и извесен фонд на писмо од идеограмска природа, со елементи на развој на писмото до бронзената епоха, што може да послужи како аргумент што ја отфрла било која случајност или импорт. Авторот изнесува дека записот на вотивната фигура на стилизирана голубица, со врежана спирала која своето потекло го носи од семејството на пиктографска природа на писмо од десет знаци, симболозира плодност, а птицата, како нејзин идол, го симболизира универзалниот дух на „Магна Матер“. После графичката и фонетската анализа, текстот дефинитвно е дешифриран и интрпретиран како: „“Мајка достојна за почит“ или „Мајка-божица достојна за почит“.

[9] Радивоје Пешиќ, *Оптужујем ђутање,* Пешиќ и синови, Београд, 1996.

Аналогија на писмата

А. Македонска азбука од 526 година пред Христа

Б. Линеарно писмо 1700-1450 години пред Христа

В. Знаци на палеоевропски графизми

Г. Македонско слоговно (фонетско) писмо, 5000-4500 години пред Христа (Иљов, 2000.)

Уште еден значаен археолошки наод со записи е бронезниот печат, датиран околу 1500 година пред Христа, чија централна порака се наоѓа на долната страна на печатот и се толкува како: „Вера-е-кор-на светлината“ (на српски: вера-је-коре светслости). Во заклучокот, Пешиќ истакнува дека Магна Матер од Црје во Македонија е оригинална во својот ликовен израз и богата со своите писмени содржини.

Таа е најдобар израз на една филозофска концепција на животот и на светот и ги манифестира законитостите врз кои е

заснован животот. Нејзиниот космогониски и космотеистички аспект е манифестација на повисок степен на осознавање на светот.

Многуборјните археолошки наоди на богатите локалитети на централен Балкан, Дунав до Олимп, со праисториските палеографизми, со првото фонетско-синтетичко писмо, од околу 7000 година пред Христа, со континуирано траење од повеќе илјади години пред други писма, го претставува овој простор како

централен емисионен центар и значајно поле за научни истражувања.

Во натамошните истражувања ќе биде изнесена реконструкцијата на праисторијата на поедини региони на Балканот и Егејот, од север кон југ.

V
ТРАКИЈА

Североисточниот брег на Егејското Море припаѓа на Тракија. Според Хекатеј, околу 500 година пред Христа, родум од Милет, кој е еден од најстарите антички географи и историчари, границите на Тракија се следниве: јужна – Егејско море, југоисточна – Мраморно море, источна – Црно Море, северна – планината Хем, западна – пранинскиот венец на Родопите и реката Неста (Nestos). Меѓутоа, Херодот и Тукидид изнесуваат дека под Тракија се означувал просторот на Балканскиот Полуостров помеѓу Дунав, Црното и Егејското Море, а на запад до границите на Илирските земји.

Во митологијата, Трака е епоним на хероината Тракија, Океанова и Пертенопина ќерка, сестра на Европа, полусестра на Азија и Либија. Името на земјата Тракија потекнува од зборото thrax–тракиец, што значи смел, упорен, груб, суров. Ономастиката Тракиец на почетокот, веројатно, се однесувала на некоја племенска формација, па подоцна се проширила на поголемата популација околу VI век пред Христа. Ходинот[1] изнесува дека Тракијците ја населувале денешна Бугарија, Романија, Унгарија и Украина. Додека, пак, според Хомер, сите земји северн од Тесалија претставувале Тракија.

[1] Hoddinott, F.R.: *The Tracians,* Thames and Hudson, New York, 1981.

Ареолошките истражувања утврдиле дека културите Караново 1 и 2 кај Нова Загора, Азмак, Банат крај Пазарџик и други припаѓаат на неолитската култура на централниот Балкан.[2] Овие наоди ја потврдуваат тезата за автохтоно тракијско население уште од времето на малдото камено доба помеѓу 65000-55000 година пред Христа.

[2] Gimbutas, M.: *The Goddesses and Gods of Old Europe 6500-3500 B.C. Myth and Cult Images,* Univ. of California Press, 1982

Херодот[3] изнесува дека Тракијците, после Индите?, се најголемиот и најбројниот народ на светот и би биле непобедливи доколку биле сложни и доколку имале само еден поглавар. Приближните пресметки покажуваат дека нивниот број изнесувал од 800 илјади до еден милион. Нивниот бог бил

Посејдон, како и боговите Дионис, Арej, Артемида, Салмоксис и други. Во бронзеното доба општествениот, политичкиот и стопанскиот развој на тракијските области бил многу близок со оној во областа на Средниот Балкан и во Егејот. Освен тоа, преку своите три мориња и големи реки, тие биле цврсто поврзани со Мала Азија, Црното Море и егејскиот свет и тоа бил правецот на меѓусебните взаемни влијанија.

[3] Херодот, *Историја, V,* 2, Матица Српска, Београд, 1988.

Класичните и подоцнежните литературни податоци за Тракијците се многу оскудни, но најновите антрополошки истражувања на научниците од Балканот по Втората светска војна утврдиле дека Тракијците водат потекло од Кавказ. Тие, на југоисток на Европа, во карпатско-балканскиот регион, дошле од северниот правец околу Црното море, преку море или преку Мала Азија.[4]

[4] Херодот, *Историја,* 15, Матица Српска, Београд, 1988.

Утврдено е дека Тракијците биле многу способни земјоделци и рудари, заедница со општествено зрела структура, ама претставуале еден етнички амалгам од различни народи, кои со времето ги асимилирале. Внатре во самите заедници, групата на родовската аристократија се издвоила наспроти селаните, сточарите и занаетчиите. Што се однесува до обичаите, Херодот[5] вели дека тие имале обичај да ги продаваат своите деца во странство. Кога ќе се роди дете, кукаат поради неволјите што тоа ќе мора да ги претрпи во текот на животот, додека смртниците ги спалувале или погребувале со игри и големо славје. Постоела полигамија и слободна љубов. Теторивареньето било знак на високото благородништво. Безработицата за нив била нешто најубаво, додека обработувањето на земјата нешто најлошо. Да се живее од војување и плъачкосување била најголема гордост. Во традицијата на Централниот Балкан, па и на Тракија, ликовите на Дионис и Орфеј биле многу присутни, како и богот Арес. Дио-Нис, Диос од Ниш, роден е во Нис[6], го исчувале нимфите на оваа земја и, кога пораснал, тргнал во свет накитен со венци од бршлен и ловор. Бидејќи го пронашол начинот на одгледување винова лоза и правење вино, Дионис, со својата придружба, во која се наоѓала и неговиот воспитувач Силен, кој бил надарен со благородност, добрина и најголема мудрост, го започанал својот победоносен поход преку Тракија, Македонија и Грција до Египет,

Индија и Шпанија. Дионис ја претставува 4-та генерација богови, заедно со Сабазиос и Орфеј. Тој е бог на вегетацијата, големо божество, го гарантира соединувањето со бог и спасувањето после смртта. Првиот судир го имал со тракијскиот крал Ликург кој му се спротивставил и Динис морал да го спаси со скок во морето, поради што кралот од боговите бил казнет со лудило.

[5] Исто, V, 2-8.

[6] Хомер, *Илијада и Одисеја,* I, 1, IV, 133, Нови Сад, 1985. (прев. М. Н. Ѓурић); Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* p. 940.

Митот за Орфеј, син на кралот на Македонија и Тракија Еагар, кој после смртта е погребан под Олимп, исто така е поврзан со Централен Балкан. Неговиот лик го спојува почитувањето кон сонцето како главно божество на видливиот свет, па поради тоа велеле дека Аполон е Орфејов татко.[7] Тој се смета за ревизионист на теоријата дека душите на мртвите одат во подземните Адови палати, по разочарувањето што го имал по неуспехот да ја изведе на светлоста на денот својата сакана сопруга Евридика. Поради тоа тој ги советувал луѓето да го почитуваат Аполон Хелиј, богот на Хиперборејците, како најголемо божество бидејќи душите на мртвите одат на небото. Орфеј ја формирал религиозната секта на орфичари кои верувале во божествената природа на човековата душа и во првобитниот грев. Нивната доктрина била дека душата, поради гревовите, скита, но со екстаза, аскетизам и иницијација таа се чисти и се враќа на небото.

[7] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа.)

Меѓу многубројните племиња, Страбон изнесува дека постоеле 22 тракијски племиња, најпознатите се Гети, кои верувале дека се бесмртни. Тие живееле помеѓу Хем и Дунав, а потоа се преселиле преку Дунав и го добиле името Дачани и во I и II век пред Христа имале силна држава со Децибел на чело. Во времето на Демостен имале три мали држави.

Од останатите племиња тука спаѓаат: Траузи, Скирниди, Нипсеици, Сатри, Беси. Како прочуен тракијски крал се спомнува Ликург (волк) кој, според митологијата, бил Дријантов син, Ареев внук, крал на Едонците, кој го прогонил Дионис, ама војувал и со египетскиот крал Озирис, кога и загинал. Тука спаѓа и Диомед, крал на тракијските Бистонци, исто така Ареев син, кој ги поседувал бесните кобили и се спомнува во врска со

Хераклевите авантури. Други кралеви на Тракија биле: Амикос, Олор, Ринеус, Спаргапитес, Терс, Тереус, Амадокс, и др. Тукидит наведува дека при крај на VI и почетокот на V век пред Христа, Терес прв го создал големото кралство Одрис кое го зафаќало поголемиот дел од Тракија и бил прв владетел кој добил голема моќ меѓу Одрисите.

По повлекувањето на персиските гарнизони од тракијскиот брег во 479 година пред Христа, Терес успеал да го прошири своето владеење од Дунав до Мраморното и Егејското Море. Негови наследници биле Спарадок и Ситалко.

Во митологијата како крал на тракијскиот Салмид на Мраморното море се споменува и Финеј, сопругот на Бореината ќерка Клеопатра, која била сестра на Бореада и на Хиона. Тој се споменува во врска со походот на Аргонаутите во 1225 година пред Христа.

Од средината на V век (од 450 до 424 година пред Христа) на чело на Одрис дошол Ситалко чие доаѓање било пропратено со династички судири. Тој ги проширил границите на запад на сметка на Македонија и Халкидики во 429 година пред Христа. Во војната со Трибалите, во 424 година пред Христа, бил поразен и истата година умрел. По Сеут I, владетел станал Амадок I (407-386).

За јазикот на Тракијците одговор ни дава ономастиката на географските имиња кои припаѓаат на ПБГ. Од оронимите тоа се Хем (крв која тече, ама и род), Родопи (роза, изглед), Пирин (огнен). Од хидронимите на прво место е Истрос (храна која тече), Хебар (млада силна река), Местос-Нестос (полн), Асимос (незначителен), итн. Терминот Тракијци и Тракија (основа Thax, глагол thrauô – смел, храбар, дрзок и да сотрее, разбие), исто така, припаѓаат на ПБГ.

Во Тројанската војна Тракијците биле на страната на Тројанците за што Хомер[8] пее: „Тракијците јуначите Пирој и Акамант ги водеа во војна,/а нив ги опкружува Хелеспонт со своите струи брзи./Копјаниците Киконци во борба ги водеше Еуфем,/ внук ...“

[8] Хомер, *Илијада и Одисеја,* I, 1, II, 844, Нови Сад, 1985. (прев. М. Н. Ѓуриќ)

Колонизацијата на тракијската крајбрежје започнала многу рано, уште за време на првиот Феничанец Кадмо на островото Тасос, а потоа во VIII век пред Христа од страна на феникијските

колонисти од Халкида и Еритреја. Таа била, исто така, интензивна и од страна на Еолците и Јоњаните од Мала Азија. Македонците ја освоиле Тракија за време на владеењето на Филип II (359-336). Римското владеење во Тракија е воспоставено за време на Октавијан Август (27 – 14 година пред Христа).

VI
ДРЕВНА МАКЕДОНИЈА ВО ПРАИСТОРИСКИОТ ЕГЕЈ

Древната историја и култура на Македонија и на Македонците се одвивала во областите северно од Тесалија и од брегoвите на Егејското Море. Југозападната граница се простирала од Олимп, Хасиа и источните падини на планинскиот масив Пинд, Епирско Загорје и планината Тимфа. Западната граница од планината Смолика и Грамос, преку Јабланица и Кораб, до планината Скард (Шар Планина), која ги одвојувала Македонците и Енхелејците. Од планината Скард северната граница се спуштала до планината Јакупица, па по долината на реката Пчиња до Осоговските планини и планината Рила, позади која граница живееле Дарданите. Источните соседи биле Тракијците, по линијата на планината Деспат, Западни Родопи и реката Места (Nestos) и нејзиното устие во Егејското Море.

Хидролошкиот систем на Маедонија го сочинуваат нејзините реки, езера и Егејското Море. Главните реки се Вардар (Aksios – вреден, одличен), Бистрица (Aliakmon – крива река или силна река), Струма (Strymon – да турка, водопаден), Галик (Ehedor – чувар на подароци, подароци) и Колудеј (Ludios). Од езерата тоа се Охридското (Lyhnida – светилка), Преспанското (Vrigis), Островско (Vegoritida) Костурско (Keletron), Дојранско, Киркенско, Бешик и др. Во праисториското доба, Солунско-Термајскиот залив навлегувал многу длабоко во Солунско-Ематското поле така што и во античкото време во македонското престолнина Пела имало пристаниште.

Географската конфигурација на тереното во Македонија со многубројните котлини, планински масиви (Олимп, 2917), Грамос (2520), Шар Планина (2748), Осогово (2252), Ниџе (2521), Каракамен (2052), клисурите и со долините придонела кон топографската ономастика и климатско-еколошките услови, како и кон племенското организирање. Така, на пример, Пелагонија

значи богата рамница, Ематија-пешчара, Ореста-гора, Пијерија-света гора, Елимеја-криворечие, итн. Климата е претежно континентална, освен во приморска Македонија каде таа е медитеранска.

Најстарите археолошки наоди за човеково присуство во Македонија на локалитетот Петралон (Камено Гумно), источно од Солун, датираат од околу 160.000 години пред Христа. Неолитската култура (65400-5500) утврдена е на локалитетот Породин во близина на Битола, Анза и во Вршник близу Штип, Зелениково и Церје во близина на Скопје, Дупјак и Нестрем кај Костур, Неа Никомедија кај Солун, Ситагри кај Драма, а следат областите на Охрид, Тиквеш, Велес, итн. Овие неолитски локалитети странските археолози ги класифицираат главно во 4 региони: Северно-македонски, Јужно-македонски, Иточно-македонски и Западно-македонски неолит. Халколитската или бакарно-каменатa култура (5500-3100), како и Централно-балканската или винчанска култура, писутна е и во Македонија долж нејзините реки.

Во текот на енеолитската култура (3100-1900 пред Христа) и подоцна во времето на бронзената култура, Македонија била зафатена со етнокултурни промени од север на долината Вардар и нејзините притоки. Со миграцијата на Скитите од Панонскиот басен и Курган, во средно-бронзениот период од 1900-1450 година пред Христа доаѓа до формирање на најраното македонско етничко јадро на планинските рамнини на Олимп и Пијерските планини од јазично-племенската заедница од Панонија позната под заедничкото име Еоли.

На север на Македонија, во текот на овие години, откриена е мегалитската опсерваторија Коконо, во атарот на општината Старо Нагоричане, околу 50 км воздушна линија од Скопје и 35 км од Куманово. Таа е поставена на врвот „Тетичев камен“, а името го добила според соседното село Кокино. Називот асоцира на легендарниот јунак Кикан, Ариевиот син кого Хераклe, на патот кон земјата на Хиперборејците, го сретнал на брегoвите на реката Ехедора (Галик) во Македонија и кого во двобојот го убил.[1]

[1] Apollodiri, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа), II.5.

Опсерваторијата е случајно откриена во 2001 година и датира од околу 1800 година пред Христа, од раното бринзено доба. Мегалитската опсерваторија Кокино настанала на невулканско

возвишение. Карпите се последица од зацврстувањето на лавата која истекувала од вулканскиот кратер. Климатските промени и настанатата ерозија направиле процепи и дел од тие процепи претставувале главни маркери за пратење на циклусите на Сонцето и Месечината и за мерење на времето.

Во минатото, камените маркери означувале места на излезот на Сонцето и Месечината во време на краткодневица, рамноднвица и долгдневица, како и нивните отстапувања. Во суштина, единствено во текот на рамнодневицата, на 21 март и на 21 септември, Сонцето излегува точно на исток и заоѓа точно на запад. Потоа настпауваат отстапувања од 45 степени.

Се претпоставува дека некои челнови на племенските заедници имале задача секојдневно да го следат движењето на небесните тела и да прават календар на ритуалните обреди и изедување на сезонските работи во земјоделието и сточарството.[2]

[2] Шкокљев, А., Николовски, С., *Придонесот на Македонија кон светската цивилизација,* стр. 107, Македонска искра, Скопје, 2004.

Опсерваторијата е сместена во две скалести платформи од каде што може да се следат планетите. Во горната платформа пронајдени се трагови на неколку објекти и делови од керамика, како и престол за старешината и за племенскиот водач.

Според извештаите на американската Агенција за истражување на вселената (НАСА), се заклучува дека од опсерваторијата Кокино постари се единствено Абу Симбел во Египет, Стоунхенџ во Британија и Анкгор Ват во Камбоџа.

Дека преисториските Македонци се занимавеле со астрономски прашања потвдува, исто така, и неодамнешниот археолошки наод на „карпеста“ уметност (Rock art) од страна на македонскиот археолог Алексовски, крај Кратово во Македоија. На планинските стени-карпи откриена е „Звездена карта“ (Astro map) со христијанска структура во облик на крст, свастика и гравури со уметничка содржина.

Еоли (Aioleis) е палеобалкански збор и значи разновиден, различен и претставува антропоним[3] (poikilos). Историчатире во македонските племиња ги вбројуваат: Македонците, Лапитите, Минијците, Флегијците и Тироите. Македонците настанале на северните планински рамнинки на Олимписко-Пирејско-Пиндскиот масив и на источните планини на Тесалија-Магнезија,

додека останатите еолски племиња ја заземале тесалијската рамнина.

[3] Poikilos: Papastavrou, 1972, 39 и Mpampiniotis, 1998, 1452.

Етногенеза на Македонците

Етнонимот Македон и хоронимот Македонија за прв пат се појавуваат во III милениум пред Христа и лингвитички потекнуваат од Палеобалканската глосологија (ПБГ). Грчкот лингвист Бамбињоти[4] изнесува дека зборот е од непознато потекло, т.е. дека не припаѓа ниту на санскритскиот, ниту на индоевропскиот корпус. Во својот труд „I glossa tis Makedonias“ (Athina, 1992, 161) („Јазикот на Македонците“) авторот истакнува дека ономастиката што се употребувала за тој етнос била: Makednoi, Makedones, Maketai. Понатаму, дека зборот се состои од два дела: Mak-makos-makros, во превод висок, далечен, лептосом, т.е. дека тоа е далечна, северна (Ston Vorra) земја. Или, втората форма Mak води потекло од непозната ономастика, веројатно од Makar-makarios, што во превод значи среќен, богат, чорбаџија. Вториот дел на етнонимот, според истиот автор, Maki-kedones би бил македонска форма од зборот Hthon-gea земја, така што според него „Македонија е далеку, високо на север од земјата Бореа“. Во старохебрејскиот јазик, вториот дел „eden, edon“ значи рај, богатство. Во нашите епистемолошки истражувања на ономастиката на Панонија во Мачва, која што е рамничарска област и се наоѓа помеѓу Сава и Дрина, неговиот хороним би бил одговор можеби на потеклото на праисториските Македонци. Етимолошки, Мач/к/-ва, каде ’мак“ е богат, додека ’-ва’ потекнува од ПБГ –фа во фаго, што значи храна и во превод Мачва би значело област боата со храна, а тука е и гратчето Богатиќ.

[4] Mpampiniotis, G.: *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis,* Athinai, 1967.

Меѓутоа, во далечните предисториски времиња, Македонија се викала Ематија. Тоа го потврдува Хомер[5] во спевот каде божицата Хера го впленува, го маќепсува Зевса: „Хера, пак, го остави врвот на планината Олимп и тргна./Пристигна во Пијерската земја, во областа Ематија милна...“ Тоа го потврдува и Страбон (63–19 година пред Христа) каде изнесува дека Македонија некогаш се викала Ематија, додека Зонара[6] во „Epitome Historiarum“ пишува дека и градот Солун (Thesalonika)

некогаш се викал Ематија, па така и целата приморска - Долна Македонија.

[5] Хомер, *Илијада и Одисеја,* XIV, 225, Нови Сад, 1985 (прев. М.Н. Ѓуриќ)

[6] Zonara, *Epitome Historiarum*, p. 150, 1875.

Што се однесува до името Макети или Макето, тој се однесува на Хесиод околу 700 година пред Христа, кој по потекло бил Еолид, од Аскра во Беотија, крај минијскиот Орхомен, т.е. Панонец и како поет и како пишувач на рапсодии по занимање, сметал дека е син на Зевс и дека е со исто презиме како и Македонците од Македонија[7]. Овој етноним и хороним се однесува на оние племиња кои од областа Орестида (Костурско) мигрирале во областите на Ематија, воспоставиле своја власт и нивниот етноним стекнал географско-политички и општествено значење. Подоцна, овие одредници, со ширење на нивната власт кај нивните сродни племиња, станале не само географско-политички, туку и етнички и општествени поими за државата која е именувана како Македонија.

[7] Hesiodus, *Esteria Istorikon Ekvoseon, Istoria tou Ellinikou Ethnous,* Athinae, 1970.

Следниот етноним и хороним за Македонците и Македонија бил Бореади и Бореја, т.е. Северн и Северна Земја. Во митологијата Бореадите биле деца на Борej (Voreas) кој бил бог на северецот, најсилниот од сите ветрови. Тој е син на божицата Еоја и Астреј.[8] Астреј е син на титанот Крij (студенило), додека Еоја е божица на утринското руменило и на зората. Борej живее на север во Тракија и долината на Стримон, му служел на Посејдон или Зевс и по нивниот налог предизвикувал страшни бури, што го направил и во 492 години пред Христа кога кај Атос ја десеткувал персијската флота. Неговиот култ во римското доба посветен е во Пула.

[8] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia*, p. 378.

Од Бореадите особено се истакнувале Бореините деца - близнаците Калеј и Зета и ќерките Клеопатра и Хиона кои биле Аргонаути. Биле исклучително брзи и благодарение на тоа успеале од Харпиите, кои ја грабале и валкале храната, да го ослободат од таа напаст Финеј, тракијски крал на Салмид, кој бил сопруг на нивната сестра Клеопатра. Како сопруга на кралот Финеј, Клеопатра ги родила синовите Пандион и Плексип. Кога Финеј по втор пат се оженил со Идеја, ќерка на скитскиот крал

Дардан, ја фрлил Клеопатра, заедно со децата, во зандана. На повиците за помош на момчињата, Бореадите ја ослободиле својата сестра и нејзините деца. Идеја била вратена на нејзиниот татко во Скитија и таму Дардан сам ѝ пресудил на својата ќерка.

Хиона на Посејдон му го родила синот Еумолп. Плашејќи се од таткото Борej, Хиона своето новороденче го фрлила во морските длабочини, но малечкото го спасил Посејдон. Тој својот син го пренел во Етиопија и ѝ го дал на чување на својата ќерка, а кога одраснал се оженил со една од ќерките на своајта помајка и го добил синот Исмар. Откако ја напуштил Етиопија, со синот Исмар отишол во Тракија каде, наместо да го почитува гостопримството на кралот Тегриј, Еумолп ковал завера. Кога завереницite биле откриени, побегнал во градот Елеусина чии жители пријателски го прифатиле. По извесно време, Еумолп се вратил во Тракија, се помирил со кралот и го наследил неговиот престол. За време на војната помеѓу Атина и Елеусините, Еумолп дошол со својата војска на помош на старите пријатели. Според Паусанij[9]: „Кога дошло до битка помеѓу Елеусините и Атињаните, загинал атинскиот крал Ерехтеј.“ Склучен е мир, а Еумолп опстанал во Елеусинија. Откако божицата Деметра го поучила на светите обреди, во нејзина чест тој ги основал Елеусинските мистерии. Тука го прочистил Хераклe од убиствата на кентаурот, го научил да пее и да свири на китар. Меѓутоа, постои предание дека божицата Деметра, додека го негувала синот на епонимниот херој на градот Елеусина, Триптолем, го упатила во Елеусинските мистерии. Божицата Деметра стигнала во Елеусина во потрага за ќерката Кора. Кога Триптолем станал крал на Елеусините, божицата му подарила жито и кола со крилести змаеви, а потоа му наложила да тргне по светот и да ги научи луѓаето како се одгледуваат житарици. Обиколил и посетил многу земји и стигнал до Скитија. Скитскиот крал Линк, од Линкестија во Македонија, поради љубомора имал намера да го убие, ама го спасила божицата Деметра.

[9] Pauzania, *Periigissis tis Elados,* I, 38 (прев. Пасини: *Водич низ Хелада*), Logos, Split, 1989.

Најпознати Деметрини празници во античкиот свет се Малите и Големи Елеусинии, прославувани во есенските и зимските месеци. За Елеусиниите се поврзуваат мистерии кои на посветените им ветувале блаженство после смртта. Трајниот

ефект на иницијациите бил да осигури непречен премин на умрениот во саканиот статус во животот после смртта. Елеусинските мистерии биле најпознати во древниот свет и поврзани се не само со Деметра и нејзината изгубена ќерка Кора (Персефона), туку и со Дионисовите-Бахови елементи.

Потпирајќи се на епистемолошките лингвистички истражувања и сознанијата дека Балканот претставува архетипски центар на сложени етнолингвистички појави, митолошката Бореја ја лоциравме во централниот дел на Македонија, помеѓу Ематија и Пелагонија. Тука и денес, во грчките географски карти постои ороним Борej (oros Voras) на македонската планина Ниџе, со највисок врв Кајмакчалан (2521), како и ороним Борej за планината Бабуна, помеѓу Прилеп и Велес. Од ова може да се заклучи дека Бореадите биле племиња кои го заземале просторот во сегашна централна Македонија, северно од Ематија, долж планинскиот венец Ниџе (Voras) – Кожуф. Тоа биле митолошките и античките Бореи, додека северно од нив биле Хипер-борејците.

Македонски кралевски династии

Општественото уредување во Македонија било кралство во династичка форма. Две династии се митолошки, додека третата – античката династија – историска. Најстарата македонска митолошка династија е на богот Озирис и може да се датира околу 2340 година пред Христа, додека другата е на богот Зевс, околу 1315 година пред Христа.

Првата митолошка династија на Македон, син на богот Озирис, се наоѓа во делата на Диодор[10], автор на грчката историја на светот од митско доба до времето на Цезар. Тој изнесува дека според едно предание Македон е епонимен херој на Македонија, син на египетскиот бог Озирис. Кога Озирис го препштил владеењето на својата жена Изида и тргнал да го освојува светот, ги повел со себе и своите синови Македон и Анубис, бидејќи биле врвни воини. Откако во Тракија го убил кралот Ликург, владетел на тракијските Едонци, Озирис го прогласил Македон за крал и го оставил во земјата која по него е наречена Македонија. Анубис, вториот син на богот Озирис, се вратил назад во Египет, каде станал крал и египетски бог. Озирис

или Бусирис е стар египетски бог од првиот круг богови и како династија која владеела од 2500 до 2340 година пред Христа. Додека владетелите од IV династија биле градители на големите пирамиди (Кеопс, Кефрен и др.), кај владетелите од V династија на чело со Озирис, дошло до апотеоза. Озирис станал бог (Амон) на плодноста и на Подземниот свет, бидејќи според тогашните верувања, задгробниот живот заземал доминантно место. Во Македонија, во Термајскиот залив, Озирис е идентификуван како Дионис од Кисеја, според градот Кисеј (денешен Солун).[11] Една од притоките на реката Млава (митолошката Стига) го носи името Босур.

[10] Diodorus Siculus, *Bibliotheca historica,* Fr. Vogel, 18, III, 20, Leipzig, 1896.

[11] Thomson, G.: *Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 133, Athina, 1954.

Митот за богот Озирис му послужил на Псеудо-Калистен во работата врз делото „Животот и делото на Александар Македонски“ да го истакне божественото потекло на Александар III од богот Амон. Нешто случно наведува и Калистен (360-327), внук на Аристотел, кој учествувал во походите на Александар Македонски како службен историчан, кога фараонот Нектанеб доаѓа кај Амон и ја заведува Олимпија, мајката на Александар.

Втората митолошка династија на Македон, син на богот Зевс, потекнува од Хесиод (VII век пред Христа) во делото „Фрагменти“ каде истакнува дека богот Зевс со делфиската нимфа Тија имал два сина, Македон и Магнет.

Кај Аполодор[12], Магнет е Еолов и Енаретин син, епонимен херој и крал на полуостровот Магнезија во Тесалија и соседните острови во Егејското Море. Магнетите биле учесници во Тројанската војна со 40 црни лаѓи, под водство на Протој. Бог-заштитник на Магнетите е Посејдон од градот Петра (Poseidon Petreos), на јужните стрмнини на Олимп.

[12] Apollodori, *Bibliotheca* (I- II век пред Христа) 1, 7, 3, 9, 6.

Македон е вториот син на богот Зевс, родоначелник на Македонците и епонимен херој на Македонија, од Термајскиот залив и Олимп на исток, до Грамос на запад, долж сливот на реката Халиакмон (Бистрица), области што ја сочинувале „Стара Македонија“. Кралот Македон имал три сина: Аматиј, Пирej/Пиер и Пинд.

Аматиј или Ематиј бил крал на македонската област Ематија, која го опфаќала македонското приморје, просторот помеѓу Бистрица и Вардар, тнр. Долна Македонија со Олимп.

Пинд бил крал на западниот дел на Македонија во Пиндскиот масиф, според кого оваа горостасна планина го носи и името. Според легендата, браќата го мразеле Пинд поради неговата убавина и висина, па затоа тој се повлекол во дивината, во друштво на дивите животни и една голема змија. Пинд владеел со горниот слив на реката Халиакмон, во областите Орестида, Елимеја и Тимфаја, како и со Паравај со врвоите Војон и Грамос.

Пиер (Pieros-светец или на бога посветен) е митски и епонимен крал на градот и областа Пиерија во Македонија, а се споменува и како крал на Ематија. Пиерија се простирала од брегoвите на Егејското Море, помеѓу устието на Халиакмон (Бистрица) и Пенеј на исток, а ги опфаќала Олимп и Пиерските Планини на запад. Главен центар бил градот Пиерија, во близина на античкиот град Дион, кој бил посветен на Зевс. Пиерија уште се викала и Земја на музите и била центар на верскиот и културниот живот на сите Македонци за време на владеењето на кралот Архелај (413-399 пред Христа). Ономастиката Пиерија значи 'света гора' што таа и била не само за митолошките, туку и за античките Македонци. Кога Македонците ја напуштиле Панонија заедно со останатите Еолци, своите големи богови од хидролошкиот систем на Дунав ги сместиле на Олимп и им изградиле нивни храмови. На Олимп, богот Аполон ги чувал 'Светите говеда', а музите Пиериди со својот божествен глас ги славеле подвизите на дванаесетте бесмртни богови.

Кралот Пиер со нимфата Метона го имал синот Еагар и девет ќерки – Пиериди. Во чест на неговата жена, еден град на брегoвите на Егејското Море во Пиерија, го носел нејзиното име - Метон.

Еагар станал крај на Пиерија и на тракијските Бистонци. Музата Калиопа му ги родила синовите: Орфеј, Лин и Марсиј. Калиопа била Зевсова и Мнемосина ќерка.[13] Била најотмена од сите музи и е сметана за претставничка на уметноста, особено поезијата, и тоа епската поезија.

[13] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* стр. 79. и понатаму

Орфеј е најстариот син на кралот Еагар. Најголемиот дел од својот живот го поминал како крал на Македонија, Одриз и на

Тракија. Погребан е во македонската Пиерија, во градот Леиберт (во близина на Дион), кој му бил и место на раѓање и каде му е подигната голема биста од кедар. Првиот поуки за пеењето и свирењето Орфеј ги добил од Аполон, кој му подарил лира со седум жици. Бил најдобриот пејач и свирач на своето време, а силата на неговите песни и музика била чудотворна. Бил учесник во походите на Аргонаутите. Се оженил со Евридика, со која го добил синот Леонт. Во една прилика, кога Евридика со своите другарки шетала низ цветните полиња на Пиерија, ја каснала змија-отровница и таа умрела. Орфеј не можел да ја преболи смртта на љубената сопруга и поради тоа им се придружил на Аргонаутите за од Подземниот свет на Стига (Млава) на Дунав да ја врати меѓу живите. Аргонаутите во својот поход за златното руно пребродиле многу тешкотии заедно со Орфеј: тој ги смирувал страшните бури кај Босфор, го успал змејот кој го чувал златното руно, ги смирил сирените... За делата на Орфеј во Космогонијата и теогонијата, воведувањето на мистерии и сектата Орфичари, ќе биде изнесено повеќе во наредното поглавје. Инаку, Орфеј хронолошки се лоција околу 1250 година пред Христа.

Орфејовиот брат Лин е познат македонски поет, пејач и писател. Неговите тажни песни биле познати и пеени не само на Балканот, туку и на Кипар, Египет, а основач е на китародиите. За него најмногу податоци има кај Хомер[14] во делот каде се дадени слики на животот во село, при берба на грозјето: „Во срдина, на лирата звонлива/свирел милно и Линовата песничка драга...“ Освен тоа, Лин бил учител на Херакле и го подучувал да чита, пишува, но и да свири.

[14] Хомер, *Илијада и Одисеја,* XVIII, *57*0, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓурић)

Марсиј е наредeн син на кралот Еагар кој живеел во Голема Фригија, во Мала Азија, крај главниот град Келен. Сите го почитувале поради скромноста, доблестите и разборитоста, а неговата музика била восхитувачка. Бил посветен на божицата Кибела. Судбината му била поврзана со натпреварот со Аполон во врска со свирењето, каде Аполон бил прогласен за победник, а Марсиј сурово казнет, додека, пак, други велат дека Аполон му го поштедил животот на својот противник и дека Марсиј за казна добил свинска опашка.

Еагаровите ќерки Пиериди го добиле прекарот според областа Пиерија каде биле родени. Според Хесиод[15], Пиеридите биле музи, родени недалеку од врвот Олимп, имале убава палата каде ја опејувале славата на својот татко и олимписките богови. Тие се викале: Полихимнија, Клија, Мелпомена, Талија, Уранија, Ерато, Терпсихора, Евтерпа и Калиопа, според ќерките на богот Зевс. Нивните имиња се користени во називите на Херодотовата *Историја* за време на Александар Македонски, во девет книги колку имало и Пиериди.

[15] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* стр. 52. и понатаму

Орфеј со Евридика го имал синот Леонт, кој станал епонимен херој на атичките Фили Леонтиди и Тезеев пријател. Леонтовите деца биле: Килант, Пракстиеј, Теоп и Еубул. Додека Тезеј бил крал на Атина, неговите роднини Палантиди, кои се надевале дека по смртта на својот чичко Егеј, ќе завладеат со Атина, бидејќи Тезеј бил вонбрачно дете, тргнале вооружени кон Атина. Во таа прилика, Орфејовиот син Леонт му ги откpил на Тезеј плановите на Палантидите и ги разбил завереницite. Во друга прилика, во време кога во Атика косела глад, Леонт, според совет на Делфиското пророштво, ги жртвувал своите ќерки за спас на татковината. Благодарните Атињани во Керемеика им подигнале на Леонтовите ќерки светилиште наречено Леокорион. Според Аполодор,[16] Леонтовата ќерка Пракситеја била жена на атинскиот крал Ерехтеј. Кога пророштвото во Делфи објавило дека Атињаните ќе го победат Еумолп од Бореја, кој им се придружил на Елеусинците со својата војска, доколку како жртва принесе една кралевска ќерка, кралицата Пракситеја се согласила за спас на татковината да ја жртвува својата најстара ќерка.

[16] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II, век пред Христа), I, 15.1

Клучниот дел од македонската историја е „стара Македонија“, која припаѓа на сливот на реката Халиакмон-Бистрица. Покрај митологиајта, за да се изврши синтеза на нејзината праисториска цивилизација, неопходна е и анализа на архолошките наоди, т.е. материјалните остатоци од човековата дејност. Бидејќи праисториската археологија го проучува времето од најстарите регистрирани материјални остатоци, т.е. култури, до појавата на пишаните документи, во натамошниот труд ќе настојуваме да ги изнесеме достапните археолошки информации за областите на

првиот крал Македон и неговите синови Аматиј-Ематиј, Пиер и Пинд.

Локалитетот Неа Никомедиј кај градот Веријa (Берој) едно е од најстарите неолитски населби во „стара Македонија“, помеѓу 7000-6200 година пред Христа.[17] На овој локалитет во периодот 1961-1963 е истражуван културниот слој со остатоците на поголем број куќи со квадратна основа со пречник 8х8 м. кои се градени од дрвени греди, плетери и лепак. Некои од нив имале две простории, а на најистакнатото место во населбата подгната е голема куќа долга 13 м., опишана како светилиште, бидејќи во неа се најдени 5 женски фигури од печена земја и неколку садови со необичена форма. Во куќите и околу нив откриено е разновидно камено орудие и оружје, антропоморфни и зооморфни фигури кои личат на керамиката на Протосескло и на протостарчевската култура.

[17] Срејовиќ, Д.: *Археолошки* лексикон, стр. 704, Савремена администрација, Београд, 1997.

Локалитетот Сервија на северозападните стрмнини на Пиерија крај Бистрица припаѓа на средно-неолитската Сескло култура на Тесалија, како и наредниот слој што ја одбележува Димини културата на Тесалија, т.е. култура на младиот неолит.

Локалитетот Дупјак (Dispilio) кај Костур во Орестида, кој го обработувал археологот Хоурмузијадес (1996), датиран е со помош на Ц14 и потекнува од 5260 година пред Христа. Според мегалитските утврдувања, пронајдени се и езерски куќи за живеење соеници, камени секири и други остатоци на материјалната култура кои припаѓаат на неолитот. Меѓу метеријалните остатоци пронајдена е и даскичка со прото-линеарно писмо кое авторот не можел да го дешифрира. Меѓутоа, Илъов Б. во авторскиот текст „Најстари пишани споменици“ на Македонија,[18] изнесува транскрипција со тврдењето дека преводот на современ македонски јазик значи: „Дупјак VII колиште“, што би се однесувало на седум соеници.

[18] Рев., 2000, 62.

Слични езерски куќи за живеење постоеле и на други езера во Македонија, за што пишува и Херодот[19] во врска со Прасијадското и Дојранското Езеро, како и на Преспанското Езеро каде сè уште постои селото кое се вика Наколец.

[19] Херодот, *Историја,* V, 16, Матица Српска, Београд, 1988.

Неолитски наоѓалишта пронајдени се на многу локалитети во областа Орестида (Костурско), како што се: Нестрам (Nestorion), Желгоже (Pendavrison), Прештани (Avgi), Горенци (Korisos), Крпени (Krapeni) и др.

Од сето изнесено може да се заклучи дека митолошката праисториска „Стара Македонија“ се развивала во сливот на реката Халиакмон-Бистрица, од изворот на оваа река до устието во Егејско Море, т.е. од Грамос до Олимп. Тоа се областите Орестида, Параваја, Тимфаја, Линкестида, Елимеја, Еордаја, Пиерија и Аматија-Ематија.

Родоначалник на Македонците е Македон, син на богот Зевс кој дал печат на македонската етногенеза. Македонците припаѓаат на еолската култура, протокултура на Подунавјето, т.е. на Хиперборејците, кои ја развиле автохтоната прото-култура на „Стара Европа“.[20]

[20] Gimbuts.: *The Goddesses and Gods of Old Europe 6500-3500 B.C. Myth and Cult Images,* University of California Press, 1982.

Нашите епистемиолошки, лингвистички, етимолошки и семантички истражувања на ономастиката на Балканот од несловенско потекло утврдиле дека таа припаѓа на палеобалканската глосологија (ПБГ).

Таа е автохтона, прото-санскритска, припаѓа на прото-индоевропскиот јазик. Сочувана е во географските имиња на теренот и во старогрчкиот јазик, бидејќи Еолците се носители на тој јазик.[21]

[21] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to-Proistoriko Algaio,* p. 124, Athina, 1954.

Слика 8. Остатоци од тврдина (горе) и на базилика од IX век пред Христа, (доле) на градот Србија (Servia), во срезот Козани, Грција

Писмото кај Македонците било автохтоно, датира уште од 5260 година пред Христа, на локалитетот Дупјак (Dupiaki) во Орестида. Се смета, исто така, дека македонскиот крал Орфеј е пронаоѓач на азбуката на дрвјата.[22]

[22] Diodorus Siculus, *Bibliotheca historica,* Fr. Vogel, I, 69, Leipzig, 1986.

Кралот Мида во македонската легенда за Бригите

За праисториското македонско племе Броми на стрмнините на планината Бермион (Каракамен, 2052) поврзано е митот што

се однесува на митскиот крал Мида. Ономастиката бромос значи зоб, овес. Планината Бермион се наоѓа во областа Ематија.

Според Грејвс[23], Мида бил син на големата божица Ида и сатирот Пан. Бил крал на македонската Бромија, сакал задоволства и владеел со Бригијците или, како што уште се викале, Мојсинеци. Додека бил уште бебе, забележале како колона мравки, што носеле зрна зоб, одат по оградата на неговата колепка и на заспаното дете на усните му ставаат зрна. Пророците тој знак го протолкувале така што во иднина тој ќе натрупа големо богатство. Кога пораснал, македонскиот крал Орфеј му бил учител. Понатаму, легендата за Мида говори за него и Дионисовиот воспитувач Силен.

Имено, Мида поседувал прекрасни градини во подножјето на планината Бермион во кои растеле најмиризливите ружи, со цветови од 60 латици. Тука залутал Силен за на еден извор да ја изгаси жедта. Бидејќи кралот Мида сакал Силен да го поучува на мудрост, кралот во водата сипал вино, а кога стариот учител се напил и заспал, одведен е кај кралот кој го гостел 10 дена. Во долгата беседа, Мида го прашува Силен што е најголема среќа за еден човек.

Тој одговорил дека „најдобро е да не се роди, а за тој што тукушто се родил најголема среќа е што помалку време на помине на овој свет.“ Кога Мида го вратил Силен на Дионис, овој силно се израдувал така што на Мида му ветил дека ќе му исполни една желба. Кралот посакал сè што ќе допре да се претвори во злато.

Пресреќниот крал веднаш почнал да ја користи оваа стекната дарба. Сè што ќе допрел со рацете, веднаш се претворало во злато, па и храната и пијалакот. Така што и покрај богатите трпези, Мида останувал гладен и жеден. Несреќниот крал го молел Дионис да го ослободи од дарбата која носи беда, што Дионис и го сторил. Во митологијата Мида се спомнува како крал на Бригите во Македонија и на Фригите?Фригијците во Мала Азија.

[23] Grevs, R., *The Greek Myths,* Penquin Books, Middlessex, 1972.

Бригите или Мосиниците припаѓаат на Хиперборејците на Дунав. Кај нашите топонимски истражувања на Средното Подунавје во клисурата Ѓердап, во близина на градот Доњи Милановац, утврдивме дека постои град под називот Мосна. Во

ПБГ mossyn-mossynos значи дрвена кула или барака, додека Мосинчани значи луѓе кои живеат во бараки, т.е. Mossyn-oikoi. Под притисок на индоевропските популации во XIII век пред Христа Мосинчаните мигрирале. Еден дел оделе по реката Дунав и допловиле до Црното Море на брегoвите на Мала Азија, западно од Трапезунт. Другиот, поголем дел, по оделе по долините на Морава, Вардар и Еригона-Црна Река и ги колонизирале областите околу Преспанското Езеро, кое тогаш се викало Бригијско Езеро, т.е. Brygeis limne, што во превод значи земја на клокотење. Во охридската рамнина и денес постои топоним Клокот, место со сумпорен извор кој клокоти.

За Бригите, Херодот[24] ги дава следниве информации: „На Фригијците, според кажувањата на Македонците, во времето додека живееле во Европа и биле соседи на Македонците, името им било Бриги, а кога се преселиле во Азија, ја промениле истовремено и родната грутка и името и се нарекле Фригијци.“

[24] Херодот, *Историја,* VII, 73, Матица Српска, Београд, 1988.

Според археолошките и историските истражувања, најголем број од авторите[25] ги лоцираат Бригите на просторот помеѓу Перспанското Езеро, Драч, Јужна Албанија и Епир или, попрецизно, во горниот дел на реката Еригон, притока на Вардар, а нивни соседи биле Енхелејците, Партините, Линкестите, Деуриопите и Македонците. Главниот град на Бригите бил Кидрај (kydros-славен) на северозапад од планината Варнус (Баба), покрај брегот на Преспанското Езеро (limne brigeis).

[25] Strabo, *Geographia*, VII, 7, 9, Meineke, Lipsiae, I, II, III, 1913; Папазоглу, Ф.: *Македонски градови во римско доба,* Скопје, 1957; Грашанин, М., *Праисторија на тлу Србије,* с. 467-470, I, 1973, Београд.

Во ономастичките истражувања за Бригите утврдивме околу 50 топоними, 34 етноними и 35 хидро и ороними, кои потекнуваат од ПБГ. Антропоними: Bastos (осн. bas-basileus-крал). Ист е коренот и за ономастиката Basa, Basos, Bastrarevs. Следуваат Getas (осн. gates – селанец), Dada (кованица од да-многу, но и да-учи, односно многу учен), Delus-лукавство, Dida-два пати поучен, Dules-роб, Desius-влакнест, Euadea-да му се допаѓа, Mania-лудило, Mama-баба, Manta-пророк, Mades-владетел, Tipas-твори, Pita-смола, Attas-одјури и Gavros-весел. Топоними: Almana-многу солен, Kidros-славен, Asara-пара, Astaria-ѕвезда, Altos-да скока, Galepsos-ласичави, Bolbe-лук, Pelion-иловица, глина, Damastion-

скроти, победи итн., но и Edessa-вода, па оттука Воден, потоа Naussa-река, извор и др.

На просторите на Македонија, Бригите најверојатно дошле помеѓу Кадмовата миграција во земјата на Енхелејците во 1313 година пред Христа и аргонаутската експедиција во 1225 година пред Христа. Петрова Е. во монографијата „Бригите на централниот Балкан во 2. и 1. милениум пред Христа“,[26] смета дека миграцијата на Бригите и Мизите од централно-балканските простори се одвивала во повеќе бранови и правци. Првиот поголем бран бил околу 1500-1400 година пред Христа во правец на Мала Азија. Вториот, помал бран во истиот правец, уследил по Тројанската војна, т.е. 1183 година пред Христа. Третиот бран бил во правец на Епир, Грција и Италија околу 800-700 година пред Христа и дека фригијската држава исчезнала на почетокот на VII пред Христа,[27] додека миграцијата на Бригите од Балканот хронолошки се поврзува со 1200 година пред Христа кога се случил и падот на државата на Хетитите.

[26] Петрова Е., *Бригите на централниот Балкан во 2. и 1. милениум пред н.е.,* Скопје, 1996.

[27] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to-Proistoriko Algaio,* p. 291, Athina, 1954.

Третата или античката македонска династија на Аргеадите од Орестида

По Тројанската војна, миграцијата на „народите од морето“, движењето на Дорците и по рушењето на Микенската култура на Балканот, настапила епоха на превирања и несигурност кога доаѓа до помали или поголеми поместувања и дезинтеграција и распад на старите заедници.[28] Овој период во историјата носи назив „мрачен период“ и трае сè до VII век пред Христа.

[28] Грашанин, М., *Настанак и порекло Илира,* с. 9-76, Научни скуп, САНУ, Илири и Албанци, Београд, 1988, Гавела, 1988; Papastavrou, I., *Istoria tis Arhaias Ellados,* Hiotelli, Athhinai, 1972

Во историографијата е утврдено дека по „мрачниот период“, но пред класичното доба, на власт во Македонија дошла Аргеадската династија, која историчарите ја датираат околу 700 години пред Христа. Оваа династија го носи своето име според топонимот од каде потекнува и тоа од Аргос во Орестида, денешен град Рупишча, срез Костурски (Argos Orestikon), во западна Македонија, со родоначалникот Пердика.

Во борбите со Персијците и во врска со придонесот на Македонскиот крал Александар кон Грците, Херодот[29] изнесува: „Седми по ред предок на овој Александар бил Пердика кој го основал македонското кралство и тоа вака: тројца Теменови потомци, браќата Гауан, Аероп и Пердика побегнуваат од Арг во Илирија, а од Илирија преоѓаат во горна Македонија и доаѓаат во градот Либеј. Тука се најмуваат да служат кај кралот. Првиот чувал коњи, вториот говеда, а намладиот од нив, Пердика, чувал кози и овци. Било тоа во време кога и кралевите, а не само народот, биле сиромашни и немале пари. Леб им месела и печела самата кралица.

Но, кога го печела за најмалиот Пердика, лебот секогаш дупло би нараснал. И бидејќи истото секогаш се повторувало, му го соопштила тоа на својот сопруг. Штом кралот го слушнал тоа, се досетил дека тоа би можело да има некакво чудно значење и дека претскажува нешто важно. Тој ги викнал тројцата слуги и им наредил да ја напуштат неговата земја. Тие, пак, му соопштиле дека веднаш ќе си отидат штом ја примат платата која ја заслужиле. А, кога кралот слушнал дека тие сакаат плата, страшно се налутил и, бидејќи сонцето ги распослало своите зраци во куќата преку отворот на кровот низ кој излегувал димот, им рекол, бидејќи божеството го навело на таква лудост, покажувајќи со раката на сонцето: „Ете, тоа ви е платата што сте ја заслужиле и која ви ја давам.“ Гауан и Аероп биле вчудоневидени кога го слушнале тоа, но најмалиот момок, бидејќи случајно имал меч, рекол: „Се согласуваме, кралу, да го примиме тоа што ти ни го даваш.“

Тогаш, со ножот нацртал сончев зрак на куќниот под и, цртајќи го, зграбил три пати сончеви зраци во своето крило па тогаш отишол и тој со другите браќа.“ Натаму, Херодот[30] продолжува: „И момчињата дошле во другиот крај на Македонија и се населиле во близина на таканаречените градини на Мида, синот Гордиев, во кои растат диви рози, од кои секоја има по 60 листови и имаат поубав мирис отколку сите други рози. Во тие градини, според кажувањето на Македонците, бил заробен и Силен. Над тие градини се издигнува, поради студенилото, непристапната планина Бермион. Кога стигнале во таа земја, браќата оттаму тргнале и ја покориле целата останата Македонија.“

[29] Herodot, *Историја,* VII, 137, Матица Српска, Београд, 1988.

[30] Исто, VII, 138.

Во завршниот дел, Херодот наведува: „Според тоа, од тој Пердика потекнува и овој Александар чија лоза изгледа вака: Александар бил Аминтин син, Аминта, пак, син на Алкет, а Алкетов татко бил Аероп, а Аеропов татко, пак, Филип, а Филипов татко бил Аргеј, а Аргеевиот татко бил овој Пердика кој ја основал државата.“[31]

[31] Исто

Според хронологијата на античките македонски владетели, кралот Аминта I владеел од 540-495 година пред Христа; кралот Александар I помеѓу 495-452, кралот Пердика II од 452-212, кралот Архелај од 413-399, кралот Орест од 399-398, кралот Аероп II од 398-395, кралот Аминта II помеѓу 394-303, следи кралот Паусаниј, потоа кралот Аминта III од 393-370, кралот Аргеј II од 393-392, кралот Александар II од 370-368, кралот Пердика III од 368-359, кралот Филип II од 359-336, кралот Александар III Македонски-Велики од 336-323, следат кралевите Филип III, Арид 323-317, кралот Касандер 316-298, кралот Диметриј I од 293-283, кралот Антигон II, Гонат 276-239, кралот Диметриј II од 239-229, кралот Антигон III од 229-221, кралот Филип V од 221-179 икралот Персеј од 179-168 година пред Христа.

И додека Јонија го родила таткото на историјата Херодот (485-425), дотогаш заслугата на Тукидид (460-400) од Атина е таа што ја подигнал историографијата до завидни висини и создал ремек-дело, едно од најголемите во Антиката. Тукидид[32] во делот каде ја опишува војната помеѓу кралот Ситалко Одрижанин? и македонскиот крал Пердика II во 429 година пред нашата, ги опишува областите во Македонија и вели: „Меѓу Македонците се вбројуваат и Линкестите и Елимејците и другите племиња од горната страна, кои се нивни сојузници и покорници, но имаат свои кралевства. Сегашната Македонија крај море ја стекнал најпрво Александар, татко на Пердика и неговите претци Теменидите, кои потекнуваат одамнина од Арг и станале кралеви после битката, протерувајќи ги Пиеријците од Пиерија, кои подоцна се населиле под Пангеја преку Стримон Фаргет и дурги места..., а од тнр. Ботија Ботијаните кои сега живеат во соседство на Халкиѓаните. Од Пеонија стекнуваат некое тесно парче земја долж реката Аксиј, кој се простирал од внатрешноста до Пела и до морето, а преку Аксиј сè до Стримон владеат со

таканаречената Мигдонија прогонувајќи ги Едонците. А ги избркаа од сегашната Еордија Еордијците, од кои многу загинаа, а еден мал дел од нив се населил околу Фиск, а од Алмопија Алмопијаните. Тие Македонци ги совладале и останатите племиња кои уште и сега во власт ги држат и Антемунт и Крестонија и Бизалтија и голем дел од земјата на самите Македонци. Сето тоа заедно се вика Македонија, а Пердика Александров бил нивен крал, кога Ситалко почнал да ги напаѓа.“

[32] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. II, 99, Дерета, Београд, 1991.

Од ова може да се заклучи дека уште во праисторискиот и античкиот период во Македонија биле издиференцирани општествено-политички области.

Геополитички области на античка Македонија

Горна Македонија

Ористида
Елимеја
Линкестида
Пелагонија
Деуриоп
Десарет
Атинтанија
Тимфаја
Паравајa
Бордаја

Долна Македонија

Аматија (Ематија)
Пиерија
Ботиаја
Алмпија
Амфиакситида
Мигдонија

Источна Македонија

Крестонија
Едонија
Бисалтија
Пијерија

Парорбелија
Халкидики
Синтика
Пеонија
Одомантика

Извор Папазоглу Ф, 1957.
Aloros – самоуправна општина
Edessa – посведочена низ целиот римски период
Icunai – градови чиј статус не е точно утврден

Херодот, значи, истакнува дека родоначалник на Аргеадската македонска династија, која имала државотворна улога, бил кралот Темен, од градот Аргос во Орестида. Меѓутоа, тој ништо не вели за неговата генеалогија. Плутарх (46-160 пред Христа) од Херонија во Беотија, последен значаен грчи писател, во својата позната книга „Напоредни животописи“ изнесува дека: „и Александар Македонски по татко бил потомок на Хераклe, преку Каран.“[33]

[33] Plutarchus, *Vitae parallelae* (прев. *Напоредни животописи*), III, 1, 2, Загреб, 1988.

Во врска со Каран уште еден грчки историчар од Хиос, Теопомп (380 година пред Христа) во своето главно дело „Историја на Филип Македонски“, истакнува дека Каран во осмото колено е потомок на Хераклевиот правнук Темен, кој се преселил од Арг во Орестида (Крупиште) во Едеса (Воден).

Паусанија[34] во поглавјето за Беотија, опишувајќи го градот Херонеја кој порано се викал Арна, според Еоловата керка, и за херонејскиот лав вели: „Македонците немале обичај да поставуваат трофеи. Па, сепак, Македонците прикажуваат дека македонскиот крал Каран во битката го победил Кисеј кој владеел во соседна земја. Тогаш Каран, во чест на победата, подигнал споменик на аргивски (Argos Orestikon) начин. Но, прикажуваат натаму, дека тогаш од Олимп дошол лав кој го превртел трофејот, а потоа исчезнал. Каран, тврдат тие, тогаш сфатил дека тоа не била добра одлука да се изложи на непомирливата омраза на соседните варвари, па се воспоставило правилото ниту Каран, ниту македонските кралеви после него да не подигнуваат трофеи доколку сакаат некогаш да ја стекнат наклонетоста на соседните

народи. Ова го потврдува и Александар кој не подигнал трофеј ниту по победата над Дариј, ниту после победите во Индија.“

[34] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* IX, 40, (прев. Пасини: *Водич низ Хелада*), Логос, Сплит, 1989.

За јазикот на кој говореле Македонците-поданици на кралот Каран, Херодот[35], во врска со подготовките на персијскиот водач Мардониј во војната против Грците, во 479 година пред Христа, кај Платеја, вели дека тие „говорела на каранѕки јазик“. Ево го тој дел: „а Мардониј се наоѓал на зимување во Тесалија. Оттаму, пратил еден човек од Европа (град во Македонија, десно од Аксиј), по име Миј да оди кај пророштвото ... и дошол токму во храмот на Аполон Птојски ... кој им припаѓа на Тебанците и се наоѓа над езерото Копаида. И кога овој Миј стапнал во храмот со тројца граѓани, кои градот ги одредил да бележат она што пророштвото ќе изјави, веднаш свештеникот почнал да прорекнува на некој странски јазик. Тебанците, кои го следеле, се нашле во чудо кога, наместо хеленскиот јазик, слушнале непознат јазик и просто не знаеле да се снајдат во таа ситуација. Но, Миј од Европа им ја истргнал од раката таблата па на неа го запишал сето она што пророкот рекол, изјавувајќи дека тој говори на каранѕки јазик. Откако го запишал тоа, веднаш отапувал во Тесалија.“

[35] Херодот, *Историја,* VIII, 133-135, Матица Српска, Београд, 1988.

Кисеј бил крал и епонимен херој на планината и градот Кисос (Kissos), крај денешниот Солун,[36] во Крестонија и Мигдонија каде живееле Пелазги, колонисти од Кавказ. Истоименит град Кисос под денешно име Kisseh се наоѓа помеѓу Батум и Трапезунт. Градот Кисос во Македонија се спомнува и во врска со богот Дионис, каде свратил со својата придружба кога го започнал својот победоносен поход. Тогаш стекнал бројни следбеници и бил овенчан со венец од бршлен, па затоа го добил името „Дионис Кисос“. Бидејќи Дионисовиот учител Силен бил гостин на кралот Мида крај Бермион, а Бригите ја напуштиле Македонија пред Тројанската војна која се водела во 1193 пред Христа, судирот помеѓу македонскиот крал Каран и пелашкиот крал Кисеј хронолошки се случил пред Тројанската војна, а по Хераклевите авантури во Хипорбореја, во земјата на Скитите, на прото или пра-Словените. Херакле со Ехидна, кралица на Хилеја, го добил синот Скит и според Херодот:[37] „Од овој Хераклев син

потекнуваат сите скитски кралеви“, па, според тоа, и кралот Каран, кралот Темен и целата Аргеадска династија и Александар Македонски-Велики.

[36] Strabo, *Geographia,* p. 729, Meineke, Lipsiae, I, II, III, 1913; Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to-Proistoriko Algaio,* p. 180, Athina, 1954

[37] Херодот, *Историја,* IV, 6-10, Матица Српска, Београд, 1988.

Константин VII Порфирогенит (905-959), визнатиски цар од 913 година, во трактатот „За темите“,[38] каде врз основа на старите извори го истражува потеклото на византиското уредување и дава слика на географијата на царството во VI век, а за темата 2, за Македонија, наведува: „Македонија е наречена по Македон, син на Зевс и Деукалионовата ќерка Тија, која, според Хесиод, му родила на Зевс два сина – Македон и Магнет...“ Хеланик (Hellanikos, V век пред Христа, од Митилена на Лезбос, кој објавил 23 книти), пак, смета дека Македон е Еолов син. Од овој Македон, Еолов син, добиле име и Македонците кои тогаш живееле сами со Мизимите...

[38] Порфирогенит, *Peri ton thematon – De thematibus*

„Македонското царство почнало да јакне за време на третиот Хераклев син Каран, а се засилило за време на Филип, особено за Време на Александар (336-323 пред Христа), кога станало огромно, до крај на светот...“ Покрај огромната историографска литература за автохтоноста на третата македнска династија и за Македонија во целина, постојат и богати археолошки откритија што ја потврдуваат самобитноста на Македонците. Археолошките наоѓалишта на Андроникус (1985) на локалитетот Вергина (Кутлеш), во близина на Халиакмон (Бистрица), се многу добро познати. Исто така, познати богати археолошки наоѓалишта се наоѓаат на локалитетот Требениште, каде покрај погребните архефакти, најден е и шлем со „сонцето на Вергина“; следат наоѓалиштата кај Тетово, Гевгелија, Охрид, Битола, итн, кои потврдуваа дека при крајот на VI и на почетокот на V век пред Христа Македонија ја заплиснува нов бран на културни и уметнички остварувања од автохтона природа. Тие укажуваат дека Македонија во тоа време била централен емисионен центар. Тоа овозможува компаративно проучување на археолошките материјални докази со лингвистички податоци, што ја потрекпуваат врската култура-етнос-јазик.

Највновите археолошки наоди во Охрид и Солун го потврдуваат „златното доба“ на Александар Македонски. Имено, од реконструкцијата на Светиклиментовата црква на локалитетот Плаошник и кај Самуиловата тврдина во Охрид, кој ги спровел археологот Паско Кузман, а неговото интервју е објавено во дневниот весник „Вест“ од 23-24 април 2005 година, се гледа дека се постигнати големи успеси и дека се добиени ретки резултати. Покрај останатите археолошки наоди, како што се накит, стакло, ќилибар, откриена е и златна женска посмртна маска и златна рака кои авторот ги датира од првата половина на V век пред Христа.

Истовремено, пронајдени се мегарски чаши со украс на „сонцето на Вергина“, монети со македонски штит на аверсот и многу други предмети на кои доминираат старомакедонски симболи. Врз основа на горенаведеното, авторот заклучува: „Свети Климент е наша Троја.“ На Самоуиловата тврдина откриена е бронзена фигура на Хераклe со кожа од лав, со што и Александар Македонски се идентификувал како Хераклид.

Во белградскиот весник „Блиц“ од 17 октомври 2008 година објавена е репортажата на Дејли Мејл (JC) со наслов „Откритие во родното место на големиот војсководител – Златно доба на Александар Велики“.

На една слика даден е преглед на археолошкото наоѓалиште на кое се пронајдени 1414 гробови при изградба на нова линија на метро́ во Солун. Во репортажата се изнесува изјавата на археологот Кризостом П., дека пронајдените војници кај вкупно 43 гроба на локалитетот Пела, родното место на Александар Македонски, живееле при крај на античкиот период, помеѓу 580-460 година пред Христа.

Некои војници се погребани со бронзени шелмови, а крај нив се положени железни мечеви и ножеви. Очите, устата и градите им се покриени со златна фолија, богато украсена со цртеж на лавови... Пронајдените гробници ја потврдуваат претпоставката дека многу рано била развиена прекуморската трговија, дури и во втората половина на VII пред Христа... Археолозите, во рамките на овој проект, ќе испитаат дури и 915 гробови...

Резимирајќи го овој дел за античката македонска династија Аргеада - Теменидите од Орестида може да се донесе следниов

заклучок. Додека првите две династии имале божествено потекло од богот Озирис или Зевс, дотогаш третата династија го истакнува своето потекло од синот на богот Зевс, Хераклe, херој, најславен јунак на тогашниот свет.

Теогенските кралеви го донеле топонимот Македонија и етнонимот Македонци, јазикот од корпусот на ПБГ кој е сочуван на целиот Балкан, својата митологија и своите панонски богови чии имиња опстојуваат во хидролошкиот систем на Дунав, а виртуелно ги сместиле на врвовите на својата најголема и многуопеана планина Олимп.

Со миграцијата на Теменидите, кои според Тукидид[39] „потекнуваата одамнина од Арг... и ги протерале по битката од Пиерија Пиеријците... од Беотија Беотјаните... Еорѓаните... Алмопијците... и тие Македонци ги совладале сите останати племиња, кои уште и сега ги држат во власт... и голем дел од земјата на самите Македонци. Сето заедно се нарекува Македонија, а Пердика Александров бил нивен крал...“ Бидејќи Теменидите биле потомци на кралот Скитиј, преку Хераклевиот син Скитиј и Ехидна, следното поглавије ќе биде посветено на Скитите, прото-Словените.

[39] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с, II, 99 Дерета, Београд, 1991.

VII
ТЕСАЛИЈА – ПРАИСТОРИСКА ЕОЛИЈА

Тесалија се наоѓала јужно од Македонија, а северно од континентална Грција – пространи котлини орабени со високи планини. Културата на младиот неолит на Тесалија, под општиот поим, ја опфаќа културата Димени (Димини), културата Сескло и Протосексло западно од Волос. Таа се распространувала и надвор од Тесалија, кон југ до централна Грција и Коринт, а кон север до Македонија и подалеку, а слична е на Винчанската култура. Таа го опфаќа периодот од V-IV милениум и го носи уште и името „Минојска култура".

Покрај керамиката која според Шлиман (1878) го носи името „минојска керамика", постојат уште и вазни со посебна декорација и форма, пехари на ногарки и др. Носителите на таа култура во археологиајта се познати и по мегалитските утврдени населбеи, спротивно на поранешните отворени населби. Во Димини меѓу градбите се појавува за прв пат и типот „мегаронски куќи", четвртасти, повеќеспратни куќи, понекогаш со трем, со камени темели во сувозид градба и со ѕидови од керпич, односно од непечена тула.

Според грчкиот историчар Папаставроу[1], професор на атинскиот и солунскиот факултет, првите носители на Димини културата биле племињата од север, кои во бранови доаѓале на тлото на Тесалија. Цитирајќи го Елеген[2], тој понатаму изнесува дека тие племиња ја сосидале првата Троја, помеѓу 3200-2600 години пред Христа, каде се јавува тип на истоветни „мегарони".

[1] Papastavrou, I., *Istoria tis Arhaias Ellados*, p. 16, Hiotelli, Athinai, 1972.

[2] The Coming of the Greeks, Amer. J. of Arheology, 1897, 32, 146

Томсон[3] врши идентификација на носителите на Димини култуата на тлото на Грција, но и на античкиот „грчи" јазик. Тоа биле Еолите од Хипербореја околу II милениум пред Христа. Во Еолите тој ги вбројува: Минијците, Лапитите, Тиројците, Флегијците, Македонците и други кои од низината на средниот Дунав мигрирале долж Вардар (Aksia) во богатите рамнини на Тесалија. Аналогни топоними најдовме и во Србија. За Минијците

тое е Миничево кај Тимок, за Лапитите тое а Лапово, за Тиројците тоа е Сираково, а за Флегијците тоа е Пожаревац. За Македонците, Хесиод[4] изнесува дека тие биле синови на Зевс, Магнет и Македон.

[3] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 124, Athina, 1954.

[4] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia*, p. 29.

Праисториска колонизација на јужниот Балкан

Магнет бил епонимен крал на македонското племе на Магнетите, на источниот планински дел на Тесалија, под сегашното име Магнезија. Македон се смета за родоначалник на Македонците и епонимен херој на Македонија, која ја опфаќала областа на Олимп, Пиерија и Пинд. Минијците на Тесалија живееле во тесалскиот Охомен или Миниј, во сливот на реката Енипеј во Пенеј, во беотскиот Орхомен на устието на реката Кефис во езерото Копаис и станале моќни и славни творци на минијската култура. Од таа династија, чиј родоначалник бил крал Миниј, се издвојуваат Трофон и Агамед, синови на кралот Климен, кои биле познати архитекти за тврдини, храмови и ризници.

Потоа кралот Ергин, кој на Кадмеовите Тебанци им наметнал данок па поради тоа војувал со Херакле. Многумина биле учесници во Тројанската војна, во походот на Аргонаутите на Колхида итн. Потомците на Минијците се основоположници и на кралевите на минијската колонија Кирена во Либија и владееле од 630-460 година пред Христа. Со доаѓањето на Хелените, тие претежно мигирале за Египет (El Minya) и Кавказ (Ar-menija).

Населби на Лапитите во Тесалија биле Атракс, Гиртон, Елатија и Корона, северно од денешната Лариса, јужно од падините на Олимп во Хистоитида. Нивниот родоначалник е кралот Лапит, син на хиперборејскиот бог Аполон, а негови потомци се Форбант, Перифант, Иксион, Пиритој, Полипет, кентаруот Хирон, Елат, Кенеј, Корон, Андремон, Тоант, Хемон, Оксил, Актор, Аугиј, Филеј, Мегет, Етол, Плеурон, Калидон, Кипсел, Периандар, Бутад, итд... Ќе наведеме само неколкумина од нив кои станале кралеви на Јужниот Балкан. Форбант бил крал на Родос и Елида на Пелопонез. Перифант станал крал на Атина. Пиритој бил крал на Магнезија. Полипет бил крал на Лапитите и

учесник во Тројанската војна. Славниот крал, кентаурот Хирон, бил учител и воспитувач на многу јунаци, како што се Хераклe, Ахилеј, Асклепиј, Јасон и други.

Кралот Кенеј бил учесник во ловот на Калидонската дива свиња и во походите на Аргонаутите. Корон бил крал на истоимениот град во Пагаистскиот залив, учесник во походот на Аргонаутите и војувал против дорскиот крал Егимиј поради планината Ета. Андремон бил крал и митски овновач на градот Амфис на Фокида. Тоант бил водич на Етолците во Тројанската војна, му дал прибежиште на Одисеј кога тој бил протеран од Итака. По десет години, во длабока старост, Одисеј умрел на дворот на Тоант. Тоантов син бил Хемон, а неговиот син се викал Оксил, чие име е поврзано со дорско-хеленското освојување на Пелопонез, кога станал крал на Елида, земја на неговите претци, ги штител Ахејците кои биле прогонувани од Хелените и ги возобновил Олимписките игри. Форбантовиот син Актор живеел во Елида како крал.

Го наследил неговиот брат Аугиј кој бил познат по своето богатство. Имал најдобри и најбројни стада на светот, а неговите штали ги чистел Хераклe. Учествувал во походите на Архонаутите. Негов наследник е кралот Филеј, учесник во ловот на Калидонската дива свиња, а неговиот син Мегет, исто така крал на Елида, учествувал во Тројанската војна со 40 брода. Неговата мајка Тимандра е Лаертова ќерка, сестра на Одисеј, на Елена и на Клитемнестра.

Паусанија[5] наведува дека од Тоант до Ендимионовите синови Епеј и Етол имало шест генерации Еолци. Во време на Епејовото владеење со Елида, Лидјанецот или Фриќанецот (Бриг) Пелоп од Мала Азија довел Ахејци од тесалската Фтија, ја зазел Пиза и соседната Олимпија одделувајќи ја од Епеевата земја. Бидејќи Епеј немал деца, на престолот го наследил неговиот брат Етол, а вториот брат Пеон побегнал далеку на север и се населил крај реката Аксиј (Вардар), каде станал родоначелник на Пеонците.[6] Поради некое убиство, Етол побегнал во Етолија, која по него го добила и името. Него го наследил синот Плеурон, епонимен херој и крал на истоимениот град во Етолија. Неговиот брат Калидон станал, исто така, епонимен херој на истиомен град во Етолија. Градот станал познат во тогашниот свет поради колективнот лов

на најхрабрите воини од целата земја на Артемидината дива свиња, познат како „лов на Калидонската дива свиња“.

[5] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* V, 3, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

[6] Исто, V, 4.

По Етоловото бегство од Пелопонез, Епејовото кралство добило ново име Илис или Елида, според синот на Едимионовата ќерка Евридика, наречен Елеј. Со овој етноним името на населението на Епејците е променето во Елејци. И додека Елеј бил крал во Елида, се собрала војска на Елените-Дорци, кои го освоиле Пелопонез во 1104 година пред Христа. Значително подоцна, во нови услови, еден од потомците на тесалските Лапити од Панонија, од семејството на Кралот Кенеј, бил Кипсел кој станал прв тиранин на градот Коринт на Пелопонез, во 657 година пред Христа, со кого пред тоа владееле неговите роднини Бахијадите.

Неговот владеење било многу успешно. Коринт станал силна „полис-држава“ во политички, општествен и економски поглед. Оваа стабилност овозможила Кипсел да биде наследен од својот син Периандар, чие владеење од 627-582 година пред Христа било уште поуспешно. Пробиен е Коринтскиот канал, создадени се колонии во Македонија (Потидеја) и на Крф (700 години пред Христа).

Тој го развил и производството и економијата, спровел општествена реорганизација, на унапредил дипломатијата не само со Египет и Мала Азија, туку и со другите области на Медитеранот. Се семта за еден од седумте мудреци на свото време.

Друг Кипселов син бол Милтиад, кој од политички причини бил протеран во тракијскиот Херсонес, во 559 година пред Христа, за време на Пезистрат. Тука стнал многу богат. Неговио внук, кој исто така се викал Милтиад, бил врховен командант на оружените сили на Грција против Персијците и победник кај Маратон, во 490 година пред Христа, со што придонел Атина да обезбеди водечко место.

Многу Лепити со време ја населиле Атика, особено Атина, каде се наоѓале староседелците Пелазгите. Во митолошката традиција тоа е поврзано со Етеобутадите, т.е. првите потомци на Бутадите, антично свештеничко племе, една важна гранка на

тесалските Лапити[7], за што повеќе ќе биде изнесено во делот за Атина.

[7] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 183, Athina, 1954.

Тиројците од Тесалија

Наредното тесалијско племе од Димини културата од подунавските простори се Тиројците или Сираковците од Стишкото поле. Томсон[8] смета дека Тиројците и Лапитите се гранки на ист народ. Тиројците во Тесалија ја населувале рамнината околу Пагаситкиот залив, околу денешниот град Волос. Нивната нова татковина претставувале населбите крај морето, како што се Филаке, Ферај, Јолк, Нелеј, Бојба и Кранон. Најголемите локалитети на Димини културата се наоѓаат крај античката населба Јолк.

[8] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 134, Athina, 1954.

Тиројците го носат епонимот на својата прамајка по име Тиро (сирење). Хорскиот лиричар Пиндар (520-445) во *Питија*[9] вели дека Тиројците мигрирале од север, преку Македонија, и дека нивната прамајка Тиро се вљубила во богот Посејдон од Петра, на падините на Олимп. Својата религија од Ѓердап-Тартар, верувањето во богот Посејдон, ја пренеле со себе и доселениците Тиролци, како што сториле и нивните сонародници – Лапитите.

[9] Пиндар, *Питија,* 4, 138.

Носители на Димини културата во Тесалија (Еолија), (Томсон, 1954)

Во митологијата, името Тиро се јавува во праисторијата како во Тесалија, така и во Елида на северозапад на Пелопонез. Тесалската Тиро е жена на богот Посејдон[10], ама и на Кретеј, кралот на Јолк, кој бил Еолов син.

[10] Херодот, *Историја,*VII, 55, Матица Српска, Београд, 1988 и Паусаниа 2.1 итд.

Во тесалската легенда, Кретеј е смртник, крал на Јолк. Тој се оженил со својата внука од брат Тиро која му родила тројца синови и тоа Ферет, Амитаон и Есон. Кретеј посинил и две деца на својата сопруга со богот Посејдон, Пелиј и Нелеј[11]. Ферет е основач и епонимен херој на градот Фера (Рига од Фера) во Тесалија, северозападно од Волос. Ферет бил оженес со

Периклимена, ќерка на кралот Миниј. Нивни деца се Адмет, Еидомена, Периопед и Ликург, кој бил крал на Немеја на Пелопонез за време на походот „Седуммина против Теба“, во 1213 година пред Христа, кога владееле Кадмовите Фениќани.

[11] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа), 1,7,3

Адмет го наследил својот татко Ферет и го проширил своето владеење на целата Еолија-Тесалија. Со сопругата Алкеста имал три деца: Еумел, Перимел и Хипас. Вториот Кретеев син Амитаон се оженил со Феретовата ќерка Идомена (име на градот Идомени на Вардар, кај Ѓевгелија), која му родила два сина Мелампод и Бијант, кои подоцна станале кралеви во Мегара, Месенија и во Акарнанија. Во митологијата Амитаон е познат по тоа што заедно со своите роднини Нелеј и Пелеј ги основал Олимписките игри.[12]

[12] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 129, Athina, 1954.

Еден од Еоловите потомци бил и Филак, основач на градот Филака во Тесалија, познат јунак. Според Хомер[13], Филак, исто така, бил познат по своите говеда, а во врска со ова е и легендата за неговиот син Ификле кој бил неплоден, но кого го излекувал Мелампод. Ификле потоа ги добил синовите Подарк и Протесилај и учествувал во походите на Аргонаутите. Подарк учествувал во Тројанската војна со 40 брода, како и неговиот брат Протесилај каде и загинал.

[13] Хомер, *Илијада и одисеја,* I, 1, II, 705, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н.Ѓури

Третиот Тирин и Кретеев син бил Есон, крал на Јолк, оженет со Алкимеда, внука на кралот Миниј, која му го родила синот Јасон. Есон од престолот го симнал неговиот полубрат Пелиј, вонбрачен син на Тира и Посејдон. Пелиј го испратил Есон в затвор, барајќи од него да се одрече од наследството. Јасон је херој на митот за Аргонаутите и тесалијски херој чија легенда во делото „Аргонаутика“ ја опишал Аплониус Роѓанин (295-230 пред Христа).

Кога Пелиј станал крал на Јолк, го протерал својот брат Нелеј, кој пребегнал во Месенија на југозапад на Пелопонез, каде на југ од Неваринскиот залив го основал градот Пил, а со сбе ги повел и своте роднини Мелампод и Бијант.

Пелиј бил оженет со Амфионовата ќерка Филомаха од племето Минијци. Имал син Аксат и неколку ќерки под заедничко име Пелијади. Пелиј владеел со Јолк сѐ до доаѓањето на Јасон

од Колхида со „златното руно“. Пелиј го убиле неговите ќерки Пелијади, благодарени на измамата на маќепсничката Медеја, дека ќе им го подмалди таткото доколку претходно го распарчат. Стравувајќи од освета, Јасон го препуштил кралството на Пелијиниот син Акаст и отишол за Истам на Пелопонез. Акаст бил учесник во ловот на Калидонската дива свиња и во походите на Аргонаутите.

Бил оженет со Астидамија која се обидела да го заведе гостинот Пелеј, син на егинскиот крал Еак, крал на Фтија во Тесалија, татко на најголемиот тогашен јунак Ахил, кој бил дојден поради очистување по едно убиство. Бидејќи ја одбил Астидамината љубов, навредената кралица нашироко му раскажала на сопругот дека Пелеј се обидел да ја силува. Акаст не сакал лично тој да го убие својот гостин, па го протерал без оружје на планината Пелион.

Нелеј, вториот вонбрачен син на Тира, по караницата со братот Пелиј, пребегнал во Месенија, а неговата судбина ќе биде обработена во поглавјето за Пелопонез.

Тесалијска Фтија

Јужниот дел на Тесалија го носи името Фтија. Таа претставува триаголна рамнина во сливот на реката Сперхеј која се влива во морскиот залив Малида во Егејското Море. Рамнината од сите страни ја затвораат високи и непристапни планини: на север Отрис (1726 м), на југ Ета (2152 м), на запад Тимфрест (2315 м). На исток отворена е кон морето во ширина од околу 30 км, а долга е околу 50 км. Единствениот јужен пристап до Беотија води преку Термопилскиот кланец, кој има ширина за да премине само една кола, бидејќи на запад се издигнува високата, непристапна и стрмна падина Ета, а на исток е морето. Во самиот залив како клин навлегува ’ртот Артемизија на Еубејскиот остров.

Кога биле создадени првите еколошки услови, Фтија ја населиле потомците на Пелазгите од Пелопонез, досоленици од црното море.[14] После нив, околу 1600 година пред Христа, дошло до селидба на Ахејците од Панонија преку Епир. Еден дел од Ахејците го населиле Епир, со центар во градот Додона, а другиот дел мигрирал во Фтија и во историјата се познати како

тесалијски Ахејци. Првите историски податоци за Ахејците ги дале Хетитите од Мала Азија и Египќаните во XIII век пред Христа, кога ги нарекуваат Ahhiawa, Ahhiwawan.[15]

[14] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 115, Athina, 1954.

[15] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 29, Hiotelli, Athinai, 1972.

Во митологијата Пелазгите на Фтија воделе потекло од богот Асоп, кој имал два сина – Пелазг (денес има град Пелазгија на брегoвите на Фтија) и Исмен, и една ќерка по име Егина. Таа се омажила за Актор, крал на Фтија. Егина на Актор му родила два сина, од кои Менетиј е татко на Патрокле, славниот јунак во Тројанската војна и Ахилов нераздвоен пријател. Меѓутоа, Егина со Зевс, на истоимениот остров, го родила синот Еак, кој станал родоначалник на едно племе на новодојдени Ахерци во Фтија, кои го добиле името Еакиди или Мирмидонци (мравјалници). Еаков внук е Ахил, најславниот јунак на Ахејците во Тројанската војна од 1192-1182 година пред Христа.Според Хомер,[16] Ахејците во Фтија населувале пет градови: „... Кои во Алопа, Ала, Трехина и во Фтија градат,/ кои во Хелада беа, каде имало, велат убави жени,/ па Хелени се викале, Ахејци и Мирмодонци,/Лаќи броеја педесет, Ахилеј војсоководец им беше...“

[16] Хомер, *Илијада и одисеја,* II, 681, Нови Сад, 1985 (прев. М.Н. Ѓурић)

Додека тесалијските Ахејци живееле стеснети и сиромашни во Фтија со Пелазгите, во средината на XIII пред Христа Пелоп од Мала Азија, син на лидијскиот крал Тантал, познат и како Фрижанец или Бриг, на Ахејците им ветувал богатство и одвел поголем дел од нив на Пелопонез.

VIII
ЕПИР – ПЕЛАШКА ТЕСПРОТИЈА

Епир се наоѓа јужно од 40º географска ширина, претставува планинска покраина која во античкото доба го зафаќала целиот западен брег на Грција, сè до Коринтскиот залив, а на север до земјата на Енхелејците-Јагулари. На Епир му припаѓа поголемиот дел од Пиндскиот масиф. Зборот припаѓа на ПБГ и означува сува земја, копно. Западната граница е Јонското море.

Во праисториското доба, жители на Епир биле Пелазгите, тнр. Теспроти. Во Теспротија се наоѓало познатото пророштво, во Додона, кое го посетил и Херодот, додека Хомер[1] во епот за Патрокле вели: „Зевсе, о пелашки кралу и Додонски, кој далеку/ во Додонија владееш во студената,со Сели гатари,/ кои не ги мијат нозете, спијат на земја, тие се со тебе...“ Поради навалата од нови миграции од север, теспротските Пелазги во XIII век пред Христа биле принудени да го напуштат својот роден крај и да тргнат источно, преку Пинд за д се населат во рамнините на реката Пенеј во Еолија.

Од тогаш оваа област го променила својот хороним и е наречена Тесалија (што значи земја која ги присвоила). Оваа миграција ја потврдува и Херодот[2] во делот каде се опишува Термопилската клисура/кланец, а во врска со настаните во војната со Персијците, каде вели:

„Во таа клисура порано бил подигнат ѕид и на него една капија. Ѕидот го изградиле Фокејците од страв од Тесалијците кога овие дошле од Теспротија и сакале да се населат во Еолската земја, каде и денес живеат... Стариот ѕид бил изграден пред многу години и поголем негов дел го уништил забот на времето.“

[1] Исто, XVI, 233

[2] Херодот, *Историја,* VIII, 176, Матица Српска, Београд, 1988.

Тесалијците ја окупирале цела Еолија. Оние кои останале под окупаторите доживеале тажна судбина и станале кметови (пенести-надничари), слуги, но им го пренеле на газдите својот јазик од Панонија. Останатите доживеале егзодус на соседното острово Еубеја, во Истиеја и Еритреја, каде живееле Фениќаните,

а потоа се доселиле во северозападните делови на Мала Азија и основале нова татковина под истоименото име Еолија.[3]

[3] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 47, Hiotelli, Athinai, 1972.

Тоа се случило во 1124 година пред Христа, според Ератостен. Новите окупатори на Теспротите, а сега Тесалијци, откако се проширile долж целата област, освен во Фтија, создале еден вид слаба федерација од три дела. Западниот дел каде за прв пат се доселиле Теспротите, а сега се наоѓаат окрузите Трикали и Кардици, го добил името Тесалоитида, северниот кон Македонија го добил името Хистиеотида, додека централниот дел е именуван Пелзгиотида.

Еолските градови Кранон, Фера, Арг итн. станале главни центри на новите господари, како што е династијата на Алеудите во Лариса и династијата на Скопадите во Кранон. Овие династии се натаму познати со походите на Персијанците и со подоцнежните односи со македонската династија Аргеада од Аргос во Костур.

IX

БЕОТИЈА – КОЛОНИЈА НА МИНИЈЦИТЕ И ФЛЕГИЈЦИТЕ

Помеѓу Тесалија и Атика се наоѓа Беотија, која од север и запад е орабена со високите планини Ета (2152 м), Парнас (2457 м), Хеликон (1748 м) и Китерон (1409 м). Од островот Еубеја на исток одвоена е со тесен залив, додека на запад се граничи со Фокида и Коринтскиот залив. Нејзиното име значи „земја на говеда“. На средина на тесната триаголна рамнина, отворена источно кон Егејското море, сместено е широкото Копаиско Езеро, кое го создава реката Кифиз, богата со риби, особено со јагули.[1]

[1] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* IX, 24, (прев. *Пасини: Водич по Хелада*), Логос, Сплит, 1989.

На северозападните брегови на Копаиското езеро се наоѓа тнр. Атаманова рамнина, во која се населил Еоловиот или Миноевиот син Атамант, Панонец. Тој прво владеел со градот Коронеј, југозападно од Кефис, а потоа го изградал градот Орхомен и станал крал на Орхомена и на Теба. За ова Херодот,[2] а во врска со Ксерксовиот поход и желбата да го посети светиот храм на Зевс Лафистијски, подгнат од страна на Еоловиот син Атамант во чест на Фриксовото „убиство“ и спасение, а подоцна забраната за посета на храмот, го изнесува следново: „Слушајќи го тоа, Ксеркс, проаѓајќи крај света гора не сакал да влезе во него, а исто така ù забрани на целата војска, бидејќи чувствувал стравопочитување кон куќата на Атамантовите потомци и кон самата света гора.“ Кралот на беотскиот Орхомен, Атаман, е главна личност во Софоклевите трагедии „Атамант“ и „Атамант овенчан“, како и во Едиповата трагедија „Фрикс и Инона“.

[2] Херодот, *Историја,* VII*, 197, Матица Српска, Београд, 1988.*

Син на Атамант и божицата Нефела е Фрикс, а ќерка Хела. По наговор на својата сопруга, смртницата Инона, Атамант

требал да го убие Фрикс поради некое злосторство. Меѓутоа, Нефела во последен миг го спасила својот син, со помош на златноруновиот овен кој одлетал за Колхида. На патот кон Колхида, додека децата на златноруновиот овен го прелетувале Пропонтида, Хела паднала во морето кое оттогаш го носи нејзиното име Хелеспонт. Така настанала приказната за „Златоно руно“ и за Аргонаутите-Минијци.

Атамантовите деца од третиот брак со Темиста се Схенеј, Леукон, Еристрија и Птоја. Схенеј е основач на град во Беотија и истоимен град во Аркадија, кога се преселил тука и изградил тркалиште на истоименото поле.[3] Схенеј се споменува и како Аталантин и Клименов татко. Аталанта учествувала во „ловот на Калидоснакта дива свиња“ и во натпреварите по повод смртта на Пелиниј, каде го победила кралот на Фтија во Тесалија, Пелеј, во борење. Како учесничка во походите на Аргонаутите, Аталанта била ранета. Се омажила за Меланион, крал од Арг на Пелопонез и го родила Партенопеј, кој бил еден од војсководците во походот „Седумминатa против Теба“ против феникијските колонисти, каде и славно загинал. Неговиот син Промах учествувал во походот на Епигон на Теба по десет години.

[3] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* VIII, 35, (прев. *Пасини: Водич по Хелади*) Логос, Сплит, 1989.

Археолозите наведуваат дека во Орхомен е откриена една од најубавите толос- гробници, која по кралот Миниј, легендарниот основач на Орхомен, е наречена „Минијева ризница“. Исто така, според кралот наречена е и керамиката, како и една цела епоха. Од ова може да се заклучи дека кралот Миниј го основал Орхомен во Беотија. За тоа, Паусанија вели:[4] Приходите на Миниј биле толку големи таша што по богатство ги надминал своите претци. Колку што знаеме, Миниј бил првиот кој изградил ризница за во неа да го чува благото. Особина на Хелените е повеќе да се воодушевуваат на странските чуда, отколку на оние во својата земја. Додека славните историчари до ситница ги опишувале египетските пирамиди, дотогаш ниту накусо ништо не спомнале за ризницата на Миниј и ѕидините на Тиринт, иако тие не се ништо помалку вредни за воодушевување.“ И натаму: „Угледот на Минијците бил веќе толку голем така што Нелеј, син Кретеев, крал на Пила од Орхомен, ја земал за жена Хлорида, ќерка на Амфиона и внукот на Јазиј.“

Еден од кралевите на тесалскиот Орхомен бил Андреј, кој се оженил со внукатаа на Атамант, Еуипа, која родила син по име Етеокле.

[4] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* IV, 36, (прев. *Пасини: Водич по Хелади*) Логос, Сплит, 1989.

Флегијците на Беотија и на Тесалија

Етеокле немал потомци, па кога умрел кралската власт прешла на роднината Алм, Миниевиот брат. На Алм му се родиле женски деца, Хрисогенија и Хриса. Хриса со богот Арес го имала синот Флегиј, кој ја преземал власта кога Етеокле умрел. Бил владетел на Орхомен и основач на градот Флегија во Беотија, а пред тоа истоимен во Трика во Тесалија. Флегиј ги собрал најдобрите воини и со нив им ја крадел жетвата и стоката на соседите. Поради неразумност и дрскост, Флегијците повеле војска на Делфи, го опљачкале и запалиле Аполоновото светилиште за да му се осветат бидејќи Аполон ја убил Флегиевата ќерка Коронида. Во одбрана на прооштвото притрчале Аргиевците на чело со Аполоновиот син Филамон, кој загинал во битката. Пред тоа, откако го подготвил нападот на Пелопонез, Флегиј со својата ќерка Коронида го преминал Коринтксиот превој со намера да ја испита силата на своите идни непријатели. Во близина на Епидаур, Коронида била силувана од Аполон и го родила синот Асклепиј, што било повод за палењето на Делфи. Флегиј во Еубеја го убиле Лик и Никтеј.

Асклепиј, син на Коронида и на богот Аполон, во митологијата е бог на лекарската вештина која ја совладал кај кентаурот Хирон, од лапитско потекло. Се говори дека учествувал во ловот на Калидонската дива свиња и во походите на Аргонаутите. Бил оженет со Епиона која му ги родила синовите Подалириј и Махаон, кои биле владетели на Трика (Трикала) во Тесалија. Кога избувнала Тројанската војна, учествувале со 30 лаѓи и биле славни воени лекари.

Асклепиј имал повеќе ќерки, од кои најпозната била Хигеја, која станала персонификација на здраво тело и здрава душа. Во текот на VI век пред Христа, Хигеја била издигната на степен на божество.Седиштето на Асклепиевиот култ се наоѓал во Епидаур на Пелопонез, град кој најголемиот процут доживеал во IV век пред Христа, каде бил и Асклепиевиот храм. Подоцна, Хипократ,

„татко на медицината“, неговите ученици или претставници на лекарската школа на Кос се сметале себеси дека се Асклепиеви потомци и следбеници.

Бидејќи Флегиј немал деца, власта ја презел Хрис, син на Посејдон и Алмовата ќерка Хрисогенија. Но, ниту тој немал деца, па затоа Алмовиот род згаснал, а власта во Орхомен прешла во рацете на Климен, син на Презбона, внука на Фрикс, Атамантова правнука. На Климен му се родиле синови: најстариот Егрин, па Стратиј, Арон, Пилеј и Азеј. Иако Ергин се спомнува кај тесалските Минијци, неговата активност ќе биде изнесена во беотскиот Орхомен.

Ергин станал крал на Орхомен по убиството на неговиот татко Климен од страна на луѓе од феникијската Теба, за време на една свеченост посветена на Посејдон. Поради тоа, тој и неговите браќа веднаш собрале силна војска и тргнале против Теба. Откако ги победиле Тебанците, склучиле договор според кој Тебанците секоја година да им даваат по стотина говеда во тек на дваесет години. Луѓето кои Ергин ги пратил да го соберат данокот ги пресретнал Херакле, син на Зевс и најголем херој, и откако на гласниците им ги отсекол носевите и ушите, потоа така осакатени му ги вратил на Ергин во Орхомен. Разјареният Ергин повторно тргнал со војска против Теба, ама Херакле им ги украл коњите на Минијците, со што ја онеспособил нивната борбена способност. Откако го убил Ергин, ги обврзал Минијците на Тебанците да им даваат 200 говеда годишно.[5] Според друга легенда, Ергин по поразот склучил мир, ама настојувајќи да го поврати поранешното богатство и благосостојба занемарил сè друго, така што незабележително ја дочекал староста и без жена и без деца. По совет на пророштвото од Делфи се оженил со млада жена која му ги родила синовите Трофониј и Агамед.[6] Кога тие одраснале, стнале многу внимателни и вредни градители на божји светилишта и дворови за луѓето.

[5] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа), II, 4

[6] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* IX, 37 (прев. Пасини: *Водич по Хелади),* Логос, Сплит, 1989.

Трофиниј кај Лебадеј изградил пророштво кое било познато во целиот антички свет. Крај него протекувала рекичката Херкина, а во близина се наоѓале сите извори – извор на заборавот (Лета) и извор на сеќавањето (Мнемосина). Посетителаите на

светилиштата кои доаѓале да бараат совет, морале најпрво да се напијат вода од изворот Лета за да заборават сè што дотогаш знаеле, а потоа вода од изворот Мнемосина за трајно да се сеќаваат на она што ќе го видат во светилиштето. Инаку, според Хесиод,[7] Лета е една од реките во подземниот свет, од чии води се напиваат душите на мртвите за да го заборават својот земски живот.

[7] Hasiodus, *Fragmenta & Theogonia,* p. 277.

Агамед станал најславен архитект на своето време, изградувајќи голем број градби во средниот дел на Грција и на Пелопонез. По својата убавина особено се истакнувал Аполоновиот храм во Делфи, Посејдоновиот храм во Аркадија и Алкменината ложилница (стр. 91, претпоследен пасус) во Теба, како и ризници надвор од Грција. „Ризницаа на Минај“ во Орхомен била вистинско чудо. Папаставроу[8] наведува дека Минијците во Орхомен имале киклопски акропол „Гоул“ или „Гла“ со царска палата, која била два пати поголема отколку онаа во Микена. Изградена е од многу богати династии на Орхомен, поради постојаните закани од Фениќаните од Теба. Катастрофата на Орхомен се случила порано отколку на другите центри поради распаѓањето на заштитните ѕидови од големите поплави на реката Кефис и создавато на Кефијското езеро. Тогаш акрополот Гла станал остров.

[8] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 36, Hiotelli, Athinai, 1972.

Ергин го наследил неговиот брат Азеј, а него неговиот син Актор, татко на Астиоха, која во татковата куќа на богот Арej му ги родила синовите Аскафал и Јалмен, водачи на Орхоменците во Тројанската војна со 30 големи лаѓи. Хомер[9] изнесува: „На Аспледонците водичи и на минијската војска од Орхомен/им беше Аскафал и со него Јалмен, на Арej внуци,/кои Астиоха ги роди во куќата на синот на Актор,/на Азеј... тие тргнале на пат со триесет извишени лаѓи.“

[9] Хомер, *Илијада и одисеја,* II, 513, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Освен Орхомен, кој бил најбогат центар со висока култура, со храмови и светилишта на Дионис и Харит, со „ризницата“, мегароните и со гробовите на Минај и Хесиод, како и со Хераклевиот храм, слвани биле и други градови на Минијовата династија во Беотија. За тоа сведочи дури и Хомер со Ахиловиот одговор на Агамемновите пратеници, дека во Орхомен големо

благо се слевало. Тоа се градовите Аспледон и Аскра кој бил богат со пченица и каде се родил Хесиод (околу 700 години пред Христа), поет на „Теогонија“, „Космогонија“, „Работи и денови“ и на „Хераклевиот штит“, дела кои претставуваат важен извор за проучување на најстариот поглед на свет и на религијата. Според некои автори,[10] Хесиод пишувал дека е син на Зевс и дека има исто презиме како Македонците и Македонија.

[10] Е.И.Е., 1976, 1490.

Од останатите градови тоа се Коронеја, Лебадија (Ливада?) во рамнина, Херонај и други. Паусанија[11] за Херонија наведува дека старото име на тој град било Арна, а за „Арна велат дека била ќерка на Еол и дека по неа и еден град во Тесалија добил име. Говорат дека сегашното име на градот Херонеј дошло од Херон кој бил Аполонов син.“ Натамошната судбина на Орхомените била тажна по Тројанската војна, бидејќи имало големи преселби и прогони на староседелците од народите од север. Тукидид[12] опишува: „Сегашните Беотјани кои шееесет години по заземањето на Илиј[13] се протерани од Арна од Тесалија, ја населиле сегашана Беотија, која порано се викала Кадмова земја, а Дораните во осумдесеттите години со Хераклидите го заземале Пелопониз.“

[11] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* IX, 40, (прев. *Водич по Хелади*), Логос, Сплит, 1989.

[12] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. I, 12, Дерета, Београд, 1991.

[13] Според Ератостен во 1183 година пред Христа

Пасуанија[14] вели дека Орхомените учествувале со Кодровите синови од Атина при бегството кон Јонија во Мала Азија. Тогаш тие ги понеле и своите обичаи и култура од Панонија.

[14] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* IX, 37, (прев. *Водич по Хелади*), Логос, Сплит, 1989.

Папаставроу[15] смета дека етнонимот Беоти (Voiotoi) доаѓа од оронимот во Епир под името Voion (1802 м) со највисок врв Грамос (2520), јужно од Орестија, односно Костур. За разлика од Теспротите од Епир, со пелашко потекло, во Тесалија каде брзо станале господари, Беотјаните не можеле да им се наметнат на Минијците во текот на повеќе векови. Центар на Беотија станал градот Коронеја, јужно од Лебадија каде се одвивале Себоеотските свеченост. Во VI век пред Христа сите беотски градови потпаднале под владеење на Тебанците.

[15] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 48, Hiotelli, Athinai, 1972

Дигресија:

Паусанија[16], опишувајќи го патот од Платеја кон Теба, изнесува дека доколку напоредно со реката Асопо свртите на понизок терен, за отприлика 40 стадиуми, ќе дојдете до остатоците на Скол. Херодот[17] истакнува дека „Хелените ги нарекувале Скитите Сколоти“, според името на еден крал. Според тоа, во врска со ономастиката на Беотија може да се постави и прашањето за нивниот етничко потекло. Имено, се наведува дека тие порано живееле на стрмните падини на планината Воион, помеѓу Епир и Македоија, од каде почнува планинскиот масив на планината Пинд. Според легендата, кралот на таа област бил Македоновиот син Пинд, по кого една река во Локрид го носи неговото име и еден цел планински горостас од западна Македонија сè до Коринтскиот залив. Според Бенселер-Каегиевиот „Грчко-германски речник“, (1909, Загреб), според Сенц., Беотија (Voiotia) значи „земја на говеда“, т.е. „волови“. Значи, основата „во“ е од словенско, односно скитско потекло. Нивната лингвистичка трага може да се следи и денес преку словенските топоними.

[16] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* IX, 4, (прев. *Водич по Хелади*), Логос, Сплит, 1989.

[17] Херодот, *Историја,* IV, 6, Матица Српска, Београд, 1988.

Така, целата северна област на Пинд носи назив Загорија-Загорје. Округ Касториа, Костур; округ Гревен-гребен, округ Козани-коза. Град Коница-коњ, град Мецово-меца, мечка во Јанинскиот срез. На југ, град Ламиа-ламја или змеј, аждаја и Камена Воурла-камена трска. Град Ливадеиа –ливада во Беотија, итн. Ако имисата ги следат Беотјаните при нивните миграции: „шеесетата година по заземањето на Илиј, протерани од Арна од Тесалците, ја населиле сегашната Беотија, која порано се викала Кадмова земња...“[18], тогаш таа селидба на Скитите-Прасловени се случила во 1122 година пред Христа. Според Ератостен, тоа било во 1124 година пред Христа.

[18] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. I, 12, Дерета, Београд, 1991.

Славевска[19] дава податоци за словенско племе Војунити, кои живеело во горниот тек на реката Бистрица (Haliakmon), а се преселиле во крајбрежните делови на Епир сè до Арт, па и во Беотија и биле евидентирано сè до XV век по Христа.

[19] Slaveska, 2008, 249.

X
КОЛОНИЗАЦИЈАТА НА ТЕБА ОД ФЕНИКИЈЦИТЕ

Во Беотија, југоисточно од Кефиското езеро, на реката Исмена се наоѓа градот Теба. Ономастиката е од непознато потекло, веројатно палеобалканско или египетско и значи брод. Археолозите утврдиле дека акрополот Кадмеја е сосидана околу 1320 година пред Христа, што одговара на Ератостеновата хронологија од пред 1313 година пред Христа.

Според митолошките податоци што ги наведува Паусаниј,[1] тебанската земја прво ја населиле Ектените, чиј крал бил Огиг (домородец). Ектените ги уништила чума, а по нив се населиле Хијантите и Аоните, кои биле од беотски род. Кога војската на Фениќаните навалиле на Теба, тие биле победени, а Хијантите, кога паднала ноќта, побегнале од земјата, а Кадмо на Аоните, кои го замолиле за милост, им дозволил да останат и да се измешаат со Фениќаните.

[1] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* IX, 5, (прев. *Водич низ Хелада*), Логос, Сплит, 1989.

Аоните живееле по селата, а Кадмо изградил град под името Кадмеја. Кога градот се зголемил, Кадмеја станала Акропол на долна Теба. Истовремено, фениќаните го заземале островото Родос, Крит и Еубеја каде ги изградиле градовите Халкис (бакар) и Еретра.

Подоцна, околу 800 година пред Христа, го колонизирале полуостровото Халкидики во Македонија каде го пренеле своето име, како и западниот брег на Термајскиот залив. Но, покрај своите колонии на Балканот, Фениќаните од своите бази во денешниот Либан, по морски пат се шириле долж Средоземното Море, основајќи колонии долж Јадранското Море, сè до Шпанија и северна Африка, каде лежел нивниот најмоќен град Картагина.

Тоа биле првите „глобални капиталисти“ на светот, кои ја контролирале трговијата на Медитеранот речиси 1000 години, сè додека Александар Македонски не ги покорил во 332 година пред

Христа. Колонизацијата на Фениќаните вткаена е во митот за Кадмо, како епонимен херој на Кадмејците, жителите на беотската Теба и за неговата сестра Европа.

Кадмо и Европа

Феникијскиот крал Агенор, владетел на Тир во Канаанската земја, во денешен Либан, на источните брегови на Средоземното Море, бил оженет со Телефаса, која му ја родила ќерката Европа и синовите Кадмо, Феник, Финеј и Килик. Агеноровиот брат-близнак бил Бел кој владеел со Египет и ги имал близанци Данај и Египт. Данај ја колонизирал Арголида на Пелопонез.

Европа била многу убава принцеза и Зевсова миленичка. Кога пораснала, таа често си играла на морскиот брег каде со другарките берела цвеќе и, во една прилика, го привлекла вниманието на богот Зевс. Таткото на боговите, кој сакал смртници, страсно се вљубил во Европа и, за да ù се приближи, се преобразил во бел бик, со голем подбрадок и мали рогови како украси, меѓу кои се протегала една црна лента, а тој мирисал на рози и шафран. Европа без страв му пристапила на убавото животно и, бидејќи бикот се покажал питом како јагне, почнала да си игра со него, ставајќи му цветни венци на роговоите. Најпосле, се качила на грбот на тоа кротко животно. Тогаш, бикот ненадејно јурнал во морето со својот плен од фениќанскиот брег, следен од останатите богови и од Нереидите, кои пееле сватовски песни.

Кога Зевс стигнал на островото Крит во близина на Гортина, се претворил во орел и ја силувал Европа која му родила тројца синови: Миној, Радамант и Сарпедон. Европа подоцна се омажила за критскиот крал Астерон, од карско или лувијско потекло, кој ги посвоил нејзините деца. Миној станал славен и праведен крал на Крит со што започнала фениќијската колонизација на островот.

Кога Агенор слушнал за грабнувањето на својата мила ќерка, веднаш ги пратил своите синови да ја бараат и им наредил без неа да не се вратат во татковината. Така почнала колонизацијата на браговите на Медитеранот.

Агеноровиот син Феник станал крал на Феникијците на западниот Медитеран, додека Килик станал крал на Киликија во Мала Азија, војувајќи против Ликијците. Финеј станал крал на тракискиот Салмид на Мраморното Море. Кадмо тргнал на пат со

својата мајка Телефаса, со бродови и голема војска. Откако ги колонизирал островите Род и Тера, подолго се задржал кај Едонците во Тракија, каде Телефаса умрела и била погребана. Потоа тргнал да го колонизира островот Тас во Егејот, каде Фениќаните отвориле рудници за злато. Тоа го потврдува и Паусаниј[2] кој пишува дека жителите на Тас од памтивек се Фениќани од Тир, општо земено од Феникија. Тоа истото го наведува и Херодот[3], „дека на Тас нашол еден Хераклев храм кој го основале Фениќаните, кога пловеле тражејќи ја Европа, па таму свратиле и ја основале населбата Тас. А тоа се случило уште пет поколенија пред во Хелада да се роди Херакле, Амфитрионовиот син.“ Според Ератостеновата хронологија, Херакле се родил во 1261 година пред Христа.

[2] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* V, 25, (прев. *Водич низ Хелада*), Логос, Сплит, 1989.

[3] Херодот, *Историја,* IV, 44, Матица Српска, Београд, 1988.

По освојувањето на Тас, колонистите тргнале кон југозапад и го населиле островот Еубеј, каде ги сосидале тврдините Халкида и Еритреја. Откако се истовариле кај Аулида и ја преминале Беотија, стигнале во Теба и завладеале со таа земја. Во митовите, Кадмо му се обратил на Делфиското пророштво кое му рекло веќе да не ја бара сестра си, туку да основа град на место на кое ќе легне крава на која прва ќе наидат. По освновањето на Теба, Кадмо морал да го убие змејот, Ареевиот син, кој ги чувал блиските извори на вода. Змејовите заби ги посадил и од нив израснале воини кои меѓусебно се убивале и од нив, наводно, потекнале најугледните фамилии во Теба.

Откак Кадмо ја сосидал тврдината Кадмеја (1313 година пред Христа), се оженил со Хармонија, ќерка на Афродита и Арес, кој му родила пет деца: синот Полидор и ќерките Семела, Инона, Агава и Автонија. Сопружниците среќно живееле, ама во длабока старост биле принудени да го напуштат градот и на воловска кола и во вид на змии да стигнат на север каде дошле по молба на Енхелејците за да ги заштитат од варварите кои им ја загрозувале нивната земја. Како искусен воин, Кадмо ги победил варварите и станал крал на Енхелеја. Хармонија овде го родила синот Илир и кога тој пораснал, по Кадмовата смрт, станал крал и земјата е наречена Илирија.

По Кадмовото заминување, власта над Теба ја презел неговиот син Полидор кој со Никтеида го добил синот Лабдак. Кога на Полидор му се приближила смртта, Лабдак бил мал, па затоа Полидор својот син ѝ го доверил на роднината Никтеја, а власта ја доцерил на неговиот брат Лик. Кога Лабдак пораснал, Лик му ја дал власта. Кога и Лабдак по кратко време умрел, Лик повторно станал старател на Лабдаковиот син Лај и владеел со Теба дваесет години. Лај едно време престојувал во Елида, на Пелопонез, кај Пелоп, сѐ додека Лик не го убиле Амфион и Зет. Лај ја презел власта над Теба и се оженил со Јокаста, која му го родила синот Едип кој, после многу години, враќајќи се од Делфа, не знаејќи, го убил својот татко Лај и несреќно и од незнаење се оженил со својата мајка. Јокаста била ќерка на тебанскиот крал Менекеј, а Креонтова сестра. Јокаста на Едип му ги родила децата Етеокле, Полиник, Антигона и Исмена. Кога дознала дека извршила родоскрвение, се обесила на висока греда. Или, пак, се обесила кога дознала дека нејзините синови Етеокле и Полиник во двобој меѓусебно се убиле. Едиповата судбина била трагична. Кога му станало сѐ јасно, во очај со игла, која ја истргнал од Јокастиниот фустан кога ја симнувал од гредата, си ги прободел зениците за да не ги гледа своите грешни дела. Слеп и беспомошен, облеан со крвави солзи, побарал од Тебанците што поскоро да го протераат од земјата. Судбината на Едип ја обработил Есхил во својата тетралогија.

Креонт е брат на Јокаста, син на кралот Менекеј. Кога станал крал на Теба, неговото владеење не било ниту мирно, ниту среќно, бидејќи на градот му се случиле многу несреќи.

Најпрво, Теба ја загрозувала страшна лисица и дури Амфитрион, кој дошол кај Креонт за да го исчисти поради неумисленото убиство на својот иден тест/дедо Електрион, кралот на Микена, ја убил лисицата на Пелопонез. Оваа лисица, која никој не можел да ја стигне, немилосрдно ја пустошела земјата. Тебанците биле должни на секои триесет дена да ѝ остават по едно дете. Со помош на Зевс, Амфитрион тоа успешно го решил. Во Теба, тој се оженил со Алкмена, која со помош на Зевс ги родинал близнаците Хераклe и Ификле. Феникијските колонисти на Беотија биле роднини со египетските колонисти на Пелопонез. Амфитрион на Теба живеел мирно, а

погинал во војната која Тебанците ја повеле против Минијците од Орхомен. Хераклe својата младост ја поминал на Теба. Кога орхоменскиот крал Ергин ја обременил Теба со тешки даноци, Хераклe учествувал во Тебанско-орхоменската војна во која ги победил Минијците и им наметнал двојо поголем данок. Креонт тогаш, во знак на благодарснот, му ја дал на Хераклe раката на својата постара ќерка Мегара. Таа на Хераклe му родила осум синови. Кога божицата Хера го казнила со лудило, тој лично ги убил своите синови и Мегара. Поради извршеното злосторство, Хераклe бил протеран од Теба и тој отишол кај кралот Теспиј во Беотија за да го исчисти од гревот.

Друга неволја за Тебанците била Свингата, покрај Ехидна и Тифона, аждаја, сестра на Немејскиот лав. Ова чудовиште со лице на девојка, тело на лав и крилеста птица, им поставувала загатка на Тебанците која гласела: „Кое суштество, само со еден глас, оди на четири, две и на три нозе, а најслабо е кога оди на четири“. Бидејќи никој не можел точно да одговори на ова прашање, Сфингата секојдневно лакомо јадела понекој жител на Теба. Меѓутоа, тоа му тргнало од рака на Едип кој одговорил дека тоа суштество е човекот, бидејќи како бебе лази на четири, кога ќе порасне оди на две, а како старец, со бастун, на три нозе. На овие зборови, Сфингата со врисок се фрлила од висока карпа во понорот/бездната на Кефиското езеро и загинала. Едип, како ослободител на градот Теба, го добил престолот и кралската рака на убавата Јокаста.

Следната несреќа се случила за време на „Походот на седумминатa против Теба“. Тоа било војна помеѓу Аргиевците од Пелопонез и Тебанците. На чело на аргиевската војска бил Ардаст, кралот на Арг, Бијантов внук од еолско потекло од Панонија. Во походот учествувале потомците на сите три владетелски семејства. До првиот судир со Тебанците дошло на реката Исмен, каде победиле Аргиевците, кои потоа, гонејќи го непријателот, ја опколиле Теба и продолжиле со меѓусебни напади при што имало големи загуби од двете страни. Од седумминатa аргиевски војсководци се спасил единствено Адраст.

По десет години, кралот Ардаст повторно тргнал против Теба и тоа со синовите на јунаците кои загинале во „Походот на

седумминатa“. Оваа војна во митологијата е позната под името „Поход на Епогонците“. Во оваа војна загинале многу херои од двете страни, меѓу кои и Адраст, кој е погребан во Сикион, а во Атина е подигнато светлиште во негова чест. Во војната победиле Епигонците кои ја разориле Теба. Многу Тебанци тогаш се повлекле со Лаодамант, син на Етиокле, кој со една група Тебанци побегнал кај Енхелејците во Илирија, во земја со која некогаш владеел неговиот предок Кадмо. Еден дел од овие бегалци се откажале од патот кон Енхелејците и скршнале накај Тесалија и ја зазеле Хомола, плодна и со вода богата тесалијска гора. Во Теба останал Терсандар, Полиников син, кој станал крал и ја обновил Теба. Тој ги повикал бегалците од Тесалија да се вратат, што тие и го сторилле, и една врата во ѕидините преку која на враќање поминале ја нарекле Хомолска (Homoloides Pile) според гората Хомола во Тесалија.[4] Ова име асоцира на Хомоље, област и Хомољска гора во Србија, како и име на градот Херонеја, на топонимот Хероња во Банат. При новите наезди на индоевропските народи од север во XI-XII век пред Христа, Фениќаните од Теба воделе жестоки војни. Во Грција, тоа биле Дорците, подоцна наречени Хелени. Тукидид[5] цитира дека тоа било „шеесетата година по заземањето на Илиј“ (Троја), т.е. околу 1120 година пред Христа. Дорците биле сопрени северно од Термопилите во Фтиотида. Родоначалник на овој безимен народ бил Деукалион. За тоа, Херодот[6] наведува „... за време на кралот Деукалион живееле во земјата Фтиотида, а за време на Дор, син Хеленов, во земјата под Оса и Олимп, наречена Хистиеотида. Кога Кадмејците ги протерале, се населиле во областа Пинд која е во Македонија. Оттаму, пак, прешле во Дропида, а од Дропида дошле така на Пелопонез и го добиле името Дорци.“ Од Пиндскиот простор, Дорците ги протерале Теспротите од Тесалија и после 25 години тие мигрирале на југ во Дриопида, помеѓу планините Парнас и Хеликон и тука се населиле. Името на областа ја промениле од Дриопида во Дорида според нивниот водач Дор, Хеленов син, Деукалионов внук.

[4] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, IV, 8 (прев. Pasini: *Vodič po Heladi)*, Logos, Split, 1989.

[5] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. I, 12, Дерета, Београд, 1991.

[6] Херодот, *Историја,* I, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

Миграциите на народите на тлото на Балканот и Егејот, под името „народи од морето“, траеле помеѓу IX-VIII век пред Христа, кога настанале големи промени и тој период во историјата е означен како „мрачен историски период“. Во периодот од VIII до средината на VI век пред Христа почнува одредено средување на состојбите и подем и тоа време е означено како „архаичен период“, т.е. сè почнува од почеток.

Првите колонизации од Балканот кон правецот на Мала Азија настанале пред Тројанската војна и продолжиле по истата во сите соседни региони. Втората колонизација настапила во архаичниот период.

Натамошни колонизирања на Феникијците

Според наводите на Страбон, Фениканите од Халкидики биле први колонисти на Еубеја кои на западните брегови на Италија, во Кампањи, го основале градот Ким, во 757 година пред Христа и Регион, околу 730-720 година пред Христа, како најстара колонија. Тие на соседните Латини и Етруци им ја пренеле својата култура, феникијското писмо и митови. Неколку години подоцна, и тоа околу 600 година пред Христа, го основале градот Неапол, а потоа на Сицилија градовите Месена, Катана (730 година пред Христа) и Накс.

Новите колонисти Латините ги викале „Граиос“, според нивното потекло од областа Греја (Graias), денешен Ороп, на меѓата помеѓу Беотија и Атика, на устието на реката Асоп. Папаставроу[7] истакнува дека на Запад овој етноним влијаел Хелените да го добијат името Граеци, а нивната земја Граеција, наместо Хелада.

[7] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 76, Hiotelli, Athinai, 1972.

Како што е изнесено претходно, Фениканите на северот на Егејското море имале своја колонија на островото Тас, уште при нивното прво доаѓање. Околу 800-750 година пред Христа, Фениканите од Халкидики и Еритреја од островот Еубеја го колонизирале полуостровот помеѓу реките Аксиј (Вардар) и Стримон и му го дале името Халкидики. Демостен[8] истакнува дека за време на владеењето на кралот Филип Македонски постоеле повеќе од 32 феникински градови, покрај Потидеј кој ја основале Коринтќаните-Бакхаидите од еолско потекло. Нешто

подоцна, Фениќаните од Еуберја ги основале градовите Метон и Пидн на западниот брег на Термајскиот залив.

[8] Демостен, *Фил,* Г., 26

Во текот на персиските освојувњања на Балканот и Европа, при одбрана на Термопилскиот премин, пролетта во 480 година пред Христа, војсководецот на Хелените, кралот на Спарта, Леонид, земал како заложници 400 Тебанци. Ним им заповедал Тебанецот Леонтиад.

„Кога Тебанците, кои единствени биле задржани од спартанскиот крал за заедно со нивните 300 Спартанци да се борат и загинат, тие се одвоиле од нив, ги кренале рацете во вис и прешле кај варварите, говорејќи им ја правата вистина дека тие меѓу првите им пришле на Персијците и дека му дале земја и вода на кралот и дека се на сила довлечкани во Термопилите и дека не се виновни за загубити што кралот ги претрпел.“[9] Истиот автор[10] истакнува дека по проаѓањето на персијската војска низ Термопилите под команда на самиот Ксеркс, упаднале во Беотија, во областа Орхомена, каде живееле Минијците.

[9] Херодот, *Историја,* VII, 233, Матица Српска, Београд, 1988.

[10] Херодот, *Историја,* VII, 34, Матица Српска, Београд, 1988.

Сите Беотјани преминале на страната на Персијците, а нивите градови ги запоседнале Македонците кои таму ги испратил Александар, син на кралот Аминта, заради заштита. А ги штителе за да му покажат на Ксерокс дека Беотјаните биле со нив. Тебанците, како сојузници на Персијците, ја избегнале катастрофата. На патот до Атина, војската на Ксеркс сѐ спалувала, па и самата Атина. Кај островот Саламина, Персијците претрпеле страшен пораз.

По поморската катастрофа, Ксерксовата војска тргнала на пат за Беотија за да презимат во Тесалија, а кралот побегнал за Персија. По десет месеци, во пролетта 479 година пред Христа, персиската војска под команда на војсководецот Мардониј повторно ја зазела опустошената Атина. Меѓутоа, главната битка била онаа кај Платеја. На страната на Грците имало околу 30.000 војници, додека на страната на Персијците имало 50.000 воини со помош на коњаницата од Тесалија и Беотија, а како база им послужила Теба.

По повторниот пораз, каде Мардониј загинал, Персијците во нередот побегнале во својот логор што го имале подигнато во

областа Теба. Беотјаните-Минијци и тебанските Фениќани покажале големо јунаштво во тоаа војна, кога 300 најхрабри и најугледни асови тогаш паднале во борба против Атињаните. А, кога и тие биле разбиени, побегнале во Теба, но не онака како што побегнале Персијците, без борба фаќајќи магла.[11] Имено, беотјанската коњаница во целиот свој состав го штителa отстапувањето на Персијците кои бегале при непосредниот допир со непријателот, бранејќи ги своите пријатели кои бегале, убивајќи 600 Грци.

[11] Херодот, *Историја,* IX, 34, Матица Српска, Београд, 1988.

Штом Грците ги погребале своите убиени кај Платеја, тргнале со војската на Теба и од Тебанците побарале да им ги предадат персијските следбеници. Бидејќи дошло до спогодба, се откажале од непријателски дејствија со Тебанците и останатите Беотјани. Атина доживеала нагол напредок во сите области, па дошло до голем антагонизам помеѓу неа, како град на еолските потомци, и Спарта, град на вистински Хелени. Овој антагонизам се манифестирал по 50 години во една долготрајна војна која траела околу 30 години. Таа започнала во пролетта 431 година пред Христа и во историјата е позната како Пелопонеска војна.

Во времето кое уследило по персијските војни, дошло до преобликување на античкото општество во Егејот. Во борба за хегемонија во егејскиот свет искрснале различни интереси, антагонизми, сојузништва и војни кои траеле 24 години. На континенталниот дел создадени се три национални хетерогени држави со променлива среќа, а тоа биле Атина, Спарта и Теба. Атинската хегемонија била заменета од спартанската, а потоа од тебанската.

Хеленската Спарта својата најголема моќ ја достигнала по војните со Атина и во 382 година пред Христа била во зенинот на својата сила. Поради тоа, таа свикала собрание, во 374 година пред Христа, каде бил промовиран „општ мир меѓу градовите“, кој бил прекршен само по неколку години и за тоа била обвинета Теба. Како последица, Спартанците, на чело на Пелопонескиот сојуз, со својата војска ги нападнале беотјанските сили. Борбата се водела кај Леуктра во Беотија, во 371 година пред Христа. Беотската војска од 7.000 војници на чело со Епаминонд ја однела победата. Епамимонд тоа го постигнал воведувајќи нова

тактика на војување, тнр. „коса фаланга“ која подоцна ја прифатиле Филип и Александар Македонски.

Победата кај Леуктра близу Тесалија означува значајна страница во грчката историја. Хегемонијата на Спарта се завршила. Градовите на островот Еубеја, кои што биле заземени од Атињаните, му се придружиле на беотскиот сојуз. Епаминонд со војската отишол на Пелопонез да ги среди меѓусебните проблеми на тие градови, каде дошло до создавање на месенски и аркадски полис-држави и друго, што укажува на словољубието на Тебанците да станат хегемони на Грција.

Во настанатите околности, Атина и Спарта му се обратиле на персискиот крал за помош. Тоа исто го сторила и Теба. Дошло до свикување на собрание во Суза, во 367 година пред Христа, каде со „Кралскиот мир“ Тебанците успеале да станат хегемони на Грција.

Својата моќ Тебанците ја потврдиле со вклучување во политичките проблеми во Тесалија и Македонија, каде поради средување на приликите дошло до земање заложници, меѓу кои бил и Филип II, подоцна крал на Македонија. Тоа ги вознемирило Атињаните кои, со помош на Персијците, освоиле многу градови на северните брегови на Егејот во Македонија и Тракија, и кои се мешале во династичките проблеми на Македонија. Тоа предизвикало ново вклучување на Теба во македонските состојби.

Антагонизмите во грчкито свет довеле до создавање на разни сојузи и војни помеѓу полис-државите под мотото „раздели па владеј“ (divide et impera). Во борбите кај Мантинеја во Аркадија, во 362 година пред Христа, Епаминонд го изгубил животот со што дошло до престанок на тебанската хегемонија во грчкиот свет. Се смета дека Епаминонд бил најзначаен лик во тогашната класичната епоха.

Во тие бурни времиња, Тебанците ја искористиле приликата и го разрушиле минијскиот Орхомен за да се ослободат од непријателот кој постојано се сомневал во беотијското сојузништво. Слична судбина доживеале феникијските Тебанци кога Атињаните ги наговориле на востание против Македонците кои имале воен екипаж во Кадмеја. Бидејќи преговорите не успеале, а Тебанците започнале војна, Александар Македонски,

после тешки борби, ја зазел Теба, во октомври 335 година пред Христа. Тоа го искористиле тебанските непријатели - Фокејци, Платејци и Орхоменци, кои, поради големата омраза, за освета ја разориле Теба.

Така, по речиси илјада години од славните кралеви на Миниј од Маничево на Тимок и Кадмо од Феникија, кои допринеле за развојот на културата, општествените односи, трговијата, религијата и на останати духовни и материјални постигнувања, не само на тлото на Грција туку и пошироко, дошло до криза која ја разрешиле кралевите на Македонија, Филип II и неговиот син Александар Македонски-Велики.

XI
МИТОВИ НА ЕОЛЦИТЕ ЗА ПЛОВИДБАТА НА АРГОНАУТИТЕ

Потекло на златното руно

Во грчката митологија тесалските легенди за Аргонаутите заземаат значајно место. Бидејќи по грабнувањето на златното руно, враќањето на Аргонаутите се одвивало преку Дунав и Сава, преку земјите на Скитите и Хиперборејците, мотив е туристичката понуда на овие реки да се дополни и со нивните доживувања.

Митовите за пОходите на Аргонаутите изложени се, главно, во спевот на Аполониј Родоски „Аргонаутика“. Ономастиката на Панонија, особено на хидролошкиот систем на Дунав, ни послужи како водич во претставување на доживувањата на Аргонаутите при нивната пловидба по таа река. Походот на Аргонаутите датира во 1225 година пред Христа.

Аргонаутите биле грчки јунаци кои, под Јасоновото водство, од Пегас во Тесалија отпловиле во Колхида во Црното Море за да го донесат златното руно. Името го добиле по бродот „Арго“. По своето потекло, во експедицијата, главно, се нашле Хиперборејци и Борејци, еолски потомци од разни панонски племиња, како што се Минијци (Миничево), Лапити (Лапово), Тиројци (Сираково), Флеги (Пожаревчани) и др. Нивните претци биле творци на Димини културата во Тесалија и Беотија (Орхомен и Јолк), ама и во Елида, Пил и други. Како учесници во походот наведени се Борејци, како и македонскиот крал Орфеј, браќата Калеј и Зет, а покрај нив и Мелеагар од Каледонија,

Хераклe и неговиот брат Ификле и други. Вкупно биле меѓу 50 и 60 морнари.

Легендата за Аргонаутите започнува со приказната дека во стариот минијски Орхомен во Беотија владеел кралот Атамант, Еолов и Енаретин син. Тој со божицата на облаците Нефела го имал синот Фрикс и ќерката Хела. Поради несреќниот брак, Атамант ја оставил Нефела и се оженил со Кадмовата ќерка Ина, која му ги родила синовите Леарх и Меликерт. Ина ги мразела децата на мажот од првиот брак и имала намера да ги убие, а Нефела, со цел да му се освети на сопругот за неверството, беотската земја ја лишила од дожд па суша завладеала со Атамантовото кралевство. На Орхоменците им се заканувала глад и, гледајќи го тоа, Атамант решил да прати емисари во светото место Делфи и да го праша пророштвото на Аполон зошто нивите им се неплодни. Ина ги поткупила пратениците и тие, враќајќи се од Делфи, на Атамант му донеле лажен одговор од пророштвото: дека ќе мора својот син Фрикс да го принесе на жртвеникот на боговите и дека тогаш боговите ќе ја вратат плодноста на нивите.

За да ја одбегне големата несреќа што му се заканувала на Орхомен, Атамант решил да го жртвува својот многу сакан син, а Ина, поради успешно спроведениот план, ликувала. Фрикс во последен момент го спасила неговата мајка Нефела, која пота го пратила крилестиот златнорунест овен да ги однесе Фрикс и Хела на Колхида.

На патот за Колхида, додека децата на златнорунестиот овен ја надлетувале Пропондида, Хела паднала во морето кое од тоа време го носи името Хелеспонт (денешен Дарданелски мореуз). Овнот со Фрикс јурел сè понатаму и понатаму и најпосле се спуштил во далечната Колхида каде во областа Еја, под Кавказ и на брегот на Црното Мре, владеел Ејет, син на богот Хелиос. Тој живеел во раскошна палата, со чешми од кои течеле мед, млеко, вино, масло и вода. Ејет го прифатил Фрикс и, кога стасал за женидба, го оженил со својата ќерка Халкиопа. Златнорунестиот овен што го спасил Фрикс тој го принел на жртва на големиот Зевс. Бидејќи му било претскажано дека ќе владее со Еја сè додека го поседува златното руно, Ејет го закачил Фриксовиот подарик на храстово дрво во Ареевиот гај, па поставил еден

страшен змеј да ја чуваа оваа скапоценост. Гласовите за тоа златно руно се раширилe по целиот Балкан. Потомците на Фриксовиот татко Атамант знаеле дека спасот и благосостојбата на нивниот род зависи од фактот дали го поседуваат руното или не, па решиле по секоја цена да се докопаат до него.

Јасоновото детство

На брегoвите на синиот морски Пагаситски залив во Тесалија, Кретеј, брат на кралот Атамант, го подигнал градот Јолк и станал крал. Кретеј се оженил со својата внука Тира која му родила три сина: Есон, Амитаон и Перет, а ги посинил и децата на неговата сопруга со богот Посејдон: Пелиј и Нелеј. Кога Кретеј умрел, со Јолк почнал да владее неговиот син Есон, но неговиот брат по мајка Пелеј успеал бесправно да му го одземе престолот и власта па Есон морал да живее во градот како обичен граѓани. Пелеј го протерал роденият брат Нелеј и тој отишол на Пелопонез, го сосидал градот Пил станал славен крал.

На Есон наскоро му се родило прекрасно момче. Бидејќи се плашел дека надмениот, суров и злобен Пелиј ќе му го убие синот, кому по правото на наследство му припаѓала сета власт над Јолк, Есон тукушто роденото малечко го одвел во тајност на планината Пелион и му го доверил на мудриот кентаур Хирон, а низ Јолк разласил дека син му е мртов и приредил свечен погреб.

Детето растело в шума, во пештера, меѓу останатите кентаури, а го воспитувал Хирон со својата мајка и жена. Мудриот Хирон му го дал името Јасон и го научил на лекарски вештини, да ракува со меч и со копје, да гаѓа од затегнал лак и да свири. На Јасон никој не му бил рамен во снаодливоста, силата и храброста, а по убавина бил налик на боговите.

Јасон живеел кај Хирон до својата дваесетта година, а потоа решил да се врати во Јолк и да побара од Пелиј да му ја врати власта. Штом стигнал во Јолк, се упатил право на градскиот плоштад. Бил награнат со крзно од пантер, носел две копја во рацете, но ја немал левата сандала која ја изгубил кога на божицата Хера, во лик на изнемоштена старица, ù помогнал да ја премине надојдената река. На плоштдот се собрале сите жители на Јолк и се прашувале кој е тој странец. Кога го здогледал туѓинецот, Пелиј се сетил на едно старо пророштво да се чува од

човекот кој ќе дојде во Јолк со брод и кој на нозете ќе има само една сандала. Пелиј го скрил стравот и надмено го прашал непознатото момче од каде е родум и на кое племе му припаѓа. Јасон храбро одговорил дека се враќа во својот дом, во родниот Јолк, му се враќа на таткото Есон и дека дошол да ја бара власта над Јолк, која подмолнот Пелиј ја украл. Есон, кој бил на плоштадот, со насолзени очи го препознал синот, а веста за Јасоновото враќање го израдувало целото семејство, кое пет дена го славел среќниот настан. Јасон во својата беседа им ја открил својата намера да ја врати власта над Јолк и роднините ја одобриле неговата намера и заедно со него тргнале кај Пелиј со молба на Јасон да му го отстапи престолот. Итриот Пелиј се преправал дека е подготвен да им излезе во пресрет, ама, криејќи ја омразата во срцето, го замолил младиот роднина најпрво да оди во Колхида и да го донесе златното руно, бидејќи тоа во сон му го побарала сенката на Фрикс. Исто така додал дека тој би можел тоа и сам да го стори, ама дека веќе е стар и дека не може да се реши на таков голем подвиг. Пелиј му се заколнал на Зевс и на останатите богови од Олимп дека, штом златното руно ќе пристигне во Јолк, тогаш тој ќе се повлече од престолот. Ова ветување се темелело на неговото уверување дека Јасон сигурно ќе загине доколку се реши да тргне во Колхида и да ја изврши оваа тешка задача.

Експедицијата на аргонаутите

Јасон веднаш по разговорот со Пелиј ги отпочнал подготовките за одење во Колхида. Со Хироновата и Херина помош и со заштитата на Атина, Јасон, заедно со Арг, кој бил Фриксов син, вајар и градител во подножјето на Пелион во Пагас, го изградил бродот „Арго“ со 50 весла. Потоа ги собрал најдобрите морепловци, главно од еолско потекло од Хепербореја и побарал да му се придружат на овој голем потфат околу тогаш познатиот свет. Биле тоа 50-60 морнари и сите биле големи херои, а најголем од сите бил Зевсовиот син Хераклe, кој бил искусен по авантурите со Евристеј. Грците никогаш порано немале видено таков собир на херои.

Сѐ било спремно за пловидба и бродот „Арго“ бил спуштен в море, сите залихи на вода и храна биле утоварени, а жртвите на

Аполон и на дугите богови принесени. Со коцка биле одредени местата за веслање и Јасон бил прогласен за водич на експедицијата. Вечерта, во пресрет на пловидбата, бил приреден весел пир, а штом утрото хоризонтот се обоил со пурпурна светлост, морнарите се качиле на лаѓата, се фатиле за веслата и „Арго“ од простаништето испловил на отворено море. Аргонаутите ги подгнале едрата бели како снег, а поволниот ветер од господарот на ветровите Еол им ги надул толку убаво, така што лаѓата јурнала врз брановите. Орфеј ударал по жиците на златната лира и неговата песна се разлеала по морската шир. По кратка и среќна пловидба, Аргонауите стигнале на цветното острово Лемно на кое владееле жени. Тие најпрво ги дочекале јунаците непријателски, но, на крај, нивната омраза се претворила во страсна љубов која оставила бројно потомство.

На натамошното патување, Аргонаутите свратиле на островото Самотрак, каде се впштиле во тамошните мистерии на божицата Кибела кои биле од оргијски карактер. На преминот низ Дарданелите, принеле жртва на Фриксовата сестра Хела и по пат застанале на полуостровот Кизик на кое живееле Долоњани и каде ги примил кралот Кизик. Тој, во нивна чест, приредил весела гозба која траеле цел ден. Аргонатутие, поради неповолното време, останале на Кизик 12 дена. Во меѓувреме, ги нападнале шестораки џинови и во жестоката ноќна борба Јасон, по забуна, го убил кралот Кизик. Грешката била откриена в зори, а по извинувањето биле приредени величествени погребни игри.

Во текот на пловидбата во Пропонтида, Аргонаутите стигнале до Мизија, а потоа до земјата на Бербиките, каде приредиле натпреварување во бокс.

Наредниот ден, Аргонаутите стигнале на источниот брег на Тракија, во земјата на кралот Финеј, кој бил сопруг на Боревата ќерка Клеопатра, со која имал два сина. Бил мудар крал и живеел во благосостојба и среќа, а богот Аполон му подарил моќ да ја прорекува судбината. Финеј, меѓутоа, го злупотребил своето знаење и почнал на луѓето да им ги открива божествените замисли.

Зевс, поради злоупотребата, го ослепел, го осудил долго да живее и деновите да му загорчуваат харпиите, полудевојки-полуптици, кои му ја грабале и загадувале храната. На Финеј му

се случил уште еден непријатен настан. Кога децата му пораснале, тој се оженил по втор пат со Едија, ќерка на скитското крал Дардан од Косово. Маќеата до таа мерка ги мразела затечените деца, така што ги ослепела па заедно со Клеопатра ги фрлила в занданата. На запомагањето на децата, кои секојдневно биле камшикувани, Бореадите Калеј и Зет, заедно со Хераклe, ги ослободиле заточениците, а Идеја му била вратена на својот татко во Скитија каде Дардан сам ù пресудил. Покрај тоа, Бореадите ги протерале и харпиите, а боговите наредиле тие веќе да не се враќаат во Финеевиот дом. Аргонаутите тогаш му поставиле нова трпеза на Финеј и старецот, најпосле, можел да ја задоволи својата страшна глад.

На трпезата, Финеј на Аргонаутите им ги открил опасностите кои ги вребаат на патот, особено низ Босфорот и во Колхида и ги посоветувал како да ги совладаат тие опасности. Аргонаутите внимателно го слушале старецот, трудејќи се да запаметат сѐ што тој им претскажал.

На пловидбата до Босфор, бродот „Арго“ просто јурел на брановите на широкото, пространо море. Ненадејно се зачул шум кој бил налик на фиучење на бура што сѐ побрзо се приближува, а, со време, тоа фиучење се претворило во грмотевици. Набрзо пред нив се покажале Симплегадските карпи – карпи што се судираат, или црнкастомодри карпи. Аргонаутите забележале дека тие се раздвојуваат и повторно, со страшна бучава, се удираат една во друга, создавајќи бесни вртлози во морето. Се сетиле на советот на кралот Финеј да пуштат гулаб, па ако гулабот пролета и „Арго“ ќе помине неоштетен.

Еден од морнарите пуштил гулабица пред бродот и кога карпите се составиле кубејќи само неколку пердуви од опашката на птицата, а потоа повторно се раздвоиле, охрабрените Аргонаути силно завеслале и прошле помеѓу карпите неоштетни. Членовите на експедицијата биле среќни бидејќи ја избегнале најстрашната опасност, а овие карпи после тоа се зацврстиел на брегoвите на мореузот. Пред Аргонаутите било Црното Море кое отпрво се викало Негостољубово Море, а по нивното успешено преминување и поради неговиот плоден брег, преименувано е во Гостољубиво Море.

Доаѓање во Колхида

Аргонаутите долго половеле долж брегoвите на Црното Море. Поминале покрај многу земји и виделе многу народи. Биле на островот Тиниј, во земјата на Маријандините, во Пафлагонија и на островот Аретиј, каде излегле на брегот да се одморат. Тука ги сретнале Фриксовите синови, четирите момчиња кои таму, на нивното враќање за Тесалија, ги исфрлила бурата. Тие им се придружиле на Аргонаутите и тргнале со нив во Колхида. Во далечините, како облаци на хоризонтот, се појавиле врвовите на Кавказ. Колхида веќе не била далеку. По течението на реката Фарис влегле во земјата на кралот Ејет, Хелиев син, но овде ги чекале уште многу опасности.

Кралот Ејет со сопругата Идија имал две ќерки, Медеја и Халкија, додека со кафкаската нимфа го имал синот Асприт. Тие живееле среќно и му било претскажано дека успешно ќе владее со Еја, сè додека го поседува златното руно што му го подарил Фрикс од Орхомен.

Откако Аргонаутите се одморилe и принеле жртва на боговите на Олимп, решиле Јасон, заедно со Фриксовите синови, да оди до кралот Ејет и да го замоли да им го предаде златното руно, а доколку, пак, горделивиот крал одбие, дури тогаш да посегнат кон сила. Јасон истапил пред кралот и му ја објаснил причината за нивното доаѓање, а Ејет, во надеж дека Јасон не е доволно спретен да преживее, му го ветил златното руно под услов успешно да изврши неколку задачи. Најтешка задача била да стави во јарем два диви бика кои имале железни копита и пламен здив и со нив да ги изора нивите и во браздите да ги посее забите на Ареевиот змеј. Овој змеј го убил Феничанецот Кадмо, а од Теба на Колхида го донела божицата Атена која му го подарила на Ејет. Оваа тешка задача Јасон ја извршил со помошта на Ејетовата ќерка Медеја која се вљубивла во него. Медеја му ветила помош под услов да се ожени со неа и да ја одведе во Орхомен. Јасон ѝ ветил вечна љубов, а Медеја му дала „Прометеева маст“. Таа маст била направена од сок од шафран, растение кое изникнало од Прометеевата крв. Секој што ќе се намачкал со таа маст би станал неповредлив од меч и оган и би стекнал несовладлива сила.

Кога од посеаните заби на змејот изникнале воорушени џинови – Спарти, Јасон меѓу нив фрлил камен, а тие, не барајќи го виновникот, отпочнале лута борба меѓу себе. Оние кои меѓусебно не се убиле, Јасон ги совладал, така што наскоро целото поле било прекриено со нивните лешеви и со тоа потфатот бил извршен. Кога Јасон го побарал златното руно, Ејет одбил да го испочитува дадениот збор. Тој му се заканил на Јасон дека ќе го спали „Арго“ и ќе го убие целиот екипаж. Медеја, во меѓувреме, го одвела Јасон и неговите другари-Аргонаути во Ареевото браниште, каде златното руно висело на дрво што го чувал еден одвратен, бесмртен змеј, роден од крвта на чудовиштето Тифон. Медеја, со своите маѓии, го успала змејот за да може Јасон кришум да го откачи златното руно од буковото дрво и потоа заедно побрзале накај брегот каде ги чекал бродот „Арго“.

Потера по Аргонаутите и нивното враќање

Кога Јасон и Медеја дошле на бродот, Аргонаутите се собрале околу нив за да го видат златното руно и биле воодушевени од успехот.

Во палатата на кралот Ејет свештениците дигнале узбуна поради кражбата на златното руно и бегството на Медеја со Аргонаутите. Кралот го обземал страшен бес и ги повикал сите Колхиѓани да излезат на брегот на морето. Веднаш наредил да се подготви експедиција за потера и им за заканил со смртна казна ако не ги стигнат Аргонаутите на отворено море и ако не ја ватат и Медеја и златното руно. Колхиѓаните подготвиле боен брод со 50 весла и на чело со кралскиот син Асприт тргнеле во потера.

„Арго“ веќе бил далеку и на морската шир немало ниту трага од него. Три дена и три ноќи пловеле по Црното Море во правец на заоѓање на сонцето и, најпосле, во далечините се укажале бреговите на Скитија на Балканот. Аргонаутите одлучиле да пловат спротивно од течението на реката Истра (Дунав) и пота преку една од нејзините притоки да се спуштат во Јадранското Море. Овој предлог го дал Хераклe кој го познавал средното течение на Дунав, а него го поддржале Бореидите и останатите потомци на Хиперборејците кои сакала да си ја видат својата прататковина. Овој дел од спевот на Аполониј Родњанинот[1] е

важен за запознавање на античкото минато на нашите краеви кои се поврзани со опишаната пловидба на Аргонаутите на Дунав и Сава.

[1] Apolonius, Rhodius, *Argonautica,* ex rec, IV, 212-502, R. Fr. Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813

Кога Ејетовиот син Асприт со својот воен брод го стигнал „Арго“ пред устието на Дунав, Медеја се послужила со итрина. Преку еден гласник му јавила дека насилно е одведена во Артемидиниот храм и го замолила да ја ослободи и да го земе руното. Кога Асприт ноќта дошол во храмот, Јасон го следел и од заседа молчеливо го убил, а потоа му ги пресекол рацете и нозете, три пати лизнал од неговата крв за да го оневозможи неговиот дух и натаму да го прогонува. За да ги задржат своите прогонувачи, Аргонаутите фрлале дел по дел од телото на Асприт во морето и додека Колхиѓаните го собирале неговото распарчено тело, Аргонаутите по Дунав отпловиле далеку и ù избегале на потерата. Местото на кое Асприт е погребан од неговите земјаци е наречено Томи – отсечено парче и тоа е сегашна Констанца во Романија.

Пловидбата на Аргонаутите по Дунав

Аргонаутите долго пловеле по големата река додека, најпосле, не дошле до Дунавските водопади – Катаракти и Хераклевите столбови. Бидејќи не можеле да ја совладаат „Океановата струја“, тие бродот го довлечкале на копно, а потоа пловеле до Геронновото островo Еритија. Тука се истовариле за да се одморат и да се снабдат со потребштини за натамошната пловидба. Херакле ја искористил приликата да им ги раскаже своите доживувања при кражбата на Геронновите говеда. После одморот, „Арго“ ја продолжил својата пловидба спротивно од течението на реката и стигнал до Тартар (Ѓердап). Како народно сеќавање на престојот на Јасон на овие простори, останал хидронимот на реката Иесе-Инита, лева притока на Дунав. Нејзината етимологија потекнува од зборот ’иесис’ или ’иасис’, што значи лечење и асоцира на името на водачот на Аргонаутите, Јасон. Нешто понатаму, спротивно од течението на реката кај Лепенскиот Вир, Аргонаутите стигнале до уште една лева притока на Дунав, со хидронимот Сирина. Во митологијата, Сирените се убави девојки, подоцна демонски суштества, кои со

својата песна ги стопираат ветровите-кошава, ги смируваат водите и ги маѓепсуваат морнарите кои тука поминуваат, терајќи ги во бродолом и смрт. Тие биле ќерки на Форк, а божицата Афродите ги претворила во птици затоа што, поради својата младешка гордост, не сакале да им се покорат ниту на боговите, ниту на луѓето. Сирените не можеле да летаат откако Музите ги победиле на музички натпревар, им ги искубале пердувите и од истите себе си направиле венци, па затоа седеле крај реките и пееле на брегот меѓу купиштата коски што останале зад морнарите настраданите во бродоломи. За успешно да поминат крај Сирените, а при тоа сепак да не ја слушнат нивната песна која маѓепсува, Јасон им наредил на морнарите него цврсто да го заврзат на поглемата катарка на бродот, а сите тие самите да си ги затворат ушите. Кога Арго им се приближил на Сирените, водата на Дунав се смирила и Јасон слушнал како тие го довикуваат со својата волшебна песна. Тој сакал да им тргне во пресрет, но Аргонаутите уште посилно го врзале и побргу завеслале спротивно од течението на реката. Народното сеќавање на легендата за Сирените и Јасон сочувано е во хидронимот на оваа река.

Орфеевата помош била многу важна во текот на целиот поход. Со неговите песни и музика Аргонаутие пребродиле многу тешкотии и им побегнале на Сирените. Освен тоа, Орфеј ги смирувал страшните морски бури, па, дури, и змејот што го чувал златното руно и затоа бил многу ценет и почитуван од целиот екипаж, но најмногу од Јасон.

Орфеј во подземното царство на Сига

Кога „Арго“ пристигнал до десната притока на Дунав, реката Стига (Морава), Орфеј го замолил Јасон и своите другари да му дозволат да се симне во Подземниот свет и на светлината на денот да ја изведе својата сакана сопруга Евридика која многу брзо по свадбата умрела. Кога Евридика со своите другарки-музите Пиериди од Македонија берела пролетно цвеќе во зелената долина на падините на Олимп во Пиерија, за ногата ја каснала змија-отровница. На Евридикиниот врисок , од сите страни дотрчале нејзините другарки, но таа им паднала в раце и потоа ги затворила очите и умрела. Орфеј, кој тогаш бил крал на

Македонија и Тракија, не можел да ја преболи смртта на саканата жена и поради тоа сакал да ја искористи приликата за да ја врати меѓу живите. Тој долго стоел на брегот на Стига и го чекал Хароновиот чамец, кој што ги превезувал душите на мртвите во Подземниот свет, и тој, најпосле, му се приближил. Харон пристигнал до брегот и Орфеј го замолил заедно со душите на мртвите да го превезе до Хадовото царство, но суровиот Харон го одбил. Тогаш, Орфеј започнал да свири на жиците од својата златна лира, која била подарок од богот Аполон, и по бреговите на Стига се разлеала неговата тажна песна. Харон бил маѓепсан, па го примил славниот пејач и чамецот запловил преку пештерите на Хомоѓските планини во царството на богот Хад, додека, пак, душите на мртвите, на звукот на лирата, се собрале околу Орфеј.

Орфеевата песна го скротила страшниот пес Кербер, а запаленото тркало кое што се вртело заедно со распнатиот крал на Лапит (Лапово), Иксион, чиј грев бил што ја посакал Херината љубов, престанало да се врти. Сизиф, Еоловиот син, кого боговите го казниле во Хад да турка огромна карпа на една височинка, а кога ќе стигне до врвот, повторно да се стркала надолу, целиот во пот и прашина седнал на каменот. Тантал, кралот на Лидија, кој во Хад бил испратен поради злоупотреба на наклонетоста на боговите, а кој бил казнет да трпи вечна глад и жед, заборавил на своите маки. Орфеевата песна ги разнежила дури и строгите судии на мртвите: Миној, Радамант и Еак.

Кога Орфеј стигнал до Хадовиот престол, се поклонил на мрачниот бог Хад и на Персефона и, пеејќи за својот копнеж по умрената Евридика, уште посилно удирал на струните на лирата. Откако со својата песна ги трогнал дури и немилосрдните Еринеи (Ерино Брдо), во чии очи заблескале солзи, неговите струни и песната станувале сè потивки и на крајот звуците замреле како едвај чујна воздишка на тагата. Насекаде завладеала длабока тишина. Таа болна тишина ја прекинал богот Хад кој го прашал дојдениот зошто се симнал во неговото царство и што сака од него. Хад се заколнал во водите на реката Стиг дека засигурно ќе му ја исполни молбата на прекрасниот пејач.

Орфеј одговорил дека не дошол да ги гледа ужасите на царството, ниту, како неговиот другар Херакле да го одведе тврдоглавиот Кербер, туку да го моли господарот на Подземниот

свет да му ја врати саканата Евридика, за да може и таа да ги осети радостите на животот кои ѝ биле ускратени бидејќи многу млада се симнала во овој свет. Владетелите на Подземјниот свет ја прифатиле неговата молба да му ја вратат Евридика, но му забраниле да ја погледне сѐ додека не излезат на светлината на денот. Орфеј се согласил со погодбата и, зад Хермес, кој му ја довел неговата жена, тргнал кон излезот од Подземјето. Евридикината сенка била зад Орфеј и тие заедно преминале низ темниот премин.

Измачуван од сомнеж и од желба да ја прегрне и бакне својата сакана, заборавил на Хадовиот услов дека во текот на патувањето во подземниот свет не смее ниту еднаш да се сврти назад, но тој токму тоа и го направил. Истиот миг и по втор пат ја изгубил љубената сопруга и тоа засекогаш. Орфеј останал како скаменет, како мермерна статуа и бил обземен од очај, бидејќи знаел дека сам е крив за својата загуба. Се обидел да се врати во царството на мртвите и повторно да го моли богот Хад за сомилост, но, овој пат, вратите на Подземниот свет останале затворени. Тажниот Орфеј 7 дена и 7 ноќи седел на брегoвите на Стига и ронел горчливи солзи. Заборавил и на јадење и на сите радости на овој свет, се жалел на боговите на мрачното царство и на мртвите души.

Од тогаш го презрел својот учител, богот Дионис, кој го прославил и го направил голем, и почнал да ги советува луѓето да го почитуваат хиперборејскиот бог на Сонцето, Аполон-Хелиј, како најголемо божество. Му дошла идеја да создаде доктрина која подоцна ја прифатиле орфичарите – доктрината за божествена природа на човечката душа и за првобитниот грев. Според неговата замисла, душата поради првобитниот грев скита, но со ексатаза, аскетизам и иницијација се чисти и враќа на небото, па со самото тоа не оди во царството кај Хад. Дури на осмиот ден Орфеј, откако ја смислил својата нова доктрина, решил да го напушти брегот на реката Стига и да се врати на бродот „Арго“.

Јасон и Аргонаутите се загрижиле поради неговото долго отсуство и кога Орфеј се вратил на бродот сите со големо внимание ги слушале неговите доживувања во царството на Хад и несреќниот исход од неговата посета. Откако принеле жртва на

Зевс и приредиле богата гозба, Аргонаутите ја продолжиле пловидбата спротивно на течението на Дунав, додека не стигнале на „светото острово на Електра, на дофат на реката Еридана“[2]. Електра во митологијата е Океанова и Тетијина ќерка, Таумантова сопруга и мајка на брзоногите божици Ериди. Бидејќи била Таумантова сопруга, а на Дунав помеѓу Белград и Панчево постои Ада Форко-Тумац, чие име е поврзано со народното сеќавање на овие настани, можеме да претпоставиме дека поетот оваа ада по грешка ја протолкувал како Електрино, наместо како Тауматнтово (Тумац) острово.

[2] Apolonius, Rhodius, *Argonautica,* ex rec, IV, 503-506, R. Fr. Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813

Аргонаутите биле жедни, а на Арго се истрошиле резервите вода, а бидејќи ниту на адата Форко-Тумац немало извори, Електра ги советувала да одат до блиската градина на Хесперидите. Тука Хесперидите, на Орфеева молба, на уморните и жедни Аргонаути им ги покажале изворите кои Хераклe ги отворил со еден удар со нозете кога, по барање на Евристиј, ги земал златните јаболки на Хера.[3] Хераклe им кажал на Аргонаутите како го надмудрил Атлант наместо него да ги бере златните јаболки од дрвото на животот и дека поради тоа Зевс го казнил така шо го скаменил и го претворил во планината Ангур (Авала) и му доверил задача да го држи небото над главата и да го придржува со рацете. Одморените Аргонаути ја продолжиле својата пловидба „... а тогаш и преку гората Ангур преминаа и преку Каулијачка карпа, оддалечена од гората Ангур, и токму тука и Истрос го дели текот на реката Ериданум...“[4]

[3] Apolonius, Rhodius, *Argonautica,* ex rec, IV, 13-96, R. Fr. Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813

[4] Apolonius, Rhodius, *Argonautica,* ex rec, IV, 323-506, R. Fr. Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813.

Јунаците ги препознале карпите на устието на Сава (Еридана) во Дунав (Истриос), на кои и денес се наоѓа белградската тврдина и виделе дека тука Дунав се „цепи“ и прави голема ада на богот Арej (Военo острово). Аргонаутите не свратиле кај Арej, бидејќи тој, во два наврати, се судрил со Хераклe кога Хераклe се борел со Аријевиот син Кикно во Македонја и во текот на борбите со Хиперборeецот Нелej, кралот на Пил на Пелопонез.

По течението на Еридан (Сава) до Енет на Јадранот

Реката Еридан во античката литература предизвикувала голема забуна. Првиот проблем претставува апострофот што овој збор го има врз буквата η. Остриот грчки 'хак' во латинската верзија пред почетна самогласка се изговара како 'х', на пр. како кај Хера или Хестија (божица на огнот). Во оргиналниот јонски дијалект кој потекнува од Еолјаните, кои по потекло се од Подунавјето, остриот 'хак' не се изговара, а тоа правило важи и во современиот грчки јазик. Исто важи и за буквата η (ета), која во грчкиот оригинал се изговара како 'и' (ита).

Значи, хидронимот на Сава не би бил Ериданос, туку Иридanос, т.е. персонификација на Ира (Хера) и Данос (од Dios-Danubios). Друг проблем претставува фактот што реката Еридан е постоветувана со многу реки во Европа, со Пад во Италија, Ебра во Шпанија, како и со Рона и Рајна во Франција, а целта на ова поистоветување била враќањето на Аргонаутите да се поврза со Јадран или Западен Медитеран.

Хесиод[5] изнесува дека митската река Еридан (Сава) е пород на Океан и Тетија, т.е. Панонското Море (Тетија) и Дунав (Океан). На брегoвите на Еридан живеат нимфри, Зевсови (Дунав) и Темидини (Тамиш) ќерки кои на Херакле, кога бил во Хилеја (Шумадија) кај Ехидна, кралица на Скитите, му покажале каде се наоѓа богот Нереј (реката Нера). Во митологијата, реката Еридан го прифатила Фаетон (пламен, оган) кога Зевс со молња го стрмоглавил од небото. Фаетон е несреќен син на богот Хелиј (Сонце) кој во една прилика, во желбата да му се спротивстави, го замолил Хелиј да му дозволи еден ден да управува со сончевата двоколка која патува по небото.

[5] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* p. 338

Бидејќи не бил искусен во управување на двоколката, не умеел да ги насочи сончевите коњи кон вообичаената патека. Премногу се приближил до планетата Земја и со својот оган сè живо спалил до темел. За да го спаси и обнови животот на Земјата, Зевс го прострелал со молња и тој како сјајна опашеста ѕвезда прелетал пеку небото и се стрмоглавил во реката Еридан.

Фаетон го погребале Хесперидските нимфи. Бидејќи неговите сестри Хелијади денонoќно плачеле, Зевс од сомилост ги преобразил во тополи, а нивните солзи во ќилибар. Така реката Еридан (Сава) станала пат на ќилибарот. Од сомилст за

несреќното момче, Зевс го пренел Фаетон во сознездието на кочијашите.

Откако ги заобиколиле Кауличките стени (Калемегданските), Аргонатутите стигнале до Ада Циганлија (етим. од – див и зборот 'многу', т.е. гигантска ада). Во народното сеќавање, таа е посветена на титаните, хиперборејко племе родено од Земјата, т.е. автохтоно . Во митологијата титаните ги родила Геја, оплодена од капките крв од Урановите гениталии. Некои од титаните биле бесмртни, како на пример Алкионеј, но, само додека престојуваат на земајта од која се родени. Тие се замислени како несовладливи џинови, вооружени со долги копја, страшен изглед, долга коса и брада.

Во борба со боговите, титаните на небото фрлале огромни карпи и факели, а во тоа особено се истакнувал Алкионеј. На боговите им било претскажано дека нема да ги совладаат титаните сè додека не им помогне некој од смртниците и затоа Зевс во борбата го вовел својот син Хераклe кој во текот на гигантомахијата во Флегрејската (пожаревачката) рамнина го прострерал Алкионеј и многу други титани. Поради непријателското расположение на титаните, Аргонаутите не ја посетила Ада Циганлија и продолжиле со пловидбата спротивно на течението на реката.

Попат го виделе и местото на кое многу векови подоцна е подигнат градот Шабац кој што е посветен на Себазиј, оргијастички бог од четвратата генерација, а понасевер го виделе местото на кое ќе биде подигнат градот Загреб, посветен на Дионис-Загреј.

Пловидбата на Аргонаутите по Јадранот, смртта на Пелиј и на Јасон

Аргонаутите ја продолжиле пловидбата по Јадран (Сава) до Енет на Јадранот и понатаму кон северозападниот правец до Истра. Тоа, според некои преданија, го сториле преку „јадранското устие" на Дунав, т.е. „рашкиот канал", носејќи го бродот „Арго" на раменици, а други извори тврдат дека тие го туркале бродот во облаците и така впловиле во „Кроновото море" или „Рејиниот залив", односно во Јадранско Море. Ја избегнувале

Аспиртовата дружина која преку Босфорот и Дарданелите дошла за да им го пресечат патот.

Постоењето на латински географски имиња за Кварнерското острово датираат од римското доба и гласи Absyrtides, а латинското име за реката Речина, која што се наоѓа помеѓу Риека и Сушака, претставува хидронимот Absyrtus fluuius што го потврдува легендата од митот за Аргонаутите. За време на римскиот цар Август (31 година пред Христа – 14 година по Христа), географот Помпоний Мела тврдел дека западниот ракавец на Дунав „... се влева во Јадранот, разбрануван и жесток како и реката По...“

Кога стигнале до Киркинот остров Еј, таа ги очистила Јасон и Медеја од убиството на Асприт, но одбила да им укаже гостопримство. Натамошното патување на Аргонаутите ги довело до земјата Феака, на островот Дрепан (Коркира-Крф). Јасон и Медеја, за да не бидат предадени на Колхиѓаните, се венчале на дворот на кралот Алкиној. Географот Страбон (63 година пред Христа – 19 година по Христа), кој пропатувал многу земји и дал изобилство податоци со митолошки, историски, географски поединости, во врска со пходот на Аргонаутите го изнесува следново:

„Бидејќи останатите Колхиѓани не смееле да се вратат на Колхида кај кралот Еjет без Медеја и Апсирт, некои од нив останале на Коркира, а други отишле на север, во Истра, и го изградиле градот Пула – Пола (голем, силен, моќен)...[6]

[6] Strabo, *Geographia,* I, 2, 39, VII, 5, Meineke, Lipsiae, I, II, III, 1913.

Колхиѓаните полуостровот го нарекле Истриа што претставува персонификација на истоимената река Истрос (Дунав) по која Аргонаутите пловеле. Тие на Истра се помешале со една група колонисти кои овде ги доселил Хил, Херакловиот син, епонимен херој на илирските Хилеи, па полустровото имало два хоронима: Histria и Hyllis. Натамошната пловидба на Аргонаутите сè до Јолк носе

ла големи искушенија. Откако Јасон му го предал златното руно на својот чичко Пелиј и го ослободил својот татко Есон од затвор, Медеја со своите маѓепсништа го усмттила Пелиј. Поради тоа Пелеиниот син Акаст, кој исто така бил Аргонаут, ги протерал Јасон и Медеја од Јолк. Тие побегнале на Коринт и таму живееле среќно наредните 10 години.

Јасон го излвекол бродот „Арго“ на брегот на Коринт и го посветил на богот Посејдон. Јасон, сè додека коринтскиот крал Креонт не го верил со својата ќерка Глаукома, со Медеја имал

повеќе деца. Напуштената и понижената Медеја после тоа се осветила на својата ривалка, нејзиниот татко и, пред сè, на Јасон. Благодарение на Медеините маѓии, Јасоновиот живот на крај станал несреќен, без радости и никаде не можел да се скраси.

Еден ден, уморниот Јасон прилегнал во сенката под крмата на „Арго“ за да се одмори малку и го фатило сон. Додека мирно спиел, се срушила крмата на веќе трошниот брод и под своите иверки со погребала заспаниот херој. Неговата судбина е опеана во многу антички епови, а митот за Аргонаутите е чесно застапуван и претставуван во античката монументална и занатска уметност.

Медеја коринтскиот престол му го предала на Сизиф, а таа самата отишла на Колхида. Според едно помалку познато предание, Медеја отишла во Теба и го излечила Хераклe од лудилото. Еврипидовата „Медеја“ од 531 година пред Христа била пример на подоцнежните поети и трагичари.

XII
ПЕЛАШКО-ЕОЛСКА АТИНА

Јужно од Беотија се наоѓа Атика, која на исток се граничи со Егејското Море, на југ со Саронскиот залив, а на запад со подрачјето на Мегара. Во атичката рамнина се наоѓал градот-полис Атина, оддалечен околу 5 километри од Саронскиот залив. Околу Атина се наоѓаат планините Пентеликон на североисток и Химет на југоисток, како и многубројни ритчиња (Ликабет, Пникс, Ариев брег, Брег на нимфите, брег на Музите, итн.) Во непосредна близина на Атина течат реките Еридан, Кефис и Илис. Во центарот на Атина, на варовитата висорамнина-брег се наоѓа утврдената населба Акропол, која се јавува веќе во доцниот неолит во Сескло и Димини културата, а особено е честа во микенската култура. Акрополот бил сакрален центар и веќе во XIII век пред Христа бил опколен со киклопски ѕидини.

Пелазгите на Атина и Атика

За првите жители на Атика и Атина сведочи Херодот[1] кој наведува дека Атињаните воделе потекло од Пелазгите и дека тие Атињани никогаш не излегувале од земјата. Според Херодот, кој истакнува дека тие се појавуваат од митовите, за Пелазгите пишуваат уште и Хомер, Диодор, Страбон и други. Меѓутоа, Пелазгите биваат заборавени во наредните периоди и дури во XIX век на нив обрнува внимание Фитботен /1862/ кога се раѓа „пелазгологијата“ како современа наука за Пелазгите. Томсон[2] во своето капитално дело за праисторискиот Егеј смета дека преселбата на Пелазгите од Кавказ и Каспискиот простор

уследила околу 3500 година пред Христа кога се упатиле во два спротивни правци. Источното крило, на чело со кралот Титан, го изградило градот Суза во Месопотамија, со познатата тврдина Мемнонион, именувана според неговиот син Мемнон, додека Титановата жена се викала Кисија. Западното крило, под водството на братот на кралот Титон, кралот Пријам, тргнале во анадолско-балканскиот правец па се населиле во земјите на Егејскиот басен, на брегови на Мала Азија, Балканот и на Егејските острови: Хиј, Лезб, Имбро, Лемно и Самотрак.

[1] Херодот, *Историја,* I, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

[2] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 115, Athina, 1954.

На Балканот, Пелазгите се населиле на Атос, во Кис во Термајскиот залив, во Тесалија каде ја основале тврдината Лариса и во Епир каде се познати како Теспротјани со светилиштето Додона. Кога биле протерани од Епир и се населиле во Тесалија, нивната нова татковина уште се викала и Пелазгиотида. На северо-исток на Пелопонез познати се како Егиалски Пелазги, што ќе биде изнесено во рамките на Пелопонез. Во Атика и во Атина, околу XVII век пред Христа, се јавува пелашката династија Ерихтонија, која може да се следи до 1044 година пред Христа. Херодот[3] натаму обаснува дека „... во време кога Пелазгите живееле во земјата која сега се вика Хелада и *Атињаните* биле Пелазги и тогаш се викале *Кранејци*, а за време на владеењето на кралот Кекроп се викале *Кекропиди*, а потоа кога Ерехтеј ја презел власта, Атињаните го промениле своето име и, според војсководецот Јон, син на Ксутов, кој ги предовдел Атињаните, го добиле името *Јонци*".

[3] Херодот, *Историја,* VIII, 44, Matica Srpska, Beograd, 1988.

Името на градот Атина е антропоним, а подоцна и теоним, од палеобалканската глосологија. Тоа е двосложен зобр кој на почетокот гласел 'а-тана', каде 'а' е негација 'не-без' и 'танастос-смрт', 'тнитос-смртен' т.е. без-смртна и на крај Атена, божица без-смртна.[4] Според Томсон[5], Атена како божица стигнала од север, преку Тесалија, Беотија до Атика. Носители биле Лапитите и Минијците. Според истиот автор,[6] Кикроп е прв крал на Атика кој изникнал од земјата, како човек-змија, а го родила божицата Геја-гигенес, т.е. домородец, вистински Пелазг. Тој ја изградил тврдината Акропол-Кекропија, вовел моногамија и обичајот да се

погребуваат мртвите, како и „пелашкото“ писмо. Во негово време, од боговите прв бил воведен Посејдон, кој со својот трозабец на Акорпол отворил солено езеро, а потоа дошла божицата Атена која засадила маслиново дрво и побарала од кралот Кикроп да го поддржи нејзиното барање да ја поседува Атика. Во спорот помеѓу Посејдон и Атена, што потоа уследил, Зевс го именувал за судија Кикроп и античкиот јунак Кранај. Кога Кикроп укажал на користа од маслиновото дрво, предност ѝ била дадена на Атена. Томсон[7] смета дека тоа е алегорија и победата на божицата Атена се однесува на матријархатот што дотогаш владеел и тоа е прикажано со победата на Атена. Кога тоа го увиделе Лапитските Бакхиади од Панонија, при наредното гласање го укинале правото на гласање на жените, па тие победиле и вовеле патријархат. Потоа, го укинале и обичајот на земање епоним-презиме на мајката и вовеле правило децата да се презиваат според татковците. Истовремено е укината полигамијата и прифатена е моногамијата. Сето ова, се разбира, се одвивало постепено.

[4] Mpampiniotis, G,: *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis*, Athinai, p. 82, 1967.

[5] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 179, Athina, 1954.

[6]. Исто, с. 181.

[7] Исто, с. 184

Кикроп на атинскиот престол го заменил *Кранај*, според кого жителите на оваа земја биле наречени Кранајци, а атинскиот Акропол добил име Кранаја. По неговото симнување од власта, крал на Атина станал *Ерехтеј*, Брутов брат, претци на атинско благородничко семејство на Етеобутадите.[8] Во борбите меѓу Атина и Елеусин, атинскиот крал Ерехтеј го убил Еумолп, тракискиот херој кој дошол на помош на Елеусин. На Ерехтеј и неговите ќерки укажани им се божествени почести во Атина. Посветен му е храмот Ерехтеон на атинскиот Акропол.

[8] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* p. 124

Лапитите ја колонизираат атина и Атика

Етеобутадите се, значи, вистински потомци на Бутадите, во почетокот атинско свештенско племе, една важна гранка на тесалските Лапити.[9] Бутадите биле цвет на атинската аристократија, затворено, старо и конзервативно племе, со богат имот и големи привилегии. Нивен симбол била воловска глава со

рогови, бидејќи нивниот етноним потекнува од зборот ’ву-вол, говедо, бик’ што асоцира на Гериновите говеда од Дунав каде била нивната стара татковина.

Пелазгите од Атика и Атина биле селани, земјоделци и сточари. Кога Лапитите за прв пат ја населиле Атина и Атика, биле опколени од непријателски расположените Пелазги. Меѓутоа, Лапитите, кои биле со поголем степен на култура и поагресивни, многу брзо се наметнале како управувачи во сите сектори на животот и станале аристократски сталеж, како и велепоседници. Тие биле дрски и се перчеле со своето неатичко потекло, а Пелазгите ги омаловажувале како „селјаци“. Ваквото однесување и постојаните караници довеле до побуна на Пелазгите против владеењето на непријателската аристократија на дојденците, која била совладана.

[9] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 183, Athina, 1954.

Лапитите ги протеруваат Пелазгите од Атина

Херодот[10], цитирајќи го Хекатеј,[11] логограф и географ од Милет, наведува дека Атињаните-Лапитите ги протерале Пелазгите и дека тоа правилно го сториле. Имено, „Кога Атињаните виделе дека земјата која се наоѓа под Химет, а која на Пелазгите им била дадена како награда што го изградиле бедемот околу тврдината, е убаво обработена, а порано била лоша и не вредела ништо, ги обземала завист и посакале да се докопаат до таа земја, па поради тоа ги протерале Пелазгите без ниедна друга причина...“ Атињаните, меѓутоа, говорат дека Пелазгите ги нападнале нивните жени и подготвувале побуна против Атињаните, па во таа прилика биле фатени на дело. Иако имале право да ги испоубијат, Атињаните ги иселиле Пелазгите од земјата. Така, Пелазгите се иселиле од Атина и Атика и се населиле на други предели и на Лемно, острово не север од Егејското Море, во Крестон на Халкидики, на Плакиј и Скилак на Хелеспонд.

[10] Херодот, *Историја*, VI, 136-138, Матица Српска, Београд, 1988.

[11] Хекатеј, 549-478

По некое време, Пелазгите кои живееле на Лемон, решиле да се осветат на Атињаните, па тоа го сториле за време на свеченостите во Атина во чест на Артемида во Браурон, кога во

заседа заробиле многу жени и отпловиле со нив на Лемон и ги земале за свои. Осветата на Атињаните се слчила многу години подоцна, за време на Милтијад, Комонов син, кога Пелазгите биле опседнувани со бородови сè додека не се предале, а Лемно паднал во рацете на Атињаните.[12]

[12] Херодот, *Историја,* VI, 140, Матица Српска, Београд, 1988.

Меѓу кралевите на Атина се спомнува и *Ерихтониј*, кој со Пракситеа го имал синот Пандион и кој го востановил празникот Панатенеја.

Пандион, кога станал крал на Атина, бил осми по ред потомок на Ерихтониј. Неговиот син бил *Егеј*, кој во митологијата е познат по тоа што дошол во судир со критскиот крал Миниј, Фениќанец. Критската војска вовела опсада против Атина, а земјата ја опустошиле неродноста на житните растенија и гладта. За да ги спаси своите поданици и земјата, Егеј, по совет на прорштвото, ги прифатил Миниевите услови за мир и се обврзал дека на Крит ќе испраќа по седум момчиња и седум девојки како храна за Минотаурот, чудовиште со човечко тело и со глава на бик. Минотаурот бил плод на Миниевата жена Пасифаја и Посејдоновиот бик. За да му ја сокрие големата срамота на Миниј, го повикал архитектот Дедал, внук на атинскиот крал Ерехтеј, кој го изградил Лавиринтот, дворец со многубројни заплеткани ходници. Кралот на Атина, Егеј, со Етра, ќерка на трезенскиот крал Питеј од династијата Пелопиди од Фригиј, т.е. Бриг од Македонја, го добил синот Тезеј кој станал најголем атички херој.

Тезеј го провел своето детство на дворот на својот дедо Потеј, крај својата мајка. Кога одраснал, отишол во Атина кај својот татко Егеј, но тука не останал долго. Кога дошло време Атињаните по трет пат да пратат на Крит седум момчиња и седум девојки, тој решил да им се придружи. Пред поаѓањето на бродот со момците, кралот Егеј напоредо со црното едро, вообичаено за оваа тажна поворка, му дал на кормиларот и едно бело едро и му наредил да го истакне на јарболот доколку походот среќно се заврши.

По истоварување на младите Атињани на Крит и проверката од страна на кралот на Крит, Миниј, во врска со Тезејовото божествено потекло, јунакот е примен со најглеми почести. Тогаш, за време на свеченостите, Миниевата ќерка Аријадна го

забележала Тезеј и, маѓепсана од неговата божествена убавина, м понудила секаква помош, под услов д се ожени со неа и да ја однесе во Атина, што Тезеј го прифатил. Аријадна му дала на Тезеј клопче конец за со негова помош да се ориентира во замрсените одаи на Лавиринтот.Тезеј со својата сила го совладал Минотаурот и го принел како жртва на Посејдон, а потоа со Аријадна и младите Атињани се качил на бродот и тргнал во татковината. По пат, Тезеј се разделил од Аријадна и, поради болката, заборавил на катарката да го истакне белото едро.

Егеј со денови ја набљудувал морската шир и со нетрпение го чекал враќањето на синот. Кога го здогледал бродот со црни едра, бил сигурен дека го изгубил синот и атинските момчиња и во очај се фрлил од 'ртот Сунион во море, кое според него е наречено Егејско Море.

По Егејевата смрт, Тезеј го наследил престолот на Атина и извршил многу херојски дела кои митолозите ги вбројуваат во рангот на Хераклe. Тоа се борбата со Амазонките, борбата со побунетите Палантиди на Атина, борбата со кентаурите, грабнувањето на убавата Хелена и симнувањето во Подземниот свет со својот пријател Пиритој, крал на Лапитите. Во митскиот список на атинските кралеви, Тезеј е десетти крал на Атина. Неговото владеење претходи на Тројанската војна за една генерација, т.е. 1220 пред Христа и, заедно со Хераклe, е најомилен лик во античката уметност.

Кога Хелените-Дорци освоиле поголем дел од Пелопонез, претежно Лаконија со Спарта, во 1104 година пред Христа, многу Нелеиди, Еолови потомци од Панонија, ја напуштиле Месена и Пил и се населиле претежно во Атина, каде со своите сонародници Лапити се вклучиле во кралевските владејачки семејства до 1044 година пред Христа. Според Херодот[13] и Паусанија[14], некои потомци на Нелеидите ја преживеале хеленската наезда во Месена.

[13] Исто, V, 65.

[14] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, II, 8, 18, (prev. Pasini: Vodič po Heladi,) Logos, Split, 1989.

Меѓу најпознатите братства на Нелеидите од Пил во Атина спаѓаат Кодридите, Пизистратидите, Алкомеонидите и Пајонидите.

Кодридите својот патроним го добиле од Кодра, митскиот крал на Атина, кој е Мелантов син. Во митологијата, *Мелант* е Нелеев потомок, син на Андропомп и Хениона, татко на споменатиот Кодра.[15] Бил владетел во Месенија на Пелопонез сè до доаѓањето на Хелена. Пребегнувајќи од нив со некои свои поданици во Атика, станал крал на Атина, на местото на дотогашниот крал Тимет, брат или зет на тројанскиот крал Пријам. Тимет бил последен Тезеев потомок. Бидејќи за време на војните помеѓу Атињаните и Фениканите од Теба околу градот Еној на североисток на Атика, ниедна страна не однела победа, одлучено е војната да се реши со двобој помеѓу кралевите. Тимет не се осмелил да излезе на двобојот и објавил дека ќе му ја предаде власта над Атика и Атина на оној јунак кој ќе го победи тебанскиот крал Ксант. Мелант ја прифатил борбата наместо кралот Тимет и во жестоката борба го победил противникот. Во знак на благодарност за извојуваната победа над Тебанците, Атињаните го избрале Мелант за крал. По Мелантовата смрт, неговиот син *Кодро* станал крал на Атина со која владеел дваесетиедна година. Имал два сина: Медонт и Нелеј. Легендарниот крал Кодро загинал храбро борејќи се против Хелените кои надирале најпрво преку Дорида, кога не успеале, а потоа преку Пелопонез. Убиен е пред градската капија на Атина околу 1091 или 1088 година пред Христа. Папаставроу[16] смета дека тоа се случило во 1050 година пред Христа.

[15] Херодот, *Историја* I, 147, Матица Српска, Београд, 1988.

[16] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 51, Hiotelli, Athinai, 1972.

Кодро бил наследен од неговиот постар син *Медонт.* Меѓутоа, помеѓу браќата дошло до караница околу престолот. Поради тоа, а и поради постојаното и сè посилно навлегување на Хелените, новите освојувачи од Пелопонез и од Дорида-Дриопида, *Нелеј Помладиот*, со бројни Атињани и Атичани, како и со бегалците од Пелопонез, ја напуштил Грција и мигрирал во западниот дел на Мала Азија, во 1044 година пред Христа. Тука, емигрантите основале „Сејонски сојуз“ од дванаесет градови, со Милет како главен град. Во многу од овие градови, кралеви[17] станале Кодриди. Овие Кодриди, потомци од тесалските и месенските Подунавци, со Ахејците и другите староседелци, ги удриле темелите во новите услови на источните брегови на Егејот, на својата нова култура, а пред сè на својот

палеобалкански јазик, познат како јонски дијалект, а ги пренеле и своите Олимписки богови и своите епови. *Јоњаните-Нелеиди* (Иафони или семитски Јавани) први го прифатиле феникијското писмо помеѓу 900-700 година пред Христа. Овде, ученият *Талет* (625-548 пред Христа) со своето тврдење дека во основа на сите нешта е водата, ги објаснил многуте природни процеси (земјотреси, движењето на сонцето од рамнодневицата, помрачувањето на сонцето) и како прв филозоф на природата материјалниот принцип јасно го спротивставил на божественият. Така, во тоа „мрачно“ историско доба на истокот на Егејот се јавуваат нови центри на цивилизација во Јонија на југ и во Еолија на север (бреговите на Мала Азија), со развој не само на филозофијата (покрај Талет, тука се и Анаксимен, Анаксимандер, Ксенофон), и уметноста (јонски стил), но и на медицината (Хипократ), како и на историјата (Херодот), литературата (Хомер, Хесиод) итн.

[17] Херодот, *Историја* I, 147, Матица Српска, Београд, 1988.

Со цел да ја развијат трговијата, Милетјаните и Еолците од Мала Азија, долж брегот на Егејот, Мраморното и Црното Море подигнале (уште во VIII и VII век пред Христа) многубројни колонии, како што се: Абид, Амис, Синоп, Трапезунт, Керасунт, Лампасак, Феринт, Парион, Фасид, Теодосија, Диоскурија, Пантикап, Циби, Истар, Томи (Констанца), Одеса, Аполонија итн., вкупно околу 75 градови или 90 трговски станици. Колонитиите обезбедувале не само трговија со житарици, волна, дрвена граѓа, кожа и робови со Скитите и Вавилон, туку и ширење на културата и други. Овие центри опстанале, речиси, сè до V па дури и до IV век пред Христа.

И покрај наведените миграции во X век пред Христа, многу Кодриди, Медонтови потомци-Медонтиди и други Нелеиди-Пизистради и Алкмеониди опстанале во Атина и Атика и тие може да се следат до IV век пред Христа. Томсон,[18] цитирајќи го Петерсон[19], наведува дека за тоа време генеолошкото дрво само на Кодрид опфаќа 32 генерации. Меѓу најзначајните спаѓаат Солон и Платон.

[18] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 126, Athina, 1954.

[19] Questions de historia gentium Atticarum, Schleswing, 1880.

Солон, околу 638-559 година пред Христа, е Ексикестидов син од Медонтовото стебло на Кодридите. Бил еден од седморицата грчки мудреци. Се истакнал во велетрговијата и во политичките борби во Атина помеѓу аристократите и демосот. Во годината 594/3 пред Христа станал законодавец и реформатор. Неговите робовласнички закони постигнале врв во Перикловото доба и опстанале сè до времето на Александар Македонски во Александрија. Тие станала почетна основа за историскиот развој на идејата за држави во Европа.

За Солон, Херодот[20] изнесува дека, откако ги напишал законите, веднаш после тоа отпатувал во светот на десет години, за да не биде присилен да ги укине законите. Кога дошол во Сард кај кралот Крез во Лидија, гостинот го повел низ ризницата и го запрашал кој човег го смета за најсреќен на светот, а тој одговорил дека „,,, за никого пред смртта не смее ниту да се помисли ниту да се каже дека е благословен, а камоли среќен“, бидејќи ... „на многумина бог прво им дава среќа, па потоа ненадејно сосема ги упрапостува...“ што, всушност, се случило и со Крез. Во меѓувреме, Крез се распрашувал кои се најмоќните меѓу Хелените за да ги придобие за пријатели. Солон одговорил: „... Лакедемонците и Атињаните се пред сите. Лакедемонците се од дорско потекло, а Атињаните од јонско... Атињаните воделе потекло од Пелазгите, а Лакедемонците се од хеленско потекло.“ Херодот[21] на крај заклучува дека Солон го земал законот од Египјаните и во внел во атинското законодавство и така, бидејќи е многу благотворен, сè уште е на сила.

[20] Херодот, *Историја* I, 29, Матица Српска, Београд, 1988.

[21] Херодот, *Историја* II, 177, Матица Српска, Београд, 1988.

Платон или Аристокле (427-347 пред Христа) е син на Кодридот Аритон и на Периктиона. Станал голем филозоф и основач е на филозофската школа – Академија во Атина. Сржта на неговата филозофија ја сочинуваат учењата за идеите како непроменливи мислени суштини на светот, додека „сетилните нешта“ претставуваат само нивни „сенки“. Највисоката идеја е идејата за доброто, која е само идеја за божественото, додека најголема доблест е мудроста. Методата на барање на вистината, според Платон, е дијалектиката како вештина на споредување и анализа. Најпознати Платонови дела се: „За државата“, „Гозба“, „Федар“, „Сократова одбрана“, „Менон“,

„Симпозион“, „Тимај“ и други. Платон е Сократов ученик и Аристотелов учител. Платоновата Академија, како филозофска школа, постоела до 529 година пред Христа кога, како паганска институција, ја укинал византискиот цар Јустинијан.

Следното братство на Нелеидите во Атина се *Пизистратидите.* За нив Херодот[22] изнесува дека навистина по потекло биле од Пил на Пелопонез и потомци на кралот Нелеј, исто како и семејството на Кодра и Мелант, кои порано се доселиле во Атина и таму станале кралевски семејства. Освен тоа, Нелеидите најмногу влијаеле врз обликување на општествено-социјалниот и економски живот во таканаречениот архаичен период (VIII-VI век пред Христа) и во доба на класичната цивилизација на Грција. Тие придонеле кон формирање на полис-државите, со преод од кралевско уредување, преку олигархија и аристократија, од големите грчки колонизации и тиранија до демократија, како врв на политичкиот живот.

[22] Херодот, *Историја* V, 65, Матица Српска, Београд, 1988.

Пизистрат е Хипократов син, владеел со Атина седумнаесет години (560-543 пред Христа), односно три пати е биран за тиранин и три пати бил прогонет (шеснаесет години). Неговото доба се смета за најславно време во историјата на Атина, а тој за најголем политичар.[23] Аристотел[24] за него изнесува дека „бил холем хуманист, милостив и демократски етичар, способен политичар и војсководец“. Освен тоа, Пизистрат бил прв кој ги собрал расфрлените Хомерови дела што се сочувани до денес. Умрел во 528/7 година пред Христа. По неговата смрт, владетел (архонт) на Атина станал неговиот син *Хилиј* кој управувал со државата до 50 година пред Христа. Него го наследил неговиот син *Хипарх*, до 514 година пред Христа, кој паднал како жртва на еден атентат во кој биле вмешани Спарта и Тукидид. Времето на Пизистратидите претставува најголем степен на атинската, па и на грчката, цивилизација во архаичниот период и на нивната доминација на просторите на Егејот. Со Пизистратидите се завршува периодот на тираните, кога со помш на Хелена од Спарта на сцена стапува наредното Нелеидско семејство на Алкмеонидите.

[23] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 124, Hiotelli, Athinai, 1972.

[24] Аристотел, *Политика,* II, 7.

Алкменоидите се потомци на Алкомеон, Трасимедов внук. Имено, *Трасимед* со братот Антилох, го следел татка си Нестор, Нелеев син, во Тројанската војна. Антилох во војната загинал, жртвувајќи го животот за да го спаси таткото и погребан е на Хелиспонт, заедно со Ахил и Патрокле. По разорувањето на Троја, Трасимед среќно се вратил во родниот Пил.[25] Трасимед е *Силов* татко и дедо на Алкмеон, претци на атинската фамилија Алкмеониди. Погребан е во Пил.[26] *Алкмеон* е последен доживотен архонт на Атина, во 757 година пред Христа. Негови потомци се: Мегакле, Клистен, Клиниј, Перикле, Клиниј II, Алкибијад, Клиниј III и други. Наведуваме само некои од значајните личности на ова големо братство.

[25] Хомер, *Илијада и одисеја,* II, IX, 80, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

[26] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* II, 18, IV, 36, (прев. Пасини: *Водич по Хелади),* Логос, Сплит, 1989.

Мегакле бил атински политичар и архонт. Познат е по тоа што во 612 година пред Христа ја уништил партијата на Клинеј. Неговиот истоемен внук бил Пизистратов противник, додека неговиот праправнук бил Алкибијадов дедо.

Клистен е син на Негакле и Агариста, глава на Алкмеонидите во Атина. Извршил реорганизација на општествениот систем и ја зацврстил демократијата. Меѓутоа, новата демократија во Атина наишла на реакција кај конзервативната хеленска Спарта, па дошло до воен судир. Поради оваа криза дошло до сојузништво помеѓу Атина и Персија, а подоцна и до грчко-персијските војни во 490 и 479 година пред Христа.

Меѓу значајните Алкмеониди спаѓа и *Перикле* (499-429 година пред Христа). Тој е Ксантов и Агристин син, најголем и најславен демократски државник на Атина, претставник на „златното Периклево доба“, на класичната грчка цивилизација. Водач на демократската партија во Атина станал во 459 година пред Христа. Во општеството заземал високи положби, а најглемата функција ја имал како главен стратег на Атина. Владеел полни дваесет години. Спровел крупни демократски, политички и екномски реформи. Бил мецена на филозофијата и уметноста. Ја разубавил Атина со велчествени градби на Акропол (Пантеон, Пропилеј итн.). Покрај тоа, им помагал на знаменити уметници, како што се вајарите Фидиј и Мирон, сликарите Аполодор и Полигнот, филозофот Анаксагор и други. Значително го

проширил влијанието на Атина во Егејот и го основал Амфипол кај Стрмон, во Македонија. Умрел во 429 година пред Христа во Атина.

Периклевиот роднина *Алкибијад* (450-404), син на Клиниј, бил познат Атињанин, Сократов ученик. Бил многу надарен и станал атински војсководец и државник и Периклев наследник. Тој е претставник на новата генерација софисти. Како одличен говорник, успеал да ги наговори Атињаните да ја обноват војната против хеленска Спарта во 415 година пред Христа и така започнала II Пелопонеска војна, кобна за Атина. Војувал против Сицилија, а бил сменет од високата функција откако бил обвинет дека ги навредувал боговите.

Пребегнал кај Спартанците кои, благодарение на него, тешко ги поразиле Атињаните, но сепак се помирл со Атињаните во 408 година пред Христа и повторно станал воен заповедник. Животот го завршил во Мала Азија каде го убиле Персијанците по налог на Спартанците. Неговото предавство на демократската Атина и пребегнувањето во аристократските земји Спарта и Персија претставува типичен пример на човечката свест во време на пропаѓање на робовладетелското општество, непосредно пред потпаѓањето на Грција под власта на Македонија.

Како што може да се заклучи, помеѓу Нелеидите постоеле политички антагонизми, но, исто така, и помеѓу Нелеидите и Лапитите. Така, на пример, Пизистрат, во 559 година пред Христа, од политички причини го протерал Кипселовиот син, Милтијад, во тракијскиот Херсонес.

Имено, *Кипсел* бил потомок на тесалските Лапити од фамилијата на кралот Кенеј и прв тиранин на градот Коринт на Пелопонез, во 657 година пред Христа. Имал два сина, меѓу кои спаѓа и *Милтијад*. Во Тракија, Милтијад станал многу богат. Неговиот внук, исто така по име *Милтијад,* бил избран од страна на Атињаните за врховен командант на оружените сили на Грција против Персијците и победник е кај Маратонското Поле, во 490 година пред Христа.

Тука загинале 6.400 Персијци, а само 192 Грци, што претставува прв светско-историски настан во Европа,[27] чии заслуги припаѓаат најмногу на стратешката виртуозност на овој Лапит – на Милтијад. Неговото дело во војните на Атинскиот сојуз

по Саламина и протерување на Персијците успешно го продолжил неговиот син *Кимон*, со што придонел за водечкото место на Атина во „грчкиот свет“. Тоа условило да се развие антагонизам помеѓу двете доминатни, во тоа време, полис-држави, Атина и Спарта; Атина, чија етногнеза била од племињата од Подунавје и Спарта со хеленска етногенеза. На крај, во пролетта, во 431 година пред Христа, избила војна која траела 27 години што била детално опишана од Тукидид. На чело на Атинскот сојуз била Атина, додека на чело на Пелопонескиот сојуз била хеленска Спарта. Нивната слабост ја искористиле Македонците.

[27] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 184, Hiotelli, Athinai, 1972.

XIII
ПРАИСТОРИСКИОТ КРИТ И КИКЛАДСКИТЕ ОСТРОВИ

Староседелците на Крит

Крит е најголем грчки остров во источниот дел на Средоземното Море. Земјиштето е карсно и планинско, а највисока планина е Еида (2456 м). Стари имиња за ова острово се Каптар (асирско-вавилонско потекло), како и Кефтиу (египетско потекло). Се смета дека неолитските жители на егејските острови Крит и Киклските Острови биле доселеници од Мала Азија (Карци, Лелеги и Лидјани) и од Либија, т.е. од Африка, во пред-динстичкото доба на Егиет. Кога Фениќаните го населиле островот, етнонимот го добиле по митскиот крал Миној кој бил Зевсов најстар син со Европа, ќерка на феникинскиот крал Агенор, сестра на кралот на Теба во Беотија, Кадмо. Тоа е изнесено во митот за Европа.

Миној живеел во херојската доба, а него го посвоил кралот на Крит *Астерион*, кога се оженил со Зевсова љубовница. Покрај Миној, Астериот ги посвоил и останатите Зевсови деца, Радамант и Сарпедон. Миној бил славен и праведен крал, добар законодавец и заедно со својот брат Радамонт и со Еак биле судии на душите на мртвите во Подземниот свет.Покрај Астерион, како прв владетел на островот, се споменува и *Крет*, епонимен херој на островот, син на Земјата (Геја), а жителите се викале Етеокритјани, т.е. вистински Критјани. Крет е познат како законодавец и судија и се зборело дека тој го сокрил малиот Зевс во Диктејската пештера за да не биде проголтан од неговиот

татко Крон. Тука, Зевс го одгледале нимфите Адрастија и Ида во златна колевка и го хранеле со мед и млеко. За тоа сведочат многу топоними на островото, како спомен на Зевсовото раѓање и детство. Познато е преданието дека син на Крет бил *Тал,* бронзен џин, чувар на островот Крит и Радамонтов дедо.

Феникијски колонисти

Кога Астерион умрел, *Миној* станал крал на Крит. Поради противниците морал да докаже дека боговите го одредиле за крал и пред народот побарал од богот Посејдон од морските длабочини да му испрати бик што ќе го жртвува. Меѓутоа, кога од морето изнуркал прекрасен бик, Миној го задржал на барање на неговата жена Пасифаја, а како жртва принел едно од своите говеда. Така Критјаните го прифатиле Миној за крал, но Посејдон, лут поради измамата, го претворил бикот во споулавено животно кое пустошело по островот. Покрај тоа, Посејдон кај Миниевата сопруга разбудил страсна љубов кон убавиот бик. Во очај, Миној го прифатил исклучително надареният уметник, пронаоѓач и архитект Дедал, внук на атинскиот крал Ерехтеј, кој петходно веќе пребегнал на Крит. Дедал за бикот го изградил Лавиринтот, дворец со многубројни, испреплетени ходници, а Миноевата ќерка Аријадна открила начин како може да се излезе од него. За Пасифаја, Дедал направил дрвена шуплина (крава), покриена со кожа во која таа влегла и ù помогнал да ја смири својата страст за убавиот бик. Од оваа врска роден е Минотаур кој на критскиот крал му задавал многу маки, бидејќи се хранел со човечко месо, па затоа Миној го ставил во Лавиринтот, а убавиот бик бил совладан од Херакле. Херакле го довел бикот во Микена. Кралот Евристеј го пуштил бикот на слобода и, отако прокрстарил низ Арголида, прешол на Истам и сопрел на Маратон, каде подоцна го убил Тезеј. Пред овој настан со Тезеј, Миноевиот син со Пасифаја, *Андрогеј*, кој бил вешт во сите атлетски вештини, отишол од Крит во Атина да учествува на Панатенејските игри, каде бил победник, а потоа продлжил во Теба за да стигне на тамошните празнувања. Според преданието, кралот на Атина, Егеј, му наложил на Андрогеј да се бори со Посејдоновиот Маратонски бик кој ја пустошел Атика. Андрогеј не успеал да го совлада бикот и ги изгубил животот со разјареното животно.

Кога Миној дознал за оваа жалосна вест, набрзо подготвил голема флота и со силната војска тргнал да ги казни Атињаните. Опсадата била долга, а во Атина завладеале глад и чума. После долги преговори, Атињаните го прифатиле Миноевото барање секоја година да испраќаат на Крит по седум момчиња и седум девојки како храна за Минотаурот. Со Аријадninата помош, младиот атински херој Тезеј го убил чудовиштето Минотаур и ги спасил Критјаните од големата напаст.

Додека Миној ја опседнувал Атина, Дедал, кого кралот го затворил во лавиринтот со неговиот син Икар поради случајот со Пасифаја и Тезеевото убивање на Минотаурот, по смртта на неговиот син отишол на Сицилија. Тука, во градот Камик, пријателски го прифатил кралот Кокал и неговите ќерки, каде со својот уметнички и градителски вештини стекнал голема наклонетост. Во меѓувреме, Миној, откако го решил проблемот со Атина, го барал бегалецот по сите земји, а кога дознал дека се наоѓа на Сицилија, со својата флота се упатил кон градот Камик, каде на дворот на кралот Кокал го нашол Дедал. Но, Миној не стигнал да му се освети, бидејќи во купатило го убиле Кокаловите ќерки. Кокал, потоа, на критските војници им соопштил дека кралот Миној несреќно го загубил животот во купатило, бидејќи се лизнал и се удавил во врела вода. Критјаните сакале да му се осветат, ама ниту после пет години не успеале да го заземат градот, бидејќи Дедал уште поцврсто го утврдил. Според Диодор Сиц.[1], неговите придружници свечено го погребале и на Сицилија ги основале градовите Миној и Енгион, со што биле создадени првите критско-феникиски колонии на Сицилија. По Тројанската војна, славниот критски херој, стрелецот Мерион, кого бурата го исфрлила на Сицилија и таму го прифатиле критските колонисти, ги пренел Миноевите останки на Крит, каде и биле погребани.

[1] Срејовиќ, Д., Бабовиќ, Љ.: *Уметност Лепенског Вира,* Младинска књига, 1983.

Миној бил современик на Персеј и Асклепиј, на Тезеј и други херои од праисториското доба. Владеел со Крит три генерации пред отпочнувањето на Тројанската војна, што го потврдува и Херодот[2], кој истакнува: „... а три поколенија по Миноевата смрт дошло до Тројанската војна, во која Критјаните му пружиле помош на Менелај и се покажале како големи јунаци...“

[2] Хесодит, *Историја,* VII, 171, Матица Српска Београд, 1988.

За Миној, Тукидит[3] пишува: „... Миној е од оние за кого од преданијата знаеме дека, како најстар, си прибавил се себе бродови и завладеал со најголемиот дел од сегашното Хеленско море, загосподарил со Кикладските Острови и прв населил големо мнозинство, бркајќи ги Караните (жителите на Карија) и поставувајќи ги своите синови за господари. И ги бркал пиратите од морето, колку можел, се разбира секако за да има што поголеми приходи.“

[3] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. I, 4, Дерета, Београд, 1991.

Поради матријахатот на Крит, жените имале многу голема функција. Жените се бавеле со атлетика и боречки вештини со бикови (тауромахија), акоробатика, лов, тркачки игри и др. Тие биле вклучени и во производството, особено на керамика, и се смета дека тие први го иницирале производството на печена глина и амфори.

Еден од светите симболи на Критјаните е „двостраната секира“ – лабрис и „минојски рогови,“ сето тоа пренесено од Мала Азија.

Најголеми заслуги на полето на проучување на археологијата на Крит има Артур Еванс (1903), кој го открил сјајот и големината на „Минојската цивилизација“, со чија помош може да се следи историјата на Крит. Според него, праисторијата на Крит почнува уште околу 14.000 година пред Христа. Меѓутоа, Минојскиот период Еванс го дели на три главни периоди: раноминојскиот 3000-21000 година пред Христа, средноминојскиот 2100-1600 година пред Христа и доцниот минојски период 1600-1200 година пред Христа кога и се завршува периодот на критско-микенската култура во Егејот.

Раноминијската култура ја карактеризираат споменици од архитектурата (заоблени и четвороаголни куќи), гробови во форма на ковчег или семејни гробници, оружје, керамика, пластика, накит и печати. Средноминојската епоха ја сочинуваат величествени палати на спрат со многубројни одаи во вид на лавиринти, кои не биле обезбедени утврдувања. Потоа, столбови (често со симболите на двојната секира, „лабрис“, оттаму и лабиринт), фрески со полихромни слики кои претставуваат риби, делфини, „берачи на шафран“, „госпоѓи во сино“ итн. Следат гробови, тркалезни и четвороаголни, ковчези-ларнакс, светилишта, печена керамика, изработувани по прв пат во

историјата на лончарскиот вител/чекрек, камени вазни и светилки, садови, мечеви и др. Доцноминојскиот период го карактеризираат промени кои настанале како последица од големиот земјотрес во 1450 година пред Христа и од инавзијата на ново население.

Она што, меѓутоа, е најважно за Евансовите и подоцнежните истражувања, се околу 1600 парчиња таблици од глина. Од нив се гледа дека Минојците познавале три начини на пишување. Првиот начин бил хиероглифско писмо внесено преку Египет („свештенички пиктограми“) и Лувиј од Мала Азија. Со ова писмо се служеле во средниминскиот период (2100-1850). Следното било линеарно А писмо со кое пишувале од 1650-1400 година пред Христа. Следи линеарното Б писмо, кое се користело од 1450-1200 година пред Христа, во раздобје кога престанала критската доминација во Егејскиот свет, кога Крит бил окупиран од Микена.

Археолозите сметаат дека „Миноевата палата“ на Кносос, изградена во средноминојскиот период, била престолнина на легендариот крал Миној и пример за палатите во Фестос, Малиј и Закар. Таа палата преживеала неколку разорувања и земјотреси, како и ерупција на вулканот на Тера, за конечно да биде напуштена околу 1400 година пред Христа.

Миноевата религија била култ на Големата Мајка, како врховно женско божество внесено од Мала Азија преку Лувиј и Кар каде владеел матријархатот. Симболите биле двојна секира „лабрис“, чиј збор е од лувијско потекло, и „Минојските рогови“ на светиот бик, „таурокерат“.Зевс, како религија, на Крит дошол преку Мала Азија преку колонистите Нелеиди од Панонија и Лапитите. Неговото доаѓање е вткаено во митот[4] за Зевсовото раѓање кога неговата мајка, титанката Реја, сакала да го спаси својот син од таткото Крон, кој ги проголтувал своите деца што му ги раѓала Реа, бидејќи му било претскажано дека еден син ќе го симне од престолот. По советот на Уран и Геја, Реја го сокрила Зевс на Крит, во пештера на планината Ида или Дикта, каде Зевс го одгледале нимфите Адрастеа и Ида, во златна колевка и го хранеле со мед и млеко.

[4] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа), I, 1, 6 и Diodorus Sicilus: *Bibliotheca historica,* V, 70, Fr. Vogel, vol II, Leipzig, 1896.

Втора приказна за Зевсовото доаѓање е онаа за фениќанската колонизација на Крит, кога Зевс во лик на бик ја пренел ќерката на феникијскиот крал Агенор, принцезата Европа, на островото Крит.

Крит во праисторијата е поврзан и со случувањата околу Тројанската војна од 1193 пред Христа. Имено, по Миноевата смрт, него го наследил неговиот син што го добил од Пасифаја, *Катреј*, кој имал три ќерки: Аеропа, Климена и Апемосина, и синот Алтемен. Аеропа се омажила за Атреј, Пелоповиот син, крал на Микена, мајка на Агамемнон и Менелај, од лидиско или фригиско потекло од Мала Азија.

Климена се омажила за Науплиј, познат морепловец, кој го основал градот Науплиј на Пелопонез и го населил со потомци на Египќани, кои допловиле во Арголида со неговиот дедо Данај, т.е. бил Данаец.

По совет на пророчицата, Алтемен со сестрата Апемосина пребегнал на островот Род. Во длабока старост, Катреј сакал да му го отстапи престолот на синот и поради тоа отишол да го доведе од Род, каде несреќно биле убиен од синот мислејќи дека е пират. Катреј е свечено погребан на Крит и секоја година се одржувале погребни игри во негова чест.

Во една прилика, тројанскиот принц *Парис,* најмладиот и најубав Пријамов и Хекабин син, по Афродитин налог, со лаѓа отишол на Крит за да учествува во погребните игри приредени по повод смтта на кралот Катреј. Парис, со својата убави, раскошна облека, големиот брод и богатите дарови брзо ја стекнал љубовта на преубавата Хелена, сопруга на Менелај, спартански крал.

Хелена, маѓепсана од Парис, доброволно тргнала со него, со својата робинка и сопруговото благо, го напуштила мажот и љубовниците се соединиле на островот Кранај. После долго скитање и задржување, допловиле до Троја. Тројанците свечено ги дочакеле и биле маѓепсани од убавата Хелена. Менелај и Одисеј напразно инсистирале да им ја врати Хелена, а кога Тројанците одбиле тоа да го сторат, отпочнала Тројанската војна која траела десет години.

Од страната на Крит во Тројанската војна учествувал кралот *Идоменеј,* Деукалиновиот син, внук на кралот Миној. Тој бил

моќен владетел, господар на стотици градови и крал на целиот Крит. Учествувал во Тројанската војна со осумдесет лаѓи, каде храбро се борел. Тоа го потврдува и Хомер[5]: „... каде многу жители има/беа уште и други од сто градови на Крет,/на сите ним водач им беше Идоменеј.../Сите тргнале во осумдесет бордови црни“.

После војната, Идоменеј среќно се вратил во татковината, но набрзо бил прогонет поради суровоста. Отпловил од Крит во Калабрија каде изградил повеќе градови. По неговото заминување, уследило влијанието на Микена која ги потиснала домородците-Фениканите источно и западно на островот. Со продорот на Хелените во X век пред Христа тое го основале градот Горт и тогаш понува „мрачното доба“, назадување и враќање на примитивниот живот.[6]

[5] Хомер, *Илијада и одисеја,* II, 645, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓурић)

[6] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p, 55, Hiotelli, Athinai, 1972.

Кикладите се островска група-архипелаг од околу 220 острови во јужниот дел на Егејското Море, помеѓу Мала Азија, Балканот и Крит и остатоци се од старото егејско копно. Најголем дел од нив се брдовити.

Архипелагот лежи околу светото островo Дел, роден крај на хиперборејските богови Аплон и Артемида. Тука се одржувале свечености на аполонските амфиктонии кои што се славеле секоја четврта година во слава на Аполон, Артемида и на нивната мајка Лета, а се тука се наоѓало и славно пророчиште. Кикладските острови биле населени уште во неолитот со народите од јужниот дел на Мала Азија, како што се Кари, Лелези, а подоцна со Еоли и Феникани.

За процутот на културата на раното бронзено време допринело, покрај поволната положба и контрола на поморските патишта, богатството со суровини како што се мермер, бакар, сребо и злато. Археолозите откриле богати некрополи, со разни алатки, разни идоли на женски фигури од мермер, но и со садови и предмети од морската трговија.

Најновите археолошки истражувања на Тера и на Крит откриел една нова „Помпеја“, која претставува вистински рудник на материјална култура за арехолозите од наредните векови. Од куќите затрпани со пепелот од лавата, сочувани се приземјата со цела висина, а често и делови од спратните конструкции.

Најголемиот број простории била украсена со фрески од исклучителна убавина, каде преовладуваат мотиви со медитерански пејзажи и жанр-сцени.

XIV
ПРАИСТОРИСКИ ПЕЛОПОНЕЗ – КОЛОНИЗАЦИЈА

Пелопонез е географско име за најјужниот дел на Балканот во вид на полуостров, споен со континенталниот дел на Коринтскиот земјоуз – Истма. Бреговите се многу разгранети, со голем број заливи и полуострови. Земјиштето е планинско, Тајгет (2437 м), Пернон (1935 м), Еримант (2244 м), Килен (2376 м) и др., со карстни облици на релјефот. Реките се Пенеј, Алфеј, Евротас и други.

Археолошките истражувања од страна на Плиман, Кунтас, Блеген, Вејс, Пападимитрије, Милонас и други утврдиле изобилство од археолошки материјали за локалитетите Арг, Микена, Пил итн. Според доминантноста на Микенската култура, периодизацијата е извршена во неколку фази на развојот, почнувајќи од раните 1600 до 1100 година пред Христа. Историчарите, на основа на археолошките наоди, заклучуваат дека Пелопонез бил населен во мезохеладскиот период помеѓу 1900-1600 година пред Христа. Како ориентир се зема арголидската генеологија, која може да се следи од седумнаесет до осумнаесет поколениа наназад од Тројанската војна. Поради тоа, во натамошниот опис Арголида ќе биде изнесена како прва.

Колонизација на Пелазгите

Арголида во праисотирјата го зафаќала североисточниот дел на Пелопонез. Преку коринтските земји и Истма се граничела со Атика, западно со Ахаја, јужно со Лаконија. Праисториски градови

биле Арг, Науплиј, Тиринт, Микена, Сикион, Епидаур, Коринт, Трезен, Хермион, Лерн и др.

Арг, како град, има ономастика според кралот *Арг,* Инахов внук, бог на истоимената река во Арголида. Во митологијата, *Инах* е од пелашко потекло, од Мала Азија, син на Океан и Тетида, од кого започнува митската историја на Арголида и се споменува како современик на Ерихтониј, митскиот крал на Атина. Инах ги довел луѓето од планините кога биле создадени еколошките услови за тоа, ги исушил арголидските мочуришта, преку канали ги регулирал реките, ги расчистил шумите.

Инах се смета за предок на архиевски јунаци и кралеви. Неговата сопруга Мелија ги родила Форонеј, Пелазг, Агијалеј, Арг, Микена и Ија. Инах го востановил култот на аргивската Хера.[1]

[1] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* II, 15, 5, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1988.

Форонеј како крал ги обединил луѓето кои живееле оддалечени едни од други во заеднички населби, ги научил да го употребуваат огнот и да ги почитуваат боговите. Негова ќерка е *Ниоба*, прва смртница која Зевс ја љубел, од чија врска потекнува аргивскиот херој Арг, основач на градот Арга. Арг тргувал со Либерија од каде увезувал жито и ги научил своите сонародници да одгледуваат житарки.

Името *Пелазг* се однесува на многубројни митски јунаци од Арга, Тесалија и Аркадија, од области чии жители се фалеле дека се староседелци. Еден од аргивските херои по име Пелазг е Триопов син, кој гостољубиво ја примил божицата Деметра додека ја барала својата ќерка Кора (Персефона). Тој подигнал светилиште на Деметра, крај кое бил и погребан. Ја изградил тврдината Лариса, според името на неговата ќерка Лариса. Со Посејдон, *Лариса* ги добила синовите Пелазг, Ахај и Фтиј, кои го напуштиле Пелопонез и ја освоиле тесалиската Фтија, која до тогаш ја населувале диви племиња.[2] Еден од аргиевските кралеви по име Пелазг, син на староседелецот Палехтон, им обезбедил прибежиште на египетските колонисти под водство на Данај и неговите ќерки.

[2] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* I, 14. 2, II, 22, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1988.

Егиалските Пелазги се Пелазги од северниот дел на Пелопониз, на брегoвите на Коринтскиот залив, со доаѓањето на

Ахејците именуван како Ахеја. Кауконците се Пелазги од северозападниот дел на Пелопонез во областа Елида.

Колонизација на Пелопонез од страна на Еолските Лапити и Тиројци

Томсон[3] изнесува дека врз основа археолошките наоди на „минијската керамика“ од Димини културата на Пелопонез може да се заклучи дека носители на таа култура биле Еолците, Лапитите и Тиројците. Двете овие генеолошки стебла прв пат се востановени во Тесалија, кои од северот на Балканот застанале прво таму, а потоа, попат, преку Беотскиот Орхомен се раширile на југ. Нивните траги може да се докажат за *Лапитите* во Атика, Атина, Коринт, Елида, Аркадија и во Арголида, а уште и на Кикладските Острови, дури и на најмалото островo Сериф.

[3] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 268, Athina, 1954.

Потомците на *Еолските Тиројци* може да се следат во Коринт, Елида, во Месена и на други места.

Првиот Лапит кој станал крал на Арг бил *Форбант*, по враќањето од Род, а неговиот син е Триоп. Во родско-книдскиот мит Форбант е Триопов син. Според аргивското предание, Триоп ги имал синовите Јас, Агенор и Пелазг. *Јас,* по татковата смрт, со своите браќа Агенор и Пелазг, владеел со Пелопонез. Јасова ќерка е *Ија*, принцеза, свештеничка на божицата Хера, љубовница на врховниот бог Зевс. Љубоморната Хера ја прогонила Ија, а Зевс, за да ја спаси, ја претворил Ија во бела крава.

Итрината не ја излажала Хера, која на Ија ù пратила лут штркел кој је прободувал и ја прогонувал од место во место, од земја во земја, од Европа прешла во Азија и тоа преку Босфор (кравји премин) и стигнала во Египет, каде Зевс ја вратил во првобитниот изглед и мир, а по пат и ја оплодил. Во Египет, Ија му родила син на Зевс, Епаф, кој станал крал на Египет. Со Ниловата ќерка Мемфида, Епаф имал три ќерки: Либија, Лисијанаса и Теба, а се смета за предок на Данај и Кадмо. Подоцна, Епаф е поистоветуван со египетскиот Апид (Апис). Апис во Египет е славен како бог-бик, а со колонизацијата на Арголида

од страна на Данаидите, Пелопонез, особено Арголида именувана е како Апија, додека жителите Апијци-Апиди.

Триоповиот внук, Агеноровиот син *Кротоп*, бил крал на Арг. Имал две деца, синот Стенел и ќерката Псамат. Кротоп го очистил Аполон по убиството на Питон, змеј во областа на Делфи, во подножјето на Парнас. По смртта на Кротоп кој е погребан во Арг, неговиот син *Стенел* истанал крал на Арголида. Него го наследил неговиот син *Геланор*, кој како крал владеел со Арголида сè до доаѓањето на египетските колонисти Данајци. Еоловиот син *Сизиф* бил најмудар и најитар смртник, Глауков татко и Белерофонтов дедо. Бил крал на Ефир и основач на Коринт на Пелопонез. Сизиф се смета за татко на другиот голем итрец Одисеј. Хомер[4] наведува: "...

[4] Хомер, *Илијада и одисеја,* II, VII, 152, Нови Сад, 1985 (прев. М.Н. Ѓуриќ).

Постои Ефир град во средината на Арг, што дава коњи,/ каде живееше Сизиф, тој најлукав човек,/ Сизиф, Еолов син, тој Глаук го имаше за свој син,/ Глаук беспрекорен го роди јунакот Белерофонт..." По смртта, Сизиф е сурово казнет бидејќи на луѓето им оддавал божествени тајни, поради безбожност и поради тоа што ја силувал Тира, ќерката на својот брат Салмонеј. Во Адот, Сизиф турка огромна карпа нагоре по ридот, а кога ќе стигне до врвот, карпата се тркала наназад и паѓа во подножјето и овој голем грешник, во пот, без вода и во прашина, мора отпочеток да ја извршува оваа напразна работа – „Сизисофа работа". *Глаук* го наследил својот татко Сизиф како крал на Коринт – Ефир и бил познат како одгледувач на коњи.

Се смета за основач на Истамските игри. Неговиот син, коринтскиот јунак *Белерофонт*, поради убиството на Белер, по кого го добил и името, морал да го напушти Коринт, а потоа и Тиринт, каде кралот Прет го исчистил од гревот, отишол во Ликија во Мала Азгија со помош на својот крилест коњ Пегаз. Во Ликија, Белефоронт направил многу херојски дела и почитуван е како голем херој, а исто така и во Коринт. Митот за овој јунак го обработил Еврипид.

Глаук го наследил наредниот Сизифов син *Оринт*, а после него крал на Коринт станал *Тоант,* негов син. Во време на неговите правнуци, Доридите и Хијантидите, Хелените, под водство на Алет, го освоиле Коринт во 1100 година пред Христа.

Лапитите со време го колонизирале и западот на Пелопонез. Тоа најпрво го направил *Форбант,* постариот син на кралот Лапит, кој ја колонизирал Елида, северозападниот дел на Пелопонез каде се наоѓале Кауконските Пелазги.

Според елидското предание, Форбант од Тесалија преминал во градот Олен, во Ахеја, западно од Патра и тука на кралот Алектор му помогнал во борбата против Пелоп, кој од Фтија во Тесалија носел нови колонисти-Ахејци. Во знак на благодарност, Алектор го поделил своето кралевство со дојденецот. За да го зацврсти пријателството, Алектор се оженил со Форбанотвата ќерка Диогенија, а Форбант ја земал за жена Алектровата сестра Хирмина. Форбант имал два сина, Актор и Авгиј, кои по татковата смрт ја поделиле власта над Елида.

Актор, крал на Елида, со Молиона е татко на Молионидите, два близнаци Еврит и Ктеат. Тие биле најсилни во својата генерација. Го изгубиле животот кога биле во цветот на младоста, кога Хераклe ги убил од заседа кај Келон, каде тргнале на Истамските игри како претставници на Елида. Од тогаш, жителите на Елида никогаш не учествувале на овие игри. Вториот Форбантов син *Авгиј*, како крал на Елида, бил познат по своето богатство. Учествувал во походот на Аргонаутите во 1225 година пред Христа. Поседувал најдобри и најбројни крда и стада на светот, тристотини белоноги црни бикови и двестотини приплодни крави.

Во неговите сточни дворишта и штали лепешките не биле чистени неколку години. Кога Евристеј, кралот на Микена, Тиринт и Мидеја, од египетската династија на Данаидите, му наредил на Хераклe да ги исчисти сите запуштени штали, Авгиј се израдувал бидејќи од ѓубрето се ширела страшна реа и ја загрозувала земјата. Кралот на Елида дури и му ветил на Хераклe десетти дел од говедата, бидејќи не верувал дека тој ќе ја заврши работата за еден ден.

Кога Хераклe ја исчистил шталата и дворишта, Авгиј одбил да му да даде ветената награда, тврдејќи дека е измамен поради тоа што работата не ја извршил сам, туку речните богови кои што ги свртиле на водите на блиските реки Алфеј и Пенеј.

Авгиј долго владеел со Елида и умрел во длабока старост. По смртта, неговиот народ бил учесник во ловот на Калидонската

дива свиња. Нареден крал на Елида е *Мегет,* Филијев син. Негова мајка е Лаертова ќерка, Одисеева сестра, Хеленина и Клитемнестрина сестра.

Следејќи ја лапитската генеалогија на југозапад на Грција, Паусаниј[5] наведува дека од *Тоант*, крал на Етолците, *Андремоновиот* син-оснивач на градот Амфис во Етолија, преку Тоантовиот син *Хемон* и неговиот син *Оксил* до *Ендимион* имало шест генерации кралеви на Елида од лапитско потекло. Неговиот син *Епеј* бил крал на Елида кога Лидјанецот Пелоп ги зазел Пиза и соседната Олимпија, одделувајќи ја од Епејевата земја. Бидејќи Епеј немал деца, на престолот го наследил неговиот брат Етол, а Пеон пребегнал во Македонија.

[5] Pausania, *Periigissis tis Ellados, V*, 3, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Етол бил оженет со Форбантовата ќерка Пронија, која му ги родила синовите Плеурон и Калидон, епонимни херои на етолските градови. Кога подоцна Етол случајно го убил пелопонескиот крал Апид од Палантиј, тој побегнал на север во Етолија каде војувал со Куретите и областа по него го добила името Етолија. Така Лапитите станале господари на Етолија, планинска област западно од Фокида, источно од Акарнија, а северно од Коринтскиот и од заливот Петра.

Етоловиот и Проноиновиот син *Плеурон* бил епонимен херој на градот Плеурон во Етолија. Поседувал светелиште во Спарта, со негов споменик. Тиндареевите синови по мајка, Кастор и Полидеук, влечат потекло од Плеурон.[6]

[6] Pausania, *Periigissis tis Ellados,* III, 13, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Калидон, Плеуронов брат, станал епонимен херој на истоименот град во Етолија. Градот подоцна станал познат во Грција поради колективниот лов на најхрабрите воини од целата земја на Артемидината дива свиња, која ги уништувала жетвите, кравите и земјоделците. Во митологијата, овој настан е познат како „Лов на Калидонската дива свиња“, за време на калидонскиот крал *Енеј,* Плеуронов син. Енеј бил прв смртник на кому Дионис, Зевсовиот најмлад бесмртен син, му подарил чокот вонова лоза и виното го нарекол по своето име. Се раскажува дека неговиот најстар пастир Стефил (грозје) забележал јарец како јаде еден дотогаш непознат плод. Пастирот овој плод го

набрал и откако го изгмечил добил сок. Кралот Енеј овој напиток го „патентирал“ именувајќи го по своето име ионос-вино. Бил познат надалеку по својата гостопримливост, бидејќи на својот двор угостил многу херои и богови. Покрај Дионис, негови гости биле и Хераклe, Белерофонт, Агамемнон, Менелај и др. Енеј имал многу деца меѓу кои и синот Мелеагар и ќерката Дејанира.

Мелеагар е еден од јунаците на митото за ловот на Калидонската дива свиња. Негова мајка е Тестиевата ќерка Алтеја, крал на градот Плеурон во Етолија. Бил оженет со Клеопатра, која ја родила ќерката Полидора, додека со Аталанта го имал синот Партенопеј. Полидора се омажила за Протесилај, тесалски херој од Филак, учесник во Тројанската војна со 40 лаѓи кој веднаш по истоварувањето бил жртва на војната. Бил убиен од Хеткор. Неговата трагедија ја опишал Еврипид.

Мелеагровиот син Партенопеј израснал во Арг на Пелопонез и се истакнувал по исклучителната убавина и џиновската става. Загинал во текот на походот на Седумминатa против Теба. Неговиот син Промах бил учесник во походот на Епигонците на Теба.

Мелеагар учествувал во походот на Аргонаутите и во погребните натпревари приредени по повод смртта на Пелиј во Јолк. За време на Ловот на Калидонската дива свиња настанала караница околу кожата на свињата. Тогаш, Мелеагар непромислено ги убил своите двајца вујковци од градот Плеурон, каде живеело племето Курети, но, во караницата загинал и тој, додека други тврдат дека загинал во војна со Куретите од Аполон. Подоцна, кога Хераклe се симнал во Подземниот свет да го бара Кербер, Мелеагровата сенка му ја раскажала својата зла судбина и го замолила да ја заме за жена неговата сестра Дајанира. Мелеагровата судбина ја обработиле Еврипид и Софокле.

По излегувањето од Хадовото царство, Хераклe отишол во Калидон каде се оженил со *Дајанира* и тргнал во татковината. Младенците дошле до реката Еуен, каде кентаурот Нес, син на кралот Исион и Нефела - Лапити од Тесалија, ги пренесувал патниците-намерници преку реката. Бидејќи реката подивела од зимските дождови и се заканувала со своите брзаци и вртлози, Нес му предложил на Хераклe тој сам да ја преплива реката, а

Дајанира да му ја довери нему. Херакле го прифатил предлогот и платил за превозот. Кога Херакле се нашол на другиот брег од реката, го чул викање за помош на неговата сопруга која Нес ја силувал. Тогаш Херакле со својата стрела смртно го ранил кентаурот. За да му се освети на својот убиец, Нес ја посоветувал Дајанира да ја собере неговата крв и семе и од тоа да направи смеса и да ја употреби во случај да ја загуби љубовта на мажот. Дајанира тоа го искористила подоцна, кога Херакле во војна со Феничаните–Евхалии на Халкидики ја заробил ќерката на кралот Еврит, Јола, чија исклучителна убавина донела несреќа на нејзината фамилија и на татковината на Херакле.

Акарнаните се соседи на Етолија. Акарнанија е, исто така, планинска карстна област на брегот на Јонското оре, западно од реката Ахелој. Епонимен херој на Акарнанците е Еолецот *Акарнан*, Алкмеонов и Калироин син, Меланподов потомок од Арг на Пелопонез.

Колонизација на Месина. Нелеј, крал на Пил

Месенија е област во југозападниот дел на Пелопонез. На исток се граничи со Лаконија и Аркдија, на север со Елида, југозападно со Јонското Море. Помеѓу планината Тајгрт (2437 м) на исток и Кипарисија (1218 м) на запад, се наоѓа плодна рамнина отворена кон Месенскиот залив, низ која тече реката Памис. Првите жители на Месенија биле Лелези од Мала Азија, нивниот владетел бил Лелег и негови потомци, а потоа Пелазгите-Кавконци.

Колонизацијата на Панонците на Месенија започнува со Нелеј, Пелеев брат, кој откако станал крал на Јолк во Тесалија, го протерал својот роднина. *Нелеј* со себе ги повел своите роднини Мелампод и Бијант. Преку Беотија, Атика и Арголида или преку морски пат стигнале во Месена, каде на југот на Наваринскиот залив го основале градот Пил кој, поради популарноста на основачот, Хомер во своите епови го нарекува Нелеевиот град.

Според Паусаниј,[7] Нелеј во Месена најпрво бил примен од неговиот роднина Афарej, кој го основал градот Арена, според името на својата жена. *Аферај* бил Периеров син, внук на Еолците од Тесалија и на Енаретите и тој владеел со Месенија. Бил оженет со Горгофона, Персеевата ќерка од Аргос на

Пелопонез. Афарej бил татко на Линк, Ид и Пис, кралеви во Месенија. *Периерови* синови биле уште и Леукип, Тинтарej и Икариј. *Леукип* станал крал на Месенија, а *Тинтарej* крал на Спарта. *Икариј*, откако Леукип станал крал (имал три ќерки Леукипиди), побегнал во Акарнанија и се оженил со Поликаста, која му ја родила ќерката Пенелопа и уште два или пет синови. Кога *Пенелопа* дораснала за мажачка, се појавиле многу строjници. Икариј тогаш организирал натпревар и му ја дал својата ќерка на *Одисеј* од Итака, бидејќи тој бил победник.

[7] Pausania, *Periigissis tis Ellados,* VI, 2, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Наоѓајќи се меѓу свои роднини на Пелопонез, Нелеј се оженил со Хлорида, Амфионова и Ниобинова ќерка од племето Минијци од Понудавје. Таа му родила дванаесет синови и ќерката Пера. Од синовите најпознати се Нестор и Периклимен.

Како крал на Пил, Нелеј доживеал длабока старост. Археолошките истражувања утврдиле дека Нелеј, со Мегарон, изградил голема палата наречена „Несторова палата“. Откриен е и архив, со околу 1200 керамички плочки испишани со линеарното „Б“ писмо, кое што датира од околу 1200 година пред Христа.

Според Томсон,[8] Нелеидите, заедно со Лапитите, ја вовеле на Пелопонез палобалканската глосологија и религија од Дунав. Тоа се заклучува не само по линеарното „Б“ писмо, туку и по топонимите, како што се имињата на реките Пенеј, Енипеј, Миниј, пред сѐ во Елида, а пренесени се од Еолија, подоцна Тесалија. Тие, исто така, го вовеле и својот мит за нивната прабаба Тиро која овде е ќерка на *Салмонеј*, Еолов син, кој својата младост ја поминал во Тесалија.

[8] Thomson, G.: *I Aphaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 130, 285, Athina, 1954.

Митот вели дека тој подоцна се преселил во Елида каде го основал градот Салмон, северно од Олимпија. Тука станал крал на Елида, со женидбата со Алеевата ќерка Алкидика, која му го родила преубавото и мудро девојченце Тиро. Со Нелеидите во Месена пристигнал и богот Посејдон.[9]

[9] Исто, с. 285

Нелеидите биле и одлични морепловци. Според Аристотел, жителите на Пил пловеле но само до Кавказ, туку и долж

Јонското и Јадранското Море, каде се снабдувале со ќилибар – јантар-електрон. Според Херодот,[10] јантарот доаѓал од реката која варварите ја викале Еридан. Тоа е денешната река Сава крај Белград. Во митологијата, Еридан го прифатил Хелиеевиот син Фаетон кој, во желба да го имитира татка си во управување на златните Сончеви кочии, се нашол прерано во смрт во водите на Еридан. Феатон го погребале Хесперидите. Бидејќи неговите сестри Хелеидите денонoќно плачеле, Зевс од сомилост ги преобразил во тополи, а нивните солзи во ќилибар-јантар. Археолошките наоди во Пил[11] откриле големи количества ќилибар, со што Пил заземал значајно место во „ќилибарскиот пат“ од северниот Балкан до Медитеранот.

[10] Херодот, *Историја,* III, 155, Матица Српска, Београд, 1988.

[11] 1939, 1952-1964, Блеген, В.К, и американски археолози

Најстар Нелеев син бил *Периклимен*, кој учествувал во походот на Аргонаутите во 1225 година пред Христа. Него во борба го убил Херакле, кога тој дошол во Пил за Нелеј да го исчисти од гревот по убиството на Ифит, славниот стрелец, син на кралот Еврит, кој владеел со Енхалија во Месена. Нелеј тоа го одбил, бидејќи бил во големо пријателство со Ифитовиот татко. Поради тоа, Херакле ги нападнал Нелеидите и во таа прилика убил единаесет синови, освен најмалиот Нестор кој бил отсутен. По овој настан, Нелеј му го препуштил кралството Пил на својот син Нестор и се повлекол на Коринт кај свои роднини, каде умрел во длабока старост и тука, со големи почести, бил погребан.[12] Митот за Херакле и заземањето на Пил бил, изгледа, уште еден настан во ахејското навлегување од тесалската Фтија, под водство на Пелоп во XIII-XII век пред Христа (Гревс, 1990).[13]

[12] Pausania, *Periigissis tis Ellados,* II, 2, III, 26, Logos, Split, 1989.

[13] Grevs, R.: *The Greek Myths,* Penguin books, Middlessex, 1972.

Кралот на Пил, Нестор, во Торјанската војна

Нестор бил најмлад Нелеев син, оженет со Евридика, која му родила две ќерки и седум синови: Пизистрат, Атнилох, Трасимед, Арет, Персеј, Стратих и Ехефтон. Бил мудар и храбар крал на Пил. Учествувал во славнот лов на Калидонската дива свиња и во походот на Аргонаутите. Бил многу ангажиран и во подготовките за Тројанската војна, кога со Одисеј собирал војска по цела Грција. Одел дури и до Фтија во Тесалија за да ги

наговори Ахил и Патрокле да учествуваат во војната. Под Троја, Нестор стигнал со дваесет воени лаѓа и два сина, Антиох и Трасимед. Во текот на Тројанската војна се истакнал како „коњаникот Нестор“ и бил главен советник и мудар стратег.[14] По освјувањето на Троја, среќно се вратил во родниот Пил, во својот раскошен дворец, каде дочекал длабока старост и каде бил погребан.

[14] Хомер, *Илијада и одисеја,* II, IV, 170, Нови Сад, 1985 (прев. М.Н. Ѓурић)

Кога Хелените-Дорци го освојувале Пелопонез во 1104 година пред Христа, многу Нелеиди си заминале од Месина и се населиле во Атина, каде со Лапитите се вклучиле во кралските владејачки семејства. Според Херодот и Паусанија,[15] некои потомци на Нелеидите ја преживеале хеленската наезда во Месена, за што сведочат I и II Месенска војна во VIII и VII век пред Христа. Меѓу најпознатите братства на Нелеидите од Пил и Атина спаѓаат Пизистратидите, Кодридите, Алкмеонидите и Пеонидите, што е изнесено во поглавјето за колонизација на Атина.

[15] Херодот, *Историја*, V, 65, Матица Српска, Београд, 1988.; Паусаниј, II, 18, 8.

Мелампод: славен лекар и пророк

Нелеевите роднини Мелампод и Бијант, двајца браќа, Аминтаонови синови од подунавско потекло, ја имале следнава судбина: *Мелампод* живеел во близина на Пил. Станал славен пророк, бидејќи го разбирал говорот на птиците, се бавел со медицина, хумана репродукција, а особено знаел да лечи лудило. Првиот негов успех бил што го излечил од неплодноста Ификле, син на кралот Филак во Тесалија и како награда ги добил Филаковите говеда, кои му ги подарил на својот брат Бијант кога се вратил во Месена. Нареден, уште поголем успех, постигнал кога ќерките на Лисип, аргивскиот крал на Прет, по име Лисипа и Ифијанаса полуделе, бидејќи божицата Хера, Зевсовата сопруга, ги казнила бидејќи му се приклучиле на Дионисовиот култ. Кралот го повикал Мелампод да ги излечи и, бидејќи се работело за многу тешко заболување, Мелампод побарал како награда третина од неговото кралевство за себе.

На кралот Прет, меѓутоа, му се присторило дека оваа цена е превисока и затоа го одбил Мелампод. Но, со време, лудилото се

проширило и на останатите аргиевски жени и настанала колективна хистерија. Жените ги напуштале своите мажи, деца и домови и скитале по Пелопонез. Тогаш, кралот бил принуден повторно да го повика Мелампод, но овој ја зголемил цената и побарал уште една третина за својот брат Бијант. Прет со голема тага го прифатил барањето. Браќата ја завршиле задачата многу успешно, излекувајќи ги сите аргиевски жени и кралските ќерки. Задоволниот крал Прет, својата ќерка Ифијанса и Лисипа ги омажил за Мелампод и неговиот брат Бијант. Од Меламподовиот род, шест потомци владееле со Арголида во исто толку поколенија, како што се *Абант*, неговиот син *Амфијарај*, јунак од Тебанските војни во 1213 година пред Христа, учесник во ловот на Калидонската дива свиња и походите на Аргонаутите. Следи неговиот син *Алкмеон*, крал на Арг, учесник во војната против Теба, како и неговиот син *Акарнан*, епонимен херој на областа Акарнанија, итд.

Бијант, крал на Арг

Помладиот Амитанов син *Бијант*, Меламподовиот брат, кога дошол во Месина кај својот роднина Нелеј, крал на Пил, се вљубил и ја побарал за жена неговата ќерка Пера. Кралот му ја ветил девојката под услов најпрво да ги доведе познатите Филакови говеда од Тесалија. Бијант тргнал во Тесалија и напразно се обидувал да ги украде говедата бидејќи ги чувал страшен и секогаш буден пес. Само благодарение на Меламподовата пожртвуваност, Нелеј ги добил бараните говеда, а младиот Бијант раката на убавата Пера. Благодарение на Меламподовата заслуга, Бијант добил и еден дел од Претовото кралевство Арголида.

Бијант со Перо имал повеќе деца, од кои најзначајни се Талај, Адрастов татко. Подоцна, кога станал владетел на Арг и се оженил со Лисипа, таа му ја родила ќерката Анаксибија.

Талај учествувал во походот на Аргонаутите и, кога умрел, бил погребан во Арг. Имал повеќе деца, меѓу кои се Партенопеј, Пронак, Макистеј, Адраст, Ерифил и др.

Партенопеј израснал во Арг, се истакнувал со исклучителната убавина и џиновската става. Бил еден од војсковотците во походот на Седмумминатa против Теба, против

Фениќаните. Во борбите се истакнувал со храброст, но го усмртил Актор.

Пронак бил крал на Арг и почитуван е како јунак. Негови деца се Ликург и Амфитеј.

Ликург станал крал на Немеја во Арголида, успешно владеел со своето кралевство и погребан е на гората на Немејскиот Зевс.

Мекистеј исто така учествувал во походот на Седумминатa против Теба, каде и загинал. Неговиот син Евријат се споменува меѓу „Епигонците во војната против Теба“ и како учесник во Тројанската војна.

Адраст бил крал на Арг и имал шест деца. Во војната Седуммина против Теба бил војсководец, како и во војната „Епигонците против Теба“, каде го загубил синот Егијалеј. Бил многу почитуван во егејскиот свет. Адрастовиот внук, Егијалеев син *Кијанип*, бил крал на Арг и учесник во Тројанската војна и еден од оние кои се наоѓале внатре во дрвениот коњ.

Колонизација на Лаконија

На југоисток од Пелопонез се наоѓа областа Лаконија. Северно од неа е Аркадија, а западно Месенија, додека на југ и на исток е орабена со Егејското Море и длабок залив. Меѓу планините Парнон (1935 м) и Тајгет (2437 м) се наоѓа Лаконската рамнина, низ која протекува реката Еврота. Античкото име е Лакедемон, ама се јавува и под името Спарта.

Најстариот град на Лакедемонија бил Амикле, на десниот брег на Еврота, во кој се наоѓа славното Аполоново светилиште, кое се состоело од ограден простор во чие средиште се наоѓал Хијакинтовиот гроб, најмладиот и најубав син на кралот Амикле. Светилиштето било во зенит помеѓу VII-VI век пред Христа и во негова близина се откриени голем број подароци од архајската епоха.

Лелезите од Мала Азија ја колонизираат Лаконија

Паусаниј[16] изнесува дека првите колонисти на Лакедомонија биле Лелезите од Мала Азија, храбри морнари расеани по приморските краеви на Егеј. Нивниот митски предок е кралот *Лелег*, кој со нимфата Клеохарија ги имал синовите Еврот, Милет

и Поликаон, како и ќерката Терапна. *Милет* го наследил својот татко и се смета за изумител на млиновите.

[16] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* III, 1, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

По неговата смрт, власта ја презел неговиот брат *Еврот*, кој неистечната вода во рамнината, по пат на прокопи, ја насопчил кон морето море и така настанатата река ја нарекол Еврота. Бидејќи немал машки деца, кралската власт му ја оставил на *Лакедемон,* кому мајка му била Плеадата Тајгет, а татко Зевс. Според неа името го добила и планината Тајгет. Лакедемон за жена ја земал Спарта, ќерка на кралот Еврот. Кога станал владетел, неговото име се приширло низ земјата и таа е наречена Лакедемонија, а жителите Лакедемонци. После тоа, основал град, на десниот брег на реката Еврота, и го именувал Спарта, според името на својата жена. Лакедемон го наследил неговиот син *Амикле*, кој го основал градот Амикле, јужно од Спарта, на десниот брег на реката Еврота.

По Амикле, власта ја добил најстариот син *Аргал*, а по него власта прешла на неговиот син *Кинорт,* а после него на неговиот син *Ебал*. Бил оженет со Персеевата ќерка Горгофона, додека други автори[17] наведуваат дека таа била омажена за Периjер, Еоловиот потомок од Тесалија, и ги родила Афарај, Леукип, Тиндарej и Икариј.

[17] Apollodori, *Bibliotheca,* (I-II век пред Христа) III, 10,3

Во друг брак со Ебал, наводно, ги родила Икариј и Тиндарej.[18] Меѓутоа, Ебал со нимфата Батеја го имал синот *Хипоконт,* кој по татковата смрт ја презел власта во Спарта и ги протерал своите полубраќа од земјата. Тиндарej и Икариј пребегнале кај кралот Тестиј во Калидон. Подоцна, кога Хераклe го убил Хипоконт и неговите синови, Тиндарej се вратил во Спарта и го презел престолот.

[18] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* II, 21, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Еолци - кралеви на Спарта

Тиндарej и неговата сопруга Леда, ќерка на етолскиот крал Тестиј, имале двајца синови, скротителот на коњи Кастор и славниот поет Полидеук, кои биле близнаци и според својот небесен татко Зевс наречени Диоскури, а според својот земски

татко, лакедемонскиот крај Тиндарej – Тиндариди. Леда своите деца Кастор и Полидеук, како и близначките Хелена и Клитемнестра, ги родила на Тајгет. Полидеук и Хелена се деца на Зевс, кој на Леда ѝ пришол во вид на лебед, и тие биле бесмртни, додека Кастор и Клитемнестра, како деца на Тиндарej, ја делеле судбината на смртниците.

Диоскурите биле учесници во ловот на Калидонската дива свиња и во походот на Аргонаутите. Кастор загинал во борба со Афареевите синови околу кражба на говеда, додека Полидеук му ја упатил својата молба на својот небесен татко Зевс и него да го прати во смрт, за со братот да биде во подземниот свет. За да ја овековечи нивната братска љубов, Зевс ликовите на Диоскурите ги пренел меѓу cосвездието Близнаци. Култот на Диоскурите многу бргу се проширил во егејскиот свет.

Кога Пелопидите од Мала Азија, од лидјанско-фригијско потекло, воспоставиле власт во Микена, Тиндарej бил особено наклонет кон Атреевите синови Агамемнон и Менелај. Тој ја присилил својата ќерка Клитемнестра да се омажи за Агамемнон, кој бил убиец на нејзниот прв сопруг Тантал, додека по Одисеевиот совет, другата ќерка ја омажил за *Менелај*, кому му го отстапил спартанскиот престол. Подоцна, во време на Тројанската војна, својата внука Хермиона ја омажил за Агамемновиот син *Орест,* кој по смртта на својот татко станал крал на Спарта. Тиндарej е погребан во Спарта, во близина на Зевсовото светилиште. Со ова, на власт во Лакедомонија дошла династијата на Пелопидите сè до Орестовиот син *Тисамен*, кога Спарта ја освоиле Хелените-Дорци, во 1104 година пред Христа, на чело со Аристодем.

Аркадија – земја на Пелазгите

Планинската област во средниот дел на Пелопонез се вика Аркадија, етимолошки од зборот арктос-аркос-Аркадија, т.е. земја на мечки.

Според Паусанij,[18] први жители на Аркадија биле *Пелазгите*, а нивен крал бил *Пелазг*, син на Зевс и Форонеевата ќерка Ниоба. Тој своите поданици ги научил да градат колиби, да изработуваат облека од свинска кожа и да јадат плодови од даб.

[18] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* II, 21, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Неговиот син *Лиакон* со повеќе жени имал педесет синови и две ќерки. Неговите синови биле колонизатори и основачи на бројни градови на Пелопонез. Него го наследилл најстариот син *Никитим.* Според подоцнежно предание, Ликаон и неговите синови починиле злодело кое довело до Деукалионовиот потоп. Следен крал на Аркадија бил *Аркад,* кој владеел со Пелазгите на Пелопонез и кои според него се наречени Аркадјани. Својот народ го упатил во гаење житни растенија, правење леб, предење лен и волна.

Ги имал синовите Афејдант, Азан и Елат. Афејдант го добил на управување југоисточниот, Азан – северозападниот, а Елат – југозападниот дел на Аркадија. Центар на Афејдантовата земја бил градот Тегеј. Азан бил крал на градот Ликозур, а еден од неговите синови Клитор, кој основал истоимен град, бил најмоќен меѓу најмоќните кралевите.

Елат имал пет синови, меѓу кои е Килен, основач на истоимен град и планината Килен (2376 м), додека внукот Стимфол, основач на истоимен град и извор, итн. Следат имињата на Елатовиот син Епит, потоа Ликург, Анкеј кој учествувал во походот на Аргонаутите и во ловот Каледонската дива свиња, итн., сè до Ехем, Аероповиот син, крал на Тегејците во Аркадија. Кога Хелените тргнале во освојување на Пелопонез, *Ехем* им се спротивставил и излегол на двобој со нивниот водач Хил. Двобојот се одиграл меѓу Мегара и Коринт и во таа прилика Ехем го убил Хил. Ехем со големи почести подоцна бил погребан во Тегеј.

По третата генерација, Хелените повторно се ободеле да го освојат Пелопонез од северозападната страна. Тогаш крал на Аркадјаните бил *Полиместор*, кој успешно ја организирал одбраната, каде покрај Тегејците и нивните жени се фатиле за оружје. Ги победиле Хелените во бој и го заробиле жив нивниот водач и останатиот дел од војската.

Неколку години подоцна, Аркадјаните им дале огромна помош на Месењаните кога се бореле против Хелените од Спарта. Кога Хелените ја заземале Арголида, кралот Орест, Агамнемонов син,

пребегнал кај Аркадјаните, каде како старец умрел и бил погребан во Тегеј.

Паусаниј[19] натаму наведува дека Аркадјаните биле учесници во Тројанската војна и дека учествувале во борбата против Персијците кај Платеја, во 479 година пред Христа.

[19] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* VIII, 6, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Египетска колонизација на Арголида од страна на Данаидите

Данај – водич на колонистите

За време на лапитскиот крал на Арг, Геланор, син на аргивскиот крал Стенел, дошло до колонизација на Египќаните под водство на Данај. Во митологијата *Данај* е син на кралот на Египет, Бел, е неговиот брат-близнак се викал Египт. Бел своето кралевство го поделил така што Арабија му ја доделил на Египт, а Либија на Данај.

Египт имал педесет синови, а Данај педесет ќерки. Аполодор[20] наведува дека Данај, плашејќи се од братот и неговиот пород, побегнал со ќерките во Арголида. По него тргнале и Египтовите синови во желба да се смират со стрикото и да ги запросат неговите ќерки.

Данај ги омажил ќерките за Египтовите синови, ама на ќерките им наредил во првата брачна ноќ да ги убијат своите мажи. Данаидите го послушале таткото, освен Хипермнестра која му го поштидела животот на својот сопруг Линкеј. Поради тоа, Египт со голема силна војска тргнал во Арг и *Линкеј* станал крал на Арг.

[20] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа), II, 1.4.

Кралеви на Арг

Кралот на Арг, *Абант*, со Аглаја ги имал синовите Арксисиј и Прет. Познат бил Абантовиот штит, чија сила била толку голема така што арголитските побуненици многу се плашеле. Прет станал крал на Тиринт во Арголида и со Стенбеј го имал синот Мегапент и ќерките Лисипа и Ифијанса. Лисипа се омажила за Мелампод, а Ифијанса за неговиот брат Бијант, кои биле Лапити од панонско потекло. Тие владееле со Арголида во тек на шест последователни генерации.

По Претовата смрт, *Мегалент* владеел со Тиринт.

Абантовиот син *Акрисиј* бил кал на Арг. Бидејќи му било претскажано дека ќе биде убиен од внук, својата убава ќерка ја затворил во подземна одаја во која никој немал пристап. Меѓутоа, неа Зевс, во вид на дождовна капка, ја облъубил и таа го родила синот Персеј.

Персеј, Електрион, Алкемн, Амфитрион

Кога кралот Акрисиј го дознал тоа, Данаја и внукот ги затворил во дрвен ковчег и го фрлил в море. Брановите го исфрлиле ковчегот на островот Сериф. Таму мајката и синог ги нашол Диктис, брат на кралот Полидект, им дал прибежиште во својот дом и го одгледал момченцето како роден син. *Персеј* израснал во стасито момче, со исклучителна сила и убавина. Во меѓувреме, кралот се влъубил во Данаја и, за да го отстрани Персеј од островот, побарал да му ја донесе Медузината глава. Медуза била една од Горгоните, горзно чудовиште во женска форма, чија глава била цела со змии вплетени во нејзината коса, со заби слични на диви свињи, со долг јазик и раце од бронза, крилеста и со поглед што сѐ живо претворал во камен.

По долго скитање, маки и херојски дела со помош на боговите, со крилестата облека, со капа-невидливка и со Хермесовиот меч, Персеј го убил чудовиштето и ја отсекол главата. Со Медузината глава и со ќерката на кралот на Етиопиј, Андромеда, која му помогнала во потфатот, стигнал на островот Сериф и ја ослободил својата мајка, бидејќи со Медузината глава успеал сите присутни да ги скамени. Персеј го поставил Диктис за крал на Сериф, а потоа со мајка си и Андромеда отишол за Арг. На таа вест, кралот на Арг, Акрисиј, од страв побегнал, но Персеј тргнал по него за да го наговори да се врати, но не успеал. Пророштвото се исполнило. На еден натпревар во Лариса, Персеј ненамерно со диск го убил својот дедо. Персеј и Тесалијците со големи почести го погребале Акрисиј и му подигнале светилиште.

Скршен од болка, Персеј се вратил во Арг и наместо да биде крал на Арг, го замолил својот роднина Мегапент, Претовиот син, кралот на Тиринт, да му го остстапи Тиринт за Арг. Така Мегапент

владеел со Арг, додека Персеј бил крал на Тиринт. Потоа Персеј ги обиколил со бедеми Тиринт, Мидеја и Микена.

Персеј со Андромеда имал шест синови: Перс, Алкеј, Стенел, Хелеј, Местор и Електрион и една ќерка Горгофона. Доаѓањето на Данај и на Персеј на островот Сериф опишано е во една од Есхиловите сатирични игри.

Персеевиот и Андромедин син *Електрион* се оженил со својата внука, *Алкеевата* ќерка Анакса, која му ја родила ќерката Алкмена и многу синови (вкупно девет). Случајно го убил Алкмениниот вереник Амфитрион, син на тиринтскиот крал Алкеј, Персеев внук. Алкмена својата прва брачна ноќ ја минала и со Зевс и со *Амфитрион* и родила близнаци.

Херакле бил Зевсоф син, а Ификле Амфитрионов. Амфитрион живеел мирно во Теба кај Фениќаните, а загинал во војната која Тебанците ја воделе против Минијците од Орхомен во Беотија, од панонско потекло. Погребан е во Теба. Митот за Херакле ќе биде изнесен во наредното поглавје.

Од ова може да се разимира дека египетската колонизаторска династија на Данајците, со голем број потомци, оставила длабоки траги на Пелопонез, особено на Арголида. Многу културни достигнувања се поврзуваат за Данај и неговите ќерки. Се наведува дека Данај, пред својот роднина Кадмо, ја вовел писменоста во Грција. Тој прв вовел вештачко наводнување на земјата, а неговите ќерки Данаидите ја пронашле вештината на копање бунари.[21]

[21] Strabo, *Geographia,* I, 23, 8, Meineke, Lipsiae, I, II, III, 1913.

Персеј, преку својот син Електрион, е предок на најголемиот грчки хунак Херакле.[22] Хераклевите авантури во Хипербореја ќе бидат изнесени во посебно поглавје. Дали Данајците оставиле генетски траги кои може да се следат до ден-денес, нека послужат податоците на истражувачот А. Донски.[23] Тој изнесува податоци објавени во данскиот медицински часопис „Tisseus Antigenes“[24] дека Грците имаат значајна сродност со подс-сахарските народи (етиопските), што ги одвојува од останатите медитерански групи.

[22] Apllodori, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа)

[23] А. Донски, *Јазикот на античките* Македонци, Штип, 2006, 20-211.

[24] Tisseus Antigenes, 2001, 57, 2, 118-127.

XV
КОЛОНИЗАЦИЈА НА СЕВЕРЕН ПЕЛОПОНЕЗ – ЕГИЈАЛА ОД СТРАНА НА АХЕЈЦИТЕ

а) Тесалски Ахејци

Ахеја е северен брдовит крај на Пелопонез, помеѓу Арголида, Аркадија и Елида, на бреговите на Коринтскиот залив. Таа порано се викала Егијала, според формата на земјата од која поголемиот дел е морски брег (аигиалос), а жителите се викале *Егијалски Пелазги*.

До преселба на *Ахејците* на просторот на Балканот дошло во текот на средноминојската епоха, кога „егејската цивилизација" била на врвот, околу 1600 до 1400 година пред Христа.

Ахејците се од индоевропско потекло. Тие од својата прататковина Курган, помеѓу Аралското и Каспиското Море, тргнале во северозападен правец за Европа, до Панонија. Потоа, по долините на Морава и Вардар или долж Јадранскиот брег, Епир и Пиндскиот масиф стигнале до Фтија во Тесалија. Понатаму не можеле, бидејќи Термопилите ги чувале феникијските Кадмејци.[1] Првите исторски податоци за Ахејците ги даваат Хетитие и Египјаните. Хетитите, кои во XIV пред Христа имале моќна династија во Анадолија, со Мурсил околу 1350-1320 година пред Христа, ги викале Ahhijawa или Ahhiyawan.[2] Во египетските споменици и папирусите се споменуваат како Akaiwasha, за време на Рамзес II, 1288 година пред Христа.[3]

[1] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 183, Athina, 1954.

[2] Papastavrou, I,: *Istoria tis Arhaias Elladoc,* p. 29, Hiotelli, Athinai, 1972.; Taylor, W.L.: *The Mycenaeolns,* p. 158, Thames and Hudson, London, 1983.; Macqueen, J.G.: *the Hittites and their contemporaries in Asia Minor*, London, 1986.

Предбалкаснкото име на Ахејците во митологијата и историјата не е познато. Тие се именувани како Ахејци од страна на староседелските тесалски Пелазги од Фтија, потомци на Триоповиот син Пелазг, кој околу 1453 година пред Христа ја напуштил Арголида и ја освоил Фтија, кој до тогаш ја населувале диви племиња. Триоп во митологијата е од лапитско, односно еолско потекло. Според Грејвс,[4] 'ахај' значи оној кој ожалостува, тажен, чемерен. Во Централниот Балкан постојат мнгоу топоними под името *Чемерно*, можеби и тука треба да се бараат траги за нивното живеење пред новата татковина Фтија. Во историјата тие се означени како *Тесалски Ахејци,* поретко како *Еолски Ахејци.*

[3] Childe, V.G.: *The Aryans, a Study of Indo-European Origin,* p. 63, 72, London, 1927.

[4] Grevs, R.: *The Greek Myths,* Penquin Books, Middlessex, 1972.

Во митологијата *Пелазгот* Фтиј имал брат Исмен и сестра Егина. *Исмен* имал две ќерки, Дирка и Строфија, чии имиња носат означуваат два тебански извори. *Егина* се омажила за *Актор*, крал на Фтија, која му ги родила синовите Менетиј и Еуритион. Менетиј живеел во Локрида, а негов син е Патрокло, Ахилов роднина и негов нераздвоен пријател.[5]

Патрокло го поминал раното детство во Локрида. Во една игра, несакајќи и ненамерно го убил својот другар и поради тоа таткото Менетиј го однел својот син во Фтија, кај кралот Пелеј, кој го исчистил момчето од убиството. Патрокло одраснал во друштвото на Пелеевиот син Ахил, каде меѓу момчињата се развило нежно и трајно пријателство. Подоцна, пријателите ја барале раката на убавата Хелена од Спарта. Кога се одвивале подготовките за Тројанската војна, Нестор од Пил и Одисеј од Итака дошле во Фтија за да ги викнат Ахил и Патрокле да им се придружат. Во војната, Патрокле покажал исклучителна храброст и Ахил бил вчудоневиден од срдечноста на својот пријател, меѓутоа, во текот на војната загинал од Хектор, најголемиот тројански херој. Неговото тело е спалено на голема клада, а истовремено се организирале големи натпревари што биле приредени по повод Патрокловата смрт и жртвувањата на

дванаесетте заробени тројански момчиња. Подоцна, и Ахиловата пепел била положена во златната Патроклова урна и погребан на островот Леук, при устието на Дунав, каде Ахил има свој храм и биста.[6]

[6] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, III, 19. (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Егина, Еак, Пелеј, Ахил, Неоптолем во македонскиот ребус

Пелазговата сестра *Егина* со богот Зевс на островот Енон во Сароничкиот залив го родила синот Еак. Островото подоцна е наречено Егина. Егина не останала на островот, туку отишла во Фтија каде се омажила за Актор и тогаш го добиле синот Менетиј, Патроклов татко, додека на островот останал Еак. Бидејќи островото било пусто, бидејќи љубоморната Хера пред тоа го уништила овој народ, Еак го замолил Зевс да му подари друштво и луѓе со кои ќе владее и тоа онолку жители колку што здогледал мравки на едно свето дабово стебло. Зевс мравките ги претворил во луѓе, кои се наречени Мирмидонци (мирмикс значи мравка). Еак бил најпобожен и со своите молитви ги спасувал Грците па поради тоа бил почитуван не само во Егина и Атина, туку и во Аркадија.

Еак учествувал и во градењето на кулите на тројанските бедеми. Бил оженет со Енеида која му родила два сина - Телемон и Пелеј. Подоцна, Псамата му го родила синот Фок. Во текот на еден натпревар во фрлање диск, Телемон и Пелеј несакајќи го убиле својот полубрат, поради што Еак ги протерал од Егина. Теламон се засолнил на Саламина, додека Пелеј отишол кај кралот Евритион во тесалиската Фтија.

Евритион е Акторов син, крал на тесалската Фтија. Тој во својот двор пријателски го примил Еаковиот син Пелеј, го исчистил од убиството на Фок и му ја дал за жена својата ќерка *Антигона* и третина од кралството. Меѓутоа, во ловот на Калидонската дива свиња, Пелеј ненамерно го убил својот таст Евритион, поради што морал да ја напушти Фтија, отишол кај кралот Акаст во Јолк кој го исчистил. Во Јолк уживал во гостопримството сè додека во него не се вљубила Акастовата жена Астидамија.

Пелеј ја одбил нејзината љубов, но за да му се освети, Астидамија пратила гласници на Пелеевата сопруга дека нејзиниот маж ќе се жени со Акастовата ќерка Стеропа. Во очај, Антигона се обесила. Покрај тоа, навредената кралица му кажала на својот сопруг дека Пелеј се обидел да ја силува. Акаст не

сакал лично тој да го убие својот гостин, па го повикал во лов на планината Пелион меѓу кентаурите, каде ја докажал својата исклучителна ловечка вештина. Откако добил знаци од Зевс, се оженил со Нереевата ќерка Тетида која му родила седум синови, меѓу кои најмалиот бил Ахил.

Откако *Ахил* му го доверил на чување на кентаурот Хирон, Пелеј ја напуштил Фтија, се осветил на Акаст, учествувал во походот на Аргонатутие и во погребните свечености по повод смртта на Пелеј. Неговата старост била тажна, бидејќи го надживеал синот Ахил и својот внук Неоптолем. На веста за Ахиловата смрт, Акастовите синови го симнале Пелеј од престол и го протерале од Фтија. Стариот крал побегнал на островото Кос во Карпатскиот архипелаг, каде и умрел.

Кога Агамемнон го припремал походот на Троја, Еолци, Нестор и Одисеј дошле во Фтија да го наговорат Ахил со нив да тргне во војна. Ахил, на чело на Мирмидонците, со педесет лаѓи тргнал во војна, за што Хомер[7] пее: „...Кои беа од Арг, во пелашкиот живееја крај,/кои од Алопа беа, од Ал и од Трехин,/ и од Фтија и Хелада со жени убави,/ па Мирмидонци ги викаа, Хелени и уште Ахејци,/имаше лаѓи педесет, а водач им беше Ахилеј...“

[7] Хомер, *Илијада и одисеја*, II, 681, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Во Тројанската војна, Ахил го изгубил својот најмил пријател Патрокле кој бил убиен од страна на Хектор, Пријамов син. По Патрокловиот погреб и приредените натпревари во негова чест, Ахил во двобој го убил Хектор, а потоа неговото тело го врзал за својата кола и го одвлекол во грчкиот логор, три пати околу свежиот гроб на својот пријател, а потоа на Пријам му го предал Хекторовото мртво тело.

Во текот на војната, Пријамовиот син Парис, грабнувачот на убавата Хелена, со Аполонова помош го устрелил Ахил во петицата, единственото ранливо место на неговото тело. Борбата околу Ахиловото мртво тело била жестока. Сите ја оплакувале Ахиловата смрт, особено Мирмидонците. Неговото мртво тело е

спалено на клада, а пепелта е погребана со Патрокловата. Се говори дека неговота мајка Тетида, го однела Ахила на островото Леук, на устието на Дунав, каде божественият дел од неговото тело продолжил да живее.

Митот за Ахил инспирирал многу книжевни дела, а од времето на Александар Македонски, Ахил станува пример за сите владетели. Судбината на неговиот син *Неоптолем* е врзана за светогрдие?, бидејќи се обидел да го опљачка светилиштето во Делфи, но го убил жителот на Делфи, Махарej.

б) Пелопонеските Ахејци

Додека Ахејците живееле во тесалската Фтија (-ftio-да уништи), крај реката Сперхеј (sperho: да гони, да пламне), во градовите Ал и Алопа (алио: биде нестален), Еладите (elos: мочуриште) и Трахините (trahino: мрзоволен, огорчен), стеснети и осиромашени, во средината на XIII век пред Христа, Пелоп од Мала Азија одведува поголем дел Ахејци на Пелопонез и станува епонимен херој.

Лидјанецот Пелоп – водач на колонизацијата и крал на Елида

Пелоп во митологијата е син на лидијскиот или фригијскиот крал Танта. Со помош на Посејдон, добил крилести коњи и златни кочии, па преку островот Лезбос, со Лидјаните, Фргијците и големото богатство пристигнал меѓу сиромашните жители на Фтија. Потоа со Ахејците, по копно или со бродови, стигнал до северозападните брегови на Пелопонез. Бидејќи го победил кралот Еномај, се оженил со неговата ќерка Хиподамија, завладеал со Елида и станал владетел на Пиза. Ахејците ги населил на браговите на Коринтскиот залив каде живееле Елиалските Пелазги и областа е наречена *Ахеја*. Полуостровото, кое што првобитно се викало Пелазгиотис, со доаѓањето на Данајците го менува името во Апис, по светиот бик во Египет, за на крај според Пеолоп да биде наречено Пелопонез. Еден дел од Ахејците кои го колонизирале северниот дел од полустровот наречени се *Егиалски Ахејци*, со околу 12 градови. Другиот, помал дел, го колонизирал јужниот дел Лаконија и се познати под името *Паракипариски Ахејци*, со 11 градови, меѓу кои најзначајни

се Гитеон и Леуктра. Пелоп со Хиподамија имал повеќе деца, од кои најпознати се Атреј и Тиест, а од ќерките Никипа. *Никипа* се омажила за Стенел, крал на Микена, Персеев син, со што била воспоставена врска помеѓу династиите на Данаидите и Пелопидите. Од тој брак роден е ***Еврисшеј,*** во седмиот месец на бременоста благодарение на Херината итрина, кој станал господар на Микена, Тринит и Мидеј, наместо Алкмениниот син Херакле, кој морал да му се покорува. Херакловите авантури, поради задоцнетото раѓање, ќе бидат изнесени во посебно поглавје.

Атреј – крал на Микена и родоначалник на династијата на Пелопидите

Атреј бил оженет со Миноевата внука од Крит, Аеропа, која му ги родила синовите Агамемнон и Менелај, и ќерката Анаксибија. Трагедија се случила во нивното семејство оној ден кога Атреј и Тиест, по наговор на мајка им, го убиле и фрлиле во бунар својот полубрат Христип, син на Пелоп и Аксиоха. По овој злостор, Пелоп ги проколнал синовите, а тие, плашејќи се од татковиот гнев, побегнале во Микена кај својот зет, кралот Стенел. Бидејќи Стенеловиот син Авристеј немал наследник, пророштвото ги советувало Микенците за крал да изберат еден од Пелоповите синови.

Атреј станал прв крал на Микена, според договорот. Владеел со Микена околу 1250 година пред Христа. За време на неговото владеење, подигнати се повеќе монументални архитектонски споменици, како што е Лавјата капија, Атреевата ризница, Кикопските ѕидови, палатата во форма на мегарон со две простории и отворено предворје, и др. Со тоа династијата на Данидите е заменета со династијата на Пелопидите.

Тиест со време ја завел својата снаа Аеропа, па поради тоа побегнал од Микена во Сикион, каде, не знаејќи, ја обљубил својата ќерка Пелопија, која го родила Егист. Кога Егист пораснал, го убил стрикото Атреј. Додека Агамемнон се борел пред Троја, Егист со упорно ласкање ја заведувал неговата сопруга.

Агамемнон – крал на Микена и водач на Грците во Тројанската војна

Агамемнон, како најстар Атреев син, станал крал на Микена. Се оженил со Клитемнестра, ќерка на спартанскиот крал Тиндарej, кој му помогнал да стане владетел. Таа на Агамемнон му го родила синот Орест и трите ќерки: Електра, Ифигенија и Хрисотемида. Агамемновата судбина е поврзана за Тројанската војна, која траела десет години, за жртвувањето на ќерката Ифигенија, за љубовните перипетии во текот на војната со Хрисеида, Брисеида и Касандра и за караниците со Ахил.

По падот на Троја, Агамемнон се вратил во татковината каде, во завера, е убиен од својата жена Клитемнестра и нејзиниот љубовник Егист, Триестов син.

Орест – последен крал на Микена

За да ја освети татковата смрт, *Орест* го убил Егист и својата мајка Клитемнестра. По судските перипетии, владеел долго со Микена, околу 70 години. Умрел во својата деведесетта година како бегалец во Тегеј, поради освојувањето на Арголида од Хелените, каде е и погребан.

XVI
ТЕСАЛСКО-ПЕЛОПОНЕШКА МИТОЛОГИЈА ЗА ХЕРАКЛЕ (ХЕРАКЛЕВИТЕ ПАТУВАЊА ВО ХИПЕРБОРЕЈА И ПО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ДУНАВ)

Во хеленската митологија, Хераклe е најголеми, најсилен и најславен јунак. Легендите за него создадени се од страна на Дорците, кои како трет по ред народ на југот на Балканот, по староседелците Пелазги и Ахејци доселени во XVI пред Христа, мигирале од север во Пелазгија во XII век пред Христа. Легендите имале двојна намера: 1) да го истакнат божественото потекло на Дорците, со тоа што нивниот јунак потекнува од Зевс и 2) дека легендите претставуваат синтеза на староседелците Пелазги–Данаиди, Ахејците–Пелопиди и Дорците–Хераклиди[1], т.е. подоцна Хелени.

[1] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 190, Athina, 1954.

Името Хераклe (΄Ηρακλης) етимолошки е кованица од именките ΄Ηρα - Хера и глаголот κληζω, κλεω - клезо, клео – да слави, ’рти, именува, да се гордее, т.е. „Херина слава“. Во митологијата, Хераклe е роден во Беотија, но неговата родна грутка е во Арголида на Пелопонез, каде од првобитно место на живеење на Доридите, конечно се преселиле Дорците и ги протерале Ахејците.

Хераклe е син на Зевс и Амфитрионовата сопруга Алкмена. Амфитрион е крал на Микена, исто така од династијата на Данајците. Неговата мајка Никипа е ќерка на Пелоп од династијата Пелопиди. Неговиот полубрат Ификле е син на Алкмена, ама на од Зевс, туку од кралот Амфитрион. Херакловото првобитно име е Алкевс (Αλκενς) според неговиот дедо. Со измамата на Зевс и Атина, новороденият Алкевс (Алкид), подметнат е на заспаната божица Хера на доење, за да го подои со божествено млеко и да остане бесмртен. Своето почетно образование го добил од очувот Амфитрион, за подоцна да продолжи поради казна да чува говеда на Китерон, по казна, до својата 18-та година. Секој во Хераклe препознавал Зевсов син, бидејќи бил силен, висок, бестрашен. Го одбрал патот на доблеста, бидејќи Питија му претскажала дека ќе биде славен доколку се врати кај кралот Еврисшеј и ако му служи дванаесет години и, доколку за тоа време, изврши дванаесет јуначки дела. Делфиската Питија тогаш за прв пат го именувала со името Хераклe (Херина слава).

Неговиот дедо по мајка Еврисшеј, крал на Микена, му дал на Хераклe дванаесет тешки задачи, од кои шест требало да ги изврши на Пелопонез, а останатите шест надвор од Пелопонез. Меѓу задачите на Пелопонез биле: Немејскиот лав, Хидрата од Лерна, Керинската кошута, Ериматската дива свина, Авгиевите штали и Стимфијските големи птици. Останатите задачи во далечни земји биле: Кретскиот бик, Диомедовите кобили во Тракија, Ареевиот појас на амазонската кралица, Гериновите стада од Еритија, Хесперидините јаболки и фаќањето на Кербер, но и на Херинската кошута во Хипербореја.

Диомедовите кобили и Амазонскиот појас

Откако ги завршил задачите на Пелопонез, Хераклe тргнал со брод на далечниот север и тоа прво во Тракија, кај кралот на Бистонците, Диомед, кој поседувал бесни кобили. Тие се хранеле со човечко месо кое пред ним им го фрлал кралот, од странци кои доаѓале во оваа земја. Хераклe требало да украде четири кобили. Во жестоката битка, го совладал кралот, а кобилите му ги пратил на Еврисшеј на Пелопонез. Тоа го постигнал заедно со златниот Ареев појас на амазонската кралица Хиполита, кој што во

меѓувреме го освоил. Амазонките биле внуки на Зевс и Хера, ќерки на богот Арej, еден од дванаесетте олимписки богови. Според Херодот,[2] татковината на Амазонките била Темискир на Термодонт, т.е. сегашната рамнина Термачај кај Синоп, на турскиот брег на Црното Море. Меѓутоа, други сметаат дека Амазонките ја населувале Тракија и Илирија.[3] Името Амазонки (Αμαζσνες) е кованица од зборот 'α, а – не, без и зборот 'μαζος, μαστος' - мазос, мастос – што значи дојка, брекче, т.е. оние кои немаат дојка. Се сметало дека тие ја отстранувале својата десна дојка да не им смета при затегнувањето на лак и фрлањето копје.

[2] Херодот, *Историја*, V, 8, Матица Српска, Београд, 1988.

[3] Vergilius, *Aeneis, XI, 659.*

Керинската кошута – Хомолските планини –

Херакле во текот на својот престој на Пелопонез една година неуморно трагал по Керинската кошута на Тајгет и таа потера го одвела на север сè до реката Истар, во земјата на Хиперборејците и реката Кладон.[4]

[4] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II, век пред Христа), II, 5, 3.

Кошутата била брзонога и шарена. Имала бронзени копита и златни рогови. Хиперборејците ја посветиле на својата божица Артемида. Кога божицата била уште дете и со братот престојувала во овие краиште, во една пригода здогледала пет силни кошути како пасат на стрмните падини на Хомослките падини, додека сончевите зраци блескале на нивните рогови. Артемида потрчала по нив и успеала да фати четири кошути, една по една, а потоа ги впрегнала во кочии. Петтата кошута успеала да побегне во Керинската гора.

Хереклевата задача била да ја фати Керинската кошута жива, без примена на сила и да му ја однесе на Евристеј. После долго скитање низ Хомолските планини, Херакле ја забележал кошутата, но бидејќи не можел да ја стигне, ја разапнал стрелата и ја погодил во ногата, во пределот на Ахиловата тетива, така што не пролеал ниту капка нејзина крв. Ја зграбил изненадента кошута и ја натоварил на плешките. На патот, Херакле го пресретнале Артемида и Аполон и го прекориле што го ранил нивното свето животно, но откако Херакле им објаснил дека тоа морал да го стори по Евристеевиот налог, тие му опростиле.

Во географската ономастика на источна Србија, особено на Хомолските Планини, постојат многубројни тополними со името *Ц(К)ере*, како што се *Церие* за село северозападно од Ниш, *Церанска* пештера во близината, потоа пештера *Цере-мошња*, јужно од градот Кучево и два хоронима под името *Цере-тина* на брегoвите на Дунав. Овие хороними сега претставуваат многу богати ловишта на елени, муфлони, дивокози и други животни, така што, покрај националниот парк на Дунав во Ѓердапската клисура, на оваа територија постојат уште шест ловишта. Топоними на митолошкиот *Кладон* се селото *Кладушница* и градот *Кладово*.

Во митологијата *Кери* се летечки демонски суштества кои предизвикуваат смрт, нечистотија, немоќ, старост, грозница и слепило. Тие се црни како ноќ, со испапчени очи, исплазени јазици, со заби како диви sверови. Своите долги, свиткани нокти Керите ги забодуваат во телата на ранетите и мртвите, ги распарчуваат воините на бојните полиња и ја локаат нивната крв. На нивните раменици висат наметки кои се црвени од човечка крв.[5]

[5] Хомер, *Илијада и одисеја,* XVIII, 535, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Легендата за Керинската (Артемидина) кошута опстанала на овие простори до доаѓањето на Римјаните кон крајот на I век од нашата ера. Во римската култура, Артемидиниот култ е поистоветен со култот на божицата Дијана, кој што датира уште од 399 година пред Христа. Дијана била заштитничка на дивите животни и на ловот, сонцето, мајчинството и плодноста. Во знак на почитување кон пределот во која опстанала легендата за божицата Артемида, Римјаните, за време на царот Трајан (53-117) во Караташ, непосредно кај Кладушница, изградиле големо камено утврдување Castrum Diana I и II, чии рушевинии денес се сочувани на десниот брег на Дунав.

Геријоновото стадо

Следната задача била да оди во Еритија и да ги доведе Геријоновите говеда што биле со извонредна убавина. Според Херодот,[6] Хераклe тргнал на север. На тој пат ја преминал малата македонска река Ехедор каде Кикно (лебед), син на Арej и на Пирена (Πρηνα - Пирин планина?), го предизвикал на двобој. Но, Зевс фрлил гром меѓу воините и го прекинал бојот. Херодот

натаму приповедува: „... Герион не живеел на Црното Море, туку во Океан (на Дунав), на едно островo кое Хелените го нарекуваат Еритеја... И кога Хераклe дошол во земјата која сега се вика Скитија, а порано била ненаселена, а бидејќи го фатила зима и мраз, облекол лавја кожа и заспал, а коњите од неговата кола, кои во тоа време се наоѓале на пасиште, исчезнале на некој таинствен начин...“

[6] Херодот, *Историја*, IV, 8, Матица Српска, Београд, 1988.

Хераклe имал полно перипетии и по пат уништил многу диви sверови. На крај, кога ги сретнал Нимфите - Нереиди, ќерки на Зевс и Темида (Тамиш), тие му покажале каде живее пророчкото морско божество Нерej (реката Нера). Хераклe го зграчил стариот и оседен морски бог и го натерал да каже како може да се докопа до Ритија и до Геpионовите стада, како и до градината на златните јаболки на божицата Хера.

Како што е изнесено, Еритија е островo на Дунав по подоцнежно име Ада Кале, а Герион, внук на титанот Океан, бил крал на Тартес (Ѓердап), бидејќи и самото островo понекогаш се викало Тартесус или Еритреа (ερνθρη осн. ερνθ, ερνθρος ерит, еритрос – црвен, жолтоцрвен). Овој последен назив веројатно потекнува од големата црвена стена во природата, која што и денес се наоѓа на левиот брег на Дунав во висина на Лепенскиот Вир.

Според Паусанij,[7] кралот Герион важел за најсилен жив човек. Имал три глави, три трупа споени во струкот и шест раце. Тој господарел со „островото Еритија, од другата страна на Океановата струја“, т.е. со водопадите на Дунав. Ги поседувал најдобрите и најубавите говеда на светот, со жолтоцрвена боја. На островото, пасишатата биле многу богати, така што млекото не давало сурутка. Поради тоа, млекото било посветено на божицата Хера, па оттука и вториот дел од кованицата θείά теја – што на божество припаѓа. Во Еритија се наоѓале и познатите овоштарници со маслинки, смокви, портокали, урми и др. Говедата ги чувал пастирот Евритион (многупочитуван), син на богот Арej и двоглавиот пес-чувар Ортро.

[7] Pauzania, *Periigisis tis Ellados,* IV, 36, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Богот на Сонцето, Хелиј, на Хераклe му го позајмил својот златен пехар (брод) за во него да дојде до островото. Откако се

истоварил на островото, Херакле го убиле песот Ортро и чуварот Евритион со својот боздоган. Така Херакле ги украл говедата, не плаќајќи ништо на кралот Герион. Говедата ги натоварил во бродот и тргнал спротивно од течението на водите на реката Дунав, откако понел и маслинов расад. Кога Менет, чувар на Хадовите стада на истото острово, го известил кралот за грабнувањето на стоката, Герион го стигнал Херакле на реката Антема (Ανθεμα е еквивалент на αναθεμα, антема или анатема – проклетство).

Овој топоним денес се наоѓа спротивно од течението на реката од Еритија (Ада Кале), како тригонеметриска точка 324, меѓу селата Кличевац и Речица на десниот брег на Дунав во делтата на реката Млава (Стига), на излезот од Тартес. Во страшниот двобој, Херакле со една стрела ги прострелил сите три Геринови тела и го докрајчил со боздоганот. Од Гериновата крв изникнало чудесно дрво, кое се потело во крвта (дрењина или калинка).

Херакле го вратил „златниот чамец – пехар“ на богот Хелиј и со стадото Гериовони говеда продолжил пешки по десниот брег на Дунав за од Подземниот свет на Хад да го фати чуварот Кербер, многуглав пес, што била една од задачите кои Херакле морал да ги изврши. Меѓутоа, стадото на патот го нападнале Херините штркели (гулабови мушички).

Фаќањето на Кербер

Доведувањето на песот Кербер од Подземниот свет на Тартар била една од најтешките Хераклеви задачи. По денови одење од Антема, Херакле, со помош на Атена, стигнал до реката Стига (Млава). Хомер,[8] за тоа раскажува: „...кога Евристеј оној клучар го пратил во Хад, за од Ереб морскиот пес на Хад да го донесе, никогаш да не излезе од стрмнината на Стишката река...“. Долж Стига и Могила, Херакле стигнал до Хомолската пештера, каде од Хад го побарал Кербер.

[8] Хомер, *Илијада и одисеја,* XVIII, 369, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Овој, стоејќи крај својата жена Персефона, одговорил грубо: „Тој е твој доколку го совладаш без ластегарка и стрела“. Херакле го нашол Кербер врзан на ланец крај капијата Ахерон (бездна или уште βαθος батос – персонификација на реката Батуша, десна притока на Млава). Смело го стегнал за гуша, од која изрониле

три глави со грива од змии. Разбушавената опашка се подгинала за да го удри, но Херакле, заштитен од лавјата кожа, не попуштил и продолжил да го дави додека Кербер не папсал, гушејќи се.[9]

[9] Grevs, R., *The Greek Myths,* Penguin Books, Middlessex, 1972.

Во Подземниот свет, Херакле се сретнал со Персефона, господарката на подземниот свет, која го замолила да го пушти од своите силни раце Менетиј, чуварот на Хадовите стада, кој го нападнал бидејќи Херакле убил едно теленце, за душтие на мртвите да ги нахрани со крв. Херакле ја сретнал и Мелагревата сенка, Ареевиот син – херој од митот за ловот на Калидонската дива свиња, а сенката го советувала да се ожени со Дејанира, неговата сестра.

На враќање од Подземниот свет на Тартар, Херакле си исплетол венец од растенијата кои Хад (Ада Островото кај Стига) ги посадил во Елисејските Полиња како спомен на својата љубовница, прекрасната нимфа Леука, ќерка на Океан и Тетија. Надворешните листови на овој венец останале црни, бидејќи тоа е бојата на подземниот свет, додека листовите околу Херакловото чело станале сребренобели од неговиот божествен пот (Сребрено Езеро).

Од тогаш, Леука (белата топола) нему му е посветена, а бојата на нејзините лисја потсетуваат дека Херакле бил активен во двата света. Во овие краеви и ден-денес има многу тополи, како и села со ова име.

Во амбиентот на Хомољ и Стишкото Поле, Херакле го сретнал подземнито бог на Египет, Бусирид (бусирис – бог Озирис), кај десната притока на Млава, под името Бусур. Бусирид бил познат по својата суровост, бидејќи сите странци кои би дошле во Египет ги жртвувал на Зевс. Бусирид го фатил Херакле, го врзал, го накитил со цвеќе и го привел кон жртвеникот. Херакле смирено пришол кон жртвеникот – клада, но, кога ритуалот започнал, ги скинал сите окови и го убил Бусирид, како и учесниците во церемонијата. За овој настан, Еврипид напишал сатирична драма.

Во Стишкото, односно Пожаревачкото Поле (флеграјон педион – пожаревачко поле), Херакле му помогнал на својот татко Зевс во гигантомахијата, да го совлада гигантот Алкионеј, Уранов и Гејин син, познат по исклучителната висина и сила.[10] Гигантомахијата е изнесена во описот на Ада Циганлија.

[10] Apollodori, *Bibliotheca,* (I-II век пред Христа).

Хесперидините градини

Следна задача на Хераклe била на Евристиј да му донесе плод од златното јаболково дрво, кое мајката Земја ѝ го подарила на Хера како свадбен подарок за бракот со Зевс. Хера, која многу се израдувала на подаркот, го засадила дрвото во својата божествена градина, западно од Тартес и Стига, „таму каде задишаните коњи кои ја влечат кочијата на Хелиј го завршуваат својот пат, во земјата на Хесперидите.“ Таму, во земјата на Хиперборејците[11] „се наоѓа Атлантовото стадо од илјада овци и крдо од илјада говеда кои скитаат по неприкосновените пасишта, како и божествената градина со златни јаболка“.

[11] Херодот, *Историја,* IV, 184, Матица Српска, Београд, 1988.

Бидејќи Нерej (реката Нера), бог на водите, му ја оддал тајната како може да се стигне до Хесперидите, тој тргнал натаму, спротивно од течението на Дунав. Кога стигнал до селото Винча, заклучил дека Дунав се дели на три ракавци: „Големи води“, „Средни води“ и „Мали води“ и дека прави редок комплекс од четири ади. Тоа се: Чакљан, Форко-тумац, Стефанац и Доња ада. Јужно околу адата Чакљан се „Малите води“, додека северостично се „Средните води“. Утврдил, исто така, дека ракавецот „Мали води„ ја скратува пловидбата (бидејќи е долг само 7 км, за разлика од останатите чија должина изнесува и до 19 км), но изобилува со подводни карпи/песочни наноси, со многу трупци во водите, додека десниот брег бил висок брег, заматен со кал, исто така полн со трупци и камења (Бела Стена).

Борба со Как кај Ада Чакљан на Дунав

Хераклe бил пред својата цел па затоа решил да се одмори малку. Уморен од претходните борби и патешествија, брзо заспал и ги оставил Геријоновите говеда да пасат. Меѓутоа, на ада Чакљан (етимолошки сложен збор од κακ, κακος, какос – лош и зборот лиан-многу), живеел воинствениот домородец Како. Тој бил чудовиште, живеел во пештера (веројатно во Бела Стена), ги напаѓал и убивал сите што проаѓале тука и ја пустошел околината.

Како од Геријоновите говеда украл четири вола и четири крави, кои вешто си сокрил во пештерата на Бела Стена. За да ги

покрие трагите, Како или говедата ги влечел за опашките наназад или ги бришел траговите со гранки. Кога Херакле се разбудил, ја забележал кражбата и сепак говедата ги нашол по трагите, по мукањето на кравите или со помош на Каковата сестра Кака. Кака на Херакле му го открила засолништето каде нејзиниот брат Како ги скрил украдените говеда. Поради заслугите за оваа услуга, таа подоцна станала загадочна стариримска божица, за чиј култ се грижеле весталките, домаќинки на државното огниште, како и храната што на истото се подготвувала, особено лебот.

Во борбата која избила меѓу Како и Херакле, чудовиштето блуело дим и пламен, така што целата околина горела, сè до градините на Херините златни јаболка. На тоа место, подоцна е изграден градот Панчево (етим. кованица од пан – сè и кео – да гори), т.е. „Град кој целиот гори“. Во текот на страшната борба, на Херакле му снемало стрели, а боздоганот му се скршил, па му се обратил на својот татко Зевс (Дунав) да му помогне. Таткото тогаш донел многу камења (од Бела Стена?) со чија помош Херакле го совладал и на крај го убил Како. Во спомен на овој настан е и ономастиката на адата на Дунав, Чакљан (многу лошо), т.е. персонификација на совладување пречки од трупци и камења, со песочни наноси спротивно од течението на ракавецот „Мала Вода“.

Златните Херини јаболка

Од адата Чакљан, Херакле прешол на адата Форкотумац, за преку ракавецот на Дунав „Голема Вода“ да пристигне до Хесперидините јаболка.

Кај адата Форкотумац, Херакле сретнал двајца баќа, Форк и Таумант, Геини и Понтови деца. Форк или Форкеј (Φορκος или Φορκνος – дива свиња според Грејвс),[12] бил бог на вкочанети гребени и бранови. Бил оженет со Кета, својата сестра, која, покрај останатите, му ги родила и Хесперидите, Фокидите (Граите), Скила и, според Хесиод[13], змејот, кој ги чувал јаболките на Хесперида. Подоцна се прикажувало дека Форк владеел со Корзика и Сардинија и дека се удавил в море за време на поморската битка што ја водел со Атлант, кој претходно бил негов земјак, додека биле во земјата на Хиперборејците.[14] Форкидите биле две лични, убави сестри, наречени уште и Граи (сиви),

бидејќи биле седи уште од раѓање. Форкидите се преведуваат и како деца од свиња-маторица (Крњача?), а Форкида како свиња-маторица.[15] Подоцна се ракажувало дека постоела и трета Форкида, Персо, и дека таа имала изглед на лебед. Сите три заедно поседувале по едно око и еден заб. Тие го надгледувале патот што води кон Горгоните, кои живееле во Хадовите одаи,[16] во Стишките пештери на Хомољ.

[12] Grevs, R., *The Greek Myths,* Penquin Books, Middlessex, 1972.

[13] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia*, стр. 270 и понатаму

[14] Херодот, *Историја,* IV, 184, Матица Српска, Београд, 1988.

[15] Grevs, R., *The Greek Myths,* Penquin Books, Middlessex, 1972.

[16] Хомер, *Илијада и одисеја,* V, 741, 349, Нови Сад, 1985 (прев. М.Н. Ѓурић)

Форковата ќерка Скила (Σκυλλω скиле, од σκυλλω скило – растргува, мачи, т.е. таа која раскинува), била бесмртно чудовиште, водич, живеела во пештерите под гребените чии врвови ги прекривале пенливите бранови и магла. Кога Хераклe го преминувал дунавскиот ракавец „Големи Води“, Скила му грабнала едно Геријоново теле. Ненадејно, Хераклe, не знаејќи дека тоа е Форкова ќерка, ја убил Скила со своите стрели. Добродушниот татко Форко брзо го составил кериконото тело со запалени факели, така што Скила повторно ја оживеал.[17]

[17] Lycophron, *Alexandra,* 45.

Форковиот и Кетин син-змеј се викал *Ладон* (оној кој прегрнува). Хера го поставила Ладон да ги чува златните јаболка на дрвото на животот додека не ги оберат Хесперидите или за да го уништи Хераклe. Ладон имал стотици глави и бил секогаш буден. Покрај тоа што бил бесмртен, секогаш лежел склопчен околу дрвото и говрел различни јазици. Кога Хераклe стигнал до градината на Хесперида, прво со отровни стрели го усмртил Ладон, а Зевс, за да ја овековечи оваа борба, го пренел Ладон во сосвездието Змеј. Сцената на убивање на Ладон бил чест мотив во хеленско-римската епоха.

Со извидување на теренот, Хераклe сакал уште еднаш да ги потврди советите на морското божество Нереја (реката Нера) и речните Нимфи, ќерки на Зевс и Темида. И навитина, кога се завртел кон запад, каде Зевс се венчал со Хера, десно од себе ја имал нимфата Темида, денешната река Тамиш или Темиш, лево пред себе Зевс (Дунав) и Форките (ада Форкотумац), а далеку зад него, Хера (Делиблатската пештера со топоним Хероња). На

Херакле не му „пречела“ караницата на митографите за тоа дали Хесперидите се родени од Форк со Кета или од Зевс со Темида.

Кога дошол до Херините градини во денешниот Панчевачки рит, Херакле уште еднаш се потсетил на зборовите на Форковиот брат Таумант (Θαυμας Таумас - чудотворец, чудесен) и неговата убава жена Електра (Ἠλέκτρα - сјај, јантар) дека ако било што на патот за Микена му затреба, да се обрати на неговата ќерка Ирида (Ιρις - итра, брза, долга). Таа била неуморна, златокрилеста гласничка на боговите, која живеела на запад, на Иришкиот венец кај Фрушка гора. Истовремено, чудотворецот Таумант го потсетил да води смека за загадочниот збор мелон (μηλον), кој што има двојно значење, бидејќи мелон значи и ’овца’ и ’јаболко’.

Понатаму, дека јаболките се наоѓаат онаму каде и *Атлантовите говеда*, а овците лево. На теренот, Херакле наишол на две рекички што се вливаат во Дунав. Левата носи име Себеш (σεβω, σεβτζω етимолошки од себо, себизо – да се биде во страв, да се врши побожна должност). Тука постои и топонимот Овчански Себеш и селото Овча. Десната рекичка носи име Бутуш (βουτης бутес – говедарски), каде спротивно од течениеото на водата се доаѓа до Јабуковиот рит, а нешто повеќе на северозапад крај Тамиш, до селото Јабука. Херакле сметал дека тука се Атлантовите говеда.

Бидејќи богот Нереј го советувал тој самиот да не ги бере јаболките, туку тоа наместо него да го стори Атлант (Ατλς, атлас – носител), Херакле така и постапил. Атлас бил еден од Титаните, син на Јапет и океанидата Климента, и имал многу ќерки, меѓу кои и Хесперидите, а од синовите Хеспер. Поради учеството во борбите на Титаните против боговите, Зевс го казнил Атлант да го држи небото со рацете над главата, во земјата на Хесперидите, односно Хиперборејците.

Херакле го замолил Атлант да му направи услуга, што тој со задоволство прифатил за да се одмори малку од товарот. Тогаш Херакле ги подвиткал плеќите и ја прифатил на себе тежината на небесниот свод наместо Атлант. Набрзо, Атлант се вратил со три јаболки кои ги набрале Хесперидите и решил самиот да му ги однесе златните јаболка на Еврисеј, бидејќи чуството на слобода му се причинило неизмерно пријатно. Сфаќајќи ја

намерата на Атлант, Херакле се преправил дека се согласува, но, бидејќи Нерej му рекол никако да не се согласи на некоја таква слична понуда, го замолил Атлант да му го придржи сводот додека не стави подметка на главата. Не насетувајќи никаква измама, Атлант ги оставил јаболките на земја и го примил небескиот свод. Херакле ги собрал златните јаболка од Херината градина во Панчевачкиот рит и со Гериновите говеда тргнал понатаму по Дунав, водејќи особено сметка да ги сочува Хесперидините јаболки во добра состојба.

Јаболката им обезбедувале младост и бесмртност на боговите од Олимп, па затоа често биле и „јаболка на раздор“, караници, дури и војни. Така, на пример, Хомер[18] раскажува дека едно златно јаболко била причината за Тројанската војна. Имено, таткото на сите богови, Зевс, за да го разретчи човечкиот род и да ја прослави својата убава ќерка Хелена, решил да предизвика светска војна.

За тоа се советувал со нимфата Темида (реката Тамиш), која била негова втора жена, во прусуство на божиците-зачетнички на неслога, караница и војна, Ередите (Ερτς, ерис – караница, препирка, борба), сестри на богот Арej (ада Ратно острово) и решил да предизвика голема војна. Задачата ù ја доверил на Ерида. На една свадба на која присуствувале сите богови, Ерида, која не била поканета, решила да ги раскара гостите на боговите. Додека Хера, Афродите и Атена пријателски си муабетеле држејќи се за раце, таа им спуштила едно златно јаболко крај нозете, на кое пишувало „На најубавата!“ Секоја од трите божици се сметала за најубава и секоја си помислила дека јаболкот ù припаѓа токму неа, но ниту еден од боговите не сакал да пресуди. По налог на Зевс, тоа морал да го стори тројанскиот принц Парис, Пријамов син.

За да ја добијат наклонетоста на принцот, божиците нему му давале разни ветувања. Хера ветила дека ќе се погрижи тој да стане господар на целиот свет; Атена му ветила дека ќе биде славен, а Афродита му ветила дека за жена ќе ја земе најубавата на светот, познатата Хелена, Зевсовата ќерка, сопруга на Менелај. Парис ја прогласил Афродите за најубава божица и ù го предал златното јаболко од божествените градини на земјата на Хесперидите. На Афродитина интервенција, за време на една

прослава на Крит каде со својот сопруг била и Хелена, таа на прв поглед страсно се вљубила во тројанскиот Парис. Го напуштила кралот на Спарта, Менелај, и доброволно тргнала со него во Троја. Така почнала Тројанската или „првата светска војна“, во 1192 година пред Христа. Во оваа војна, Хераклe не учествувал бидејќи живеел пред да таа се случи.

[18] Хомер, *Илијада и одисеја,* XXIV, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Борбата кај Ада Крчедин

На својот натамошен пат низ земјата на Хиперборејците, Хераклe, следејќи го Дунав, дошол до Ада Крчедин (етимолошка кованица од зборот καρκτνος, каркинос – рак и Атδης Хајдес – Хад или зборот τδετν- идејн – да биди, изгледа, т.е. ракоиден). Тука го сретнал демонот Каркин (Καρκτνας) и дошло до судир. Каркин го гризнал Хераклe за петицата и се обидувал да го онеспособи за борба. Меѓутоа, Хераклe го убил Каркин, а божицата Хера, која го мразела Хераклe, го пренела Каркин на небо, каде блеска како како sosвездие на Ракот меѓу дванаесетте значајни знаци на зодијакот.

Оваа приказна за борбата со Каркин (Рак), вклучена е во митот за Хидрата од Лерн, каде Хера ги одгледала Хидрата и Ракот од омраза кон Хераклe. Митот за Хидрата од Лерн ги збунува класичните митографи, бидејќи Лерн е во Арголида на море,[19], а „морското чудовиште“ треба да живее во длабоки вирови, а кои не постојат кај соседните реки Фрикс и Еразин.

[19] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, II, 37, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, plit, 1989.

Борби со Керите, кај Черевичка ада

Кога Хераклe стигнал кај Черевичката ада (етимилошки од κηρες, керес) спротивно од течението од Нови Сад, се сретнал со демонските суштества Кери, кои се сестри Мојра и Апата (градот Апатин) и деца на божицата на ноќта. Во митологијата, Керите се различно прикажувани, било како душите на мртвите кои се исфрлени од дома или како демони, црни како ноќ, но, најчесто, како демонски суштества, човекојадци кои сѐ во животот валкаат. Опишувани се и како птичурини со испакнати очи, заби како диви свињи, со исплазени јазици, со долги канџи, пердуви од бронза кои паѓаат на земјата и сѐ убиваат.

Во Хераклевиот мит, овие птици се сместени во Аркадија, во градот Стимфал, и познати се како Стимфалски птичурини. Паусаниј, меѓутоа, се сомневa дека птиците можеле да опстанат во Стимфалија каде нема вода во текот на летото.[20] Имено, на стимфалското подрачје постои извор кој во зимско доба создава мало езеро и од него истекува малата река Стимфа. Лето нема езеро и рекичката понира и се појавува повторно во Арголида под името Еразин. Тие птици порано, веројатно, поинаку се викале од страна на мештаните. Хераклe ги протерал птиците во правец кон Црното Море или кон Африка, во Арабијската пустина, каде „меѓу другите sверови и овие птици, наречени Стимфалиди, кон луѓето не се ништо попитоми од лавовите и леопардите“.

[20] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, VIII, 22, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, plit, 1989.

Во водите на Дунав, во адите и мочуриштата на овие предели и денес долетуваат многубројни птици-преселнички, па приказните за „птичурините“ и ден-денес се присутни.

Борба со Нес кај Нестинската ада

Кај Нестинската ада, покрај селото Челарево (етимолошки веројатно од зборот κελαρνζω келаризо – да тече, плиска, шуми), Хераклe се сретнал со кентаурот Нес (Νέσσος или Νέσιος, нес или нест), Тетиин и Океанов син, кој бил единствен поради својата честитост и задолжен од боговите да ги пренесува патниците преку реката. Хераклe тогаш бил со Дејанира, својата идна сопруга.

Бидејќи реката подивела од дождови и се заканувала со своите вирови, брзаци и бранови, Нес му предложил на Хераклe тој сам да ја преплива реката а Дејанира, за да не се наводени, да му на довери на неговото искуство и силни раце, со мала награда. Хераклe го прифатил предлогот и ја исплатил побараната цена. Кога се нашол на другиот брег на Дунав, го зачул повикот за помош на својата сакана. Неа Нес ја фрлил на земја и се обидел да ја силува. Хераклe брзо го земал својот лак и една отровна стрела и непогрешливо ја насочил кон срцето на кентаурот Нес.

За да му се освети на Хераклe, чудовиштето ја наговорил Дејанира да го земе неговото семе кое што се растурило по земјата, неговата крв од раната, да додаде маслинов зејтин и да

направи смеса што ќе ја чува како чудотворен љубовен еликсир. Еден ден, по неколку месеци, кога сфатила дека поради убавата Јола ќе ја изгуби љубовта на својот сопруг, Дејанира на Хераклe му дала кошула натопена во Несовата крв. Овој „љубовен еликсир“ набрзо го покажал своето страшно дејство. Кошулата се прилепила за Хераклe и Несовата затруена крв се влеала и слеала во неговата крв, која почнала да врие и да му ја гори утробата и мускулите.

Хераклe лелекал, повикувал помош, а потоа очајнички ја растргнал и соблекол кошулата, со својата кожа и мускули на неа. Очаен од несреќата која го снашла, се качил на врвот на планината Ета во Фтија каде сам себе си си направил глема клада. Потоа легнал на крзното од Немејскиот лав. Додека кладата горела, Зевс го издигнал својот син на небото, каде е примен меѓу боговите, откако се смирил со Хера.

Хераклe е дорски херој и се семта дека митовите за него настанале во различни раздобја и во разни краеви на хеленскиот свет.

Бидејќи постои натесна врска помеѓу Хераклевите дела од една страна и помеѓу Зевс и Хера од друга страна, т.е. со хидролошкиот систем на Дунав во Панонија, може да се заклучи дека нивните архетипски творци се и творци на митот за популацијата на културата на Лепенскиот Вир и Средното Подунавје воопшто.

Опишувањето на Хераклевите дела од страна на разни митографи дијаметрално се разликуваат по редослед и местото на случување на дејствијата кои се лоцираат дури на сите три тогаш познати континенти. Со овие истражувања утврдено е дека реката Дунав е „Златна средина“ на овие настани, бидејќи сета ономастика на топоними, хороними и теоними е сместена долж водениот пат на Дунав во Средното Подунавје, кој што претставува единствена функционална целина.

Тоа се, пред сè, случувањата на „Светата„ ада Еритија (Ада Кале) која поради големите Црвени карпи кај Лепенскиот Вир на левиот брег на Дунав се преведува и како Еритреја или Еритрија и создава забуна меѓу митографите од сите генерации, околу локациите (се лоцира дури и во Шпанија).

Паусанија[21] ги величи Геријоновите говеда и истакнува дека луѓето од тоа време се труделе да стекнат некое богатсво во вид на стада на говеда, коњи или овци, а дека говедата, особено Геријоновите, биле на највисока цена. Со оваа раса се тргувало во Тесалија, Теба, на Пелопонез, во Сицилија, Италија и Шпанија. Хомер во *Илијада* и самиот пее дека Антеноровиот син Ифидамант од Троја како прв свадбен подарок му дал на својот таст сто Геринови говеда. Тоа сето, веројатно, влијаело да се создаде митот за Геријоновите говеда од Дунав, т.е. од онаа страна на Океановата струја, односно Водопадите на Дунав.

[21] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, IV, 36, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, plit, 1989.

Реката Млава, со големото Стишко поле, е митолошка река-понорница, со многубројни притоки кои носат митолошки имиња (Бусар, Орловача, Могила, Батуша, итн.), со Хомољски пештери каде царува Персефона која ја чува песот Кербер, чии води се на Океановиот ракавец и ја формираат адата Хад, што претставува најтежок и најголем Хераклов успех, ама и најтежок митолошки ребус околу географските локации.

Подоцна, хеленските митографи се обидувале овие настани од Стига да ги сместат во Аркадија на Пелопонез. Во ова се посомневал и Паусанија[22] кога је обиколувал Хелада и тој изнесува: „Хесиод во Теагонија, како и Лин (митски поет) пејат дека Стикс е ќерка на Океана, а жена на Палант.

[22] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, VII, 18, (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, plit, 1989.

Кога го прочитав тоа, ми се чинеше дека сè е погрешно... Името на Стикс во својата поезија најмногу го користел Хомер... И Кретјанинот Епименид пее дека Стикс е ќерка на Океан. Водата која капе од гребенот на страна на Норакридите прво паѓа на една висока стена во реката Кратида. Таа вода му донесува смрт на човека и на секое друго суштество.“

Од ова јасно се гледа дека Стига во Аркадија е водата „која капе“ од гребенот на планината Арониан и создава поточе долго околу 4 км и се влева во рекичката Кратида, чија вкупна должина изнесува околу 20 км и истекува во Коринтскиот залив. Нема пештери, понори и Стишко поле, нема Хад (ада), нема притока и не е пловна за „душите на мртвите.“ Спротивно, Млава (Стига) во Средното Подунавје одговара на Хесиодовата теорија дека

водите на Стига се Океанов ракавец и дека десетти дел од неговите води истекува“.[23]

[23] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia*, стр. 361 и натаму.

Местото каде се одвивала гигантомахијата и учеството на Херакле во гигантомахијата, исто така, се пикажуваат поризволно од страна на митографите, иако тоа и самиот Хесиод[24] убаво го означува како Флегрејско поле, што во наш превод значи Пожаревачко, односно Стишко поле. Оваа локација во Хелада не е никогаш точно утврдена.

[24] 23 Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia*, стр. 183.

Географските локации каде се наоѓаат градините со златните јаболка на Хесперидите во митологијата се различни, непрецизни или неодредени, а најчесто се лоцирани во Либија или некаде во западна Африка или Европа. Нашите истражувања го решиле и тој ребус, а со анализа на прецизните географски карти и со споредување на ономастиката и значењето на имињата, јасно се воочува дека градините на Хесперидите се наоѓаат во триаголникот: Белград-Панчево-Винча, т.е. во Панчевачкиот рит, кај селата Јабука и Овча (μηλο мелон – јаболко или овца).

XVII
РЕЛИГИИТЕ НА ПРАИСТОРИСКИОТ ЕГЕЈ

Во сите традиционални религии, космогониите, теогониите и митовите претставуваат суштина на „светото“ знаење. Искуството на „светото“ претставува еден од елемнтите на структурата на свеста. Од набљудување на природата се проектира мисловна слика за раѓањето на природата и свеста, која настојува да ја одгонетне нејзината тајна, тајната на животот и смртта, на начин примерен на свеста на човекот во одредено доба. Во зависност од културно-историскиот степен на развојот на човековиот дух на поедини племиња кои го колонизирале праисторискиот Егеј, односот што го имале кон религијата заслужува особена важност, како и по својата содржина, така и по напливот на интелектуалната атмосфера на неговото време.

Тешкотиите при интерпретирање на немите наоди на археолозите никаде не се поголеми отколку во областа на религијата и јазикот, но, и покрај тоа, археолошките наоди во многу придонеле кон објаснување на религиите и верските обичаи во Егејскиот свет.

На Крит, симболите на минојската религија биле двојната екира „лабрис“ и „Минојските рогови“ на светиот бик, „траурокерат“. Двојната секира „лабрис“ внесена е порано и тоа од страна на племињата од Мала Азија, како што се Лувијци, Карци, Лелези. Подоцна е внесен и култот на Големата Мајка (Магна Матер), кој бил од малоазиско-фризиско потекло. Самотракиските богови Кабира и Кибела – мајки на боговите и природата, како господарки на животните, земјата, сè што се раѓа и божици на змиите. Со доаѓањето на Фениќаните, како симбол е

внесен и „светиот бик“ од Египет – Апис, како и „таурокерат“, а во митологијата по приказната за Зевс во вид на убав бик и Европа. Главно, минојската религија била матријархат, каде жената имала доминантна улога.

Во Теба, Феникиецот Кадмо, во потрага по својата сестра Европа, со себе ја донел и религијата на Големата Мајка, која постоела и на Крит. Врз основа на ова, Томсон смета дека Кадмејците биле колонисти од Крит. Освен тоа, постоела и тотемолатрија, бидејќи Кадмо пред смртта се претворил во змија и во вид на змија отишол кај Енхелејците, каде станал крал на Илирија, што е знак на „фидо-историја“. Данајците во Арголида верувале во „Светиот бик“, додека Пелазгите верувало во душите на претците, што било присутно и кај Пелопидите. Исто така, постоела и апотеоза на кралеви и реки, како и религијско-магијски систем на племенски тотемизам, апотеоза на херои - „херолатрија“, на мртви – „некролатрија“, итн., или на богот на Соцето – Хелиос кај Данајците.

Со колонизација на јужниот Балкан од страна на Хиперборејците и Борејците, т.е. Еолците од Панонија, воведен е систем од дванаесет Олимписки богови, на чело со врховниот бог Зевс – Диос.

Во истражувањето на грчката митологија и религија најдобри податоци дава Херодот[2] кој вели: „... Хомер и Хесиод, поети, на Хелените први им ја создале приказната за постанокот на боговите, им дале имиња и ги објасниле божествените почести и вештини и, најпосле, ги опишале нивните ликови.“ Натаму, истакнува дека на овие двајца поети, меѓутоа, „сите тие приказни им ги подариле музите, убавите ќерки на Музата Сеќавање, кои му ги подарила на големиот Зевс „да бидат заборав на злото и одишка од сите грижи и кои го инспирирале Хомер и Хесоид да говорат за минатото, сегашноста и иднината...“ „Мислам дека поетите за кои се говори дека живееле пред сите, всушност, живееле после овие“. И натаму, Херодот[3] изнесува: „И навистина, имињата речиси на сите богови дошле во Хелада од Египет. А дека тие навистина дошле од туѓина, во тоа во моите истражувања се уверив и јас и сметам дека тие доаѓаат токму од Египет, бидејќи, како што и претходно истакнав, освен Посидон, Диоскурите, Хера, Хестија, Темида, Харита и Нереидите,

имињата на сите останати божества постоеле отсекогаш во Египет .. богот Пан го сметаат за еден од осумтте богови...“

XVIII
ИСТОЧНИОТ БРЕГ НА ЕГЕЈ – МАЛА АЗИЈА

На егејската култура припаѓа и источниот брег на Мала Азија. Ова полустрово е составен дел на западна Азија, а се наоѓа меѓу чектири мориња: Црното, Мраморното, Средоземното и Егејското, со површина од 506.600 км^2.

Егејската преселба, позната како Дорско-хеленска или Панонско-балканска преселба, означила големи поместувања на народите при крајот на II милениум пред Христа на југот на Балканот во Егејот и источниот Медитеран. Во текот на тие преселби, уништени се многу градови во Панонија, Тракија, Македонија и грчкото копно. Во Мала Азија срушено е моќното Хетитско царство во Анадолија, како и повеќе градови на егејскиот брег, потоа градови на Кипар и загорезни се границите на Египетското царство. Овие преселби ги отпочнале индоевропските народи во текот на последните децении на XIII-XII век пред Христа, а тоа биле Скитите-Илири и Дорците-Хелени во Централен и Западен Балкан, а во Источниот тоа биле тракијските племиња.

Мала Азија одамна била населена. Како една од најстарите населби пред керамичкиот неолит во Анадолија се смета локалитетот Ашикли Хијик, датиран помеѓу 7000-6600 година пред Христа.[1] Во рамките на овие истражувања, западниот-егејски брег на Мала Азија привлекува поголемо внимание, каде постојат многубројни археолошки локалитети кои се поврзани за Егејската култура. Тука, пред сè, доаѓа во предвид Блегеновата

Троја, каде се издвоени вкупно девет главни населби (Троја I-IX). Првите седум населби припаѓаат на бронзеното доба 3000-1100 година пред Христа. Папаставроу[2] смета дека носители на таа култура биле племињата од Панонија, творци на Димини културата во Тесалија, помеѓу V и IV милениум пред Христа. Тоа биле Еолите (Минијци, Лапити, Македонци, Флеги, итн од Панонија). Троја VII, меѓу 1100-700 година пред Христа е еолски град. Таа е конечно уништена и напуштена околу 1100 година пред Христа.

[1] Срејовиќ, Д. *Археолошки лексикон,* с. 78, Савремена администрација, Београд, 1997.

[2] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados*, p. 16, Hiotelli, Athinai, 1972.

Праисториски народи на Малоазискиот брег на Егејот

Хетити

Хетитите или Хетеи (Hettaioi), односно Арзавани, за кои многу малку се знаело до XIX век, се мешавина на народите од Мала Азија и се смета дека се доселиле од јужните руски степи и Кавказот, околу 2900 гоидна пред Христа.[3] Хетите биле работоборни сточари. Говореле на индоевропски јазик. Нивното царство во XIV и XIII век пред Христа било пространо. Го зафаќал континенталниот дел од Мала Азија, со престолнина Хатуша (Bogaz-kioi) во југозападна Кападокија, како и поголем дел од Сирија. Моќните хетитски кралеви, како што се Мурсил II (1345-1315), Супилулиум I (1300-1334), Мурсил III (1333-1309 година пред Христа) итн. имале меѓународна репутација.

[3] Cavaignac, 1936; Macqueen, J.G.: *The Hittites and their contemporarties in Asia Minor,* p. 27, London, 1986.

Хетитското општествено уредување било патријархално. Тие биле познати по употребата на *„клинестото“ писмо* и воени коли со две тркала. Хетитите го дале етнонимот Ахијава за народот во тесалиската Фтија кои Хомер ги именува како Ахејци. Нивната империја исчезнала околу 1200 година пред Христа со инвазијата на Бригите до Балканот.[4]

[4] Macqueen, J.G.: *The Hittites and their contemporaries in Asia Minor,* London, 1986.

Лувијци

Лувијците биле народ од индоевропско потекло. Државата им била во Мала Азија, јужно од реката Меандар, денешна Арзава.

Лувиј ја освоил хетитскиот крал Лабурнас, кој се смета за родоначелник на Хетитската династија во 1600 година пред Христа.[5]

[5] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* стр. 162, Hiotelli, Athinai, 1972.

Археолошките истражувања со сегашен Бејчесултан, во Турција, откриле најстари населби кои потекнуваат од почетокот на V милениум пред Христа, мегарони, како и палатата која е уништена во 1700 година пред Христа. Се смета дека тогаш нејзините жители ја напуштиле нивната татковина и пребегнале на Крит и на други Егејски острови, носејќи ја со себе својата култура, јазик и писмо познато во глосологијата како *линеарно писмо А /* Папастевроу, 1972, 22/.[6]

[6] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 22, Hiotelli, Athinai, 1972.

Се смета, исто така, дека лувијскиот јазик е еден од супстартите на јазикот на „егејската цивилизација" пред доаѓањето на Хелените.[7] Во подоцнежните епохи, Лувијците на Крит се спомнуваат како Етеокрети /Етеокретес/, т.е. вистински Критјани.

[7] Macqueen, J.G.: *The Hittites and their contemporaries in Asia Minor,* p. 35, London, 1986.

Карци (Херодот, Хипократ, Маузол, Артемизија)

Во праисторијата, Карци или Кари (Kares) се жители на Карија, покраина на југозападниот дел на Мала Азија, јужно од реката Меандар, северно од Род. Тие често се поистоветуваат со Лелегите. Херодот[8] смета дека Лелегите се едно од племињата Кари и дека биле добри морнари. Тие биле едни од најзначајните народи на своето време. Карите го населувале поголемиот дел од островот во Егејот: Сам, Хио, Дел, Кос, Наксо, Киклади и др., додека на Пелопонез: Епидаур, Трезен, Ермион, а во Атика – Мегара. [9].

[9] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 115, Athina, 1954.

Поголеми градови во Карија биле Милес, Педас, Мијунт, Милет и Халикарнас. Еден од најстарите и најзначајните бил Милет, кој уште пред 1600 година пред Христа бил населен, а голем просперитет доживеал помеѓу VIII-VI век пред Христа, кога воспоставиле трговски односи со Египет и Либија. Овие врски придонеле и за пренесување на знаењето од геометријата и астрономијата и другите науки од Египет во Милет и создавање

на „милетската школа“, која ги дала филозофите Талес, Анаксимен, Анаксимандер и др. Жители на овие делови, покрај староседелците, биле и бегалците од Атина и Пелопонез кои ја напуштиле старата татковина при доаѓањето на Хелените, а под водството на Нелеј-младиот, син на кралот на Атина од кодро-еолско-панонско потекло, мигрирале во 1044 година пред Христа. Херодот[10] пишува: „...тие дојдоа во Карија, на крајниот југ, во градовите Милет, Мијунт и Пријан и говорат на ист јазик“. Милеќаните биле први од јонските доселеници кои воспоставиле 75-90 колонии долж Црното Море и трговски односи со Колхида, уште во VIII век пред Христа.

[10] Херодот, *Историја,* I, 142, Матица Српска, Београд, 1988.

Градот Халикарнас (Halikarnassos) во Карија, при преселбата на Дорците-Хелени, станал важна колонија во која Карците сочинувале 50% од населението.[11] Дорците во овој крај на Карија и соседните острови го создале „Дорскиот сојуз“ во состав: Халикарнас, Линд, Јализ, Камир, Кос и Книд и го славеле Тропископто светилиште на Аполон. Поради извесно осквернување на светилиштето, Халикарнас бил исклучен од друштвото.

[11] Papastavrou, I,: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 53, Hiotelli, Athinai, 1972.

Меѓу значајните личности во овој дел на Карија се Херодот, Хипократ, Маузол и Артемизиј.

Херодот (Herodotos), „татко на историјата“ е роден околу 480 година пред Христа, а умрел околу 431 година пред Христа, во Атина. Томсон[12] смета дека Херодот е од карско потекло, бидејќи ономастиката на неговиот татко Ликсес и вујко Панусис не се од хеленски хазик. Херодот е, секако, еден од великаните кои припаѓат на целиот културен свет и еден од најинтересните и најзначајните светски писатели, зачетник на целокупната античка историска наука. Без Херодотовите „Истории“ не е можно да се реконструира праисторијата и античкиот свет, но Херодот е значаен и за најстарата словенска историја, бидејќи тој ги оставил првите податоци за прататковината на Словените и нејзините тогашни жители Скитите и за Херакловиот син Скит, крал на сите Скити и родоначалник на македонската династија Аргеади, Александар Македонски.

[12] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio*, p. 112, Athina, 1954.

Хипократ (Hippokrates) е роден во Карија, на островото Кос, каде го провел и најголемиот дел од својот живот (460-377 пред Хрита), патуваал многу, бил во Атина, а умрел во тесалската Лариса, во близина на Трик-Трикал, каде е роден богот Асклепиј, еден од најпознатите и најзначајните лекари од фамилијата Аскепијади и се смета за „татко на медицината“. Хипократ е автор на збирката Corpus Hippocraticum која содржи повеќе од 100 книги, во кои изнесуваат дијагнози, лечење и прогноза на болести. Сметал дека природата е најдобар лекар („лекарот се грижи, но природата лечи“). Полагал многу на морално-етичката страна на лекарската професија и во тој поглед позната е неговата заклетва и афоризмот „животот е краток, а уметноста на лечење – долга“.

Маузол (Maysollos) припаѓал на сара кралевска династија во Карија. За време на Ксеркс (485-465 пред Христа), крал на Карија бил Хекатом, а него го наследил Маузол, околу 360 година пред Христа, кој бил сатрап во Карија. Бил оженет со својата сестра Артемизија (Артемисија) со која немале деца. По смртта, го наследила неговата жена.

Артемизија на својот маж во Халикароас му подигнала надгробен споменик „Мавзолеј“, едно од седумте светски чуда.

Херодот наведува уште една кралица на Карија под името Артемизија, ќерка на Лигдамис, која се борела кај Саламина, во 480 година пред Христа, на страната на Персија, со пет лаѓи, а „... во војна тргнала од бес и херојство, иако не морала...“ По битката, Ксеркс за неа рекол: „мажите станале жени, а жените мажи“.

Ликија

Во праисторијата и антиката, Ликија /Lykia/ е планински предел во Мала Азија, западно од Карија, помеѓу Средозменото Море, Памфлија и Фригија. Порано се викала Милијада /Milyas/ и Солими /Solymi/. Етнонимот Ликијци /Lykioi/ потекнува од палеобалканскиот збор ликос /lykos/ - волк, симбол на хиперборејската божица Лета и нејзиниот син Аполон.

Херодот[13], меѓутоа, истакнува дека етнонимот Ликијци и хоронимот потекнуваат од Лик од Атина, син на античкиот крал Пандион, осми по ред крал на Атина, од пелашко потекло. Него

од татковината го прогонил братот Егеј, па се сокрил во Азија, кај Термилите, кај кралот Сарпедон, од фениќанско потекло од Крит. Подоцна, Сарпедоновите поданици Термилите, според Лик, се наречени Ликијци. Во литературата имињата Термили или Тремили се синоним за Ликија. Од владеењето на фараонот Ремзес II (1317-1251 пред Христа), се именуваат како Луки.

[13] Херодот, *Историја*, I, 173, Матица Српска, Београд, 1988.

Главниот град на Ликијците биле Ксант (Hanthos) на истоимената река, а заедницата ја сочинувала сојуз од градови. Реката Ксант се влева во Средоземното Море, а од околните жители наречена е Сирбес и Сирбиос.[14] Овие називи Сирб и Сирбос асоцираат на српскиот етноним и град Срб во Лика, во Хрватска. На устието на оваа река постоел град со исто име, со поранешно име Арина, како и многубројни археолошки остатоци од различни споменици.

[14] Senc. St.: Grčko-Hrvatski *rječčnik*, s. 641, Kr. Zemaljaka tiskara, Zagreb, 1910.

Под името Ксант постоела и река кај Троја, подоцна именувана Скамандар, сега Мендересу. Во митологијата постои речен бог Ксанто. Кај древните Македонци, Ксант е бог на светлината, додека Ксаник било име на еден месец во годината. Зборото 'ксант' припаѓа на палеобалканската глосологија, а современите лингвисти го означуваат дека е од непознато потекло. Неговото значење е костенлив, син, жолт, русокос.

Во Тројанската војна (1193-1183 пред Христа), Ликијците биле на страна на Тројанците, заедно со своите сродници Лидјаните, Етрурците, Фрижаните, Мизијците и др.

Интересни се митолошките врски на Ликејците со Панонија, нивната прататковина. Хесиод во VII век пред Христа во Теогонија[15] наведува дека Хиперборејката Лето, кога ги зачнала божесетвените близнаци со богот Зевс, се породила на Кикладското острово Дел. Со помош на божицата на породувањето Ејлејтија, исто така хиперборејка, Лета го родила богот Аполон и божицата Артемида. По породувањето, Лета го напуштиле островото Дел и отишла во Ликија. Тука се обидела да се напие вода и да ги искапе своите деца во еден извор, ама овчарите ја избркале. Тогаш волците ù го покажале патот до реката Ксант. Лета оваа река му ја посветила на Аполон, кој кај Хиперборејците бил и бог на светлината, додека злобните

пастири ги претворила во жаби. Според волците што ù го покажале патот, целата земја ја нарекла Ликија.

[15] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* стр. 404 и натаму

Лета во Ликија била самостојно божество, чиј култ е посведочен на повеќе места во Мала Азија. Истовремено и Аполон бил бог на Ликијците, како „Ликијски Аполон", со многубројни светилишта.

Еден од свештениците и знаменит *поет* бил *Олен*. Тој е првиот кој во својата химна „Ахеја" ги опеал хиперборејските девојки Арга и Опија, кои со боговите дошле на островот Дел за да ù помогнат на божицата Ејлејтија за полесно породување на Лета. Покрај божицата Лета, и Аполон во Ликија имал прекар „Хиперборејски Аполон". Херодот[16] истакнува дека од хиберборејските девојки Арга и Опија, жените од островот Дел и Јонците научиле да ги пејат хиперборејските песни со кои ја славеле божицата Лета.

[16] Херодот, *Историја,* IV, 173, Матица Српска, Београд, 1988.

Во XII век пред Христа еден од Ликијците, заедно со Карите и другите народи, мигрирале на просторите на Палестина, каде подоцна биле познати како Филистијци.[17]

[17] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algalo*, p. 110, Athina, 1954

Ликијци, по 549 година пред Христа, живееле под управа на Персијците, давале даноци и војници, но во своите планини биле прилично самостојни. Во војните на Персија против Грците, во 490-479 година пред Христа, Ликијците биле во составот на персиската војска. Тие довеле 50 бородиви и носеле оклопи и доколеници, лакови од дреново дрво, стрели од трска и копја за фрлање. Преку рамениците носеле козји кожи, а на главите шешири со перјаници околу нив, а освен тоа, имале ножеви и криви мечеви.[18] Говореле на палеобалкански јазик, инаку во VII-VI пред Христа не би станале кралеви на јонските покраини. Пишувале со феничанското писмо. Ги ослободил Александар Македонски дури во 334 година пред Христа.

[18] Херодот, *Историја,* VII, 92, Матица Српска, Београд, 1988.

Лидија

Меѓу палеобалканските народи кои поради притисокот на индоевропските народи во XIII-XII век пред Христа ги напуштиле

балканските простори и мигрирале во Мала Азија, спаѓаат и Лидјаните/?Лидијците.[19] Тие се населила во Лидија, покраина на западниот брег на Мала Азија, со главен град Сард (Сардес – скапоцен камен), на златоносната река Пактола и планинитие Тмола и Сипила. Градот Сард или Сарт бил престолница на лидиските кралеви.

[19] Strabo, *Geographia,* VII, 572, Meineke, Lipsiae, I, II, III, 1913; Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* Hiotelli, p. 46, Athinai, 1972

Според Херодот,[20] нивниот етноним потекнува од Лида (Lydos), син на кралот Атис, по кого целиот народ го добиле име Лидјани (Lydoi), а пред тоа се викале Меонци (Meiones), а нивната земја Меонија (Meonie). Сенц[21] истакнува дека тие, во тие бурни времиња, го напуштиле Балканот заедно со Бригите, Стримоните, Мишаните, Мосиначаните и други и се населиле во Мала Азија, откако ги потиснале Хетитие околу 1200 година пред Христа. Кралот Атис бил родоначалник на династијата на Атиадите во Лидија и почитуван како божество кај Лидјаните и Фригијците и е изедначуван со богот Дионис.

[20] Херодот, *Историја,* I, 7, Матица Српска, Београд, 1988.

[21] Senc. St.: *Grčko-Hrvatski rječnik*, s. 641, Kr. Zemaljaka tiskara, Zagreb, 1910.

Топонимот на Балкан кој би упатувал на нивната прататковита Хепербореја би бил денешниот град по име Мионица и селото Мионица, во ужичкиот крај на Србија. Во Тројанската војна, Лидјаните-Меонци биле на страната на Троја. За тоа, Хомер[22] вели: „А Меонците во бој ги поведоа Местле и Антиф /Талеменовите синови кои гигејската нимфа ги роди,/ под Тнол тие Меоњанците во бој ги поведоа.“

[22] Хомер, *Илијада и одисеја*, II, 864, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓурић)

Будимир Милан[23] изнесува дека за Мајонците се мисли и денес дека, во суштина, се балкански стар народ од индоевропско потекло, кои за време на егејските преселби, од почетокот на XII век пред Христа од Балканот се доселиле во северозападна Анадолија. Овие Мајонци етнички се многу поблиску до Бригите од Македонија и Тракијците, отколку до Хелените и припаѓаат, веројатно како и останатите, на Пеластите, првите индоевропски Балканци, кои на Средоземјето се доселиле пред Грците. Пизистративиот помалд современик, јамбографот Хипонакт (VI век пред Христа) сочувал во своите стихови повеќе мајонски глоси и фрази во мајонски оригинал и во грачки превод.

Според Аристотел и основачот на хорската лирика Алкман, 625 година пред Христа, од Сардис, главниот град во Лидија, не е Спартанец, туку Лидиец. Според една античка традиција, поетот на *Илијада*, Хомер, треба да е Мајонец од Смирна, односно Мајонид од Лидија.

[23] Будимир Милан, *Са балканских источника,* СКЗ, 1969, 74.

Во митологијата како значаен Лидиец се споменува и *Пелоп*, син на кралот Тантал, еден од богатите и моќни владетели на Лидија. *Тантал* бил син на Зевс и имал три сина: Пелоп, Бротеј и Даксил, и ќерката Ниоба. Поради злоупотреба на наклонетоста на боговите, казнет е во Подземниот свет да трпи вечна глад и жед („танталови маки“).

Танталовиот најстар син Пелоп, уште во младоста ја напуштил татковината, бидејќи го загрозувал тројанскиот крал Ил (Ilos). Преку Егејското море во „златни кочии со крилести коњи“, заедно со Лидјаните и Фригијците и големо богатство, ги повел и сирмашните Ахејци (Ahaioi - Чемерни) од тесалската Фтија во Пелопонез.

Се оженил со ќерката на Еномеј, крал на Елид, Хиподамија, а неговите потомци, откако завладеале со цели полуострови, го промениле нивниот хороним од Апис во Пелопонез. Синови на Пелоп се *Атреј,* крал на Микена и Тијест, кралот Тиринт, познати во митологијата по богатството, но и по нивната меѓусебна омраза. Атрееви синови биле *Агамемнон* и *Менелај*, кои биле водачи на Данајците, Ахејците и Аргиевците во Тројанската војна.[24]

[24] Хомер, *Илијада и одисеја*, II, 864, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓурић)

Меѓу лидиските династии во митологијата и античката историја се споменуваат уште и династиите Хераклиди и Мермнади.

Династијата на Хераклидите – Сандонидите е асирска династија, преку кралот *Јордан* и неговата ќерка Омфала, лидиска кралица. Од оваа династија потекнуваат Мирсил и Кандаул кој го изгубил кралството во 713 година пред Христа. Легендата за хераклидовската династија на Лидјаните настанала од Аполодор, во I-II век пред Христа,[25] за време на македонско-римската епоха.

[25] *Библиот*. II, 3, 6 и натаму

Тука се наведува дека Херакле со цел да го исчисти гревот поради убиството на Ифит, син на кралот Еврит, кој владеел со Ехалија, како и поради кражбата на „делфискиот троножец“, престојувал кај Омфал. Херакле му служел на Омфал три години како роб и за тоа време направил многу херојски дела. Во подоцнежните преданија, робувањето на Херакле кај Омфал е опишано на сосема понижувачки начин, кога Омфала го преобразила во мекуш и папучар.

Овие податоци, меѓутоа, од хронолошки аспект не се сложуваат. Асирската династија на Сандонидите-Хераклидите на власт дошла во 1221 гдоина пред Христа, додека Ифит бил учесник на Тројанската вона, 1183-1183 година пред Христа, како славен стрелец. Во повоениот период, кога еден ден на Ифит му исчезнале 12 кобили, тргнал да ги бара и казни крадливците. Своите кобили ги нашол во Хераклевата штала. Тогаш Херакле го убил Ифит и го задржал неговото добро. Од сето тоа произлегува дека не постоела династија на Хераклидите во Лидија и дека Херакле не учествувал во Тројанската војна. Третата *династија* носи назив *Мермнади* и почнува со *Гига* во 761 година пред Христа и преку Ардис, Садијат и Алијат се завршува со Крез.

Херодот[26] за *Крез* (Kroisos, 555-549 година пред Христа) пишува дека тој е еден од Алијатовите синови, дека по потекло бил Лидиец и владеел западно од реката Халис сѐ до Егејското Море. Тој ги покорил Фригијците, Мисијците, Пафлагонците, Тракијците, Битињаните, Карците, Јонците, Дорците, Еолците и др. Кога сите ги покорил и присоединил на Лидија, дошле сите во Сард, кој до тогаш го постигнал највисокиот степен на слава и богатство („богат како Крез“), меѓу кои и многу дотогашни мудреци и Атињанинот Солон. Меѓутоа, и покрај својата моќ, Крез во 549 година пред Христа бил заробен од страна на персискиот крал Кир, со што Лидија станала персиски сатрап. Лидијците се ослободени од Персија дури во 334 година пред Христа од страна на Александар Македонски, за после тоа да бидат вклучени во македонско-азиското кралевство на Селеук, а подоцна во I век пред Христа под римско владеење.

[26] Херодот, *Историја,* I, 6, Матица Српска, Београд, 1988.

Фригија

Под името Фригија (Frygia) во праисторијата се јавуваат, на прво место, недиференцирани покраини во северозападниот дел на Мала Азија. Со текот на времето, под Фригија е означена најзападната покраина во Мала Азија, потоа еден крај на Хелеспонт кој ја опфаќа и Троја, под името *Мала Фригија*, еден дел од подоцнежната *Битинија* на Сангарија, а на крајот *Голема Фригија.*

За потеклото на Фригијците на тлото на Мала Азија, Херодот[27] наведува: „На Фригијците, според кажувањето на Македонците, името им било Бриги додека живееле во Европа и додека биле соседи на Македонците, а кога се преселиле во Азија, ја промениле истовремено и родната грутка и името и се нарекле Фригијци. Арменците... се потомци на Фригијците“.

[27] Херодот, *Историја, V*II, 73, Матица Српска, Београд, 1988.

На овие простори Фригијците најверојатно мигрирале во времето помеѓу кадмовите преселби за Илирија во 1313 година пред Христа и аргонатуските експедиции во 1225 година пред Христа. Томсон[28] нивната миграција хронолошки ја поврзува со 1200 година пред Христа кога се случил падот на хетитската држава. Во Тројанската војна, Фригијците биле сојузници на Пријам против Грците. Од друга страна, младиот крал Пријам им помогнал на Фригијците во борбите против Амазонките, за време на кралот Отреј, а бил оженет со фригијската принцеза Хекаба, која му родила 19 синови. Во Тројанската војна, Фригијците ги водел кралот Форко, за што Хомер[29] пее: „А од Асканија далечна ги водеше Фригите/Форкис и подобниот на боговите Асканиј за битки желни...“ Инаку, Асканија е крај во Мала Азија, на Асканското Езеро, на меѓата помеѓу Фригија и Мизија.

[28] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algalo*, p. 291, Athina, 1954

[29] Хомер, *Илијада и одисеја*, II, 864, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓурић)

Од митските личности на Фригијците познати се кралевите Тантал и неговиот син Пелоп, кој ги повел Ахејците во средината на XIII век пред Христа од тесалската Фтија во Пелопонез, а неговите синови Атреј и Тиест станале кралеви на Микена и Тиринт. Внуците Агамемнон и Менелај биле водачи на Грците во Тројанската војна во 1193 година пред Христа.

Кралот Гордиј (Gordios) се смета за основач на фригијската држава и на градот Гордион на реката Сангарија. Под оронимот

на горите Гордиејците е еден дел од планината Таур во југозападна Арменија, каде се Гордите-Курди. Гордиј на власт дошол по една братоубиствена војна, на воловски коли со орел. На Гордиевата кола јаремот бил заврзан за рудата со јазол кој не можел да се одврзе. Според пророштвото, оној кој ќе го одврзел, ќе владеел со цела Азија. Тоа му успеало на Александар Македонци кој тоа го сторил со неговиот меч, во 334 година пред Христа. Гордиев син бил Мида, кој се смета за мудар и неизмерно богат крал. Тој во митологијата е познат по „магарешките уши на кралот Мида".

Во легедните, меѓутоа, постои забуна помеѓу Мида од Фригија и Мида кој ги поседувал градините со рози во подножјето на македонската планина Бермион /Каракамен/ кај Воден, каде заскитал стариот Силен, учител на богот Дионис.

Според најновите истражувања[30], миграцијата на Бригите и на Мизите од централно-балканските простори се одвивала во повеќе правци. Првиот поголем бран уследил околу 1500-1400 година пред Христа, во правец на Мала Азија. Вториот, помал бран во истиот правец, бил по Тројанската војна, т.е. по 1183 година пред Христа. Третиот бран настанал во правец на Епир, Грција и Италија околу 800-700 година пред Христа. Фригијската држава исчезнала на почетокот од VII век пред Христа, веројатно при освојувањата на лидискиот крал Крез.

[30] Петрова, Е.: *Бригите на централниот Балкан во II и I милениум пред н.е.,* с. 208, Скопје, 1996.

Мосиникија

На Црното Море, западно од Битинија и Трапезунт, била областа под хоронимот Мосиникија. Мосиничаните биле колонисти, бегалци од средно Подунавје, каде покрај денешниот град Доњи Милановац, постои и гратчето Мосна. Етнонимот потекнува од зборот мосна-дрвена куќа, барака и оикос–куќа. Грејвс[31] наведува дека Бригите во Македонија порано се викале Мојсиници.

[31] Grevs, R. *The Greek Myths,* Penguin books, Middlessex, 1972.

Тие во доба на Персиското царство биле вклучени во деветнаесетиот страп. Во војните, на главите имале дрвени капи, а носеле мали штитови и кратки дрвени копја. Во војните со

Мосиничаните заповедал Артаико, сатрап во Сест на Хелеспонт.[32]

[32] Херодот, *Историја,* III, 94, VII, 78, Матица Српска, Београд, 1988.

Мизија

Во северозападниот предел на Мала Азија се наоѓа покраината Мизија, која во Хомеровото доба се простирала од Есап до Олимп, а потоа се делела на голема и мала Мизија. Хоронимот потекнува од зборот mys - глушец, додека етнонимот би бил mysoi - Мизијци. Сенц,[33] цитирајќи го Хомера, наведува дека Мизијците се народ во Европа и тоа на Дунав.

[33] Senc. St.: *Grčko-hrvatski rje*čnik, s. 623, Kr. Zemaljska tiskara, Zagreb, 1910.

Во нашите лингвистички истражувања на ономастиката на Панонија ги утврдивме топонимите во Мачва по името Мишар, за село и брдо крај Шабац и регија кај Обедска бара. Името 'мишар' постои во Србија и за птица-грабливка од фамилијата на јастреби (Buteo buteo), која се харни, главно, со полски глувци. Село Мишар постои, исто така, во Поцерин, со повеќе од 1.000 жители. Етимолошки, зборот 'мишар' припаѓа на балканската палеоглосологија и се состои од зборот 'mys' што значи глушец и зборот 'ар' – навистина. Судејќи по сè, глушецот бил тотем на праисториските жители на Мачва, кон кого тие покажувале особено почитување и своето потекло, како на пример ахејските Мирмидонци на Еак и Ахил дека генеолошки потекнуваат од мравки. Така и во традицијата на Мачвани останале овие имиња, ама и правецот на нивната преселба од брегoвите на Сава и Дунав до Мала Азија. За време на Римјаните се јавува синонимот Мезија и Моесија – Горна и Долна Мизија.

Хомер[34] за Мезијците пее: „Мишаните го водеше Хромис и Еном, гатар кај птиците." Страбон[35] смета, исто така, дека тоа биле европски Мизијци, познати како Мезијци за време на римските освојувања. Еден од кралевите на областа Мизија бил *Теутрант* (Τεύθρας) во долниот тек на реката Кајка. Кајшката рамнина била најплоден дел на Мизија. Него го наследил Телеф (Telefos) кој станал основач на пергамската кралевска лоза. Владеел со Мизија кога Грците тргнале во Тројанската војна. Се борел херојски и ги потиснал Грците во лаѓи, но бил ранет од Ахил. Кога раните му биле излечени, Телеф ветил дека веќе никогаш нема да се бори против Грците. Неговата жена Лаодика

му ги родила на Телеф синовите Тархон, Тирсен и Ром. Тие подоцна, по Тројанската војна, ги воделе Етрурците во областите на средна Италија подоцна наречени Тиренија и Етрурија.[36]

[34] Хомер, *Илијада и одисеја*, II, 858, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

[35] Strabo.: *Geographia,* Meineke, Lipsiae, I, II, III, VII, 3, 2-10, 1913, Meineke, Lipsiae

[36] Strabo.: *Geographia,* Meineke, Lipsiae, V,2, 2, 1913, Meineke, Lipsiae

Дарданија и Троја

На најсеверозападниот дел на Мала Азија на Хелеспонт се наоѓала покраината Дарданија. Основач бил епонимниот јунак, кралот Дардан, а нејзините жители се викале Дардани (Дарданци).

Дардан (Дарданос) во митологијата е Зевсов син и на Елетра, која била Океанова и Тетии ќерка, Таумантова сопруга (Ада Форко-Тумац крај Белград). Името Дардан е кованица од словенскиот збор дар-поклон и палеобалканскиот збор Диос-Дан ерго Дар-Дан: подарок од богот Диос-Божидар. Негови синови се Ил и Ерихтониј, додека ќерка му била Идеја.

Ил (Илос) е основач на градот Илиона-Троја. Хомер[37] наведува: „Ил, пак, го роди синот примерен Лаомедонт,/ а Лаомедонт ги роди Титон, Пријам, Ламп,/ Клитиј, Хикетаон...,/ Асерак, Капис го роди, а овој синот Анхис,/ Енеј, пак, го роди Анхис, а Пријам Хектор прекрасниот.“

[37] Хомер, *Илијада и одисеја*, XX, 236, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Ерихтониј (Erihthonios) бил најбогат меѓу смртниците. Поседувал три илјади кобили, од кои некои ги оплодил Борej.

Идеја (Идаиа) била втора сопруга на тракијскиот крал Финеј. На нејзино наговарање, кралот Финеј ги ослепел синовите од првиот брак и ги фрлил, заедно со нивната мајка Клеопатра, во зандана.

Нив ги ослободиле Бореадите во време на походот на Аргонаутите, а Идеја ја вратиле на нејзиниот татко Дардан, епонимен херој на балканските Илири-Дарданци кои ги населувале областите околу планината Шара.[38]

[38] Appian, *Hist. Illyr.,* 2.: Diod. Sic., IV, 43 и понатаму

За време на *Лаомедонт (*Laomedon), Троја станала моќен град и нејзината власт се протегала до реката Стримон во Македонија. Градот бил заштитен со високи бедеми, каде учествувале Аполони Посејдон по казна на Зевс. Бидејќи

Лаомедонт одбил да ги награди, тие на Троја ѝ пратиле чума и морско чудовиште кое голтало луѓе.

По совет на прорштвото, Лаомедонт бил присилен на морската аждаја да ја жртвува својата ќерка *Хесиона.* Кога несреќната принцеза била прикована за карпа и препуштена на својата зла судбина, кралот објавил дека на нејзиниот спасител ќе му подари божествени коњи. Се раскажува дека Хераклe, пред Аргонаутите да преминат низ Хелеспонт, во Троада ја спасил Хесиона, ама превртливиот тројански крал одбил да го исполни даденото ветување.

Поради тоа, Хераклe дошол пред Троја, го освоил градот, го убил Лаомедонт со помош на Телемон и сите негови синови, освен Пријам. Хераклe ја омажил Хесиона за Теламон, која му го родила Теукар, полубрат на Големиот Ајант, крал на островото Саламина.

Пријам, Хектор и Парис

Пријам (Priamos) бил последниот владар на Троја. Во младоста им помагал на Фригијците во борбите против Амазонките. Бил оженет со *Хекаба,* ќерка на кралот на Фригијците Димант, која родила деветнаесет деца, меѓу кои биле Хектор, Парис-Александар, Хелен, Троил и други, како и ќерките Касандра, Лаодика, Поликсена и др. Тројанската војна го затекнала Пријам како уморен старец, кој сета власт им ја препуштил на своите синови. Кога Грците ја зазеле Троја после 10 години војување, него го убил Ахиловиот син Неоптолем.

Хектор (Ektor) бил најмилиот син кого Тројанците, поради неговата храброст и благородност, го почитувале како бог. Во текот на Тројанската војна, Хектор ги предводел тројанските чети и ги натерал Грците на повлекување и во повеќе наврати ги загрозувал нивните логори, го убил Патрокле, а, во осветничкото гнев, Ахил го убил и Хектор. По разорување на Троја, при поделбата на пленот, Хекторовата сопруга *Андромаха* (Andromahe) му припаднала на Ахиловиот син Неоптолем. Со нив таа отишла во тесалската Фтија, каде му родила три сина – Молот, Пергам и Пијел.

По Неоптолемовата смрт во Делфи, Андромаха се премажила за својот девер Хелен и со него отишла во Епир меѓу

Илирите – Епироти. Во Епир, сопружниците основале Нов Илион. Овде ги нашол Енеј на својот пат за Италија. По Хеленовата смрт, Андромаха со синот Пергам отишла во Мизија, каде го основале градот Пергам. Нејзината судбина ја обработил Еврипид во истоимената трагедија.

*Парис (*Paris) бил најмладиот и најубав тројански принци, но и „пример“ за Тројанската војна. Во митологијата, кога еден ден Зевс решил да предизвика војна, за да го разретчи човечкиот род и да уништи јунаци, а истовремено да ги прослави грчките херои и својата ќерка – убавата Хелена, Менелаевата жена од Спарта во Лакедемонија, ја искористил божицата на „неслогата“ Ерида за да предизвика голем судир. На Пелеевата свадба, каде покрај останатите богови биле и трите божици – Хера, Атена и Афродита, Ерида меѓу нив фрлила златно јаболко на кое пишувало: „На најубавата“. Ниеден од присутните богови не сакал да биде судија во овој спор. Проблемот го решил Парис, откако Афродита му ја ветила најубавата смртница – убавата Хелена, па неа ја прогласил за најубава и ù го предал „златното јаболко на раздорот“.

Парис, по Афродитиниот налог, изградил лаѓи и заедно со својот роднина Енеј и со морнарите отпловил во Спарта, каде срдечно го примил Менелај, а после десет дена отишол на Крит за да учествува во некои игри. Во тоа време, Парис со својата убавина, раскошна облека и богати подароци ја стекнал, многу бргу, љубова на Менелеевата сопруга Хелена, која доброволно тргнала со него во Троја, а по извесни перипетии и во Египет. Хелена во Троја срдечно ја примиле. Во меѓувреме, Менелај и Одисеј побарале од Пријам да им ја врати Хелена, но Тројанците одбиле и така дошло до војна. Во војната, Парис го убил најголемиот грчки херој Ахил, така што со стрела го погодил во петицата, единственото ранливо место на неговото тело („Ахилова пета“).

Енеј, Латин и Норак

Енеј (Aineias) во митологијата е син на тројанскито принц Анхис, Дарданов потомок и втемелувач на моќта и славата на Рим. Бил многу активен во Тројанската војна, каде поради својата исклучителна храброст уживал најголемо почитување од Пријам,

Хектор и од останатите Тројанци. Последните денови на војната, Енеј, со таткото Анхис, синот Аскариј и жената Креуса, се засолнил на планината Ида. Според легендата, по војната и кус боравок на Ида, со своите луѓе тргнал преку Тракија и Македонија, Егејското Море околу Пелопонез, стигнал на брегoвитена Епир каде срдечно го дочекале роднините Хелен и Андромаха.

Откако го посетил пророштвото во Додона, Енеј преку Јонското Море стигнал до Сицилија каде ги основал градовите Егест и Елим, но тогаш неговиот татко Анхис умрел. Со бродови од Сицилија се упатил кон западните брегови на Италија, ама поради бури, извесно време престојувал во Картагина, а потоа отпловил повторно за Италија каде се истоварил кај Кум, па продолжил понатаму северно до устието на Тибар. Тука пријателски го примил Латон, крал на Лација, му се поклонил, му дал дел од земјата и му ја ветил својата ќерка Лавинија за жена, а потоа склучиле сојуз.

За кралот на Лациј, *Латин* (Latinus) постојат две преданија. Според најстарото,[39] тој е Одисеев и Киркин син, кој владеел со Тирсените, заедно со својот брат Агреј.

[39] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia*, p. 1011.

Тирсените или Етрурците (од Tursci –Tusci) мигрирале од Мала Азија, од областа Лидија, во бранови околу 1000 година пред Христа и се доселиле во северозападните области на Апенинскиот полуостров, на брегoвите на Тиренското море и го дале својот хороним Тоскана.

Со Етрурците мигрирале и племиња од главниот град на Лидија, Сард, кои го колонизирале островот Сардинија. Грејвс наведува дека внукот на кралот Герион од Ада Кале – Еритеја на Дунав, под името *Норак*, уште пред овие настани основал колонија во Сардинија и го втемелил, уште пред Нор, најстариот град на островот и ја донел азбуката на дрвата...

Во римските легенди, Латин е син на богот Фаун и нимфата Марика, крал на Аборигините (не се од борејско потекло) или на Хераклe со Фауновата ќерка или вдовица. Најпозната е генеологијата која го поврзува Латин со легендата за Енеј. Имено, Енеевата ќерка Рома се омажила за Телемаховиот и Киркиниот син Латин и му ги родила Ромул, Рем и Телегон. Постои, исто

така, предание дека Латин е основач на Рим и дека тој овој град го нарекол по името на својата умрена сестра Рома.

Бидејќи кралот Латин, пред доаѓањето на Енеј, му ја ветил својата ќерка за сопруга на рутулскиот крал Турн (Turnus) од племето Ротули во Ардеја во Лација, се спротивставила кралицата Амата и дошло до раскинување на сојузот со Енеј. Набрзо избил судир помеѓу Тројанците и домородците. Судирот долго траел со променливи исходи, кога на крајот Турн загинал, а кралицата се убила.

Енеј се оженил со Лавинија и ù подигнал град на Лавинија. По Енејовата победа, домородците ги задржале обичаите и јазикот на своите прататковци. По смртта на кралот Латин, Енеј владеел со здружените Тројанци и Латини, но загинал во војните со Етрурците. Подоцна, Римјаните во легендата за Енеј виделе можност да се поврзат со најславните богови и јунаци на Троја и Егејот, па поради тоа го сметале Енеј за свој голем предок и божество.

XIX
ТРОЈАНСКАТА ВОЈНА

За Тројанската војна постои доста обемна литература. Таа била прва предисториска светска војна и според Ератостен (275-194 година пред Христа), управник на Александриската бибиотека на македонското египетско царство на Птоломеј, десетгодишната војна траела од 1193 до 1183 година пред Христа. Исцрпни податоци за спротивставените страни дава Хомер (VIII век пред Христа), најстар европски поет, почитуван во текот на целата античка доба како творец на *Илијада* и *Одисеја*, за Тројанската војна и падот на Пријамовата Троја VII. Помеѓу митолошките епови и историската стварност, меѓутоа, постои еден непремостлив јаз. Имено, историчарите наведуваат дека врвот на Микенската цивилизација и нејзината моќ се манифестирале по 1450 година пред Христа и по катастрофалнот земјотрес на островото Тер. Во таа прилика, разорени се и центрите на моќ на Минојската култура на Крит и престанува поморската надмоќ на Кнос. По 1400 година пред Христа, Микенската цивилизација ја достигнува својата полна сила сè до 1200 година пред Христа, кога микенската моќ пропаѓа нагло. Од ова може да се заклучи дека Тројанската војна не можела да се случи по 1200 година пред Христа кога микенскито свет на Егејот не можел да организира голем поход преку море, каков што е опишан во *Илијатата.*

Се претпоставува, поради тоа, дека археолошката Троја VII ја разориле индоевропски племиња, „народите од север“ или „народите од морето“, меѓу кои најзначајна улога, можеби,

одиграле Фригијците и Илирите – Скити, а не Микенците.[1] Овие племиња довеле и до пад на Хетитското царство и продреле сè до север на Египет. Тука им се спротивставил Рамзес III (1990 година пред Христа), кој победоносно ги сопрел нивните порои и направил тие, ослабени, да се разлеат во разни правци. За поместувањата на балканските и малоазиските племиња, што довеле до „преселбата на народите“ и до „Хомеровото прашање“, ќе стане збор во наредното поглавје.

[1] Хомер, *Илијада,* стр. 141, Бгд, 1965.

Геополитичката и стратешка положба на градот Троја во праисториските времиња била многу важна. На исток се протега пространата рамнина Скамандер и брегчето Ида, каде треба да се лоцираат Енеините и Дарданските племиња, додека западно Троја претставувала бастион и чувар на Хелеспонтскиот влез и препека за трговските и колонизаторски апетити на Микенскиот свет, светот на јужниот Балкан.

Падот на Хетитското царство и разорувањето на Троја го искористиле староседелците на Балканот, на чело со Микена и нејзиниот крал Агамемнон, да организираат воена експедиција и да му објават војна на тројанскиот крал Пријам.

И ние, во недостаток на други извори, единствено низ митовите во *Илијада,* назираме нешто од тој судир во кој учествувале две завојувани страни поради „грабнувањето на убавата Хелена“ од страна на Пријамовиот син Александар (Парис).

Херодот[2] го изнесува мислењето на Персијците за тоа: „... Персијците велат дека Азијатите воопшто (никогаш) не правеле прашање за грабнати жени, додека, напротив, Грците поради една единствена Сапртанка, собрале голема војска, па дошле во Азија и ја уништиле Пријамовата држава. Од тогаш, Персијците непрестано ги сметаат Грците за свои непријатели. Азија, пак, ја сметаат за свое подрачје ... додека Европа и Грција се едно посебно подрачје“.

[2] Херодот, *Историја*, I, 3, 5, Матица Српска, Београд, 1988.

Врховниот заповедник на грчката војска во Тројанската војна бил *Агамемнон*, крал на Микена, Атреев син, Пелопов внук, од фригијско потекло од Мала Азија. *Во војната учествувале Аргивци, Данајци и Ахејци, но не и Хелени, кои го заземале Пелопонез дури осумдесетипет години по падот на Троја...“*[3]

Dorieis te odgoekosto etei / “meta Iliou alosin/ xyn Herakleidais Peloponeson eshon…” Грчката војска за Троја се собрала во Аулида, пристаниште во Беотија, источно од Теба. Тебанците не учествувале во овој поход.

[3] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* I, с. 12, Дерета, Београд, 1991.

Најголемиот дел од воската бил составен од Еолци (Aiolias), потомци од Панонија, кои живееле во Тесалија, Беотија, Атика, Пелопонез и во други делови. Тоа се потврдува ако се анализираат податоците што ги дава Хомер[4] кај списокот на бродови, каде од вкупно 858 лаѓи само Еолците од Тесалија учествувале со 208 бродви, нивниот роднина, кралот Нестор од Пил на Пелопонез, со 90 лаѓи, додека Атина, со кралот Менестеј, со 50, Ахеецот Ахил од тесалската Етија со 50, Агамемнон со 100, Менелај со 60, Одисеј со 12 лаѓи, итн.

[4] Хомер, *Илијада и одисеја,* II, 484-785, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓур

Тројанската војна траела десет години. По падот на Троја, Агамемнон со својот плен, Пријамовата ќерка Касандра и со своите луѓе, се вратил во татковината каде, наместо добредојде, го очекувала завера и убиство од страна на неговата жена Клитемнестра. Погребан е во Амиклам, кај Спарта.

Осветата стигнала десет години подоцна кога Агамемновиот син Орест ја убил својата мајка, а потоа, поради мајчиното убиство и други перипетии и излекување од лудило во Гитеон, на југот на Пелопонез, станал крал на Микена. Владеел седумдесет години, умрел во Аркадија и погребан е во Тегеј. Неговите синови Тисамен и Пентил војувале со Дорците-Хелени кога тие го освјувале Пелопонез.

На чело на Тројанската војска бил Пријамовиот син *Хектор*, кого Тројанците, поради неговата храброст и благородност, го почитувале како бог. Неговите сојузници во војната биле Тракијците, Пеонците и Мигдонците од Македонија, кралот Рес од Трибалија, Фригијци, Мизици, Меонци, Ликијци, Киконци, Пелазги, Карци, Лелези и други. Војната за Тројанците била катастрофална.

XX
ПРЕОБЛИКУВАЊЕ НА ЕГЕЈСКИОТ СВЕТ ПРЕОДЕН-МРАЧЕН ПЕРИОД

Големите преселби на Балакнот во бронзено-железното доба

Додека Микенскиот свет помеѓу XIII-XII век пред Христа бил во најголем подем, во северните области на Балканот дошло до немири и превирања, до поголеми и помали поместувања на населението. Миграциите биле предизвикани од инфилтрација на индоевропски сточарски номади од северпонтските области кон средниот и долен Дунав. Овие селидби може да се следат со археолошките наоди од „културата на полињата со урни“ од Панонија. Овие преселби предизвикале поместување на староседелците во три правци: на искот кон Мала Азија, на запад кон Италија и на југ кон Балканскиот Полуостров. Во Централниот и Западниот Балкан биле Скитите-Илири, на исток Тракијците, додека на југ Дорците – подоцна наречени Хелени.

За Скитите-Прасловените и нивната етногенеза и проширување на Балканот, Херодот[1] вели: „Скитите говорат за себе дека се најмлад народ на светот... и тврдат дека од нивното настанување... до Дариевиот поход против нив, има сè на сè, ниту помалку, ниту повеќе, илјада години...’ Во делот[2] изнесува: „а Хелените од брегoвите на Црното Море говорат вака: Хераклe, гонејќи ги Геријоновите стада, стигнал во таа земја која била ненаселена, а во која сега живеат Скитите... и со кралицата на Скитите добил три сина... а најмалиот по име Скит... Од овој Хераклов син, Скит, потекнуваат сите подоцнежни скитски кралеви...“ Херодот3 ја истакнува и распространетоста на Скитите: „Земјата им се протега до Енет на Јадранот.“ И, натаму

вели, дека „обичаите за облекување се исти ... и кај илирското племе Венети“.

[1] Херодот, *Историја*, IV, 5, 7, Матица Српска, Београд, 1988.

[2] Херодот, *Историја*, IV, 8-9, Матица Српска, Београд, 1988.

[3] Херодот, *Историја*, V, 9, Матица Српска, Београд, 1988.

За општото име на Прасловените, Херодот[4] изнесува исто така: „Сите тие заедно се викаат, според името на еден крал, Сколоти. Хелените, меѓутоа, ги викаат Скити“. Во истиот дел,[5] авторот прецизира: „Пред Скитија, кон морето (Црното Море) се наоѓа Тракија. Скитија лежи веднаш зад Тракија (сегашна Бугарија) во истиот залив и *низ неа тече Истар...*'

[4] Херодот, *Историја*, IV, 6, Матица Српска, Београд, 1988.

[5] Херодот, *Историја*, IV, 99, Матица Српска, Београд, 1988.

Ако се резимира овој дел на Херодот, што се однесува на описот на војните на персискиот крал Дариј во 512 година пред Христа против Скитите на Балканот, тогаш произлегува дека *Скитите го населиле Балканот во 1500 година пред Христа*. Потоа, ако општото име за Скитите било Сколоти (Skolotoi), топонимите Сколос ги утврдивме во македонската Халкидика во близина на Олинт, како и во Беотија во Грција, на десниот брег на реката Асоп во Платејското крај, на неколку километри од Атина. Топоним под името Сингос утврдивме на западниот брег на Сингитскиот залив (Sinus Singiticus), на денешната глава (стр. 215) Сикија, полуостровот Ситонија Халкидика, па оттука и старото име за Белград, Сингидунум, Синги на Дунав.

За Тукидид,[6] и Етолците во најзападниот дел на Континентална Грција (Sterea Ellada) кон Јонското Море, „говореле сосема наразбирлив јазик“, а тој живеел меѓу 464-403 година пред Христа, бидејќи тука му биле Илирските Скити.

[6] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата*, III, с. 94, Дерета, Београд, 1991.

За преселбите, тој вели:[7] „И по Тројанската војна уште имало преселби, така што Хелада не можела да се смири и издигне. Враќањето на Хелените од Троја се оттегнало и предизвикало многу преврати, а бунтови, главно, се дигале во градовите, поради што бегалците основале нови градови...“

[7] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата*, I, 12, Дерета, Београд, 1991.

„Домино ефект“ на преселбите

Првиот бран на преселбите ги опфаќа Средното Подунавје и Централниот Балкан, т.е. Хипербореја. *Мосиничаните* од областа на Долни Милановац мигрирале во два правци и тоа:

Едните, движејќи се по Дунав, се доселиле на бреговите на Црно Море, на северните брегови од Мала Азија, од?до Трапезунт. Другиот дел се движеле по копно и долж реките Морава и Вардар стигнале во регионот на Преспа и планината Каракамен (Bermion) и го добиле етнонимот *Бриги* според хидронимот на Преспанското Езеро кое се викало Бригијско езеро. По извесен период, мигрирале во Мала Азија и го добиле името *Фригијци.*

Миси-Мези од Мишар, во Мачва, мигрирале во Мала Азија, во северозападниот дел, каде ја основале Голема Мизија.

Мионите од западна Србија се преселиле во покраината на западниот брег на Мала Азија, со главен град Сард во Мионија, а подоцна го промениле името на својата држава во Лидија, во 713 година пред Христа.

Каките од околината на Винча крај Белград и адата Чаклијан мигрирале за Рим

Еритиејците од островото Ада Кале (Еритија) мигирале на Сардинија.

Дауните од Дунав мигрирале во Египет. Следи групата Еолци (Aioleis).

Минијците од Миничево, кај Тимок, најпрво се доселиле во Тесалската рамнина, а потоа еден дел мигрирал за Троја и Арменија, а друг за Беотија, Елида, Тер и Кирена на Африканскиот брег.

Лапитите од Лапово во Шумадија, заедно со Минијците, формирале колонии во Тесалија, а потоа ги потиснале Пелазгите од Атина и владееле во Атина.

Флегите (flego-пожар) од областа на Стишкото Поле и Пожаревац, исто така, се доселиле во Тесалија.

Сираковците или *Тироите*, исто како и Еолите, прво преку Тесалија, а потоа оделе на југ до Пелопонез, каде го зазеле западниот дел на Елида и Пил, а после тоа Атина.

Битините од областа на Биначка Морава и градот Витина мигрирале во областа на Битинија на Црното Море.

Миграцискиот бран на Скитите, Хераклевите потомци со шумадииската кралица Ехидна, ја зафатил и *западна Македонија.* Тоа се сега нови Македонци за кои пишува и најголемиот историчар на антиката, Тукидид:[8] „Меѓу Македонците се вбројуваат Линкестите и Елимјаните и други племиња од горна страна, кои се нивни сојузници и ?подложници, ама имаат свои кралевства. Сегашната Македонија на море ја стекнале најпрво со Александар, татко Пердикин и неговите претци Теменидите, кои од старина потекнуваат од Арг (Рупишча), станале кралеви протерувајќи ги, после борба, од Пиерија Пиеридите, кои подоцна се населиле под Пангеј, преку Стримон Фагрет и други места... а од таканаречената Ботија Ботојаните, кои сега живеат во соседство на Халкиѓаните. Од Пеонија стекнале извесно тесно парче земја низ реката Акција, кое се протега од внатрешноста до Пела и до морето ... владеат со таканаречената Мигдонија, протерувајќи ги Едонците... а потоа од Еордија Еордјанците... па од Алмопија Алмопјанците. Тие Македонци ги совладале и останатите племиња, кои уште и сега ги држат во власт, и Антемунт и Грестонија и Бизалтија и голем дел од земјата на самите Македонци. Сето тоа заедно се нарекува Македонија...“

[8] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата*, II, с. 99, Дерета, Београд, 1991.

Западниот миграционен бран на скитските Илири се проширил на источните брегови на Јадранот „...од илирското племе Венети“[9] до Епир, протерувајќи ги *Пелазгите-Треспротјаните* кои пребегнале во Тесалија.[10]

[9] Херодот, *Историја*, I, 196, Матица Српска, Београд, 1988.

[10] Херодот, *Историја*, VII, 176, Матица Српска, Београд, 1988.

За натамошните преселби, Тукидид[11] истакнува: „... а денешните Беотјани, шеесет години по заземањето на Илиј, протерани се од *Арн* од Тесалијците (Теспротјаните), ја населиле сегаша Беотија, која пред тоа се викала Кадмова земја (еден дел од нив и пред тоа биле во таа земја, од каде и тргнеле во бој под Илиј), а Дораните (Хелени) во осумдесеттата година со Хераклидите го заземале Пелопонез... Атињаните ја населиле Јонија и поголем дел од островот, додека поголем дел од Италија и Сицилја и некои краеви на останатата Хелада ги населиле Пелопонезијците. А сето тоа било основано по Тројанската војна“.

[11] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата*, с. I, 12, Дерета, Београд, 1991.

Нови бегалски колонии на малоазиските брегови на Егејот

Сееолскиот сојуз на тлото на Мала Азија формиран е од страна на бегалците од тесалските Еолци, Беотјани, Фокиди и Локриди, кои биле панонски потомци. Сите староседелци, под притисок на Скитите, мигрирале од својата родна грутка по морски пат, преку островите Лемно, Тенед и Лезб, на источните брегови на Егеј и оформиле свои колонии од дванаесет градови. Тие го заземале просторот јужно од Троја, сè до реката Меандар, а во длабочина на Мала Азија ги опфатиле двете Магнезии.

За еолските градови, Херодот[12] изнесува: „... Ова се еолските градови: Кима, наречена Фриконска, Лариса, тврдините Неон, Темно, Мила, Нотиј, Егируз, Питана, Егеја, Мирина и Гринеја. Овие единаесет градови отсекогаш носеле еолско обележје, само еден од нив, Смирна, им го грабнале Јонците. Сите овие дванаесет градови се наоѓале на копно. Еолците, населувајќи се, наишле на подобра земја отколку Јонците, само што таа земја не имала така добра клима... Градовите кои се наоѓаат во подрачјето на гората Ида, сочинуваат посебна група... А од островите ги населиле Лезб и Тенед...“ Во овој состав, Еолците во Мала Азија, во новата патрида, го формирале Сееолскиот сојуз во 1053 година пред Христа.

[12] Херодот, *Историја*, I, 19-152, Матица Српска, Београд, 1988.

Сејонскиот сојуз воспоставен е од бегалците од Атина и останатата Атика под водство на Нелеј–Помладиот, син на атинскиот крал Кодар, од панонско потекло. Тој со останатите Кодрови синови и бројни бегалци од Еубеја и Пелопонез мигрирал на Егејските острови Миклади, Хиј, Сам, Накс, итн. и отишол во Мала Азија, каде го основал и Милет и други јонски градови, вкупно дванаесет. Со Јонците се измешале и Минијците од Орхомен, Кадмејци, Молоси, Пелазги и други и сите заедно го создале „Јонскиот сојуз“. Изградиле светилиште кое му го посветиле на Посејдон и ги вовеле „Сејонските свеченост“. Според Ератостен, оваа миграција се случила во 1044 година пред Христа.

Мрачна ера на Егејската цивилизација

Тројанската војна, преселбата на индоевропските народи, рушењето на постоечките заедници, бегалците, новите

колонизирања и друго довело до дезинтеграција, до назадување на сите видови дејности и до услови за живеење како во првотибните заедници. Во историјата, овој период се смета како „мрачно доба на Егејската цивилизација“. Стивнале еолските богови од Олимп, срушени се мегароните и ризниците на минијскиот Орхомен, исчезнала „Несторовата палата“ во Пил, како и Микенската цивилизација и кнососката култура. Патиштата за трговија со Африка, Блискиот Исток и со Јадранот се прекинати. Спалена е глинената документација. Исчезнале монументални споменици. Прекинати се Олимписките игри.

Жителите се посветиле на сточарство и земјоделие. Богатството се ценело според бројот на грлата стока. Преовладувала семејната економија. Занаетите биле примитивни, со постепен развој на кожарството и воена опрема, како што се штитови, лакови, стрели, копја, ножеви, итн. Во развој биле и гатачките и надрилекарите, како и патувачките поети. Кралствата претставувале единствен политички систем, особено во Спарта, каде со воведување на евгеника, Дорците-Хелени почнале многу рано да го шират своето владеење. Главната трговија ја држеле Фениќаните.

Ова мрачно доба траело од околу 1200/800 година пред Христа од кога почнува сè од почеток и се нарекува „*архаична епоха*“ која траела до половината на VI век пред Христа и претставува пресвртница кон античката цивилизација. Првите никулци на препородот се јавуваат на источните брегови на Егејското Море, по консолидација на Еолскиот и Јонскиот сојуз, а тоа се воведување на *феникијското писмо* и *Хомеровите епови.*

Херодот[13] опишува: „Хелените научиле многу корисни работи од Феникијците... пред сè, од нив го научиле писмото... Од почетокот пишувале исто како и Феникијците, но подоцна, напоредо со промените во јазикот, се менувала и формата на буквите. Околу нив во тоа време, речиси во сите краишта, живееле Јонци, кои научиле од Феникијците како се пишуваат букви, па, изменувајќи ги малку, со нив се служеле и ги нарекле, со право, феникијски букви... се пишувало на овчи и козји кожи...“

[13] Херодот, *Историја*, V, 19-152, Матица Српска, Београд, 1988.

Феникиската азбука имала 22 согласки (консонанти), но не и самогласки (вокали). Специфичност на Јонците и Еолците е таа дека сите тие ја почувствувале потребата за прилагодување на

нивната палеобалканска глосологија со додавање на неколку букви, така што азбуката имала вкупно 24 букви. Ваквата „јонска“ азбука официјално е прифатена во Атина дури во 403 година пред Христа, за време на архонтот Еуклид.[14] На малозасиките брегови на Егејот, во новите услови Еолите и Јоњаните постепено почнале да ја развиваат својата уметност која својата инспирација ја црпеле од источната градителска уметност, како што и микенската уметност водела потекло, речиси, само од критската уметност, иако Орхомените-Тесалците и Беотјаните имале свој стил. Според египетскиот модел, со автохтони решенија се развил „еолско-јонскиот“ стил во архитектурата, како што се „јонските столбови„, „Свети патишта“, итн. Така на пример, според тие модели, на прекрасниот пат во Делос изграден е Лавјиот пат, кој води до Светото Езеро, Аполоновото светилиште и до Артемидиниот храм, и др.

[14] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados*, p. 61, Hiotelli, Athinai, 1972.

Бидејќи постојат многуборјни разиидувања, досетливи и жолчни расправии посветени на „грчкиот“ мит и на „хомерското прашање“ повеќе од двеипол илјади години, ќе се обидеме во следното поглавје да ги изнесеме резултатите од нашите истражувања.

XXI
ПРЕСЕЛБА НА ХЕЛЕНИТЕ – СКИТАЧКИТЕ ДОРЦИ ВО ГРЦИЈА

Етногенеза и „Деукалионовиот потоп“

По Тројанската војна, на толото на Грција се појавува нов индоевропски, безимен народ, кој долж западниот Балкан и Епир, преку превлаката Пинд, помеѓу планините Загорја и Тзоумерка, се спуштиле во Тесалија и сопреле пред Термопилите во Фтија. Според Ератостен, тоа се случило во 1124 година пред Христа.

За потеклото на тој народ податоци ни дава Херодот во делот[1] за разговорто на кралот на Лидија, Крез (Kroisos), пред да биде симнат од престолот во 549 година пред Христа, од страна на персијскиот цар Кир, од кого му се заканувала опасност. За да се заштити, Крез се распрашувал кои се најмоќни кај Хелените, за да ги придобие за пријатели.

„Распрашувајќи се, дознав дека Лакедемонците и Атињаните се пред сите. Лакедемонците се од дорско потекло, а Атињаните од јонско. Двата народи се истакнуваат над сите останати хеленски народи. Атињаните водат потекло од Пелазгите, а Лакедемонците се од хеленско потекло. Атињаните никогаш не излегле од земјата, додека Лакедемонците се многу познати по своите скитања и патувања.

За веме на кралот Деукалион, живееле во земјата Фтиотида, а за време на Дор, син Хеленов, во земјата под Ос и Олимп, наречена Хистиеотида. Кога Кадмејците ги протерале, се населиле во областа на македонскиот Пинд. Оттаму, повторно, прешле во Дриопида, а од Дриопида дошле така на Пелопонез и го добиле името Дорци“.

[1] Херодот, *Историја*, I, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

Деукалион – родоначалник на Хелените

Кралот Деукалион (Deykalion) се смета за родоначалник на сите Хелени. Бил оженет со Пира, Епиметеовата и Пандорината ќерка. Живееле во тесалската Фтија, заедно со староседелците Пелазги, подоцна и со Ахејците-Мирмидонци во постечките градови. Според Хомер:[2] „Кои биле од Арг, во пелашки жиееле крај,/кои од Алопа беа, од Ал од Трехина, / и од Фтија и Хелада со жени убави/ па Мирмидонци се викаа, Хелени и уште Ахејци,/ имаа лаќи педесет, а водич им беше Ахилеј".

[2] Хомер, *Илијада и одисеја,* II, 681, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Од Хомеровиот спев се гледа дека во тесалската Фтија, уште пред доаѓањето на Деукалионовите мигранти, постоеле градовите Арг, Алоп, Ал, Хелада и Трахин. Вредно е значењето на сите топоними. „Фтија" од глаголот фино-земја на мртви, исчезнување, уништување; „Хелада" од хелос – мочуриште, кал; „Трахин" – од trahus – кршливи, каменити; „Ала" – од алос и алс – сол, сиан; „Алопа" – солен остров; „Арг" – бел. Реката која ја создала рамнината каде се наоѓаат овие градови го носи името „Сперхеј", што значи жестоко јуришање. Јужната планина носи назив „Ета" – што значи несреќа, страдање. На оваа планина Хераклe сам се запалил и таа ја создава Термопилскиот клисура. Тука, сега е главниот град на Фтија „Ламиа", што асоцира на словенскиот збор Lämja, аждаја.

Доколку топономастика значи и суштина, семантика, тогаш може да се сфати и приказната од митологијата за етногенезата на Хелните, што ја изнесуваат Пондар[3] и Аполодор[4] итн.

[3] Пиндар, *Olympia,* IX, 41

[4] Apollodori*, Bibliotheca* (I-II) I, 7,2,

Имено, кога богот Зевс одлучил со потоп да ги уништи расипаните и бежбожни луѓе, а сепак да го сочува човечкиот род, ги избрал Деукалион и Пира како единствени добри и побожни меѓу луѓето. Според Прометеовиот совет, Деукалион изградил голем дрвен ковчег и се засолнал во него заедно со својата жена. Набрзо, на земјата се истурила голема несреќа. Зевс го стопирал Северниот ветер кој го растерува дождот и му наредил на Јужниот ветер цврсто да ги стегне мрачните облаци и од нив да ја истури сета вода. Додека дождот лиел без престанок девет дена

и девет ноќи, Посејдон ги придвижил џиновските морски бранови (Scunami) на Егејското Море, а преку Малијскиот залив го затворил патот на излевање на водите од реката Сперхеј. Ниви, полиња, градови и села се нашле под вода. Земјата наскоро се преобразила во огромно море без брегови. Во паничен страв, луѓето напразно барале спас на блиските брда, но воденатa стихија уништувала сè пред себе. Кога сè било готово, единствено Деукалион и Пира се спасиле од погромот, но се нашле на пуста земја, опкружена со страшна тишина. Во знак на благодарност, тие на боговите им принеле многу жртви, молејќи се за обнова на човештвото. Слушајќи ги нивните молби, Зевс се одоброволил, но, за да го обнови човештвото, морале да ги следат Зевсовите напатствија кои што им ги пренела божицата Темида. Таа им наредила да ги покријат главите, да ги одврзат појасите и да ги фрлаат за себе „коските на својата мајка“. Долго ги повторувале загадочните зборови, сè додека не сфатиле дека нивната мајка е Земјата, а нејзините коски – камењата. Камењата што го фрлал Деукалион, се претворале во машки, а оние кои Пира ги фрлала, во жени. Подоцна, се изродило бројно потомство, а од нивните синови најпознати се Хелен и Амфиктион.

Паусанија[5] изнесува дека *Амфиктион* го симнал од престолот својот тест, атинскито крал Кранеј, а по 10-12 години владеење, него од власта го симнал Ерихтониј.

[5] Pauzania, *Periigissis tis Ellados,* , 25 (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Хелен – крал на Фтија

Кралот на Фтија, Деукалион (на бога посветен) го наследил *Хелен* (од мочуриште), кој станал епонимен херој на Хелените. Владеел со тесалската Фтија. Со горската нимфа Орсеида го имал синот Дор. Како Грција го добила името Хелада, дали по името на градот во Фтија, кого го цитира Хомер уште пред доаѓањето на Деукалионовите потомци или подоцна, бидејќи неговиот син според градот Хелада, каде и се родил, бил наречен Хелен, таа гатанка се обидува да ја реши Тукидид.[6] За Хеленското име тој пишува: „А мене ми се чини и дека тоа име уште го немала целава земја, туку дека во времето пред Хелен на Деукалион воопшто и го немало тој назив, туку сами себе си

ставале *имиња според други“ народи*, најверќе според Пелазгите. А кога Хелен и неговите синови се осилиле во Фтиотида, па ги викнале на помош во останатите градови, поединци поради дружењето со нив претпочитале да се викаат Хелени. Сепак, долго време не можело тоа име кај сите да преовладува. Хомер, иако живеел уште многу по Тројанската војна, никаде не ги нарекол така, па ниту други, освен Ахилеевиот народ од Фтија, кои токму биле и први Хелени, туку во своите песни ги нарекува Данајци, Аргејци и Ахејци.. Хелени, според тоа, се наречени, како кои, според градовите.

[6] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата*, с. I, 3, Дерета, Београд, 1991.

Мпампиниоти[7] наведува дека етимологијата на зборот ’Хелен’ е од непознато потекло, т.е. не е од индоевропскиот корпус, додека ние утврдивме дека припаѓа на палеоглосологијата на Панонија од зборото ’хелос’ – мочуриште, како и градот во Фтија Хелада (од префиксот ’хел’ и суфиксот ’ада’, т.е. ада во мочуриште – Хелада), каде во текот на преселбата се населиле Деукалионците. Авторот смета дека Херодот бил прв кој го употребил етнонимот ’Хелени’ за различните народи на тлото на Грција.

[7] Mpampiniotis, G.: *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis*, Athinai, p. 595, 1967.

Истиот автор ги изнесува обидите етнонимот ’Хелени’ (Ellines) да се поврзе со топонимот ’Сели’ (Selioi), село на падините на планината Бермион (Каракамен) во Негушкиот округ, на надморска височина од 1000 м. Тој, меѓутоа, објаснува дека од „морфолошки аспект смета дека зборовите Hellen и Hellas се суштествени за зборот Хели (Elloi) и Сели (Sėiloi), но, дека сите овие форми се од непознато потекло.’ Меѓутоа, тие се од словенско потекло, од зборот „сели“ – да се сели, преселува или од српскиот збор ’сели’ што значи ’да седнат, седнале’.

Топонимот ’сели’ им послужил на многумита етнонимот ’Хелени’ да го поврзат со Хомер[8], во делот каде Ахилеј принесува жртва на Зевс и му се моли Патрокле да го надари со слава и среќно враќање: „Зевсе, додонски кралу и пелашки што далеку/ владееш во Додона студена, каде Сели, гаталците твои,/ крај тебе со валкани нозе на голата живеат земја!“ или: „Ô Dia Dödönai, Pelasgike, pou makria esy meneis/ kai ti veryheimöni

Dödöni exousiazeis, pou ekei gyrö oi exigitades cou oi Selloi/ oi aniftopodoi pou koimountai katagis…“

[8] Хомер, *Илијада и одисеја,* XVI, 233, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓурић)

Хомер многу експлоцитно наведува дека Зевс бил додонски крал на Пелазгите, Теспротјаните, но не на Хелените кои, при миграциите од Епирот на скитските Илири, се преселиле во Еолија, во рамнината на реката Пенеј, која од тогаш е преимувана како Тесалија. Херодот[9] тоа го потврдува кога ја опишува клисурата кај Термоилите каде бил подигнат ѕид. „Ѕидот го беа изградиле Фокејците од страв од Тесалијците кога овие дојдоа од Теспротија и сакаа да се населат во еолската земја, каде и денес живеат.“ Во оригиналот, ова гласи: „Thessaloi elthon ek Thesprötön oikesontes gen Aiolida (-Pelasgiötis), ten per nyn ekteatai”. „Коза лаже, рог не лаже!!!“

[9] Херодот, *Историја,* VII, 176, Матица Српска, Београд, 1988.

За *времето на миграциите на Хелените,* Тукидид[10] го наведува следново: „... Сегашните Беотјани, шеесет години по заземањето на Илиј (1183 година пред Христа), протерани се од Арн од Тесалијците (Теспроти – пелашко потекло), се населиле во сегашна Беотија, која порано се викала Кадмова земја, а Дораните, во осумдесеттата година, со Хераклидите го заземале Пелопонез.“

[10] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата*, с. I, 12, Дерета, Београд, 1991.

Дор /Döros/– скитачкиот крал на Дорците

Хелените, за време на кралот Деукалион и неговиот син Хелен, живееле во Тесалската Фтија. Меѓутоа, според Херодот:[11] „...а за време на Дор, син Хеленов, во земјата под Ос и Олимп, позната на Хистиеотидите. Кога Кадмејците ги протерале, се населиле во областа на Пинд во Македонија. Оттаму, повторно прешле во Дриопида, а од Дриопида дојдоа така на Пелопонез и го добија името Дорци.“

[11] Херодот, *Историја,* I, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

Во оригиналниот текст стои: „...epi de Dörou tou Ellenos ten ypo ten Ossan te kai ton Olympon hören, kaleomenen de Istaiötin ek de tes Istiaiötidos ös exaneste ypo Kadmeiön, oikee en Pindö Makednon kaleomenon…“

Овој дел од Херодотовото дело во последно време значително многу се експлоатира за дневно-политички цели, па

сметаме дека е потребно да се даде објаснување. Според Ератостен, „Војната на сеумминатa против Теба“ се одиграла во 1213 година пред Христа, кога Тебанците-Феничани биле протерани од Аргиевците, од панонско потекло, и мигирале кај своите роднини во Енхелеја, денешна Албанија. Од ова следува дека пред овој настан, Кадмејците ги протерале Хелените на кралот Дор од Фтија во Хестиотида, а потоа од овие области во пределот на Пинд во Македонија.

Правци и етапи на преселбите на Дорците („Скитачки народ“ – Херодот, I, 56) во Пелазгија, во XIII век пред Христа

Етапи:

1. Додонска
2. Фтиотидска (за време на Деукалион) во 1124 година пред Христа
3. Хистиоеотидска (за време на Дор, Хеленов син)
4. Пиндска (протерување од Кадмејците)
5. Дриопидска – Доридска
6. Пелопонешка во 1104 година пред Христа

Хистиеотида се наоѓа во Тесалија, на јужните падини на планината Олимп (2917 м), додека на северните е Македонија. Планинскито масив Пинд почнува на север, од македонската област Орестида (Костур) и планината Грамос (2520 м) и се протега во правец на југ до Коринтскиот залив. Дорците можеле да бидат протерани единствено спротовно од течението на реката Пенеј, во македонските области на Пинд – Тимфаја Tymphaia) и Параваја (Parrhayaia), кои припаѓале на Македонците. Центарот на овие области е современо Метсово, помеѓу планината Тумфа (2497 м), Лугкос (2249 м) и Хасиа (1564 м) од север кон Македонија и планината Лакмос (2295 м) на југ. Овој дел од планинскиот масиф ја сочинува вододелницата помеѓу реките Пенеј во Тесалија, Халиакмон (Бистрица) во Македонија, Ахелоса, Арахтоса и Тхаумиса во Епир и Аоса (Војуша) во Албанија.

Херодот[12] многу прецизно ја дава миграцијата на Хелените од областа во Тесалија, наречена Хистиеотида во Пиндската област во Македонја.. „oikee en Pindö Makednon kaleomenom…“ *Овде хоронимот Македонија се однесува на оронимот Пиндо, а не на*

тоа дека Дорците тогаш го добиле етнонимот Македон, т.е. дека станале Македонци. Злоупотребата е околу глаголот „калеоменон“ што значи наречен, од основата „kaleö“ – да се нарече, именува. Доколку Олимп е планина во тнр. Хистиеотида, тогаш и планината Пинд е во тнр. Македонија. Современите политичари го користат овој дел од пишувањето на Херодот и истакнуваат дека, откако Дорците биле преименувани во Македонци, еден дел отишол на исток и дека тоа се античките Македонци, додека вториот дел отишле на југ и дека тоа се старите, антички Хелени. Ние, сепак, ќе го следиме Херодот.

[12] Херодот, *Историја,* I, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

Натамошната преселба на Дорците од негостољубивата Пинд се одвивала на југ... „Оттаму, повторно прешле во Дриопида, а од Дриопида дошле така на Пелопонез и го добиле името Дорци.“[13]

[13] Херодот, *Историја,* I, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

Дриопида (drys – даб) е висорамнина помеѓу планините Ета (2152 м) Kallidromo (1373 м), Evardousia (2407 м), Giona (2510 м) и Parnass (2457 м), од каде извира и реката Кефис. Тоа е тесен дел... „широк отприлика триесет сетепни... помеѓу Малида и Фокида, а тој предел порано бил Дриопида.[14]

[14] Херодот, *Историја,* VII, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

Кралот на Дриопида бил епонимен херој Дриоп, а негова ќерка е Дриопа. Со богот Аполон го добила синот Амфис. Кога пораснал, Амфис на својот татко му изградил храм Делфи и го основал градот Ета, со кого владеел како крал. Во спомен на својата мајка, подигнал светилиште на нимфите и во нивна чест ги основал свечеите игри. Во негова чест е и името Амфис, главниот град на округот Фокида.

Дорците ги протерале староседелците Дриопјани, кои се отселиле во Месенија и Лаконија, во градовите Хермион и Азин, кои се наоѓаат отспротива на Кардимил, а освоената област ја преименувале во Дорида, со истоимен град и епонимен херој и крал Дор (Döros) и етноним *Дорани-Дорци* (Dörieis). Бидејќи не можеле да ја освојат Атина, Дорците во три наврати, преку коринстката провлака Истам, се обиделе да го заземат Пелопонез. Ним најпрво им се спротивставил кралот на Микена, Евристиј, а потоа неговите наследници од династијата Пелопиди, Орест и Тисамен. После мирот од сто години, дури во „третата генерација“, децата на дорскиот крал Аристомах, во митологиајта

познати како „Хераклиди“: Темен, Аристодем и Кресфонт, се обиделе да го освојат Пелопонез под Оксиловото водство.

Оксил водел потекло она панонските Лапити. Негов татко бил Хемон, а дедо Тоант, крал на Етолците и нивен водач во Тројанската војна со 40 лаѓи, каде се истакнал со херојство и слаткоречивост. Кога Одисеј морал да ја напушти Итака, нашол прибежиште кај кралот Тоант, каде се оженил со неговата ќерка и тука ја поминал својата старост. Оксилов предок бил Етол, епонимен херој на Етолците, кој ги одвел своите роднини Епејците од Елида на Пелопонез, каде имале своја династија во Етолија. Таму е роден Оксил, кој во малдоста избугил едно око. Кога Хелените од Дорида тргнале повторно да го освојат Пелопонез, на патот го пресретнале Оксил со едно око, на коњ. Тие во коњаникот го препознале својот водач и го замолиле да ги поведе во земјата на нивните претци. Оксил со тоа се согласил, но под услов Хелените по освојувањето на Пелопонез да му ја препуштат на управување Елида, татковината на неговите претци. Откако молбата му била прифатена, Оксил ги повел Хелените кон морските теснец помеѓу Етолија и Ахаја на Пелопонез, каде се наѓаат градовите Рион и Антирион. Тука, локацијата каде се градени лаѓите за премин на мореузот, наречена е Наупакт.

Хелените под Оксиловото водство го преминале мореузот и по острите битки со Оресотвиот син, кралот на Микена, го освоиле целиот Пелопонез во 1104 година пред Христа. Освојувачите го поставиле Оксил на престолот на Елида. Тој мудро владеел со земјата, дал мудри закони и ја унапредил Елида. Ги земал во заштита староседелците кои ги прогонувале Хелените, а ја преземал и грижата за светилиштето во Олимпија *и ги обновил Олимписките игри*. По Оксиловата смрт, на престол на Елида стапил неговиот син Лајас.

Хелените–Дорци го освојуваат Пелопонез

Во времето кога Хелените се истовариле на северозападните брегови на Пелопонез, крал на Арг и на Спарта бил *Тисамен* (*Tisamenos*), син на кралот Орест и Менелаевата ќерка Хермиона, а негов брат бил Пентил. Во борбите, Хелените ги совладале Пелопидите, ја разориле Микена и ги протерале Тисамен и

Пентил. Овие се упатиле кон Ахејците на север на Пелопонез, со молба со своите луѓе да се населат во нивната земја. Тие го одибле тоа, бидејќи стравувале дека народот, поради доблеста и отмениот род, ќе ги избере нив за владетели. Тисамен загинал во борбата, но неговите војници извојувале победа и ги присилиле ахејските Јонци да се преселат во Мала Азија. Тисамен е погребан во градот Хелик. Неговиот син Комет владеел со Ахеја сѐ додека не бил протеран од Хелените и ја основал колонијата Пелопида во Азија. *Пентел* и неговите наследници основале колонија на островото Лезбос.

Хелените под *Теменовото* водство најпрво ја освоиле Арголида. Темен имал повеќе деца и ќерката Хирнета, која се омажила за Дејфонт. Кога Темен станал крал на Арголида, ја сакал својата ќерка Хирнета повеќе отколку своите синови и сакал престолот на Арг да ѝ го остави нејзе и на нејзиниот сопруг Дејфонт, но синовите поради тоа го замразеле и, додека се капел, го убиле. Подоцна дошло до свирепи пресметки помеѓу роднините, браќата Керин и Фалк од една страна, и Дејфонт и Хирнета од друга страна, при кои што сите загинале и биле погребани во една маслинова градина, недалеку од Епидаур на Пелопонез.

Втората група на Хелени под водство на *Кресфонт* ја освоила Месена. Тој станал крал на Месена и се договорил со Месењаните за поделба на земјата. Се оженил со Меропа, ќерка на Кипсел од Аркадија. Од неа, меѓу останатите синови, го имал и најмладиот Епит. Кресфонт владеел во прилог на народот и бил омилен, па поради тоа се побуниле богаташите и го убиле кралот и нивните синови, освен Епит, кој престојувал на дворот на својот дедо Кипсел. Со помош на Аркадјаните, Епит завладеал со Месенија и ги казнил татковите убијци и нивните помагачи.

Третата група Хелени на чело со *Аристодем,* ја освоила Лаконија, а тој станал крал на Спарта и ги населил Хелените-Спартанци. Неговата сопруга Аргеја ги родила близнаците Евристен и Прокел. Аристодем умрел веднаш по раѓањето на децата, а Спартанците двете момчиња ги избрале за кралеви, бидејќи така им наредила Питија од Делфи. Кога пораснале, иако биле родени браќа, цел живот не се сложувале, а исто така ниту нивите потомци. Херодот[15] наведува дека „*Спартанците*... и

останатите Хелени говорат дека овие *дорски кралеви* сѐ до Перзеј биле *Хелени* и при тоа се повикуваат на тоа дека тие веќе во тоа време биле именувани како Хелени.“ Во натамошнот опис, Херодот истакнува дека Перзеј бил Асирец, као и неговите потомци кои никако не биле Хелени, туку, како што и самите Хелени мислат, биле Египќани.

[15] Херодот, *Историја,* VI, 53, Матица Српска, Београд, 1988.

Четвртата група Хелени, под *Алтеовото* водство, ја зазела Коринтската област, протерувајќи поголем дел од еолските и ахејските племиња. Потоа завојувале со Атињаните, за време на митскиот крал на Атина, Кодро, Мелантов син, од еолско потекло од Панонија. Кодро е убиен под градската капија. Го наследил постариот син Медонт, додека помладиот Нелеј ја напуштил Атина и, на чело на Лапитите и Ахејците-Јонци, отишол во Мала Азија каде го населил јонскиот Додекаполис. Традицијата ја датира Кодровата смрт во 1091 или 1088 година пред Христа.

Хелените никогаш не успеале да ја поробат планинската Аркадија во централниот Пелопонез. Аркадјаните биле староседелци, Пелазги, и биле горди на своето потекло и вечната слобода. Нападите врз нив често ги преземале Спартанците и секогаш „лошо поминувале на мегаднот со Тегеанците..“[16] „... Кога подоцна Дорците ги протерале сите жители на Пелопонез, исчезнале и овие (Данаевите од Египет) мистерии, а сочувани се на Пелопонез само кај Аркадјаните, кои не биле протерани.“[17]

[16] Херодот, *Историја,* VI, 66, Матица Српска, Београд, 1988.

[17] Херодот, *Историја,* II, 171, Матица Српска, Београд, 1988.

По Пелопонез, Хелените ги освоите островите Тер, Мел, Род, Кос и Крит, каде биле Феничаните на Кадмо. На малоазискиот брег го заземале Аликарнас, кој што станал значаен центар за натамошните освојување во Памфилија и на Кипар. Индоевропските миграци на Балканот во XIII-XII век пред Христа довеле до егзодус и поместување на населението во сите правци, особено во правец на Мала Азија и југот на Италија.

„Мрачното историско доба во Егеј“

Тажната судбина на бегалците од Микена и микенскиот свет од Пелопонез ја опишал логографот Хеланико (406 година пред Христа) од Лезбос.

Во истражувањето на микенскиот свет[18] не се споменуваат машки робови, па се излвекува заклучокот дека при заземање на градовите од страна на Хелените машките биле ликвидирани, а жените со децата земани во рпство. Поради таквата катастрофа, дошло до назадување во светската цивилизација, до „*мрачното историско доба*“ во Егејот, кое траело околу 400-500 години за после него во културата да почне сѐ од почеток. Тој историски период е означен како „*архаичен*“ (архи-почеток).

[18] Chadwick J.: *The Decipherment of Linear B*, Cambrudge, 1967.

Првите чекори ги направил Хомер во VIII век пред Христа и Хесиод во VII век пред Христа. Со доселување на борбените, но слабо „цивлизираните“ Хелени, дошло до разорување на поранешните општествени структури и популации, до хеленизација на Пелопонез.

На просторите каде се населиле Хелените, забележано е значително назадување во сите области на животот и враќање на обичаите од првобитните заедници.[19] Физичкото обликување на хеленските заедници во преодниот период зависело од географските, економските и од општествено-политичките услови. Со време, политичкиот облик на заедниците се изразувал со поимот „*полис-кратос*“ – град-држава. Хеленските центри на полис-државите, кои дале печат на историскиот развој на Пелопонез, биле Спарта, Атина во Атика, која што сѐ до 405 година пред Христа одолевала како мултинационална и мултикултурална заедница, и феникијската Теба во Беотија. Во Тесалија, Македонија и на Епир, дури и во класичните времиња, преовладувале кралевства.

[19] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 55, Hiotelli, Athinai, 1972.

Во Арголида на Пелопонез, каде опстанале и староседелците, како тиранин владеел Фидон (Feidönos), кој војувал со Спартанците. Херодот[20] изнесува дека Фидон на Пелопонез вовел строги мерки и стегања и силно им се замерил на сите Хелени, со тоа што ги протерал елејските судии од Олимпија и што сам организирал олимписки натпевари во 776 година пред Христа. Фидон бил потомок на хеленските Темениди и по неговат смрт влијанието на Арг опаѓа, а првото место во случувањата на Пелопонез и пошироко го зазема Спарта.

[20] Херодот, *Историја,* VI, 127, Матица Српска, Београд, 1988.

Спарта – град-држава на Хелените

Постојат многубројни извори за изучување на историјата и активностите на Спартанците, од преселбата на Хелените на Пелопонез сѐ до Пелопонеската војна помеѓу Атина и Спарта. Тоа се делата на Херодот, Плутарх, Ксенофон, Паусаниј, Страбон, Тиртеј, итн. до современите научни историчари.

Најголем дел од Хелените се спуштиле до Лаконија, по западниот брег на Пелопонез, и ја зазеле плодната рамнина помеѓу Парнон (1935 м) и Тајтег (2437 м), која ја пресекува реката Еврот. Освојувачите најголем отпор доживеале кај стариот град Амикл, кој имал силна тврдина основана уште за време на Лелешките доселеници на кралот Амикл, Лакедемониов син. Со освојување на Лакедемонија, Хелените ги претвориле староседелците во робови (хилоти), им го забраниле нивниот јазик, а хеленскиот јазик станал владеачки – официјален јазик.[21]

[21] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados*, p. 52, Hiotelli, Athinai, 1972.

Северно од Амикл, каде бил таброт на освојувачите, Хелените го основале градот Спарта. Хелените кои подоцна живееле во околината на Спарта го добиле името „периоикои“ и тие опфаќале околу 100 села во Лакедемонија. Тие биле слободни граѓани и биле обврзани да служат војска, но не во воена обука и во командата на војската.

Робовите биле обврзани да ја обработуваат земјата, да ја снабдуваат војската и останатите Хелени со сите логистички потреби. Така, Спартанците биле ослободени од грижите на секојдневиот живот и целото нивно внимание било насочено кон формирање на силни воени сили. Поради тоа во Спарта немало политички и сталешки судири и многу истражувачи истакнуваат дека таа претставувала најголем воен логор, со освојувачки и агресивни намери.

Бидејќи се опоравиле од големите загуби што ги претрпеле во војните со Тегеанците, тие за време на кралот Леон (околу 600 година пред Христа) во другите војни имале среќа. Меѓутоа... „они живееле под најлош устав... и, најпосле, дошле до одличен устав кога Ликург станал законодавец...“[22] Тоа Ликург го средил додека бил старател на Леобот, својот внук, спартански крал. Донел устав од Крет, од градот Горта (Gortis), каде се негувало граѓанското право уште за време на Миној. Херодот за тоа натаму продолжува: „Штом станал старател, вовел нов устав и се грижел

тој да не биде прекршен. Покрај работите важни за воените вежби на воените единици, реони и јавни мензи, им поставил Ликург и ефори и сенатори, таканаречени геронти.“

[22] Херодот, *Историја,* I, 65, 66, Матица Српска, Београд, 1988.

„Евгеника“ во Спарта

Мерките и средствата за размножување, облагодарување и подобрување на породот, означени се под поимот *евгеника*. Според Ликурговото законодавство, биле точно пропишани условите и правилата за стапување во брак. Се одредувал бројот на годините на младенците, нивното здравје, душевни особони и отсуство на сродство меѓу нив. Родените Спартанци од седмата година се класифицирале во групи (agele - agelas), каде под раководство на постарите биле подложувани на гимнастички воени и многу други различни вежби со цел да го очеличат телото и духот.

По дваесеттата година, Спартанецот припаѓал на групата млади воини и до својата триесетта година морал да живее колективно и да се храни во менза (fidition-sissition) со црна супа и јачменов леб на свој трошок. Заедничкиот живот на младите Спартанци развивал нежна љубов. По шеесетата година, можеле да бидат слободни со право на учество во Собранието на старците.

Од родителите се барало слабичките и болникави деца, деца со конгенитални аномалии, да не ги чуваат и да не ги одржуваат во живот, туку да ги уништат физички, со фрлање во Еврот од познатата Терпејска Карпа.

Со еден збор, Хелените-Спартанци барале таков режим на воспотивање што водел кон зацврстување и челичење на човековата физичка снага и здравје, со цел создавање подобра и одбрана човечка раса, која се раѓа и живее за државата.[23]

[23] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados*, p. 110, Hiotelli, Athinai, 1972.

Спротивно на Хелените во Лакедемонија, во мултинационалната Атина под раководство на Кодридите, Алкмеонидите и Пизистратидите, еолски потомци од Панонија, сфаќањето на карактерот на државата било сосема спротивно. И тука се работело на подобрување и облагородување на потомството, но, пред сѐ, се барала убавина на душата, како и умствена развиеност, а дури потоа физичко подобрување.

На кој јазик говореле Хелените? Лингвистот Мпампиниоти[24] изнесува дека тие говореле на „дорски јазик“ од 1100 година пред Христа, кога ги покориле староседелците на Пелопонез. Тој јазик се говорел во Лаконија, Месина, Арголида, Коринт, Крит, Додеканези, т.е таму каде стигнале хеленските освојувачи. Подоцна, тој се збогатил со палео-балканската глосологија и поради тоа авторот го вбројува во античките хеленски дијалтеки. На тој дијалект спартанскиот поет Тиртеј (Tyrtaios) ги пишувал елегиите во VII век пред Христа, кој е полн со хомерови зборови и фрази. Дали од дорскиот јазик потекнуваат следниве зборови: „псоми“ наместо палеобаланските – артос, „неро“ – hydor, „гуруни„ – us, „провато“ – ois, „алого – hippos, итн.

[24] Mpampiniotis, G., *Synoptiki istoria tis Ellinikis glossas*, p. 96, Athina, 1986.

За првобитната религија на Хелените историчарите ништо не соопштуваат. Врз основа на спомениците во Спарта, кои што ги опишува Паусаниј,[25] Хелените ги прифатиле панонските богови на Олимп и тоа Зевс (Гостински), Хера, Хестија, Аполон, Артемида, Хермес, итн. Интересен е податокот што го изнесува авторот:[26]

[25] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, III, II, 12 (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

[26] Pauzania, *Periigissis tis Ellados*, III, 13 (prev. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

„Спротивно од Афродита Олимпијска се наоѓа храмот на Кора (Персефона) Спасителката. Велат дека го изградил Тракиецот Орфеј, а други тврдат дека го изградил Абарис (Аварис), кој дошол од земјата на Хиперборејците.“ Овој панонски Хипербореец бил пророк и чудотворец. Заедно со Залмоксис и Орфеј, Абарис бил претставник на религиозно-мистичната секта која се спротивставувала на реалистичното толкување на природата и светот, наместо митолошкото објаснување. Абарис ја ослободил Атина од чумата.[27]

[27] Пиндар, фр. 270

Во културен поглед, Спартанците го дале поетот Тиртеј, додека поетот Алкман (600) бил Лидјанец, и „дорските“ столбови во архитектурата, кои што се копија од минојските столбови од Крет кои биле дрвени, додека хеленските се од камен.

Војните на Спарта

Бидејќи Хелените на Спарта не можеле да ги совладаат Аркагјаните, ги насочиле своите освојувања на запад на Лаконија, а во VIII век пред Христа и до Втората месенска војна, на целосната окупација на Месенија. Нивните бегалци во Сицилија основале колонија под името Месенија. Со ширењето на границите на Спарта, дошло до проблеми во одржување на освоените простори и страв од бунт на робовите (хилоти), кои цифрено ги имало многу повеќе во споредба со Спартанците чиј број изнесувал сѐ на сѐ 25.000.[28] Цитирајќи го Тукидид, авторот изнесува дека за време на Пелопонеската војна со Атина, Хелените на Спарта ликвидирале 2000 свои робови-хилоти „без чувство на вина."

[28] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados*, p. 110, Hiotelli, Athinai, 1972.

Дури во VI век пред Христа создаден е „Пелопонескиот сојуз", без Арг и Ахеја. Тоа било време кога кралот на Лидјаните Крез се распрашувал кој во Грција е „најмоќен, Лакедемонците или Атињаните?" Од тогаш тие ја прекинале својата изолација и се вклучиле во внатрешните проблеми на Сицилија и Атина (510 година пред Христа), кога на власт ги довеле Алкмеонидите.

Во борбите на Атињаните со Персијците *на* Маратон, во септември 590 година пред Христа, Хелените од Спарта не стигнале на помош поради наведените побуни на робовите-хилоти. Меѓутоа, во пролетта 480 година пред Христа, Хелените учествувале со 300 воини на чело со кралот на Спарта Леонид, против персијскиот крал Ксеркс кај *Термопилите* кога сите загинале, манифестирајќи херојски доблести и спартанска челична дисциплина. За учеството на Спартанците во поморските битки кај *Саламина,* Херодот[29] наведува: „Во војната учествувале овие бродови: Спартанците од Пелопонез дале 16 бродови, а Коринтјаните 40, Сикионјаните дале 15, Епидавраните 10, Трезењаните 5 и Хермионците 3 брода. Сите овие, освен Хермионците, по потекло биле Дорани и Македонци и се доселила од Еринеја, од Пинд и, најпосле, од Дриопида... (44). Самите Атињани дале околу 80 лаѓи, всушност толку колку сите останати заедно."

Битката се одиграла во септември 480 година пред Христа, со триумфална победа на грчките сили. *Вистнските победници биле Атињаните.*

[29] Херодот, *Историја,* VII, 43, Матица Српска, Београд, 1988.

Во борбите кај Платеја, во пролетта во 479 година пред Христа, против персискиот војсководец Мердониј, меѓу 150.000-те илајди грчки војници, Хелени од Спарта, било 5.000 со оклопи кои располагале со заштита од 35.000 лесно вооружени хелоти, бидејќи на секој Спартанец имало по 7 хелоти.“[30] На чело на спартанската војска бил нивниот крал Паусаниј. Персијците биле поразени и протерани од Грција. *Вистинските победници биле Спартанците.*

[30] Херодот, *Историја,* IX, 28, Матица Српска, Београд, 1988.

За историјата на тлото на Грција, од крајот на војните со Персија до почетокот на *Пелопонеската војна,* после педесет години, од големо значење се историските информации кои што ги дава Тукидид[31] за наглиот и силен развој на Атина и за антагонизмот помеѓу Спарта и Атина, како хегемон. Првите судири помеѓу двата посебни општествени и етнички системи, мултиетничката и демократскака Атина, чии претци биле Лапити од Панонија и конзервативната Спарта, со дорско-хеленски национален состав, се случиле во пролетта 431 година пред Христа. Војните траеле 27 години. Атина била на чело на Атинскиот сојуз, а Спарта на чело на Пелопонескиот сојуз.

[31] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. I, 89-138, Дерета, Београд, 1991.

Војната била исцрпувачка за двете завојувани страни, а победила Спарта и вовела своја хегемонија. Меѓутоа, тоа била „Пирова победа“ бидејќи дошло до опаѓање на нивната моќ, така што подоцна целата Грција паднала под власта на Македонија, со победата на кралот Филип кај Херонеја II, во 338 година пред Христа.

Пред овој настан, дошло до крај и на спартанската хегемонија уште во 371 година пред Христа, во битката кај Леуктра во Беотија каде спартанските сили, под команда на кралот Клеомбот, се судриле со 7.000 беотски војници под команда на кралот Епиминонд. Победата на Епоминонд значела крај на хегемонијата на спартанските Хелени и владеењето на феникијските Тебанци.

Оваа победа означувала историска станица во натамошниот развој на сосотојбите во Грција, особено на Пелопонез, каде дошло до пубуна, до вооружување на Атинскиот и Пелопонескиот сојуз и до приближување кон Беотскиот. Хелените на Спарта не можеле да ги спречат ослободителните движења во Аркадија,

Арголида, Елида и Месена, додека Атина не смеела да им помогне и заземала неутрален став.

Повик од побуниците добил беотскиот крал Епаминонд, кој со своите големи воени сили стигнал на Пелопонез, сѐ до Спарта, која не можела да се спротивстави. Договори за независност добиле Месена и Аркадија, со што Спарта била изолирана од север и запад и лишена од богатата рамнина на Месенија, со што ù е зададен голем удар.

Спартанците не мирувале бидејќи склучиле сојуз со Атина и Дионис од Сиракуза и со голема финансиска помош од Персија завојувале со Аркадија, која ја победиле. На конференцијата во Суса (367 години пред Христа), каде учествувале Спартанци, Атињани и Тебанци, мандат за воспоставување на „Царски“ мир добиле Тебанците, со што е призната првобитната состојба и независноста на Месена и Аркадија.

Така Спарта, по поразот кај Леуктра, престанала да биде респектабилна сила, што се случило и со Атина и Теба, со што дошло до исчезнување на градовите-држави и македонската хегемонија.

Од наведните анализи се потврдува Херодотовата[32] констатација дека „*Лакедемонците од хеленско потекло*“, кои ја дале единствената „евгеника“, чии добри војници предизвикале меѓудржавни судири и освојувачки војни, не се творци на „грчкото чудо“ во егејската култура.

[32] Херодот, *Историја,* I, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

XXII
ГОЛЕМИ ПРЕСЕЛБИ НА СКИТИТЕ-ПРАСЛОВЕНИТЕ НА БАЛКАНОТ - НОВО ПРЕОБЛИКУВАЊЕ НА ПРАИСТОРИСКИОТ ЕГЕЈ

Според археолошките наоди, во времето на преодот од бронзено во железно доба (1200-800 гоидна пред Христа), настанала повторно епоха на превирање и несигурност на Балканот, слична на енеолитот.[1] До овој заклучок уште претходно дошол Хеуртлеј (1939) кој, на основа на истражувањата на материјалната култура во Македонија, истакнува дека на крајот на микенската еволуција и со почетокот на субгеометрискиот период, може да се констатира продор на миграциони елементи на Балканот поврзани за Медиана групата од околината на Ниш и Параќин во Србија (1300-1000 година пред Христа) во правец на југ кон Морава, Вардар и Егеј.

[1] Papastavrou, I,: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 172, Hiotelli, Athinai, 1972; Грашанин, М.: Праисторија на тлу Србија, I, 1973, Београд, Гавела, 1988.

Во прашање е еден од оние бранови кои допринеле за рушење на Микенската цивилизација, Хетитската држава и поместувања на населението од Блаканот во правец на Мала Азија и Блиски Исток, сѐ до Египет. Овој бран на преселба на „*народите од морето*“, сопрен е од страна на египетскиот владетел-фараонот Рамзес III, 1194-1190 година пред Христа. Тоа е утврдено од еден фараонов епиграм во храмот Мединет Хаб за сопирање на Дануните (Подунавците), Пелешати

(Пелазгите), Фригите (Бригите), Сака-либите, Сакалаши-Словените, итн.[2] За ова истражување особено се интересни Сакалашите.

[2] Childe, V.G.: *The Aryans, a Study of Indo-European Origin*, London, 1927.; Papastavrou, I,: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 26-30, Hiotelli, Athinai, 1972.; Macqueen, J.G.: *The Hittites and their contemporaries in Asia Minor, c. 157,* London, 1986.

Значи, Чајлд[3] укажува дека првите информации за Сакалшите како народ „од Север-Борејци и Хиперборејци', т.е. „Дануни" сочувани се во египетските споменици кои датираат околу 1400 години пед Христа. Следат податоците на Мернептах (1225-1215), кој на северните граници на Египет ги победил „Северните хорди од целиот свет" каде учествувале и Сака-лашите. Етнонимот *Сака-лаши, Сака-либи* е арапско име за *Словените*, додека за Персијците тоа е *Саки*. Ова име, Сакалиби, се наведува во 665 година пред Христа кога еден одред од Словени, од 5.000 војници, им пришол на Арапите во Сирија.[4] Неколку години подоцна, за време на императорот на Источното римско царство, Јустинијан II, во 692 година пред Христа, пребегнала кај Арапите поголема формација Сакалиби од околу 20.000 војници.

[3] Childe, V.G.: *The Aryans, a Study of Indo-European Origin*, p. 63, 82, London, 1927.;

[4] Острогорски, Г.: *Историја Византије*, с. 132, Просвета, Београд, 1969.

Етнонимот *Скити* се јавува кај Херодот (485-425 пред Христа) во излагањето за ширење на Персиското царство во Азија и на Балканот. Етнонимот Скити кај грчкиот етимолог Мпампиниоти[5] е од непознато потекло, бидејќи потекнува од словенското глагол *да скита*, бидејќи биле номади. Во воената литарутра, нивниот начин на војување се опишува како „скитска тактика", применета против Дариј, Наполеон и против Хитлер.

[5] Mpampiniotis, G., *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis,* p. 163, Athina, 1967.

Херодот, во својата „Историја"[6] изнесува дека „Земјата на Скитите се протега во правец запад-исток, од Енет на Јадранот до Медија и до Персија на исток, а дека низ неа тече реката Истар (Дунав)... и дека преку Истра се наоѓа една бескрајна пустина. Единствени за кои бев во состојба да дознаам дека живет преку Истра се луѓето чије име е Сигини, а кои се облекуваат како Меѓаните."

[6] Херодот, *Историја,* V, 9, Матица Српска, Београд, 1988.

Енети-Венети – па оттука и името Венеција, скитско-прасловенско племе на Јадранот, во покраината Венеција, со главен град Патавија (денешна Падова). Хомер[7] споменува херои од Енетските земји во малоазиската покраина Пафлагонија, кај описот на составот на тројанските војски: „... А на Пафлагонците водачот Пилемен беше влакнест, јунак од Енетската земја, каде диви мазги живеат...“

[7] Хомер, *Илијада и одисеја*, II, 851, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Ова е во согласност со Херодотивте цитати дека тие се доселиле од Медија. Енетија на Јадранското Море била позната во тоа време по одгледувањето коњи. Познати биле енетските ждребиња, т.е. благородоните ждребиња (Enetai pöloi).

Во друг дел[8], Хомер опишува: „... Пред Скитија кон морето се наоѓа Тракија. *Скитија лежи веднаш позади Тракија* во истиот залив и *низ неа тече Истар*, чие устие е свртено кон југоисток.“ Хекатај (Хекатаиос) од Милет (549-478), еден од најстарите антички историчари и географи, кој покрај останатото го напишал и делото „Патување околу светот“, во делот за Европа, каде се обидува да ја согледа Тркија во целина, пишува дека Тракија има природни граници кои ги опфаќаат сите земји од северниот брег на Егејското Море, западните брегови на Понт, на север планината Хем (Балкан), а на запад планините Рила и Пирин. Дека тоа се вистинските граници на Тракија и на Тракијците потврдуваат и резултатите од археолошките и лингвистичките истражувања на современи автори,[9] кои сметаат дека тоа се, пред сѐ, територии на денешна Бугарија.

[8] Херодот, *Историја,* IV, 99, Матица Српска, Београд, 1988.

[9] Срејовиќ, Д., Цермановќ-Кузмановиќ, А.: *Речник грчке и римске митологије*, с. 49, СКЗ, Београд, 1992.; Попов, Д., 2008, 19.

Според Херодот, значи, западната граница на Скитите на Балканот е Јадран („...до Енет на Јадранот...“), а источната е Тракија („... лежи веднаш позади Тракија“). Северната граница е неодредена, бидејќи како што пишува: „... низ неа тече Истар-Дунав...“, т.е. на двете страни на Истар се Скитите. За јужната граница на Скитите тој е доста нејасен. Херодот наведува:[10] „... Тој предел, кој што се протега од Истар на исток и југоисток сѐ до таканаречениот град *Керкинитид*, всушност, е *Стара Скитија...“*

[10] Херодот, *Историја,* IV, 99, Матица Српска, Београд, 1988.

На Крим постоел град по име Каркинитида (каркинос – рак). Меѓутоа, во грчко-германскиот речник на Бенселер-Каегијев, според Сенц,[11] Керкинитис лиме е езеро во Македонија низ кое протекува реката Стримон. Покрај хидронимот на езерото, постои и ороним Керкини (Беласица) и град Керкини. Зборот Керкинитис потекнува од ПБГ каде керкис-керитидос значи цевка, теснец, клисура, што на теренот ја претставува клисурата на реката Струма помеѓу планините Керкини-Беласица и Орбел. За религијата на Скитите, Херодот[12] пишува: „ Ги почитуваат само следниве богови: пред сѐ Хестија, а потоа Зевс и Геја и мислат дека Геја е Зевсова жена. А, после овие, ги почитуваат Аполон, небесната Афродита, (Хераклe) и Арес. Овие богови ги почитуваат сите Скити, а таканаречените Кралевски Скити му принесуваат жртви на Посејдон. Хестија на скитскиот јази се вика „Табити“, а Зевс има, според мое мислење, мнгу убаво име „Папеј“ ...“, т.е. папаиос, бабо, тата, татко.

[11] Херодот, *Историја,* IV, 99, Матица Српска, Београд, 1910, 509.

[12] Херодот, *Историја,* IV, 59, Матица Српска, Београд, 1988.

Од ова следува заклучокот дека Скитите ги почитувале боговите на Хиперборејците од хидролошкиот систем на Дунав, подоцна наречени Олимписки богови.

Зевсовите Скити

Етногенезата на Скитите е опишана од страна на Херодот[13]: „Скитите говорат за себе дека се најмлад народ на светот, а настанале вака. Во нивната земја, која била пуста, се родил првиот човек кому името му било Таргитај. Велат *Зевсовите Ските* дека *родители на овој Таргитај биле Зевс* и ќерката на реката Бористена. Тоа јас не им го верувам, ама тие упорно тврдат дека тоа е така.

И тој Таргитај, кој имал такви родители, имал три сина: Липоксај, Апроксај и најмладиот Колаксај..., а од најмалдиот водат потекло скитските кралеви кои се викаат Паралати. Сите тие заедно се викаат, според името на еден крал, *Сколити-Skölos-Skölosoi;* Хелените, меѓутоа, ги викаат *Скити* – Скутаи.“ Потоа, авторот[14] продолжува: „Така говорат Скитите за своето настанување и тврдат дека од нивното настанување, т.е. од првиот крал Таргитај до Дариевите походи против нив (на Дунав, во 512 година пред Христа) има сѐ на сѐ, ниту помалку, ниту

повеќе, илјада години...“ Од ова произлегува дека *Скитите се појавиле на историската сцена на Балканот 1500 години пред Христа, т.е. пред Хелените-Дорци 388 години порано*, според пресметките на Тукидид[15]... „дека Хелените се селеле и ... шеесетата година по заземањето на Илиј (Троја).“

[13] Херодот, *Историја,* IV, 5-142, Матица Српска, Београд, 1988.

[14] Херодот, *Историја,* IV, 6, Матица Српска, Београд, 1988.

[15] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. I, 12, Дерета, Београд, 1991.

Понатаму, под ономастиката Сколос, постои топоним во македонската Халкидика, во билизната на Олинт, како и во Беотија, на десниот брег на реката Асоп во Платејскиот крај.[16]

[16] Pauzania, *Perrigissis tis Ellados,* IX, 8, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.; Херодот, *Историја,* IX, 15, Матица Српска, Београд, 1988.; Тукидид V, 18

Хераклевите Скити

Хераклевата етногенеза на *Скитите од Балканот* опишана е, исто така, од страна на Херодот:[17] „...Хелените од брегот на Црното Море пак го говорат ова. „Херакле, терајќи ги Геріоновите говеда, стигнал и во таа земја, која била ненаселена, а во која сега живеат Скити. А, самиот Герион не живеел на Црното Море, туку во Океана *(Дунав*), на едно острово кое Хелените го викаат Еритеја (истовремено е и сегашно романско име, додека српското е Ада Кале), позади Хераклевите столбови, недалеку од Гадира (При-град)... И кога Херакле оттаму дошол во земјата која сега се вика *Скитија*, бидејќи го фатила зима и мраз, се облекол во лавовска кожа и заспал, а неговите грла, кои во тоа време се наоѓале на паша, исчезнале на некој нему таинствен начин.“

[17] Херодот, *Историја,* IV, 8-10, Матица Српска, Београд, 1988.

Раѓањето на Скитите на кралот на Хилеја - Шумадија

Во продолжение,[18] авторот изнесува: „И, откако се разбудил, Херакле ги барал грлата, па отакако ја обиколил целата земја, стигнал најпосле во земјата која се викала Хилеја – Шумадија (Hileis – шума). Тука, во една пештера, наишол на некое двојно женско суштество, пола змија, а пола девојка, која до појасот била змија, а над појасот девојка.“ Тоа била Ехидна, Форковата или Тартановата ќерка.[19] Таа на јунакот му ја признала кражбата на коњните, но не сакала да му ги врати сите додека тој не се согласи да се соедини со неа.“

[18] Херодот, *Историја,* IV, 9, Матица Српска, Београд, 1988.
[19] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia*, p. 295.

Пред заминувањето од Хилејската земја, каде таа била господар, Ехидна, му рекла дека под срцето носи три негови сина. Јунакот тогаш ѝ го предал својот лак и појас, на кој висел златен сад и ѝ ја дал следнава инструкција: „Кога ќе видиш дека синовите веќе се одраснати, ти советувам ова до го вградиш и нема да згрешиш. Оној кој ќе може вака да го оптегне лакот и да се опаше со овој појас, него остави го во оваа земја, а кој не ќе може тоа да го стори како што ти покажав, него прати го во светот. Ако тоа го направиш, и ти ќе имаш голема радост, а ќе ја извршиш и мојата наредба.“

По Хераклевото заминување, кралицата Ехидна ги родила Агатирс, Гелон и Скит... „Првите двајца, Агатирс и Геон, мајката ги протерала од земјата, бидејќи не биле во состојба да ја извршат зададената задача, т.е. да го оптегнат лакот, а најмладиот Скит, кој го оптегнал лакот, го оставила дома. *И од овој Хераклев син Скит потекнуваат сите подоцнежни скитски кралеви.“*

Агатирси

Агатирс станал епонимен херој и крал на Агатирсите, скитско племе во сливот на реката Тиса и нејзините притоки Марис (Maros) и Köros, во областа на денешниот Сегедин и Арад, сѐ до Будим, на археолошкиот локалитет Szöny. Херодот[20] пишува дека Агатирсите биле многу богати, дека со задоволство се кителе со злато, дека биле кицоши/контиња, биле едни на други браќа и многу храбри. Агатирс се спомнува и како учесник на кралското Собрание на Скитите, во 512 година пред Христа, за време на Дариевата агресија.

[20] Херодот, *Историја,* IV, 104, Матица Српска, Београд, 1988.

Гелони

Гелон, исто така, бил епонимен херој и крал на Скитите-Гелони, племе помеѓу Агатирс и Будим. Херодот[21] изнесува дека Гелоните имале главен град што се викал Гелон, ограден со дрвени sидини. Секоја страна од нивниот sид била долга триесет стадиуми, а бил и прилично висок. Куќите и храмовите биле, исто така, од дрво. Имале светилишта на хеленските богови, со

соодветни кипови. Секоја трета година приредувале свеченост во чест на богот Дионис. *Јазикот им бил мешавина од скитски и хеленски* зборови. Кралот Гелон бил учесник на Собранието на кралевите на скитските земји во состав: Агатириси, Будини, Сауромати, Неури, Тауријци, Меланхнеми и други во борба против Дариј. Гелоните биле земјоделци и добри градинари.

[21] Херодот, *Историја,* IV, 108, Матица Српска, Београд, 1988.

Будини

За скитското племе на Будините, Херодот[22] вели дека тоа е едно големо племе и ги има многу на број, а имаат светло сини очи и костенлива коса. Будините биле староседелци и сточари. Нивната земја била шумовите, окружена со мочуришта, обрасната со трска, богата со видри и дабари, од чија кожа ги правеле своите кожуви. Кога Персијците навлегле во земјата на Будините, наишле на дрвен град и го запалие, бидејќи Будините го напуштиле и во него никој немало. Етнонимот Будини потекнува од сложен ПБГ збор 'бус' – бик, вол и зборот 'дини' – талка, скита, т.е. говедари.

[22] Херодот, *Историја,* IV, 108, Матица Српска, Београд, 1988.

Сигини

Меѓу Скитите во Панонија, Херодот[23] го вбројува уште и племето Сигини (сигинес – трговец). За ова, тој вели: „... Единствените за кои бев во можност да дознаам дека живеат преку Истра се луѓето на кои името им е Сигини, а кои се облекуваат како Меѓаните... Земјата им се протега до Енет на Јадранот. За себе велат дека се доселиле од Медеја, ама како од таму се доселиле, не бев со состојба да објаснам. Тоа сето можело да се случи во долг временски период."

[23] Херодот, *Историја,* V, 9, Матица Српска, Београд, 1988.

Синги

Сенц[24] под етнонимот Синги-Сингејци го наведува народот на Атос во Македонија, додека под името Сингос постои, исто така, град во Македонија, на западниот брег на Сингитскиот залив (Sinus singiticus), на денешната главичка? на Сикиј, полуостровот Ситоија на Халкидики.

[24] Senc, St.: *Grčko-Hrvatski rječnik,* s. 841, Kr. zemaljska tiskara, Zagreb, 1910.

Наведените ономастики упатуваат на хипотезата за наводен келтски етноним Белград под името Синги-дунум. Дали потекнува од скитскиот етноним Синги од просторот на Панонија или од античкиот етноним во Македонија Синга, кога Скитското племе Синги од Македонија „... кои се облекувале како Меѓани..“ стигнале на устието на Сава во Дун-ав и му го дале својот етноним Синги-дун-ум на Белград? Дали подоцнежните лингвистичи промени во келтскиот и латинскиот јазик го искристализирале името дом-донус во Дунум, па на крај имаме Сингидунум како тврдина на Синги или Синги-дун-ав како Синги на Дунав?

Можеби и името Кале-мег-дан не е од турско потекло, туку потекнува од палеобалканската глосологија: кале-мег(ас)-дан (Danoubius), што во дескрипција значи голем убав Дунав, т.е. Видиковец или Панорама. Дан е буколичка форма на богот Диос, односно Зевс, што е антропоморфизам за теонимноста на Дунав и целиот негов хидролошки систем. Мегас или магнус е голем, силен, знаменит, возвишен. Турското име за Калемегдан било Фиќир баир, што значи ’брег за размислување“.

Трибали

Херодот[25], опишувајќи ги притоките на Дунав (Istar), ја споменува Трибалската рамнина: „... Од Илирија тече кон север реката Ангро (Дрина) и се влива во Бронг (Сава), во Трибалската рамнина, а Бронг се влива во Истар...“

[25] Херодот, *Историја,* IV, 49, Матица Српска, Београд, 1988.

Трибалската рамнина е сегашна Шумадија, област во Србија помеѓу Сава, Дунав, Западна и Велика Морава, а на исток го опфаќа Поморавјето, а од бугарската страна се протега до Оксиос, сегашната река Искар.

Етнонимот Трибали потекнува од ПБГ каде Ба и Баал значи крал, што значи дека Трибалите имале три кралеви.

Дали тоа се однесува на трите крала кои ги родила кралицата Ехидна со Херакле: Скит, Агатирс и Гелон или тоа биле кралевите Ба-силеуси: Банат, Бачка и Барања, т.е. Војводина?

За Трибалите пишува и Тукидид[26] како слободно племе. Тие се бавеле со лов, риболов и лозарство, а биле пијаници. Во 424 година пред Христа, го победиле одринскиот крал Силтак, кој во бојот загинал. Трибалскиот крал Сирм (сирмос – виор), во 339

година пред Христа војувал со Александар Македонски на едно големо острово на Дунав (веројатно на Ада-Острово, помеѓу Морава и Млава), во време на неговите северно-балкански операции. Тогаш Трибалите биле победени и изгубиле околу 300 војници. Кралот Сирм е епонимен херој на римскиот град Сирмиум, сегашна Сремска Митровица.

[26] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. II, 96, IV, 101, Дерета, Београд, 1991.

Географските имиња во источниот дел на Шумадија-Трибалската рамнина, како што се реката Ресава, селото Ресавица и Ресавската пештера, ја чуваат традицијата и народното памтење за митилошкиот крал Рес (Ресос). Хомер,[27] Рес го именува тракискиот крал, Ејонеевиот син. Тој, во десеттата година од Тројанската војна, дошол со Тракијците на помош на кралот Пријам како силен јунак, вооружен со златно оружје и со коњи побели од снег. Рес истиот ден бил убиен, а неговите останки вратени во родната Хилеја и погребани во мала пештера. За Ресовото богатство, Хомер[28] пее: „Кај него видов многу убави и големи коњи, што се побелиод снег, во трчање слични на ветрот.

[27] Хомер, *Илијада и одисеја*, X, 435, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

[28] Хомер, *Илијада и одисеја*, X, 436, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Украсена е со злато и сребро неговата кола, носи оружје златно и големо, право е чудо оружјето да се види тоа; не доликува на борците смртни да се вооружуваат со такво.“ Рес станал тракиско божество, сроден на тракискиот Коњаник, кој лови по шумите и планините и како полубог живее во пештерите на со сребро богатата Хилеја.

За Рес славниот трагичар Еврипид (485-406) од Саламина, напишал трагедија. Ресовиот култ за тракијскиот херој-коњаник и за подунавскиот јавач се пренесува од митот во средниот век, сѐ до свети Ѓорѓе и Марко Крале. Неодамна, во пештерите на источна Србија пронајдено е пештерско сликарство, црежи на коњ и на јавач, кои што настанале во периодот помеѓу XV-VIII век пред Христа.

Местото и моќта на трибалската аристократија се разоткриваат со помош на археолошки наоди. Особено во таа смисла на зборот се наодите од гробницата Хисар кај Лесковац и други места во Србија, потоа во Бугарија, во градот Врац и ризницата

од селото Рогозен кај Врац, од IV век пред Христа, која содржи 165 скапоцени садови.

Дардани

Меѓу старобалканските племиња се вбројуваат и Дарданите. За нив меѓу античките писатели постојат контрадикторни податоци. Нивниот етноним се поврзува со дарданските племиња Скити, Илирите и за Дарданелите. Информациите за Скитскиот Дардан постојат од Аполониус Родиус (295-230 пред Христа) во Аргонаутиката[29] и од Диодорус Сицулус (90-20 година пред Христа) во Библиотека[30], каде се наведува дека крал на дарданските Скити на Балканот бил Дардан. Неговиот антропоним е од скитско-словенско потекло, од сложениот збор: дар-подарок и дан-дану – Дунав-Диос, т.е. Подарок од богот Диос-Божидар.

[29] Аполониус Родиус, *Аргонаутика,* II, 178

[30] Diodorus Siculus, *Bibliotheca historica,* Fr. Vogel, IV, 43, Leipzig, 1896.

Дардан имал ќерка која се викала Идеја (основа: идеја – гора, шума, т.е. Горица) која се омажила за Финеј, моќен крал на тракијскиот Салмид, на брегoвите на Мраморното Море и Босфорот. По Идеино наговарање, Финеј ги ослепел синовите од првиот брак и ги фрлил, заедно со нивната мајка Клеопатра, в зандана. Клеопатрини синови биле Плексип и Пандион.

Клеопатра била Бореина ќерка, сестра на Бореадите (Македонците), близнаците Калеј и Зет. Кога Аргонаутите, на пат за Колхида, стигнале на Финеевиот двор, кралот им ја раскажал својата жалосна судбина, дека го ослепел Зевс, бидејќи го злоупотребил своето знаење за претскажување што му го подарил Аполон и дека страшните Харпии, кои му ја грабаат и загадуваат храната, му ги загорчуваат деновите и животот и побарал помош. Бореадите ги трогнала Финеевата сторија и кога Харпиите јурнале кон поставената трпеза, Калеј и Зет ги нападнале со мечевите и засекогаш ги протерале од Тракија.

По гозбата што им ја приредил кралот, Бореадите слушнале повик за помош на момчиња од некоја зандана, кои секојдневно биле камшикувани. Бореадите пришле на зандaната и ја ослободиле својата сестра и внуците. Следејќи го Хераклевиот совет, *Идеја е вратена на својот татко во Скитија и таму*

Дардан сам ѝ пресудил на својата ќерка.[31] Според Ератостен, походот на Аргонаутите бил во 1225 година пред Христа.

[31] Diodorus Siculus, *Bibliotheca historica,* Fr. Vogel, IV, 44, Leipzig, 1896.

Меѓутоа, првите релијабилни податоци од историски аспект за балканските Дардани, потекнуваат од втората половина на V век пред Христа, во врска со македонските воени активности на Балканот. Археолошките наоди и лингвистичките истражувања на Косово, Скопската котлина и јужното Поморавје упатуваат на етногенезата на Дарданците. Денес се познати околу триесетина населени места кои што ја претставуваат неолитската култура на Централниот Балкан и во Егејот помеѓу 5500-4500 година пред Христа.[32]

[32] Срејовиќ, Д., Цермановќ-Кузмановиќ, А.: *Речник грчке и римске митологије*, с. 191, СКЗ, Београд, 1992.

Лингвистичките истражувања на ономастиката на овие простори упатуваат на тоа дека таа припаѓа на палеобалканската глосологија, архетипската култура на Дунавската цивилизација, каде хидронимскиот систем на Панонија го претставува теолошкиот систем на боговите на Олимп.

Од ова може да се заклучи дека Дарданите се етнички и културно сродни со народите на Централен Балкан, како што се Мези, Трибали, Пеонците и Линкести. Во антиката, Дарданија била област во денешниот Космет и во Прешевската и Скопската котлина.

Пеони

Меѓу праисториските народи на централниот дел на Балканот се вбројуваат и Пеоните, а нивната земја се викала Пеонија.

Родоначалник на Пеоните и нивен крал е епонимниот херој Пеон (Раіён). За неговото потекло постојат две верзии. Според Апиан,[33] Пеон е Посејдонов и Хелин син, брат на Едон и Аломпиј, татко на Скордиск иТрибал, или Аутариев син и Илиреев внук. Кај Хомер, Пеон е Лекар на боговите, според кого лекарите на воените херои се викале Пеониди, а иста придавка имале и Аполон и Ескулап. Името Пеон како божество се споменува многу рано, уште околу 1400 година пред Христа, на глинените таблички испишани со линеарното Б писмо.[34]

[33] Аппиан, *Hist. Illyrica*, II, 1, 346.

[34] Ventris, Shadwich, 1956, 122.

Според Паусаниј,[35] Пеон има лапитско потекло и потомок е на Хиперборејците, преку кралевите Елид, Ендимион, Оксил, Аугиј, Актор, Хемон, Тоант... сѐ до Лапит. Имено, кралот на Елида на Пелопонез, Ендимион, ги имал синовите Епеј, Етол и Пеон. Бидејќи Епеј ги победил своите браќа во Олимпија, таткото го одредил за наследник. По неговата смрт, Етол станал крал на Илида, додека Пеон отишол во Македонија, во „земјата преку Аксиј (Вардар) и според него е наречена Пеонија."

[35] Pauzania, *Perrigissis tis Ellados,* V, 1, 3, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Пеоните го населувале Балканот јужно од Дарданите, помеѓу Тракијците, Пелагонците и Македонците. Живееле во средниот тек на реката Аксиј, околу реките Еригон (Црна) и Астибос (Брегалница), во чии води се извршувало обредното крунисување на пеонските кралеви, како и во долината на Стримон. Меѓу племињата се истакнуваат Аргијаните (Жестоки), кои живееле околу изворот на Стримон и учествувале во походот на Александар Македонски со 1000 стрелци. Следат Сирипенците кои живееле во рамнината на денешниот Серес, потоа Пеопли, Леејци, Добери и др. Значи, нивниот центар била *Каркинитида, која Херодот[36] ја означува како „Стара Скитија".* За присуството на Скитите во византиската Тема Стримон, сведочи пред него и Тукидид[37] во врска со нападите на тракијскиот крал Ситалко на Македонија.

[36] Херодот, *Историја,* IV, 99, Матица Српска, Београд, 1988.

[37] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. II, 98, Дерета, Београд, 1991.

Константин Порфирогенит ги споменува околу 934 година пред Христа во делото „De thematibus", што го потврдува континуитетот на живеење на пра-Словените на овие простори, а во Пеонија се споменуваат кралевите Астропев, Ликеј, Патреј, Никарх, Бастерej, Андолеон, Леон, Допеон и др.

Археолошките ископини кај Анзебегово (неолитска култура) во Ѓевгелија, Мавринци и Исар во Македонија ја потврдуваат нивната висока култура и трговски врски со Мала Азија, а пред сѐ со Троја, Јонија и Микена. Многу богати наоди во Демир Капија откриле златен и сребрен накит со висока вредност и ковани пари со ликовите на веќе споменатите пеонски кралеви.[38]

[38] Микулић, 1989.

Во Тројанската војна, Пеоните биле сојузници на Троја. Во поглавјето за составот на тројанските војски, Хомер[39] за Пеонците вели:

[39] Хомер, *Илијада и одисеја*, II, 848, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

„... А Пеонците со криви лакови ги предовдеше херојот Пирехмо, од далечната Амидона од Аксија широката река. Аксија, која земјата ја оплодува со најубава вода.“

По загинувањето на Пирехмо, поетот во епот[40] за смртта на друг пеонски јунак, Аписаон, продолжува: „... и Аписаон, на луѓето пастир, син на Хипасп, во џигерот го рани, под мембраната и колената му ги раздразнија нему: тој од плодната земја Пеонија беше стигнал.“

[40] Хомер, *Илијада и одисеја*, II, XVII, 348, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Главни градови на Пеонија биле Астибо (сегашен Штип) и Стоби. Други градови се Арг, Вилазора (Велес), Стена (Демир капија), Евристус, Баргала, Армохиј, Запара, Добер, Астреон итн. Реки се Аксиј (Вардар), Еригон (Црна), Стримон (Струма), Астибос (Брегалница) итн.

За луѓето и обичаите на Пеонците постојат податоците на Херодот[41] кој ги обиколил овие краеви. Тој говори за постоење на лавови во Пенонија, дека при принесување жртви на божицата Артемида ветените подароци ги замотуваат во пченична слама и др. При персиската окупација на Пеонија, некои нивни племиња пружале жесток отпор, па Сириопеонците и Плеоплијанците биле преселени во Фригија во Мала Азија. По нивната успешна побуна, тие се вратиле во Пеонија. За време на кралот Флип II, Пеонија е приклучена кон Македонија.

[41] Херодот, *Историја*, IV, 33, Матицка Српска, Београд, 1988.

Покрај овие информации што ни ги дава Херодот, интересни се следниве податоци:[42] „...Оние околу Пангејските планини и Прасиадското езеро не му паднаа на Мегабас (персискиот војсководец) в раце.

[42] Херодот, *Историја*, V, 16, Матицка Српска, Београд, 1988.

Тој навистина се обиде да ги покори и оние кои живееле на езерото, ама не успеал бидејќи тие живеат и тоа вака: сред езеро се наоѓаат дрвени скелиња на високи колци, а пристапот од копно е можен со помош на еден тесен мост. Колците под скелето, некогаш во старо време, ги носеле заедно сите жители на населбата, а подоцна се создал оваков обичај. Било кога кога

некој од нив земал жена, носел од планината, чие име била Орбел, по три колци и ги ставал под скелето, кај нив секој човек се жени по неколку пати. Секој има на скелето по една колиба во која живее и од која, преку скелето, води еден отвор долу во езерото. Коњите и говедата ги хранат со риби, а риби има толку многу што, кога низ отворот ќе се спушти јажето со врвот во езерето и по кратко време ќе се извлече, ќе биде полно-преполно со риби...“

Пелагонци

Земјата на Пелагонците е Пелагонија и значи ’плодна рамнина’, а се наоѓа во сливот на реките Еригон (Црна Река), притоката Аксиј (Вардар) во Македонја. Митолошкото име за оваа област е Бореја, според планината кои ја опкружуваат и тоа јужно Борej (Vorras) т.е. Ниџе (Кајмакчалан) и Козјак, а северно, исто така, Борej (Vorras) – Бабуна. Жителите биле Бореади – Севери. Во Теогонија,[43] Борej (Voreas) е бог на Северецот, најсилен од сите ветрови, и живее во долината на Стримон. Им служел на Посејдон и Зевс и, по нивни налози, предизвикувал страшни бури. Во вид на пастув, извршил оплодување на кобилата на Дардановиот син Ерихтониј, предок на тројанска кралска ќерка.[44] Понасевер од нив биле Хиперборејците, според општото име за народите понасевер од нив.

[43] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia,* с. 378 и понатаму

[44] Хомер, *Илијада и одисеја*, XX, 230, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ)

Непосредни соседи на Пелагонците биле Алмопијци-Солари на југ, Пеони на североисток, Линкести и Деуриопи на северозапад.

Главен град била Пелагонија, на брегoвите на Еригон.

Покрај митовите, првите пишани податоци за Пелагонците се јавуваат дури во IV век пред Христа. Според истражувањата на Папазоглу[45], во прашање се два написа од Атина, од 365 и од 363 година пред Христа, испратени до пелагонискиот крал Менелај. Биле тоа благодарници за воената и финансиска помош која кралот му ја дал на атинскиот стратег Тимотеј во војната против Халкиќаните и Амфиополите.

[45] Папазоглу, Ф.: *Македонски градови во римско доба*, с. 199, Скопје, 1957

Од историски аспект за Пелагонија, овие податоци докажуваат дека Пелагонците, дури и во средината на IV век пред Христа, имале своја одвоена политична заедница на чело со крал. Во периодот на зајакнување на пеонската држава, Пелагонците политички се прклучиле во нејзиниот состав. За веме на зајакнувањето и ширењето на македонската држава под Филип II (359-336 година пред Христа), Пелагонија станала составен дел на Македонија.

Во подоцнежните векови, Пелагонија се споменува на неколку места кај Ливиј, Страбон и Диодор во врска со римското освојување на Македонија и нејзините поделби и се наведува дека Пелагонија била центарот на Четвртата македонска марида. Трагите на градот Пелагонија се губат по готските наезди при крај на V век пред Христа, ама и ден-денес пости Пелагонија како област во Македонија.

Линкести

Линкестите на централниот Балкан се, според Тукидид,[46] горно-македонско праисториско племе. Тие, уште за негово време, имале свои владетели, иако ја признавале врховната власт на македонските кралеви. Нивната земја се викала Линка, но подоцна се јавува и формата Линкестида. Денес ѝ соодејствува положбата на леринско-битолската-преспанската област. Главниот град на Линкестида се викал Линк и се наоѓал на островот Ахил на езерото Мала Преспа. Со археолошки истражувања утврдени се мегалитски ѕидови од неолитско потекло под остатоцитена Патријаршијата на царот Самоил од X век пед Христа.

[46] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. II, 99, 2, Дерета, Београд, 1991.

Во митологијата, Линк е епонимен херој и крал на Скитите. Овидиус (43 година пред Христа – 17 година по Христа) во „Метаморфоза“[47] и Хугини (II век пред Христа) во „Фабули“ изнесуваат податоци за Линк и Триптолем, син на Океан и Геја, што е изнесено и во делот за Бореја.

[47] Овидиус, *Метаморфоза,* V, 650 и понадаму

Имено, божицата Деметра му подарила на Триптолеум жито и кола со крилести змаеви, а потоа му наредила да тргне по светот и да ги поучи луѓето да одгледуваат житни растења. На патот среќавал многу луѓе, ретко добри, а почесто злобни. Кога дошол

кај Линк, крал на Скитите во Линкестија, му соопштил дека стигнува од небото, со зрна кои, ако бидат фрлени и засадени во земјата, ќе донесат богата жетва.

Ова кај Линк разбудило завист во срцето и тој посакал и сам да стане голем дародавец. Кога Триптолем заспал, кралот Линк му се прибижил со нешто во рацете и се обидел да го убие. Во тој момент, божицата на земјоделието Деметра го преобразила Линк во рис, бидејќи зборот 'лункс' значи рис. Од таа легенда во народното паметење за скитските Прасловени останало и денешното име на еден град на Преспанското Езеро во Македонија под името Ресен.

Арианус (II век пед Христа) во Анабасис ги наведува браќата Херомен и Арабеј од Линкеста како учесници во убиството на македонскиот крал Филип II во 336 година пред Христа, како и трет брат во заверата против Александар Македонски.

XXIII
СКИТИ – ПРАСЛОВЕНИ НА БАЛКАНОТ НОСИТЕЛИ НА КОНТИНУИТЕТОТ НА ПАНОНСКАТА КУЛТУРА

Скитите од Балканот припаѓале на индоевропски народи, на познатата култура Кургана, која ја развиле номадските сточари, на просторите помеѓу Урал и Каспијското Море. Припитомувањето на коњи и пронаѓањето на запрежните коли им овозможила голема подвижност, агресивност и пљачкосувања. Археологот Гимбутас М.,[1] дава неколку објаснувања за механизмите што ги придвижувале Индоевропејците на преселба и може да се каже дека нивните миграции се јавуваат во ритам, на временско растојание од 900, 700 и 500 години. Како причина за миграциите може да биде демографската експанзија, па како резултат на тоа недостаток на храна, следат притисоци од други народи, бунтови, природни катастрофи, пред сѐ суши, поплави, земјотреси и други еколошки промени.

[1] Gimbuts, M.: *The Goddessed and Gods of Old Euorpe 6500-3500 B.C. Myth and Cult Images*, Univ. of Carifornia Press, 1982

Миграциите на Индоевропејците во сите правци почнале при крај на V милемиум (околу 4200 година пред Христа), во мали бранови, за во средината на III милениум пред Христа да стигнат до средна Европа. Според група автори во ,,The Times Atlas of World History" (Лондон, 1983), Протокелтите се доселиле на долна

Рајна и на северот на сегашна Франција. Протогерманските племиња се сместиле на север на денешна Германија и Данска. На брегoвите на Балтикот стигнале Протобалтите. Протословенските племиња мигрирале на просторите од јужна Полска, преку Карпатите, сѐ до Јадранот, Егејот и Египет. Во Мала Азија се населиле Хетитие, Лувијците и Карите. Последните Индоевропејци, Аријците, стигнале во Индија во средината на II милениум пред Христа, сѐ до реката Инд и долината на долината на торното течение на реката Ганг.

Прасловенските Скити, кога стигнале на Подунавјето и на Балканот, затекнале напредна култура на неолитот, културата на Лепенскиот Вир, Старчево, Породин, Азембегово, Димини, итн. Затекнале земјоделство, култови на подунавските богови од Олимп, палеобалкански јазик, поинакво уредување и обичаи различни од нивните.

Најодалеченото скитско племе кое се наоѓало во централна Азија имало име Саки. Според Сенц,[2] Саките биле скитско племе во горите на Бактрија и Согданија на исток, во сегашен Мал Бухар, во западниот дел на пустината Гоби во Кашгар и во Мал Тибет. Како коњаници, стрелци и морнари припаѓале на најдобрите чети во персиската војска во борбите против Египет. Во битката против Грците на Маратон (490 година пред Христа), Саките-Скити биле во средниот отсек на фронтот, каде со својата храброст продреле длабоко во непријателските положби и напредувале во заднината.[3] За тие борби, Херодот истакнува: „... а скитското племе Саки имале на главата шилести крути капи, биле облечени во широки чакшири, носеле домашни лакови и мечеви, а освен тоа биле вооружени со секири со две сечила (лабрис). Овие, *иако всушност биле Сики, се нарекувале Амиргијски Саки, бидејќи кај Персијците сите Скити се нарекуваат Саки.* Со Бактријците и Саките командувал Хистаспо, син на Дариј...“[4] Саките-Скити се бореле и кај Термопилите, во пролетта 480 година пред Христа, како и во битката кај Платеја, во 479 година пред Христа, но и против Александар Македонски во битката кај Гавгамела, на 1 октомври 331 година пред Христа.

[2] Senc, St.: Grčko-Hrvatski rječnik, *s. 834, Kr. Zemaljska tiskara, Zagreb, 1910*

[3] Херодот, *Историја,* VI, 113, Матица Српска, Београд, 1988.

[4] Херодот, *Историја,* VII, 64, Матица Српска, Београд, 1988.

Скитското племе Амиргијци се лоцира источно од Аралското Море во Азија. Елијад М.[5] изнесува интересен податок за Скитите на Индија и тоа дека *Буда (буден-просветлен) бил син на помалку важен крал Сакуа*, клан од северопзападна Индија. Неговото раѓање датира помеѓу 624 и 448 година пред Христа, додека неговото име на санскритски значи „Просветлен“. Животописите го претвораат Буда во прототип на „боженствен човек“, како што е, на пример, Исус Христос. Будиното учење, под името будизам, е насочено кон сапсение на човекот. За време на македонско-индиската кралевство на царот Ашока (274-234 година пред Христа), будизмот доживеал голема експанзија. Освен во Индија и во Иран, будизмот се проширил и на Тибет, во Централна Азија, Кина, Шри Ланка, Индокина, Кореја и Јапонија.

[5] Eliade, M.: *Histoire Des Croyances et Des Idees Religieuses*, Payot, Paris 1989; *Историја на веровувањет и религијских идеја, с.* 40, Просвета, Београд.

За центрите на Скитите на Централен и Западен Балкан информации дава Зеилер, J. во својата публикација под наслов „Les origines chretiennes dans Provinces Danublennes de l’empire Romain“[6] Авторот во своите истражувања, каде го опишува почетокот на христијанството на Балканот во дунавските провинции на Римската Империја, изнесува дека: „*Скитски центри на Балканот биле Диоклеја, Лихнида, Епидамен, Наисус, Сардика и Солоне.*“

[6] Зеилер, J., *Les origines chretiennes dans Provinces Danublennes de l’empire Romain*, Pris, 1918 / превод Никичевиќ, К., ЦИД, Подгорица, 2005.

На истичниот дел на Балканот во римските освојувања постоела Скитија, танакаречена Scythis Минор, провинција јужно од устието на реката Дунав. Таа од Моесиа Инфериор II била одвоена во IV век пред Христа. Многубројните градови на Скитија може да се поделат во две групи: јонски колонии на Милеќаните на Црното Море – Томис, Хистрис, Калатис и др, и римски утврдувања, главно сместени на Дунав, како што се Доростолом, Аксиополис Диногетиа, Ноиодунум и др. Најголем подем Скитија Минор доживеала помеѓу IV и VI век под Христа.

За топографското име на Скитите во Македонија, интересен е податокот на Стефан Византијски (Stephanos), граматичар и автор на географскиот лексикон „Ентика“, во делот „За градовите“ (Peri Poleön), кои временски ги класифицира на самиот крај на антиката во Јустинијановото доба (527-565 година по Христа)

или, поточно, помеѓу 528-535 година по Христа. Во овј труд, при описот на градови, се изнесува дека *Аргос Орестикон (Рупушча) во Костурската област на југозападна Македонија се наоѓа во Скитската земја (Argos Orestikon u en Skythiai).*

Што се однесува до името Сакалаши за Скитите, веќе е изнесено дека Childe[7] укажал дека првите информации за Сака-лашите како народ „северо-Борејци“, сочувани се во египетските споменици кои датираат околу 1400 година пед Христа. Следат податоци на Мернептх (1225-1215 пред Христа) кој на северните граници на Египет ги победил *„Северните хорди од целиот свет“*, каде учествувале и Сака-лашите.[8] *Етнинимот Саке-либи и Саке-сини е арапско име за Словените.* Ова име Сака-либи се наведува и во 565 година по Христа, кога еден одред Словени од 5000 војници им пришол на Арапите во Сирија, а биле на страната на Византија.[9] Неколку години подоцна, за време на императорот на Источното Царство, Јустинијан II, во 692 година по Христа, побегнала кај Арапите поголема формација на Сакалибите од околу 20.000 војници.

[7] Childe V.G., *The Danube in Prehistory,* Лондон, 1929.

[8] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 227, 228, Athina, 1954.

[9] Острогорски, Г.: *Историја Византије,* с. 132, Просвета, Београд, 1969.

Етнонимот Скити кај етимологот Мпампиниотиј[10] е од непознато потекло. Тоа е разбирливо бидејќи потекнува од словенскиот глагол *да скита*, бидејќи тие биле номади и подвижни и постојано скитале. Тоа го потврдува и Херодот:[11] „Скитите не градат ниту градови, ниту тврдини и на пат ги носат со себе и своите куќи. Сите се коњаници, вооружени со стрели и не живеат од земјоделство, туку од сточарство, а куќите им се наоѓаат на колите, па како тогаш да не бидат непобедливи и недостижни... Но, Скитите пронашле една вештина во која, според моето мислење, се најдобри на светот. Таа нивна вештина се состои во тоа никој кој им влегува во нивната земја да не може да побегне, а исто така никој кој е во состојба да ги најде да не може тоа го стори кога тие нејќат.“ Овој нивен начн на војување во воената литература е познак како „Скитска тактика“ на војување, применета против Дариј во 512 година пед Христа, против Наполеон и Хитлер.

[10] Mpampiniotis, G.: *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis,* Athinai, p. 1635, 1967.

[11] Херодот, *Историја,* IV, 46, Матица Српска, Београд, 1988.

За староста на Скитите воопшто, па и на Балканот, Херодот[12] истакнува: „*Скитите* говорат за себе сека се *најмлад народ на светот...“* и понатаму[13] „... од првиот крал Таргитај до Дариевиот поход против нив (во 512 година пред Христа) има сѐ, ниту помалку ниту повеќе, *илјада години.*“ Во продолжение,[14] тој изнесува: „Хераклe, гонејќи ги Гериновите стада, доспеал во земја... во која сега живеат Скитите... на едно островo кое Хелените го нарекуваат Еритеја (истото име постои и сега кај Романците, а кај Србите – Ада Кале)... стигнал најпосле во земјата која се викала Хилеја (Шумадија).“[15] „Со кралицата на Хилеја, Хераклe имал три сина, од кои најмалиот се викал Скит...“[16] И од овој Хераклов син Скит *потекнуваат сите подоцнежни скитски кралеви.*

[12] Херодот, *Историја,* IV, 5, Матица Српска, Београд, 1988.
[13] Херодот, *Историја,* IV, 7, Матица Српска, Београд, 1988.
[14] Херодот, *Историја,* IV, 8, Матица Српска, Београд, 1988.
[15] Херодот, *Историја,* IV, 9, Матица Српска, Београд, 1988.
[16] Херодот, *Историја,* IV, 10, Матица Српска, Београд, 1988.

Од сето ова произлегува дека Скитите-протословени на Балканот биле присутни повеќе од 1500 години пред Христа. Понатаму, доколку Хераклe според Ератостен е роден во 1261 година пред Христа, веројатно е дека неговиот син е роден кога татко му бил зрел маж, т.е. околу 131 година пред Христа и дека кралицата на Хилеја, Ехидна, имала добро организирана држава на Скитите на тлото на Балканот.

Протословенските Скити во составот на индоевропските преселби од север, стигнувајќи во Подунавјето и на Балканот како номади-сточари, затекнале напредна култура на неолитот, културата на Лепенски Вир, Старчево, Винча, Породин, Анзабегово, Димини итн. Затекнале земјоделство, култови кон подунавските богови на Олимп, палеобалкански јазик „старогрчки“, поинакво уредување – матријархат и обичаи, неутврдени живеалишта. Староседелците, носители на културата на неолитот во Подунавјето, делумно постепено се повлекуваат кон Егеј, Мала Азија и Италија во бранови и ги предизвикуваат „Егејските преселби“. Тоа се „народите од морето“: Дануни, Пеласти, Луки, Турши, Сакалиби, итн.

Оние кои опстанале, заедно со Скитите создале, со тек на времето, симбиоза, а дунавската култура била подлога за развој на егејската култура.

Јазикот на Скитите бил неразбирлив за Херодот,[17] иако изнесува неколку преводи, како што се: „Хестија на скитски јазик се вика 'Табити', а Завс... 'Папеј', земјата 'Апи', Аполон – 'Етосир', Афродита – 'Аргимпаса', Посејдон – 'Тагимасадас', Амазонки – 'Оирпати' што на хеленски значи „мажобиец", бидејќи 'оиор' значи човек, а 'пата' значи да убие..."

[17] Херодот, *Историја,* IV, 59 и 110, Матица Српска, Београд, 1988.

Од ова се гледа дека Скитите имале свој јазик на комуницирање, бидејќи и јазикот и писмото, покрај огнот, имаат најголеми човечки иновативни својства кои придонеле за формирање на историјата на човештвото. Освен Јунг, татко на комплексната психологија, кој во културно-историските форми на манифестации на човековиот дух го вбројува на прво место јазикот, тоа уште подобро го афирмира Апостол Јован. Во неговото Евангелија во делото „Оваплотување на Божјиот збор" (1/1), тој наведува: „Во почетокот тоа беше збор Божји, и тој Збор беше во Бог, а Бог беше Зборот". Доколку овој дел се парафризира, тоа ќе значи следново: „Во почетокот тоа беше Слово и Словото беше во Бога и Слово беше Бог". Ова бил слоганот со кој Константин Философот – свети Кирил со својот брат Методиј ги проповедал во своите евангелски беседи, своите епохални мисии во име на Словените и за нивната натамошна афирмација.

Етнонимот Словени потекнува од зборот 'слово', „Божје слово" (логос, беседа, слово), додека Славени од зборот 'слава' (докс, глориа, глас, углед).

Писмените извештаи, во официјалните верзии, за Словените се однесуваат на I и II век од нашата ера, од римскиот историчар Тацит,[18], Плиниј (23-79 година по Христа), Птоломеј (II век по Христа) и други кои Словените ги нарекуваат Венди, Винди, Анти, Словени, Славени, Венти, Винити, итн.

[18] Тацит, 35-117.

Во текот на Средниот век, поради непријателските односи со Источно-римското царство, византиските писатели зборот 'Славен', во пејоративна смилса, на почетокот го преиначиле во 'Стлавен' (Stlavos), а потоа буквата 'т' ја промениле во 'к' и

добиле збор Склавен (Sclavos), што значи ’роб’, а нивните општествено-политички заедници во Склавинии.[19] Врвот на деноминацијата и демонизација на Словените настапил за време на царот на Источноримското царство Константин Порфирогенит (913-957 година по Христа), кога Словените-Славени биле именувани Склави-робови. Од средновековниот збор ’склавос’, произлегол и латинскиот збор sclavus, францускиот esclave и англискиот slave.

[19] Mpampiniotis, G.: *Synhoni gramatiki tis koinis neas Elinikis*, Athinai, p. 1628, 1967.

Бидејќи за продор во длабочините на скитскиот свет на просторите на Балканот археологијата и Хераклевата историја не се доволни, ние посегнавме по мултидисциплинарниот метод – лингвистиката. Имајќи го предвид старото правило дека топонимите „паметат“, спроведовме епистемолошки лингивстички истражувања на топонимските, географските ономастики на Централниот Балкан. Методите користени во трудот се етимологијата и семантиката.

Утврдивме дека географската ономастика на Централниот Балкан припаѓа на палеобалканската глосологија (ПБГ), но и на словенски имиња. ПБГ е сочувана во географските имиња, но во античкиот „грчки“ јазик. Словенската ономастика содржи семантика од ПБГ, со многу различни трансформации во духот на јазикот.Хоронимот Панонија останал ист, но затоа целата област добила име Војводина, која ги опфаќа Банат и Бачка, а нивните корени се од ’ba“ во basilevs o wanaks – крал, војвода, па оттаму и Војводина. Областа Хилеја – шума, преименувана е во Шумадија. Пожаревачкото поле е превод од Flegraion pedion. Оронимот Фрушка гора со Стражилово е, исто така, превод, будејќи ’фрура’ значи стража, Ripaiön – Рипањ и др. Хидронимот Даноувиос станал Дунав, Стикс опстанал како Стишко Поле, а реката како Млава, а значењето е исто.

Скитските Протословени ги прифатиле во својот јазик сите хидроними на Панонија, како што се Тиса-Tisos, Тамиш или Темиш-Temis, Нера-Nerevs, итн., како и адите: Циганлија-Gigantis lian, Чаклијан - Kakos lian, Нестинска – Nestos, Крчединска - Karkionos, Форко-Тумац Forkos и Tumas и сл. На југ на Балканот следи Ниш, град и река, од Dionysos, Кладово, гради река, од Kladön, иако порано градот се викал Занес-Зевс-Зан-Занес.

Метохија од Метехö – да има, Призрен од призö, Скопја – стражарница, кула за набљудување, хридина, Штип-Astuvos, Костур-Keletron-skelete, Korestia-Orestia, Солун-Salonika, итн. Од хидронимите интересен е името на реката Вардар за Аксиос, каде е земено античкото име на помала, паралелна река Ehe-dör, што значи ’да чува, да пази на подарок’, па оттаму и Вар-дар. Сочуван е и хоронимот Маке-донија кој, истовремено, станал и нивен етноним, Македонци.

XXIV
СКИТСКОТО–ПРАСЛОВЕНСКО ПОТЕКЛО НА АРГЕАДСКАТА ДИНАСТИЈА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Од претходното поглавје може да се утврди континуитетот помеѓу мезолитската и неолитската култура на Средно Подунавје и на Централниот Балкан, каде носители биле Еолските племиња (Македонци, Лапити, Мимијци, Тиројци и Флегијци) и Егејската култура. Тие припаѓаат на Скитско-прасловенските племиња, кои, со инвазијата од север, во состав на индоевропските миграции (може да се следат полињата со урни од Панинија) предизвикале процеси на преселби, прегрупирања, дезинтеграција и распад на старите заедници и нови симбиози. Дошло до мешање на јазици, обичаи и култури. Од овој период на Балканскиот Полуостров се појавуваат нови големи етнички групи. Во источните делови се Тракијците кои не се предмет на овие истражувања. Во јужните се Дорците, кои посебно беа елаборирани. Во Централиот и Западниот Балкан се Скитите кои на западниот полуостров се именувани Илири.

Херодот[1] навел дека Скитите своето потекло го врзуваат едни за Зевс, други за Херакле. Македонската династија Аргеада од Орестида го истакнувала своето потекло од Херакле, за разлика од Првата и Втората македонска династија кои своето потекло го

поврзувале за богот Озирис и за богот Зевс. Тоа биле митолошки царства во Македонија.Многу автори, антички и современи, се обидуваат да ја решат *вечната енигма за потеклото на јазикот на Александар Македонски.*

1 Херодот, *Историја,* IV, 1-142, V, 9, Матица Српска, Београд, 1988.

Генеза на Македонците

Плутарх (46-120 година по Христа) од Херонија во Беотија, последен значаен грчки писател, во својата позната книга „Напоредни животописи“[2] наведува дека „и Александар Македонски по татко бил потомок Хераклев преку Каран, а по мајка Еаков, преку Неоптелем, бил прифатен без поговори“.

[2] Plutarchus, *Vitae parallelae* (прев. *Успоредни животописи*), III, 1, 2, Загреб, 1988.

Веќе изнесовме дека историчарот Теопомп (380 година пред Христа) во делото „Историја на Филип II Македонски – Филипика“ истакнал дека Карен во осмото колено е потомок на Херакловиот правнук Темен, кој се преселил од Арг во Орестида (Рупишта) во Едеса (Воден).

Тоа го потврдувааат и подоцнежните историчари. Така на пример, Урлих Вилкен (1862-1944) во својата книга „Александар Велики“[3], која е означена како ремек-дело на интерпретирање на историјата, наведува дека Александар Македонски-Велики по татко потекнува од Херакле.

[3] Urlich Wilcken *Alexander der Grosse,* Leipzig, 1931.

Од нашите историчари, Папазоглу Ф.,[4] пишува дека Александар Македонски по традиција сметал дека „од таткова страна потекнува од Херакле“, и дека „... од мајчина страна е Еакид (потомците Ахилееви владееле со Епир).“ Ќе се обидеме со историски аргументи да ја објасниме енигмата. Во митологијата,[5] татко на Херакле бил Зевс, а негова мајка Алкмена, ќерка на кралот Електрион од Микена, од династијата Данаиди, колонисти од Египет. Роден е и одраснал во Теба кај кралот Креонт, по потекло од феникијските колонисти. Во знак на благодарност поради укажаната Хераклева помош во војната на Тебанците против Минијците на Орхомен, кралот Креонт му ја дал на херојот својата ќерка Мегара за жена. Мегара на Херакле му родила осум синови, кој тој, во настап на лудило, ги усмртил со стрели. Поради тоа, Херакле е протеран од Теба и отишол во

Делфи да побара совет што да прави. Свештеничката Питија му советувала да оди во Тиринт на Пелопонез и дванаесет години да му служи на неговиот роднина Еврисшеј и да направи дванаесет јуначки дела. Бидејќи кралот Еврисшеј не сакал да го признае Херакловото убиство на Лернејската Хидра и чистењето на Авгиините штали, му задал потешки задачи, далеку во земјата на Хиперборејците. Задачите биле да ја фати Керинската кошута, да го донесе познатото Гериновото стадо од Еритеја, Хеспедиринште јаболки на божицата Хера и да го доведе песот Кербер од Тартар.

[4] Папазоглу, Ф., *Историја на Хеленизмот*, Наука и друштво, Београд, 1995, 70

[5] Херодот, *Историја,* IV, 8-10, Матица Српска, Београд, 1988.

Многу поети, писатели, митолози и историчари се бавеле со „феноменот“ на Херакле, од Хомер[6], Диодор Сиц., Ератостен, Аполодор, итн. па сѐ до денес, Грејвс, Дехарме, итн.

[6] Хомер, *Илијада и одисеја,* XII, 98, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н. Ѓуриќ).

Митолозите, Хераклевите авантури ги категоризираат во два дела. На Арголитскиот мит, од каде потекнуваат неговите родители и каде направил пет јуначки дела: убиство на Немејскиот лав; уништување на хидрата од Лерна; фаќање на Ериманската дива свиња; чистење на Авгиивите штали и протерување на Стимфалските птичурини.

Вториот дел е Тебанскиот мит за Херакле, каде тој се родил, одраснал и тргнал да ги остварува останатите подвизи. Негов правец на движење во непознатиот и загадочен свет на Хиперборејците, каде Херакле требало да ја фати Керинејската кошута, ни го дава неговиот сограѓанин од феникијската Теба, Пиндар.

Пиндар (Пиндарос) роден е во Теба (околу 522-422 година пред Христа), најголем хорски лиричар на своето време. Од 17 книги со негови песни, во потполност се сочувани само 4 победнички песни (Епиники), испеани за победниците во спортските натпревари во Олимпија, во Питија и др. Книгие се пишувани на епско-еолско-дорски јазик. Во делото Олимпија[7], Пиндар изнесува дека Херакле една година бил во потера на *Керинејската кошута*, која се сокрила во *Керинејските брда,* далеку на север до реката *Истра и земјата на Хиперборејците* и побегнала преку реката *Кладон.*[8] Истиот автор понатаму изнесува

дека Хераклe не можел да го најде патот до земјата на Хесперидите и решил да тргне на север. *Во Македонија*, на брегoвите на *Ехедора*, го сретнал Ариевиот син Кикан, кого во двобој го убил. Откако преминал во *Илирија*, дошол до реката *Еридана* и тука ги сретнал речните нимфи, Зевсовите и Темидините ќерки.

[7] Пиндар, *Olumpia*, III, 26 и понатаму

[8] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II пред Христа), II, 5

Кога Хераклe стигнал во земјата *Хилеја*, ја здогледал убавата кралица на оваа земја *Ехидна*, која на јунакот му ја признала кражбата на коњите, но не сакала да му ги врати сѐ додека тој не се согласи да се соедни со неа.

Скитското потекло на Македонците од Хераклe

Од таа љубов се родил и Скит и, според Херодот,[9] *„од овој Хераклев син потекнуваат сите скитски кралеви...“* Од изложеното може да се заклучи дека ономастиката во митот за Хераклe одговара на хоронимите, топонимите и хидронимите на географските имиња во Македонија и во Србија денес.

[9] Херодот, *Историја,* IV, 8-10, Матица Српска, Београд, 1988.

Митското име за Македонија е сегашното име и етноним Република Македонија. Зборот 'хипербореја' значи земја северно од македонските планини Бореи (Ворас-Ниџе-Кајмакчалан). Реката Ехедор (значи 'да чува подарок') има современо грчко име Галикос, а на македонски истата смила ја има Вар-дар (чувар на дарови-подароци). Хрономиот Хилеја во превод значи Шумадија. Кери-нејски брда – тоа се многубројни топоними во североисточна Србија каде буквата 'к' е прилагодена во 'ц', како што се: селото Церије, Церијанската пештера, пештерите Царе-мошња, Царе-тина на брегoвите на Дунав, итн. И митографот Грејвс[10] пушува „the Cerγneian Hind“. Кладон е рекичката Кладуша, па оттука и селото Кладушница и градот Кладово. Хидронимот Еридан е митско име за реката Сава. Кај Сенц пишува:[11] „прекрасна река, која северозападно од гората Рипеон тече, вливајќи се во Океан.“ Зборот 'океанот' се однесува на Панонското море, додека Рипеон на планината Авала, во чии источни падини постои селото Рипањ.

[10] Grevs, R.: *The Greek Myths*, Penguin Books, II, p. 110, Middlessex, 1972

[11] Senc, St.: *Grčko-Hrvatski rječnik*, s. 408, Kr. Zemaljska tiskara, Zagreb, 1910.

Каран, Темен, Пердика – скитски потомци

Со ова до сега го објаснивме Плутарховото[12] кажување дека „*и Александар Македонски по татко бил потомок Хераклев преку Каран*,“, на кое се надоврзува Теопомп*: ...„а Каран во осмо колено е потомк на Хераклевиот правнук Темен*“. Следи Тукидид[13], „*Сегашната Македонија на море ја стекнал најпрво Александар (495-452 година пред Христа), Пердикин татко и неговите претци Темениците, кои од старина потекнуваат од Арг и станале кралеви протерувајќи ги, после бојот, од Пиерија Пиеринте... од Ботија Ботијаните... од Еордеја Еордејците... Тие Македонци ги совладаа и останатите племиња, кои уште и сега ги држат во власт... и голем дел од земјата на самите Македонци. Сето ова заедно се вика Македонија...“* На македонски јазик, зборот ’Каран’ значи ’фален, пофален’, додека зборот ’темен’ значи ’нивен’ или ’челник’.

[12] Plutarchus, *Vitae parallelae* (prev. *Usporedni životopisi*), III, 1, 2, Zagreb, 1988.

[13] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. II, 99, Дерета, Београд, 1991.

Епирска традиција на античките Македонци

Ако се анализира мајчиното семејно стебло на Александар, тогаш тоа изгледа вака: „Александар е... по мајка Еаков потомок преку Неоптолем“.[14] Александровата мајка Олимпијада, ќерка на Неоптолем, води потекло од епирското племе на Илирите-Прасловени, наречени Епироти. При индоевропските преселби во XIII век пред Христа, најзападното скитско племе, под подоцнежното име Илири, мигрирало во западниот дел на Балканот, од север на југ, стигнувајќи до Амбракијскиот залив.

[14] Plutarchus, *Vitae parallelae* (prev. *Usporedni životopisi*), III, 2, Zagreb, 1988.

Зборот ’епир’ (epiros) припаѓа на палеобалканската глосологија и значи континент/копно, сува земја, спротивно на брег – молос. Скитските племиња кои го населиле крајбрежниот предел на јужен Балкан добиле етноним Епироти или Молоси. Карактеристична е расата кучиња од овој дел на Балканот, со темножилти влакна и темна њушка, со крупни димензии, кои служат како кучиња-чувари, под името Молосос.[15] Според историчарот Папатавроу,[16] преселбите на Епиротите во 1124 година пред Христа предизвилака миграција на староседелците Пелазги од Теспротија. Тие имале верски центар во Додона, во

близина на сегашниот град Иоанина и го славеле Диос. Напуштајќи ја својата татковина, преку планинскиот масив Пинд и Загорје, стигнале во рамнината на реката Пенеј во Еолида. Од тогаш, оваа оласт се вика Тесалија.[17] Еолците кои останале, станале поданици на новите окупатори.

[15] Mpampiniotis, G.: *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis*, Athinai, p. 1121, 1967.

[16] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 46, HIotelli, Athinai, 1972.

[17] Херодот, *Историја,* VII, 176, Матица Српска, Београд, 1988.

Еакидите се потомци на кралот на островото Егина во Сароничкиот залив, Еак. Еак (Aikos) е Зевсов и Егинин син. Егина (Aigina) е сестра на кралот на Пелазгите во тесалијската Фтија под името Пелазго и на Исмен. Исмен имал две ќерки. Егина подоцна се омажила за Акто, крал на Фтија, и му ги родила синовите Менетиј и Евритион. Менетиј живеел во Локрида, а негов син е Патрокло, Ахилов роднина и нераздвоен пријател. Пелазговата сетра Егина со Зевс, на островото Енон и во Сароничкиот залив, го родила синот Еак и од тогаш островото го носи неговото име. Кога пораснал, Еак на Егина се оженил со Енедиа, која му родила два сина – Теламон и Пелеј. Во вториот брак со Псамата, го добил синот Фок.

При еден натпревар меѓу браќата, ненамерно е убиен Фок и Еак ги протерал своите синови од островото. Теламон се сокрил на Саламина, додека Пелеј отишол кај својот роднина, кралот на Фтија, Евритион, каде се оженил со неговата ќерка Антигона, со која немал деца. Кога станал крал на Фтија во Тесалија, Пелеј се оженил со Нереидата Тетида и го добил синот Ахил.

Ахил (Ahillevs) станал најголем јунак во Тројанската војна. Од оваа митолошко-генеолошка анализа може да се утврди *дека Еакидите не се од дорско-хеленско потекло, туку од пелашко.*

Ахилов и Дејдамиин син бил Неоптолем (Neoptolemos), кој често се споменува под името Пир. Бил учесник во Тројанската војна и како освојувач, при поделба на пленот, Хекторовата сопруга Андромаха и славниот тројански пророк, Пријамов и Хекабин син Хелен, (Elenos), му припаднале нему. По разорувањето на Троја, на враќање, Неоптолем се оженил со Менелаевата ќерка Хермиона, но, немале деца. Во Фтија, каде станал крал, робинката Андромаха му родила три сина: Пергам, Молос и Пијел.

Кога децата пораснале, Пергам преминал во Мала Азија, заедно со мајката и тука основал град под негово име. Градот Пергам, за време на владеењето на македонските Селеуки, станал голем воен, политички, економски и културен центар, сличен на Александрија. Бидејќи Неоптолем бил убиен во Делфи, Андромаха се омажила за пророкот Хелен и го родила синот Кестрин. Тој, со Епирците, кои го сакале тоа, го зезел пределот во сливот на реката Тиамида (Thaumis) во Епир и го основал приморскиот град Кестрин (Kestrini), кај денешна Игуменица. Овде ги нашол Енеј на својот пат за Италија.

Пијел останал во Епир, станал крал и од него води потекло династијата на Еакидите, а не од Молос.[18] По петнаесет степени на потомци од Пијел (т.е. околу 800 години), крал на Епир бил Тарип, а потоа неговиот син Алкета (Alkettas) кој добил два сина – Ариб (Aribb, 350 година пред Христа) и Неоптолем. Арибин син е Пир (Pyrros), славен македонски генерал и крал на Епир, кој е познат по своите војни со Спарта и Рим („Пирова победа“). Кралувал со Епир помеѓу 295-272 година пред Христа.

[18] Pauzania, *Perrigissis tis Ellados,* I, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

Алкетиниот син Неоптолем имал син Александар и ќерка Олимпијада. Александар умрел во Луканија, додека Олимпијада се омажила за македонскиот крал Филип II (359-336 година пред Христа) и го добиле синот Александар Македонски-Велики.

Оваа генеологија на мирмидонските Еакиди ја потврдува и историчарот Томсон,[19] кој пишува дека овој генеолошки етноним во почетокот припаѓал на пред-ахејските жители на Грција, слично како што етнонимот Данаиди, од египетско потекло, припаѓал на жителите на Арг на Пелопонез, односно на староседелците-Пелазги, пред доаѓањето на Дорците-Хелени. Во заклучокот на овој дел треба *да се истакне дека античките Македонци, Темендите, а со нив и останатите потомци на Филип II Александар Македонски, биле автентични потомци на прото-словенските Скити на Балканот, 1500 година пред Христа.*

[19] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 298, Athina, 1954.

Извештај на швајцарскиот Институт за генетика „iGenea“

Швајцарскиот институт за генетика „иГгенеа“ (извршен директор Imna Pazos), во студијата: Geneologie und Genetic arbeiten, во делот 'Генеолошка археологија', изнесува резултати од генетскиот профил на балканските народи, кој што во голем степен ги потврдуваат нашите истражувања за автохтоноста на античките Македонци.

[20] НИН, Београд, бр. 32 од 21.05.2009. – Раде Маревић

Имено, Институтот во текот на истражувањата користел 400 научни трудови објавени во водечки светски специјализирани часописи, како и ДНК генеолошки тестови на хаплогрупи на лице-место, односно на терен, за целата Европа и Балканот. Хапло-групите се групи на хапло-типови, кои што се идентификуваат според специфичната позиција на хромозомите. Во генетиката, хромозомот ипсилон се користи за да се истражуваат хапло-групите од таткова страна, а митохондријалот од ДНК се користи за тоа истото да се стори и од мајчина страна. Врз основа на овие тестови, може да се одреди дали личноста припаѓа на одредена група претци или на хапло-групи, што е важно од генеолошка и од антрополошка гледна точка. Институтот „Генеа“ ваквите анализи ги опишува како мост помеѓу историските истражувања и генетиката и се обидува предностите од двете гранки да ги искористи на интердисциплиниран начин како за да се дојде до нови сознанија за потеклото, што овозможува теориите на историчарите да се проверат со генетски истражувања. Се истакнува, исто така, дека методата на генетскиот профил дава резултати со релијабилност на која може да ù се верува во 99% од случаите.

Според резултатите од истражувањата на Институтот „иГенеа“, во вената на денешните Македонци тече 30% крв од античките Македонци на Александар Македонски, од Тевтонците 20%, од Хелените и Словените по 15%, од Илирте 10%, и од Хуните и Фениќијците по 5%.

Генетската структура кај Грците ги опфаќа следниве генетски корени: хеленско потекло 35%, феникијско и словенско 20%, тевтонско, илирско 5%, антички Македонци 5%. Кај Бугарите, Тракијците учествуваат со 49%, Хелените и Словените со по 15%, антички Македонци со 11%, додека Феникијците со 8%. Кај

Албанците, Илирите учествуваат со 30%, Словените со 20%, Тракијците со 18%, Феникијците со 16%, Хелените со 14% и Викинзите со 2%.

Со сите овие истражувања во голем степен е решена енигмата околу генезата на Македонците.

(Во јадрото на човечката клетка постојат два комплета геноми: едниот потекнува од таткото, а другиот од мајката. Во принцип, секој комплет ги вклучува сите гени, околу 30.000 во 23 пара хромозоми.)

Јазикот на античките Македонци

Следната енигма во етнокултурниот континуитет на античките Македонци претставува нивниот јазик. Се поставува вечното прашање: на кој јазик говореле античките Македонци, односно Александар Македонски? Херодот[21] за староседелците на Грција, Пелазгите, истакнува: „Пелазгите говореле на варварски јазик.“ Во наредниот дел,[22] истакнува: „А Хелените, како ми се чини, отсекогаш говореле на ист јазик...“ и понатаму “...секогаш останаа варварскиот народ.“

[21] Херодот, *Историја*, I, 57, Матица Српска, Београд, 1988.

[22] Херодот, *Историја*, I, 58, Матица Српска, Београд, 1988.

Томсон[23] и Меквин[24] сметаат дека во праисторијата Балканот, со Егејскиот басен и Мала Азија, претставувало единствено глосолошко подрачје, со ономастика која има нехеленски елементи.

[23] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 119, Athina, 1954.

[24] Macqueen, J.G.: *The Hittites and their contemporaries in Asia Minor*, p. 35, London, 1986.

Современиот хеленски лингвист, професор на Атинскиот универзитет, господинот Мпампиниоти,[25] во книгата „Кратка историја на хеленскиот јазик“, после воведот во историско-компаративната глосологија, ја изнесува историјата на хеленскиот јазик. Во делот под наслов „Проелиники – Пред-хеленски“, го елаборира поимот „подлоги-хупостроми“ на јазикот, епистемологијата на етимологијата и теоријата околу пред-хеленските подлоги. Цитирајќи разни автори, особено се осврнува на Кречмер,[26] како и на Schachermeyr[27] и го дава следниов заклучок: „Врз основа на најновите археолошки наоди, утврдено е дека под микенскиот слој постојат два постари, кои

меѓусебно се разликуваат според антрополошките наоди и технологијата на материјалната култура:

[25] Мпампиниоти Г., *Synoptik istoria tis ellimikis glössas,* Athinai, 1986.

[26] Кресцхмер, *„Einleitung in die Geschiechte der griechischen Sprache“*, 1892*, „Die protindogermaniasche Schicht*“, 1925 Kreschmer,

[27] Schachermeyr, *Das agais che Neolithikum*, Lund, 1964

1. *Источната подлога* (anatolisch). Во прашање е малоазиска подлога која се простира во Хелада и Мала Азија и хронолошки е постара.

2. б*Дунавска подлога* (Donauländisch). Оваа подлога е помлада, средно-европска и се протега во Хелада, на Балканот и во областа на Дунав до Унгарија и Јужна Италија. Истовремено, тие се носители на познатата „керамика во вид на лента“ („Бандкерамика“).

Освен овие наоди, многу инересна е и следнава *периодизација на грчко-хеленскиот јазик.*

ПРАИСТОРИСКИ ПЕРИОД
- Индоевропски /ИЕ/ - 3000 година пред Христа
- Хеленски /Х/
- I Прото-хеленски /ПХ/ - 3000-2000 години пред Христа

ИСТОРИСКИ ПЕРИОД
- II Античи хеленски /АХ/ - 1400-300 година пред Христа
- III Александров коине (Aleksandrini koini), 300 година пред Христа – 600 години по Христа
- IV Средновековен – 600 година пред Христа – 1200 година по Христа

а) рано-византиски – 600 година пред Христа – 1200 година по Христа

б) византиски – 1200-1500 година

в) послевизантиски – 1500-1800 година
- V Неохеленски – 1900 – 2000 година

Ако се анализира оваа периодизација, може да се заклучи дека јазикот на Александар Македонски, односно македонскиот јазик, траел околу 900 години (300 година пред Христа – 600

година по Христа) и удирл печат на византискиот период, сѐ до 1832 година кога Хелада, под Отоном А. станала независна држава. Од тогаш, по траење од околу 2132 годиниа, почнуваат разни поствизантиски фази на оформување на новогрчкиотјазик, преку катаревус и демотика сѐ до 1975 година, кога новохеленскиот „коине“ станал официјален јазик на државата на Хелените.

„Македонскиот јазик на Александар Велики во текот на владеењето на Македонската империја на Балканот, Мала Азија, Египет, Сирија и во други области, станал *официјален пишан и говорен јазик.* За време на епохата на Македонизмот, таканаречениот Хеленизам и Римската империја, македонскиот Александров јазик бил *мајчин* јазик, како што тоа денес е англискиот јазик во Англија, Америка, Австралија и Канада и како *странски*, втор јазик (како во Индија).[28] Во натамошниот развој на Александровиот јазик влијание имале разни дијалекти, како што се „јонскиот“, „еолскиот“, „атичкиот“ и други што зависело од географските и општествено-политички околности. Подоцна се надоврзува и „дорско-хеленскиот коине“ јазик на Спарта, кој што го користеле Пиндар, Стесихор, Бакхулид и др. Меѓутоа, многубројните археолошки и лингвистички истражуваа укажуваат дека античките Македонци имале свој *словенски јазик*, прото-словенски јазик.

[28] Mpampiriotis, G., *Synopiki istoria tis Ellinkis glossas,* p. 107, Athina, 1986.

Така, на пример, македонските истражувачки Божевски, Т. И Тентов, А.[29] изнесуваат интересно истражување во проектот под името „*Дешифрирање на средниот текст на каменот од Розета*“. Името на овој камен што потекнува од египетскиот топоним Ел Рашид и пристанишниот град го пронашле француските Наполеонови војници копајќи утврдувања во 1779 гоидна. Бидејќи Французите ја загубиле војната од Англичаните, со договорот од 1802 година, каменот се нашол во Британскиот музеј во Лондон.

[29] Божевски, Т. и Тентов, А., *Дешифрирање на средниот текст на каменот од Розета,* Македонска академија на науките и уметностите, Прилози XXVI, 2005.

Светските научните утврдиле дека се работи за посебен декрет кој го издале високи свештеници на Египет во 196 година пред Христа, во чест на фараонот Птоломеј V Епифан Евхаристос, по повод годишнината од неговото крунисување за

басилеус на Македонското египетско царство. Декретот е напишан со помош на три писма. Горниот дел е напишан со египетски хиероглифи на египетски јазик. Средниот дел од текстот на каменот од Розета бил непознат.

Авторите утврдиле дека за средниот текст користена е слоговната македонска азбука и на еден од јазиците на античките Македонци „живи господари“, сличен на денешниот македонски јазик.

Долниот дел е напишан со античко грчко писмо и јазик. Тие констатирале дека средишниот дел од текстот на каменот од Ел Рашид е на оригинално, официјално писмо и јазик на државата со која управувале македонските кралеви повеќе од три стотини години. Инаку, каменот „розета“ бил клучен за дешифрирање на египетските хиреоглифи.

Ристо Стефов (Crhis Stefou) во книгата *History of the Macedonian People from Ancient Times to the Present*[30] изнесува интересни резултати на современи истражувачи на полето на прото-словенскиот јазик. Така на пример, ја наведува публикацијата на Амброзич Антоние „Adieu to Britany“ (a transcription and translation of Venetic passages and toponyms)[31] каде се изнесуваат резултати од декодирани антички епиграми од локалитетот Дура Еуропос во Сирија. Дура Еуропос бил пограничен град во Сириската пустина, крај Еуфрат, основан од страна на македонскиот генерал Селеук Некатор (312-280 година пред Христа). Околу 140 година пред Христа градот го освоиле номадски племиња од Партија, после нив Римјани, па Сасаните во 256 гоидна по Христа, кои и го разрушиле. Археолошките истражувања откриле многубројни гробни плочи и други човечки артефакти на различни места на римската тврдина Дура Еуропс покрај реката Еуфрат, со натписи посветени на божицата Митра (Голема Мајка – Мегали Матера, магна Матер) на ***венетски јазик***. Големата Мајка е врховно женско божество, почитувана под различни имиња на Балканот, Италија, Медитеранот, Мала Азија и на Блискиот Исток. Според Херодот[32] „Венетите се илирско племе“... „земјата им се протега до Енет на Јадранот“. Амброзич го дешифрирал пасусот кој што е најден на еден релјеф на Митра, во храм кој се наоѓал во должина на одбранбените линии на Римјаните во Дура Еуропос.

[30] Chris Stefou, *History of the Macedonian People from Ancient Times to the Present*, превод Македонска Искра, 2008, Скопје

[31] Амброзич Антоние, *Adieu to Britany - a transcription and translation of Venetic passages and toponyms,* Торонто: Cythera Press, 1999.

[32] Херодот, *Историја,* I, 196, V, 9, Матица Српска, Београд, 1988.

Транскрипцијата која е означена со XXXXIV на словенечки јазик гласи: DI MI HRANET TO JESEN ZHENO H JO SDRAJE JA JE I RASIA RIBOLEUIS..."AT JE" /?/ GOSTOJEDOT ON JE TOJI DE I TE ROJ /VAR/ J! Англискиот превод е: "May you save my wife in the fall so that she is healthy and that the fishermen grows… "AT JE" /?/ Guestfood/ he is yours. May heaven also protect you".

Во наш превод, тоа би било: „Помогни, Боже, мојата жена во есен да остане здрава и мојот рибар da порасне." AT JE" /?/ гостинската храна / е и твоја. Нека и тебе небото те штити."

Не е никаква енигма дека Александар Македонски и неговите генерали и офицери говореле и на својот македонски прото-словенски јазик. Тоа го потврдува и Плутарх[33] во делот каде се опишува големиот конфликт на Александар со неговите војводи и миленикот Клито (Kleitos): „... Не можејќи веќе да го спречи својот гнев... Александар фрли едно од јаболките што биле на масата и го погоди Клито, па почна да го бара својот бодеж. Но, бидејќи еден од телохранителите, Аристофан, успеа претходно да го тргне бодежот, останатите го опколија и молеја, тој, скокнувајќи, почна *да говори гласно, довикувајќи ги македонските хипасписти* (а тоа било знак на голема вознемиреност) и му нареди на трубачот да труби..."

[33] Плутарх, *Vitae parallelae* (прев. *Успоредни животописи), III, 51, Загреб, 1988.*

Следната аргументација за двојазичноста на античките Македонци се книгите на сенторот Крутиј Руф (Quintus Curtius Rufus, околу 50 година по Христа), во неговото дело за Александар Македонски-Велики (Historiae Alexandri Magni Macedonis) во десет книги.

Тие книги се пишувани според Клитарховите (Kleitarchos) извори, околу 300 година пред Христа. Клитарх бил син на историчарот Дионон кој ги поставил темелите на подоцнежното создавање легенди. Интересни се, за ова разгледување, податоците што Куртиј Руф ги дава во IX книга во врска со судскиот процес против Парменионовиот син Филота, кој, според

Плутарх, бил Александров пријател од детството и заповедал со коњаницата од придружбата.

Авторот изнесува дека во есента во 330 година пред Христа во главниот град Дрангиен, кој подоцна се викал Продосиј (поради откриената завера против Александар), Филота бил осомничен како главен учесник и изведен бил пред суд поради велепредавство. Судењето било јавно пред Собранието на македонската војска која била компетентна за процесите на велепредавство. За време на судењето, македонскиот цар го прашал Филота гласно, за сите пристутни да слушнат:

„Сега тебе ќе ти судат Македонци, па те прашувам дали ќе им се обратиш *на својот мајчин јазик.“* Тој одговорил дека ќе говори на „коине јазикот“ кој бил официјален јазик во Македонската империја. Александар реплицирал: „Очигледно е дека Филота се гнаси од својот мајчин јазик.“

Двојазичноста на Македонците

Од овие анализи произлегува дека *античките Македонци биле билингвални.* Од своите митолошки, еолски претци, го наследиле јазикот од палеобалканската, панонска глосологија, кој што станал и опстанал како официјален јазик на нивното кралевство, а подоцна и на нивната империја. Тој свој голем подем доживеал за време на епохата на македонизмот. Истовремено, Македонците го наследиле и својот етноним – Македонци.

Од своите скитски-протословенски претци го наследиле својот словенски јазик, кој бил народен јазик на античките Македонци, како и на соседните скитски племиња на Балканот, сѐ до Пелопонез, како и на оние помеѓу Јадран и Егеј.

Овие две лингвистички компоненти им го создале на Македонците новиот, побогат и современ Александров „коине“ – народен македонски јазик. Благодарение на библиотеката во Александрија, на Аристотел во Македонија и Атина, како и на библиотеката во Пергам, македонскиот јазик станал светски јазик на комуницирање во дипломатијата, политиката, економијата и науката каде е сочуван сѐ до ден-денес.

Античките Македонци, покрај добрата државна организација, богата економија и одлична војска, имале и силно оружје во

својот јазик, особено за време на кралевите Филип II и Александар Македонски. Тоа довело до централизација на власта и интеграција на функциите, што довело до остро изразување и полемика од страна на Атињанинот Демостен (384-322 година пред Христа) во неговите „Филипики“. Демостен говорел: „Филип Македонски е, истовремено, и војсководец, благајник, политичар и дипломат, ама, никогаш никој така не ја зоврел Европа како Аминтиновиот син.“

Многу години подоцна, претседателот на Археолошкото друштво во Атина, г-дин Јаковакис Ризос Нерулос, во својот говор на Акропол на 21 мај 1841 година, рекол: „Филип ја победи Грција во Херонеја, ама стори и нешто друго, посмртно од оваа победа, го создаде Александар.“[34]

[34] Цитат: Lithoksoou, D., *Symmiktos Laos,* Mpatavia, Thessaloniki, 2005; превод: Аз-Буки, Скопје, 2005.

Литоксоу, во своите натамошни истражувања, во поглавјето „Национализам и националниот мит кај денешните Хелени“, ги опишува долгогодишните научни, историски и лингвистички резултати на професорот Фалмереер на тлото на тогашната Хелада. Имено, Jakob Phillipp Fallmerayer (1790-1861) бил професор по светска историја и класични јазики во лицеј во Минхен. Тој, во три наврати, престојувал во Атина, првиот пат во 1833, па во 1842 и 1847 година и врз основа на своите наоди објавил неколку книги. Во истите, Фалмереер поразот на Грците во Херонеја (338 година пред Христа) ја смета како смртоносна рана, потоа следи рушењето на Коринт (146 година пред Христа) од Римјаните, нападот на кралот на Западните Готи, Аларих (400-401) и на крај војните на Византија против старата религија, сето тоа придонело за политичка и културна смрт на античка Грција. За да го докаже своето мислење, Фалмереер користи византиски извори и смета дека најголем број словенски топоними во сите области на тогашна Грција се остаток од нивното словенизирање, но и доказ за постоењето на Словени кај нив. Овие свои тврдења, Фалмереер особено ги истакнува во „Летописот за Монемвасил“. Монемвасил – „со еден пристап“, бил утврден град уште во 582/583 година по Христа, на југоисточните брегови на Пелопонез, а се споменува во „Монемвасилската хроника“ од втората половина на X век по Христа, која известува за

правилата на Словените на Пелопонез од крајот на VI до почетокот на IX век.[35]

[35] Острогорски, Г.: *Историја Византије*, с. 158, Просвета, Београд, 1969.

Религијата на античките Македонци

Во аргеадската Македонска династија религијата имала големо значење и во приватниот и во јавниот живот. Македонските племиња, заедно со своите еолски соплеменици од праисториските Борејци и Хиперборејци, своите богови од хидролошкиот систем на Дунав ги сместиле на својата најголема планина Олимп, што на нивнот јазик значи „многу опеани“. Во тие виртуелни височини на 2917 метри надморска височина нивниот бог на боговите Зевс (Dios-Дан-Дунав) владеел суверено во кругот на своето семејство од олимписки богови: Хад, Хера, Посејдон, Арej, Аполон, Артемида, Хестија, Хефест, Деметра, итн. Од македонскиот Олимп, Зевс севал молњи, праќал громови, ветрови, олуи и снегови. Олимпијците ги развеселуваат нижи божества и нимфите Пиериди и ги хранат со нектар и амброзија за да бидат долговечни и млади.

Строго религиозни, античките Македонци целата планинска област помеѓу Термајскиот залив на Егеј и реката Халиакмон (Бистрица) ја нарекле Пиерија, што на нивниот јазик значи „Света гора“. Во чест на своите богови, сосидале многубројни градови, како што се Дион, Хераклеион и други, а тука ги погребувале и своите кралеви од Македон, Пиер, Еагар, Орфеј, сѐ до Флип II, чиј гроб бил откриен во Вергина (Кутлеш) во 1969 година.

Грчкиот историчар Папаставроу,[36] наведува дека античките Македонци, покрај Олимпијските богови, имале и свои посебни богови (веројатно прото-словенски?). Така, на пример, бог на војната се викал Фавло, божицата на дворовите Гига, божицата на ловот Газорија, на убавината Заирена, бог на светлината бил Ксант, бог на сонот Татое, на здравјето Дарон, на моќта и силата Арет, додека божица на огнот, водата и заштитничка на градот Воден се викала Веди.

[36] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* p. 496, Hiotelli, Athinai, 1972

Симболи на античките Македонци – Сонцето на златниот ковчег

Покрај митолошкото, во културата на античките Македонци било присутно и симбилично изразување во вид на амблеми и маскоти. Симболизмот на сонцето како универзален кралски знак кај Македонците е присутно уште од родоначалникот на Аргеадската македонска династија, кралот Пердика, околу 700 година пред Христа.

Тоа го потврдува и Херодот[37] кога Пердика I во палатата на кралот на градот Лебеј... „со нож нацрта сончев зрак на куќниот под и, откако го нацрта, три пати зграби сончеви зраци во своето крило...“ Тоа го потврдил и арехологот Андроникос (1969-1985), кога во Вергина открил златен ковчег со злана интразија од надворешната страна од капакот – сонце со 16 златни прави зраци, како традиционален симбол на Аргеадската династија.

[37] Херодот, *Историја*, VIII, 137, Матица Српска, Београд, 1988.

Покрај сонцето и *маскотата на лав* била присутна во македонската хералдика, како спомен на „Лавот од Херонеја“, каде Филип II ги победил Атињаните, на 2 август 338 година пред Христа. Следи *маскота на козја глава*, бидејќи снежно белите кози со сребрени рогови му означиле на Пердика каде да ја основа својата престолнина Ега (козји или бел град – Белград).

XXV
ЗНАЧЕЊЕ НА ПОИМИТЕ „ХЕЛЕНИЗАМ“ И „МАКЕДОНИЗАМ“

Поимот „хеленизам“ е воведен во историографијата од страна на германскиот историчар Дројзен 1877/78 година, во неговата публикација „Geschiehte des Hellenismus, I-III, Gotha.“ Во антиката, глаголот „хеленизö“ значел „да зборува како Грк“, односно „да говори чисто грчки“. Од овој глагол, најпрво преведувачите на Стариот завет во Александирската библиотека, на Македонското египетско кралевство на Птоломеј, го извеле зборот „hellenismòs“ и „hellenistès“, кои во делата на апостолите и во Новиот завет се употребувани за обележување на Евреин кој го прифатил „хеленскиот јазик“.

„Мегали идеја“ и „Мегали Хелада“

Јохан Густав Дројзен бил советник на баварскиот принц Ото при неговото крунисување, во мај 1832 година, како грчки крал Отонос I (Othönos A’), кога Грција ја стекнала својата независност од Отоманската империја. Тогаш Грците за прв пат во својата историја формирале своја хеленска држава, која ги опфаќала Пелопонез, Кикладите и континентална Хелада во линија од заливот Арт на запад, до заливот Волос на север. Престолнина на новата држава станал приморскиот град на Пелопонез, Нафплио, во Арголитскиот залив. Во новата држава веднаш се појавиле експанзионистичи барања со етничката филозовија „Мегале Идеа“, која станала доминантен поим за реставрација на Византиската империја. „Голема идеја“ значела „Мегали Хелада“ и била аксиом на надворешната политика на новата монархија и под поимот „хеленисмöс“ просторно ги опфаќала пределите од Хамос (Балкан Планина) до Тенар и од Јадранот до Црното Море и планината Таур во Мала Азија.[1] Пимот „hellenismòs“ и

придавката „хеленистички“ со време е применет и на територијалните и културните остварувања на Александар Македонски и на свесно девалвирање на македонскиот идентитет. На Дројзен оваа идеја му послужила како форма за обединување на Германија под Бизмарк (1815-1899), под закрила на Прусија, а после и на јакнење на германскиот Рајх.

[1] Сворёнос, 1976, 81

Дројзеновиот поим „хеленизам“ е прифатен подоцна и од други автори.[2] Нивната појдовна точка била дека македонската култура и историја припаѓаат на хеленскиот корпус. Тие тоа го сториле не земајќи ја предвид архетипската праисторија на Централниот Балкан и неговата култура која од север од Бореја (Македонија) и Хипербореја (Средно Подунавје) се селела на југ, исток и запад.

[2] Ferguson 1911, Heuss, Launes, 1949, Beloch 1927 и други.

Овој значаен аргумент, пред сè, ни ја потврдува мезо и неолитската архетипска уметност на „Стара Европа“,[3] со епицентар во културата на Лепенскиот Вир помеѓу 7000-6000 година пред Христа. Тука се остварени сакрална архитектура и монументална камена скулптура, гравури и палеографизми, со 134 човечки живеалишта од околу 18 м^2 површина со жртвеници и свештенички симбили. Овие материјални наоди укажуваат дека Лепенскиот Вир бил и свештенички град иерополис, односно Хелиополис.[4]

[3] Gimbuts, M.: *The Goddesses and Gods of Old Europe 6500-3500 B.C. Myth and Cult Images,* Univ. of California Press, 1982.

[4] Бабовић, Љуб.: *Положај и функција светилишта на Лепенском Виру,* Центар за археолошка истраживања, Филозофски факултет, Београд, 1997, 97-108

Следуваат, исто така, најновите откритија во Македонија, како што се неолитските гравури на карпите кај Кратово (Rock Art), со ѕвездени мапи, христијански симболи и уметнички мотиви.[5] Потоа, палеописма од Церје, крај Скопје, детерминирани на 6000 години пред Христа,[6] линеарното писмо на дрвена даска на локалитетот Дупјак (Dispillio - Костур), датирано е од 5260 година пред Христа,[7] како и неолитската опсерваторија Кокино крај Куманово, откриена од страна на НАСА, во 2001 година, датирана дека потекнува од 1800 година пред Христа. Овие и други наоди, како и постоечката праисториска топономастика, претставуваат

најстари споменици на архетипот, расрпостранетоста и континуитетот на македонската култура и цивилизација.

[5] Алексовски, 2001.

[6] Р. Пешиќ, *Оптужујем ћутање,* Пешиќ и синови, Београд, 1987.

[7] Hourmouziades, H.G.: *Dispillo* (*Kastoria*), Codex, Thessaloniki, 1996.

Палеописмото во Македонија му претходи на она во Хелада за повеќе од 3000 години. Глосологот Мпампиниоти[8] истакнува дека хиероглифското писмо од Крит, кое што е користено во вид на печат, датира помеѓу 2000-1750 година пред Христа.[9]

[8] Mpampiriotis, G., *Synoptiki istoria tis Ellinikis glossas,* p. 76, Athina, 1986.

[9] Ventris, M., Chadwick, J.: *Documents in Mycenaen Greek,* p. 122, Cambridge, 1956, 122

Античките Македонци и Аргеадската династија на Теменидите од праисториските Македонци Македон, Еагар и Орфеј го наследиле името на нивниот хороним – Македонија, нивниот етноним – Македонци, нивниот централно балкански еолско-палеобалкански „старогрчки“ јазик. Тие го прифатиле нивниот Олимпијски Пантеон на богови од Хидролошкиот систем на Дунав и во Пиерија – Света Гора, изградиле своја престолнина Еге (Aigai) кај Воден и многу градови посветиле на Диос-Дион, Хера-Хераклион, итн., како и светилишта на Дионис, Деметра, Асклепиј, Изида, на Музите и др.

За време на кралот Архелај (413-399 пред Христа) основана е новата престолнина Пела во Термајскиот залив и според Тукидид:[10] „и нови тврдини изградил... и рамни патишта пресекол и останато потребно за војни уредил: коњи, оружје и друга опрема...“

[10] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата*, с. II, 100, Дерета, Београд, 1991.

За време на кралот Филип II (359-339 пред Христа) дошло до високи културни достигнувања во античка Македонија. Во Миези, помеѓу Воден и Негуш во Нимфеон, формирана е „Македонска кралевска академија“ за школување на младите од висок ранг. Управник на Академијата бил Македонец од Стагира, Аристотел (384-322 пред Христа), син на дворскиот лекар Никомах, најголем и најсестран антички филозоф, основач на логиката и на многу природни и општествени науки. Македонската академија го продуцирала најспособните и најдобрите дипломати, политичари, економисти и војсководци, кои го освоиле дотогаш познатиот свет. Тие ги создале Македонските царства во Европа, Азија,

Африка и во Индија, во почетокот со национални, а подоцна со космполотиски ентитет.

За развојот на културата во Македонија придонеле многубројни културни трудољубиви дејци од Јонија (Херодот), Атина, Сицилија, итн. Познато е дека славниот трагичар Еврипид (484-406 пред Христа) од Саламина, живеел во Пела за време на владеење на кралот Архелај, каде, од своите 75 драми, голем број напишал во Македонија.

Улогата на Македонската кралска академија во Миези

Покрај Аристотел, познати се и многу други научници кои во тоа време престојувале во Академијата или на дворот, како што се Атријалт, Амариј, Аристобул и Зојл, Диникрит, Калистен, Питагора, Полигност, Леодам и др. Од ова може да се заклучи дека *Македонската академија не била само образовна институција, туку и духовен центар на државата и голема лабораторија за моделирање на општиот палеобалкански во современ македонски јазик, познат во литературата како „Александров коине“ (Александринекоине)*[11] *јазик.* Најдобри извори за проучување на античкиот македонски јазик се: Аристотеловите дела, Стариот и Нов завет, разни египетски папируси на династиите на Птоломеидите, делата на историчарот Полибиј (II век пред Христа), текстови на Диодор Сиц. (IV век пред Христа), текстови на филозофот Епиктет (I-II век пред Христа), итн.

[11] Mpampiriotis, G., *Synoptiki istoria tis Ellinikis glossas*, p. 107, Athina, 1986.

Само од наведените аргументи може да се процени Дројзеновиот неадекватен поим „хеленизам“ наместо „македонизам“.

И тоа уште повеќе, зато што според Херодот:[12] Хелените Лакедемонци, Спартанци, познати по своите скитања и патувања... „Тие ја дале ’евгениката’, воините Леонид и Паусаниј и дорските столбови. „Грчкото чудо“ не е „хеленско чудо“, туку дело на Атињаните: Бутади, Пизистратиди, Кодриди, Алкмеониди на чело со Перикле (499-429), кои сите се од еолско потекло од Панонија, а не од дорско-хеленско. Според тоа, македонската, а не хеленската, култура била подоминанта и можела да им се наметне на грчките полис-држави, не само поради подобрата организација на големата држава, туку и поради силата на своето

оружје и посупериорната цивилизација, од материјален, општествен и културен аспект.

[12] Херодот, *Историја,* I, 56, Матица Српска, Београд, 1988.

Дројзен ја прекинува хеленистичката историја кај битката кај Селасиј во 222 година, додека други го сметаат хеленистичкиот период до 30 година по Христа, кога Македонското египетско царство на Птоломеидите влегло во состав на Римската држава.

Улогата на Кралксата македонска академија на Птоломејците, Музејот и на Библиотеката

Како и другите автори на современите истражувања, сметаме дека „македонизмот“ започнува со Филип II (359-336) сѐ до падот на последната голема македонска монархија на Клеопатра под римска власт, т.е. 30 години по Христа, кога Октавијан го покорил Египет или траел вкупно 329 години. Меѓутоа, се поставува прашање дали оваа година може да се земе и како крај на македонистичката култура, бидејќи се смета дека дека културата на Римското и Византиското Царство претставува продолжение на македонската култура, бидејќи големиот војсководец ширум својата империја основал повеќе од 33 градови под името Александрија. Ќе го анализираме придонесот кон македонизмот на само еден, единствен град. Меѓу нив, секако, најзначајна е *египетската Александрија*, чиј реализатор бил Динократ, кој на Александар му се претставил со зборовите: „Јас сум архитект Динократ, Македонец, ти носам планови и нацрти достојни на Твојата слава“. Тоа Динократ и го остварил. Крај Александрија, изѕидан е монументалниот и прекрасен *Александриски светилник*, висок 110 м, на островото Фар, кој претставува „прататко на сите светилници“, чиј пламен можел да се види на оддалеченост од 60 км и бил „Седмо светско чудо“. Следи *Александровиот музеј* и *библиотеката*, кои биле Александрова идеја за културизација на науките.[13] Музејот бил изграден за време на македонскиот крал Птоломеј А. Лагу, во ранг на Кралската македонска академија истоветна на онаа во Македонија. Во оваа институција, на учителите, студентите и истражувачите им биле обезбедени сите средства за живот и непречена работа на сметка на кралот. Најугледна личност во културните кругови на градот, библиотекар и член на Музејот бил

Калимах (310-235 година пред Христа), син на кралот на Кирена во Либија, Бат (Vattos), потомок на Минијците од Тимок.

[13] Wilken, 1988, 329.

Рановиќ,[14] цитирајќи од Cambridge Ancient History, тврди дека Александар Македонски и неговата библиотека од Александрија, допринеле кон *ширењето на будизмот во Индија* преку царството на Ашока. Имено, моќното македонско-индиско царство на Магадха дошло до врвот на своето владеење за време на царот Ашока (274-237 година пред Христа). Тој ја започнал ерата на будистичката мисионерска активност, која имала далекусежни последици во Централна Азија и на Далечниот Исток. Бидејќи го покорил кралството на Калинг (денешната идинска држава Орис), се откажал од воените активности и се посветил на мирот и науката. Името Калинг и натму опстојува во името „Награда Калинг“ која УНЕСКО од 1951 година секоја година ја доделува за придонес и популаризација на науките.

[14] Рановиќ, А.: *Ellinistiki epohi*, Mpayron, c. 78, Athinai, 1983.

Улогата на Ератостен и на останатите научници

Бидејќи египетската македонска држава на Птоломејците станала светска поморска и континентална војна и економска сила, Александрија станала и научен центар. Птоломејците праќале научни географски експедиции долж Нил, Црвеното Море и источниот брег на Африка, а потоа преку Гибралтар сè до Англија и Исланд. Овие истражувања му овозможиле на Ератостен (276-194 пред Христа), библиотекар во Александријската библиотека, да направи пресврт во науката. Утврдил дека Земјата е во вид на топка и ги вовел земјените меридијани и пралели. Прв ја одредил големината на Земјата и нашол дека обемот на земјиниот меридијан изнесува 252.000 стадиуми, што е околу 1.000 км помалку од стварната вредност. Се бавел со астрономија, математика и изработил мапа на светот.

Ја дал следнава хронологија на праисториските настани: создавање на кадмовата Теба 1313; раѓање на Херакле 1261; походот на Аргонаутите 1225; војната на седморицата против Теба 1213; востоличување на Агамемнон за крал на Микена 1200; падот на Троја 1183; Теспротите ја колонизираат Тесалија 1124;

колонизација на Пелопонез од Дорците-Хелени 1104; Еолска колонизација на Лезбос 1053 и Јонска колонизација на Мала Азија во 1044 година пред Христа.

Калимах се смета за автор на првиот библиотекарски каталог под името „Пинакас“ (список) од 120 томови. Ја унапредил критиката, историјата, книжевноста, граматиката и лексикографијата. Напишал уште 800 книги во стихови и прози, оставил 60 епиграми, шест химни, фрагменти од драми и др. Со своите дела влијаел на римските поети Овидиј и Катул. Бил учител на познатиот критичар и книжевник Аристофан од Бизант (262-185 пред Христа) и на Аплониј од Родос (295-215 пред Христа), автор на поемата за Аргонаутите која послжила како пример на римските поети. Калимаховиот опус ја претставува Александровата литературна историја.

Александровата библиотека за време на Калимах имала фонд од 500.000 ракописи, а за време на Клеопатра достигнала фонд од 700.000 ракописи. Таа била во состав на Музејот и имала огромно значење во развојот на античкиот македонски јазик „Александровиот коине“, светската култура и за цивилизација. Таа, со времето, станала најважен светски научен центар каде доаѓале интелектуалци и од Исток и од Запад. За време на Птоломеј II извршен е *превод на Стариот завет* од јудејски на Алекасндровиот македонски јазик, од страна на 70 еврејски ученици. Поради тоа, овој значаен цивилизаторски превод има два назива и тоа „александријски“, бидејќи е направен во Александрија и „септуагинта“, според бројот на преведувачи, а точно ги имало 72, по 6 од секое племе. Според преданието, секој преведувач морал да работи самостојно. Сепак, на крајот, сите преводи биле идентични, што се толкува со општата инспирација од Светиот дух. Преводот подоцна е користен од писателите на Новиот завет, од првите христијани, сè до ден-денешен. Од овој превод направени се латински (Вулгати), како и словенски преводи. Во Александриската библиотека извршени се, исто така, и преводи на будистичките канони на кинески јазик. *Античкиот македонски „коине“ бил официјален јазик на целата империја од Дунав и Јадранот до Индија.*

Меѓу позначајните научници на Кралската македонска академија во Египет спаѓа и Посејдониј (135-51 пред Христа). Тој бил филозоф, историчар, природонаучник, географ и астроном. Бил учител на Цицерон и Помпеј. Од неговите дела сочувани се само фрагменти.

Аристарх (217-145 пред Христа) од Самотрак е следниот познат научник од оваа Академија. Тој ги собрал и објавил делата на Хомер, Есхил, Аристофан и други и напишал граматика на терминологијата на античкиот македонски „коине“ јазик. Тука, секако, спаѓа и Аристарх (320-250 пред Христа) од Самос, кој е еден од најголемите астрономи на стариот век од оваа школа. Бил филозоф и прв кој тврдел дека Земајта се врти околу Сонцето – хелиоцентрична теорија. Го дал методот за одредување на растојанието на Сонцето од Земјата и пресметал дека Сонцето е 300 пати поголемо од Земјата. Меѓу великаните на науката спаѓа и Еуклид (околу 300 година пред Христа) кој живеел и работел уште за времето на Птоломеј I. Тој е основач на геометријата како наука; ги пронашол и ги дал законитостите во геометријата кои и денес важат. Неговите „Елементи на геометријата„ во 13 книги, во VII века по Христа, преведени се на арапски и латински јазик, а потоа на сите други европски јазици. Папаставроу[15] наведува дека и денешната школска геометрија е „Еуклидска“ со незначителни дополни.

[15] Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados*, p. 476, Hiotelli, Athinai, 1972

Архимед (287-212), најголем математичар и физичар на стариот век, учел во Александрија, потоа живеел во Сиракуза на Сицилија, но одржувал постојана преписка со александриските математичари, па благодарение на тоа сочувани се некои негови дела. Меѓу нив се: За квадратурата на гругот, За топката и цилиндерот, За коноидите и сфероидите, За пливање на телата, За мерење на кругот, итн. Познат е Архимедовиот закон во физиката и Архимедовата аксиома во геометријата и др.

Маѓу најзначајните математичари на Александријската академија е и *Хипарх* (190-125 пред Христа), кој бил и астроном, но и втемелувач на тригонометријата. *Филон* (околу 250 година пред Христа), инженер и тактичар, го напишал големото дело „Системот на механиката“ и се смета за „крал на машините“.

Александријската академија била и светски центар на медицинските науки. За време на Птоломеј I, познат е славниот

лекар *Херофил* кој особено се бавел со анатомија на централниот нервен систем и истакнал дека мозокот е седиште на нервниот систем. Во текот на владеењето на царот Птоломеј II, истакнат лекар и анатом бил *Ерazистрат* (304-227), кој ја основал Александријската школа за анатомија, поставил разлика меѓу моторните и сензорните нерви и вовел катетер во терапијата и др.

Покрај тоа, многу опширно ја опишал хисто-анатомијата и физиологијата на кардиоваскуларниот ситем, урогениталниот и дигестивниот систем и друго. Сметал дека ќелијата (атомот) е основа единица и дека атомите формираат ткиво (месо), од кое според фунциите настануваат органите, односно органските системи.

Во фармакотерапијата се истакнал *Никандар* (околу II век пред Христа), кој истовремено пишувал песни за дивите sверови „Thyriaka“ во кои говори за лекови од каснување на диви sверови, како и песни за лекови против труење со храна, тревки, итн., и за земјоделие. Влијаел врз римските поети Овидиј и Вергилиј.

Антиохијската и Пергамската библиотека

Нема да го анализираме културниот и цивилизацискиот придонес кон „македонизмот“ што го дале македонските држави во Европа и Азија, туку само ќе нагласиме дека Селеукидите први воспоставиле трговски и културни *врски со кинеската династија Хан* и дека *во Антиохија основале библиотека* на ист ранг како онаа во Александрија. Директор на библиотеката бил *Еуфорион* (околу 275 година пред Христа), најзначаен претставник на поетскиот стил што го основал Калимах. *Пергамската библиотека* во Мала Азија е дело на македонскиот крал Атал I Сотир (241-197 пред Христа).

Била, исто така, на ист ранг како александријската библиотека и многу допринела кон ширење на македонската култура во Мала Азија. Располагала околу 200.000 книги и нејзин патент е пергаментот, измазнета овчја, козја или телешка кожа, што служела за пишување по препарацијата. При археолошките ископувања во 1878 година, најголемо откритие бил Зевсовиот олтар, на кого е претставена борба на боговите, гигантите и Галат на умирање. Пергам и во римското доба бил важен

кутлурен центар во кого често оделе младите римски аристократи поради образование.

Новата александријска библиотека во Египет

Последната египетска македонска кралица Келопатра, постарата ќерка на Птоломеецот Аулет, со мажењето најпрво за Цезар, а потоа за Марко Антоние, го сочувала своето кралевство и големата библиотека, сè до поразот на Антоние од римскиот Октавијан, кај Акциум, во 30 година пред Христа. Меѓутоа, Римјаните не ја уништиле библиотеката и конзервираната македонска и светска култура. Тоа го сторил Омар, Ибн ал Хатаб, арабиски халиф (634-644 по Христа), кога го освоил Египет и наредл да се спали Александријската библиотека. Тогаш рекол:

„... Она што е потребно луѓето да го знаат, напишано е во Куранот, а што не е напишано во Куранот, тоа не им е потребно да го знаат.“ Но, и покрај таа културна катастрофа, многу документи се сочувани и со време преведени на арапски, латински и на други јазици.

Со залагање на владата на Египет и под спонзорство на УНЕСКО, во 2002 година повторно е отворена Новата александријска библиотека, која чинела повеќе од 200 милиони долари.

Таа е подигната на истата локација каде била и старата зграда. Има 11 ката, 300 училници и конференциски амфитеатри за 3.500 учесници, со фонд од 8.000.000 книги и современа информатичка технологија. На тој начин, старата традиција е обновена.

Бидејќи, како што библиотеката на Александар Македонски-Велики била симбол на знаењето и културата на Македонскиот комонвелт, така и Новата александријска библиотека ќе ù служи на целокупната светска култура и цивилизација и ќе биде траен спомен за големиот син на античките народи на Балканот. Таа *истовремено е и чувар на идентитетот и континуитетот на создателите на таа култура во нашето време, чувар на нивната иднина*.

Според тоа, терминот „Хелени“, а не „македонизам“ е свесна духовна кражба, фалсификат на историјата, присвојување на туѓо културно наследство со далекусежни последици, бидејќи

навлегува во колективната свест. Со поништување на културата, се поништува и народот-создадел, бидејќи *културниот идентитет е суштина на народот.* Од ова следи дека историјата на народите на Балканот е заедничка, комплементарна, како што е и нивната иднина во Европската заедница.

XXVI
ФЕНИКИЈЦИТЕ И КАВКАСКИТЕ КОЛХИЃАНИ ГО КОЛОНИЗИРААТ ЗАПАДНИОТ БРЕГ НА БАЛКАНОТ

Доаѓањето на западните племиња на западниот брег на Балканот во праисторијата регистрирано е во митовите за Аргонаутите, Кадмо и за Хармонија. Како што митот за Кадмовата сестра Европа и Зевс им послужил на митолозите да ја прикажат колонизацијата на Егејот од страна на Фениќаните, исто така и митот за Аргонаутите ја објаснува колонизацијата на источниот брег на Ладранот од страна на Колхиѓаните од Кавказ. Со анализа на овие два мита може да се добие залучок за истоветната египетско-феникијска етногенеза на колонизаторите.

Фениќаните на Кадмо во Енхилеја на Балканот

Кадмо бил син на феникијскиот крал Агенор од Египет. Неговиот татко го напуштил Египет и се населил во Каанската земја – Феникија, каде се оженил со Телефаста (Агрипа), која му ги родила Кадмо, Килик, Фојникс, Тас, Финиј и една ќерка Европа. Кога Зевс ја грабнал Европа, кралот Агенор ги пратил своите синови да ја бараат сестрата и им наредил да не се вратат без неа во татковината.[1] Така започнала колонизацијата на Егејот од страна на Феникијците и тоа од Родос, Крит, Тасос и Беотија, каде Кадмо ја изградил тврдината Кадмеја, околу која подоцна ќе се развие градот Теба, 1313 пред Христа.[2] кадмо во Теба живеел среќно со Хармонија, која му родила пет деца. Во длабока старост, сепак, сопружниците биле принудени да го напуштат градот и да му го препуштат тебанскиот престол на својот вкун Пентеј, а потоа со воловска запрежна кола отишле во земјата на Енелјците, на кои им било речено дека ќе ги победат своите

соседи Илирите доколку го изберат Кадмо за водач. Кадмо извојувал победа над Илирите (прото-Словени) и загосподарил со нивната земја. Хармонија тука го родила синот Илириј[3] според кого оваа област го „добила“ хоронимот Илирија[4], а по воловите градот го „добил“ својот хороним Будва (Butoe-Bouthoe).

[1] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа), III, 1.

[2] Eratosthenes: *Cakasterismol & Geographica*

[3] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II век пред Христа), III, 1.

[4] Steph. Byz., *De urbibus*, ed Gu. Hylander, Basillae, 1568

Енхелејците се палеобалканско-праисториско митолошко племе и биле западни соседи на Македонците и Бригите. Тие се простирале од Охридското Езеро, долж долината на Црниот и Бел Дрим, сè до Боко-Которскиот залив. Јужно, Енхелејците го населувале просторот до Керауските Гори, сега Химари, долж епиротските брегови. Главно се бавеле со рибарство, односно лов на јагули, па оттука и нивниот етноним Енхелејци, што значи „јагулари“. Нивни племиња на исток биле Десарети и Пенести. Според Хигин[5] во „Fabulae“ 184 и 240, Кадмовата ќерка Агава, додека биле во Теба, во дионисијска екстаза, видела во синот Пентеј див ѕвер и го растргнала во својата лудост. Кога се освестила, побегнала од Теба и отишла во Илирија. Таму се омажила за кралот Ликотерс во чиј двор побарала заштита. Меѓутоа, кога слушнала дека родителите се на чело на Енхелејците, го убила Ликотерс и му го предала кралството на Кадмо. Според хроничарите, Кадмо и Хармонија се погребани кај Епидамен (денешен Драч). Епидамен (Epidamnon) станал Коринтска колонија дури околу 627 година пред Христа.

[5] Gaius Julius Hyginus, околу 64 година пред Христа до XVII век по Христа.

Во митовите „Седуммина против Теба“ и „Епигон“, се вели дека во седмата генерација после Кадмовото бегство, голем дел од Кадмејците биле протерани од Теба од страна на панонските Аргејци од Пелопонез и тие нашле прибежиште кај Енхелејците, каде владееле Кадмовите потомци.

Според Ератостен, војната на Седумминатa против Теба се одиграла во 1213 година пред Христа, а десет години подоцна, т.е во 1203 година пред Христа се случила војната на „Епигоните“ кога биле протерани Кадмовите потомци. Според истот автор, Херакле, кој бил од египетско потекло, т.е. роднина на Кадмејците, роден е во 1261 година пред Христа, а неговиот син

Скит, со скитската кралица Ехидна, веројатно е роден кога неговиот татко бил во полна сила, т.е. околу 1230 година пред Христа. Од ова се гледа дека Скитите-прот-Словени биле присутни како Илири пред доаѓањето на Кадмо на проторите на западниот Балкан, што го потврдува и Херодот[6], кој вели дека Скитската земја се протега до „Енет на Јадранот“.

[6] Херодот, *Историја,* V , 9, Матица Српска, Београд, 1988.

Енхилејците припаѓале на палеобалканската-митолошка популација, како и нивниот јазик на комуницирање, за што сведочат нивните етноними. Веќе е познато дека enhelis значи јагула, додека Desareti значи Шумадинци (das-борвина, dasys-густа шума, arete-доблест), со главен град Lihnida (lihnos-светилка, факел), денешен град Охрид, а северно од него е планината Караорман–црна шума. Етнонимот на племето Penesti (penestes) значи надничари, додека Pirusti-огнени, ратоборни. Опстанала и многубројната ономастика на ороними, хидроними, итн. како што се Проклетие (pro-klytos: најславни, најголеми), планината Зебес (Зевс) кај градот Кукс, реката Дрим (од drys, drymos, dryma-дабова шума, сплав), Himara (himaros-јарец), Durres или Драч (Dyrahion-два брда) и др.

Од наведените анализи следува дека првата феникијска колонизација на Енхелеиите настанала од Тебанците, било преку Кадмо на чело на Енхелејците против Илирита, или преку мажењето на неговата ќерка Агава за илирскиот крал Ликотерсеј, со неговото убиство и узурпацијата на престолот. Тоа, веројатно, се случило по сидањето на беотската Кадмеја во 1313 година пред Христа, што значи дека скитските Илири во тој период ги загрозувале Енхелјците.

За Скитите, Херодот[7] истакнува: „Скитите велат за себе дека се најмлад народ на светот...“ и „тврдат дека од првот крал Таргитај до Дариевиот поход против нив, има сè на сè, ниту помалку, ниту повеќе, илјада години.“ Од ова произлегува дека ако Дариј на Балканот војувал против Скитите во 512 година пред Христа тогаш тие биле присутни на овие простори уште од 1500 година пред Христа, т.е. во периодот на големите преселби на индоевропските народи.

[7] Херодот, *Историја,* IV , 5, 7, Матица Српска, Београд, 1988.

Колонизација на Хил во Енхелеја

Најславниот грчки јунак Херакле, син на Зевс и Амфитриновата сопруга Алкмена, Персеев внук од египетската династија на Данаидите, имал два сина со име Хил (Yllos). Постариот син Хил од Дејанира, се оженил со убавата Јола и се населил на Маратон. Во војната со својот роднина Евристем од Микена бил победник, но подоцна загинал од Теаѓанецот Ехем во двобој. Помладиот Хил, син на Херакле и нимфата Мелита, е епонимен херој на илирските Хилеи и градот Хил на Коркира (Крф), Хомеровата Схерија, каде живееле Фениќаните (Phaiekes). Аплониј од Род[8] истакнува дека тој отишол таму откако ги испоубил своите деца или поради немирите во контитенталниот дел, северно од Епир, каде го основале приморскиот крад Орикос, во близина на Кераунијската гора и покраината Hilly. Со тоа, Хил станал прататко на Хиланите. Хомер[9] наведува дека владетел на островот Схерија бил Алкиној (Alkionos), син на кралот на Наусит и Микрид, кој со Арета имал пет сина и ќерка Наусикаја. Живеел во раскошни палати. Наусикаја го прифатила Одисеј, бродоломникот кој со мака стигнал до брегот на феникијската земја. Подоцна се омажила за Одисеевиот син Телемах.

[8] Apolonius, Rhodius, *Argonautica,* ex. Rec. IV. 358, R.Fr.Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813.

[9] Homer, *Odis.,* VI, VII, VIII, IX.

Кралот Алкиној се споменува и во митот за Аргонаутите кога успеал Медеја да ја спаси од гонителите од Колхида.

Аполониј[10] натаму изнесува дека Хил со една група следбеници емигрирал на Кронското Море (Кварнерски Залив), каде во Илирија основал колонија. Во новата татковина, колонистите се судриле со своите соседи Либурните, кои биле познати морнари-пирати. Во време на Римјаните, Либурнија во Јадранското приморје се простирала континентално од реката Раша во Истра до Крка. Во судирот околу говедата, Хил загинал и погребан е во Истра. Од тогаш, најголемото полуостровo на Јадранското приморје има два хоронима Hyllis (Шумадија) и Histria, додека јужниот дел го носи името Hill, а жителите Хилејци (Шумадинци). Хоронимот Хистрија е сложен збор од јонската форма Histia (Istiae)-куќно огниште, жртвеник, храна и зборот во суфиксот „ria“ од јонската Rie (Reie). Реа во митологијата е титанка, Кронова сестра, која на својот брат му ја родила

божицата Хестија. Со тоа, полуостровото било посветено на божиците Хестија и Реа, а морето околу него на титанот Крон.

[10] Apolonius, Rhodius, *Argonautica,* ex. Rec. IV. 538, R.Fr.Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813.

Колхиќаните на Јадран

Колонизацијата на источните брегови на Јадранот внесена е во митот за Аргонаутите од страна на Аплониј од Родос (295-215 пред Христа), поет од Александрија. Поради несогласувањата со својот учител Калимах за основните прашања поврзани со епската поезија, отишол на островото Родос кое му станала негова втора татковина. Тука го објавил својот еп „Аргонаутика“, кој што ни ја претсатвува маршрутата - планот на патувањето на Колхиќаните во нивната колонизација од Колхида на Кавказ до брегот на западниот Балкан.

Колхида (Kolhis), постаро име Еја (Aia) во митологијата е земја на Кавказ, на источниот бег на Црното Море, јужно од Сауроматска (Скитска) Азија, во денешна Грузија, а крајот се вика Мингрелија и Имертија. Таа била на бреговите на реките Риона и Фасис, која претставувала граница помеѓу Европа и Азија[11], каде живееле Колхите. Земјата била мочуришна, градењето се вршело на колци (kol-his од словенскиот збор ко-ље и жижа-куќа), била тоа нездрава еколошка средина, во подножјето на Кавказ, планинскиот венец помеѓу Каспијското и Црното Море, на височина и до 5.633 м., со големо рудно богатство.

[11] Херодот, *Историја*, IV, 37, 45, Матица Српска, Београд, 1988.

За рудното богатство на Кавказ поврзан е митот за Прометеј (Prometheys), син на титанот Јапет и Темида (реката Тамиш), најголем добротвор на човечкиот род. Според Хесиод,[12] Прометеј на луѓето им го подарил огнот, во душите им всадил надеж, ги научил да градат куќи, им го открил движењето на sвездите, бројките, азбуката и памтењето, како и сето она што земјата го крие во својата утроба. Поради тоа, завидлиовиот и осион? Зевс, кога станал татко на боговите на Олимп, сурово го казнол така што со нераскинливи окови го прицврстил на врв на Кавказ каде трпел најстрашни маки. Човечкиот добротвор го спасил Херакле додека проаѓал низ Кавказ на пат за земјата на Хесперидите, кога со стрела го погодил страшниот орел кој што на Прометеј му го раскинувала црниот дроб. Во митологијата, орлите биле Зевсови

гласници и пророчки птици, „кралеви“ на сите птици. Ономастиката припаѓа на палеобалканската глосологија бидејќи „aietos“-орел, па оттука и антропонимот на кралот на Колхида „Aites“-Ејет и старото име на Колхида Еја-„Aia“, што значи земја на орлите, како и епска придавка за волшебничката Кирка-„Aiaie“.

[12] Hesiodus, *Fragmenta & Theogonia*, p. 508, 571.

Хелиј на својот син најпрво му доделил власт над Коринт, во соседство на неговите роднини Данаидите од Египет кои владееле со Арголида, но тој земјата му ја отстапил на коринтскиот херој Бун (Vounos). Тоа го направил под услов своето наследство да го добие кога ќе се врати од Колхида.[13]

[13] Apolonius, Rhodius, *Argonautica,* ex. Rec. III. 242, R.Fr.Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813.

Во Колхида, во областа под Кавказ, Ејет станал крал на Еја и живеел во раскошна палата, со чешма од која течеле мед, млеко, вино, масло и вода. Кога Фрикс, син на беотскиот крал Атамант, на златнорунестиот овен долетал во Колхида, Ејет му ја дал раката на својата ќерка Халкиона, а за возврат тој му го подарил златното руно во знак на благодарност. Кралот Ејет го закачил златното руно на еден даб во Ариевиот гај и поставил страшен змеј да ја чува оваа драгоценост, бидејќи му било проречено дека ќе владее со Еја сѐ додека го поседува златното руно.

Освен Аполониј од Родос и Херодот[14], исто така, ја потврдува египетската етногенеза на Колхиѓаните, бидејќи пишува: „Колхиѓаните се со потекло од Египет и во тоа сам лично се уверив уште пред да слушнам за тоа од други... Египѓаните ги сметале Колхиѓаните за потомци на Сезострисовите војници, јас, пак, мислам дека тоа е можно бидејќи Колхиѓаните имаат црна и кадрава коса, а единствено Колхиѓаните, Египѓаните и Етиопјаните се обрежуваат (околу машките полни органи)... и дека тие единствено прават ленена ткаенина како Египќаните“. Изнесувајќи податоци за походите на различни египетски кралеви надвор од Египет, Херодот[15] истакнува дека Сезострис ги прокрстарил и Европа и Азија „... и стигнал на реката Фасид, но не можам со сигурност да кажам дали лично Сезострис оставил еден дел од војската таму да се насели или извесен број негови војници биле озлојадени поради неговите скитања па сами одлучиле да останат на реката Фасид.“ Сезострис припаѓал на 12-тата египетска династија за време на Средното Царство, што

хронолошки го опфаќа периодот од 1943-1787 година пред Христа.[16]

[14] Херодот, *Историја*, II, 104, 105, Матица Српска, Београд, 1988.

[15] Херодот, *Историја*, II, 103, Матица Српска, Београд, 1988.

[16] Курт, А., *Стари Исток од 3000 до 330 год. пре н.е.,* ЗЗУНС, Београд, 2004.

Егзодусот на Колхиќаните и колонизација на источните брегови на Јадранот

Аполониј преселбата на Колхиќаните ја претворил во мит за Аргонаутите, а ние ќе ја искористиме потерата по кралот Ејет и подвизите на учесниците за да ја објасниме колонизацијата на источните брегови на Јадранот од страна на Колхиќаните. Нема да навлегуваме во причините за преселбата, кои може да бидат повеќекратни, пред сè лоши временски услови, притисоци на номадските скитски племиња од север или на иберско-албанските од исток и персиските и турските од југ. Ќе ги следиме единствено патиштата на преселбата до областите на колонизацијата.

Кога кралот Ејет дознал дека Медеја, неговата ќерка, со златното руно и тесалскиот херој Јасон, се качила на лаѓата „Арго“ и тргнала кон Грција, му наредил на својот син Апсирт да тргне во потера по бегалците и да не се враќа без сестра си и златното руно. Искушенијата кои ги доживеале Аргонаутите и гонителите со „загинувањето“ на Апсирт веќе се изнесени во поглавјето за Аргонаутите, бидејќи постојат неколку преданија за тоа.

Бидејќи Аргонаутите пловеле по Дунав и Сава (Еридан) до Кроновото Море, Колхиќаните во пресрет тргнале по Босфор и Егејското Море, околу Пелопонез и по Јонското Море стигнале до стровото Коркира (Дрепанон-Крф) каде се истовариле. На дворот на кралот Алкиној ги сретнале Аргонаутите и од кралот побарале да им ја врати Медеја. Откако кралот се посоветувал со својата мудра сопруга Арета, Алкиној им ветил на Колхиќаните дека ќе им ја предаде Медеја доколку таа е сè уште девица. Арета во тајност ја организирала свадбата и венчавката на Јасон и Медеја во текот на ноќта. Кога се разденило, на сите им било познато дека Медеја е Јасонова сопруга. Бидејќи Колхиќаните не смееле да се вратат кај кралот Ејет во Колхида без Медеја и без руното, некои од нив останале на Коркира и заедно со својот роднина Хил,

Хераклевиот син, се населиле на илирската „Црно-длабока река," во чија близина е Кадмовиот гроб. Ова е потврда дека Колхиѓаните го колонизирале тој западен дел на Балканот после Илирите, кои се Скити, како и Венетите, бидејќи Херодот[17] пишува дека „Венетите се илирско племе, а дека Сиктите се од Венет на Јадранот..." истиот автор во поглавјето „Мелпомена"[18] наведува: „Од Илирија тече кон север реката Ангро (Дрина) и се влива во Бронт (Сава), во Трибалската рамнина (Шумадиската рамнина), а Бронт се влева во Истар (Дунав)." Од ова произлегува заклучот дека во целиот слив на реката Дрина, (пределите Пива, Тара и Лима од десната страна), Сутјеска, Бистрица, Праче итд. од левата страна, живееле илирско-скитски-прасловенски племиња пред преселбата на Колхиѓаните на денешните простори помеѓу Епир и Црна Гора.

[17] Херодот, *Историја*, I, 196, Матица Српска, Београд, 1988.

[18] Херодот, *Историја*, IV, 49, Матица Српска, Београд, 1988.

Античкиот географ Страбон (63 година пред Христа – 19 година по Христа), родум од Амасија во Понтската држава, во своето дело „Географија"[19] изнесува дека дел од Колхиѓаните од Коркира отишле на север и го изградиле градот Пула, на Истарското копно, а друг дел се населиле на истарските острови недалеку од Киркина Ајаја (островото Ластово), кои сега се викаат Апсиртиди (Absyrtides Strabonis) и Apsoros за Црес и Osorus. Според римските географски мапи, името на илириските острови Апсиртиди се однесува на Кварнерските острови. Со тоа е докажан патот на преселбата на Колхиѓаните со египетско-феникијска етногенеза од Кавказ на источниот брег на Јадранот: во „илирската Црно-длабока река" (Illyrikoio melamvathes potamoio), т.е. во сливот на Црниот Дрим и на Кварнерските острови (Absyrtides Strabonis) и во Истра.

[19] Strabo, *Geographia,* I, 2, 3, 9, VII, 5, 5, Meineke, Lipsiae, I, II, III, 1913.

Хронолошки, преселбата на Колхиѓаните се одвивала за време на походот на Аргонаутите, кој, според Ератостен, се одвивал во 1225 година пред Христа. Според истиот автор, Кадмо ја сосидал беотската Теба во 1313 година пред Христа, веројатно кога бил во полна сила, т.е. околу својата триесетта година, додека во староста, околу шеесеттата година од својот живот, околу 1283 година пред Христа, бил восководец на Енхелејците во борбите против нивните соседи, Илирите. Според

историчарот и географот Стефан Византијски (St. Dyrrahion), Кадмовиот и Хармониниот гроб е забележан кај Епидамен (Драч). Славниот римскиот поет Овидиј (43 година пред Христа – 17 година по Христа), кој од Рим бил протеран во градот Том на Црното Море, каде според митот за Аргонаутите бил убиен водачот на Колхиѓаните, Апсирт, во делот „Метаморфози“[20] навдува дека телата на Кадмо и неговата сопруга биле погребани во Илирија, каде Кадмо го основал градот Butoe (Будва), која името го добила по воловите (vous) кои ја довлечкале колата во земјата на Илирите.

[20] Publius Ovidius Naso, *Metamorphoses,* IV, 562-602

Кадмовите потомци, Феничаните од беотската Теба, биле протерани од Епигон во 1203 година пред Христа и се преселиле во Илирија. Во тоа време стигнале и египетските Колхиѓани и сите заедно ги протерале пелашките Теспротјани, во 1124 година пред Христа, кои ја колонизирале Тесалија. Од ова се гледа дека миграциите помеѓу Кавказ и Балканот се случиле пред Тројанската Војна (1193 година пред Христа) и пред Одисеевите перипетии на Јадранот, како и пред преселбата на дорските Хелени (1104 година пред Христа).

На просторот помеѓу Кераунските планини (Keranya - сега Кимара), долж Епиротскиот брег и Бока-Которскиот залив, Кадмовите Феничани и нивните соплеменици, египетските Колхиѓани, оставиле многубројни топоними и хидроними кои што се слични на некои од Кавказот. Нив најдобро ги обработил Г. Вукчевиќ.[21] Од феникијската ономастика потекнуваат: Будва (Buthoe), Тиват (Thebe), Фојница (Foinikia, излезна точка на Феникијците од денешен Либан), во Босна, западно од Сараево, богат рударски центар, итн. Од Колхиѓанската ономастика се претежно топонимите околу Скадарското езеро: Чањ, Kolhinium, Ulci Pola (на устието на Црн Дрим), Поти, тузи, Каваја, итн. Потоа хидронимите: Кир, притока на Црни Дрим, реката Дрина и др.

[21] Г. Вукчевиќ, *О поријеклу Илира,* Подгорица, 1992.

Со оваа анализа утврдено е феникијското потекло (тебанско и колхиѓанско) на колонизаторите на Енхелеја, а со тоа и нивната територија. Меѓутоа, покрај овие митолошки етноними, Кадмејци и Колхи, на овие простои на западниот Балкан постои и етнонимот Илири. Науката која се бави со тоа „илирологија“ е релативно млада дисциплина.

Илирите на Западниот Балкан

Етнонимот Илири (Illyrioi) според етимологот проф. Mpampitioti (1998) е од непознато потекло и значи „да живее“, „да биде тука“ (diamenö), т.е. домородец. Нивното потекло е индоевропско. За време на Римјаните, Илирија го опфаќала просторот крај Јадранското Море, од Истра до епирскиот Дрилон, со планински краеви во заднина, сè до Сава и Дрина. Во археолошката смисла, илирските племиња припаѓале на носителите на културата на „полињата со урни“ од скитските простори на Панонија.

Глаголот „illö“ значи ’да зауздува’, додека „ilys“ е од старословенско потекло и значи блато, кал.[22] За етимологијата на името Илири постојат повеќе теории (како и таа дека името потекнува од ille-il-aos, милостив за богови и суфиксот lyra-гусли, гуслари), што не е предмет на овие истражувања.

[22] Mpampiniotis, G.: *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis,* Athinai, 1967.

Во митологијата се наведува дека на Енхелејците, староседелците во западниот Балкан, дека ќе ги победат своите соседи Илирите доколку го изберат Кадмо од Беотија за свој водач. Кога тие го послушале овој совет, Кадмо, на волвоска кола во вид на змија, извојувал победа на Илирите и загосподарил со земјата Енхелеја, а неговата жена Хармонија овде го родила синот Илириј.[23] Според Апијан[24], Илириевите синови се епоними херои на илирските племиња.

[23] Apollodori, *Bibliotheca* (I-II век пред н.е.), III, 5, 4, и понатаму.

[24] Apian, *Historia Ilyrica,* II

Херодот[25] Илирија просторно ја одредува во сливот на реката Дрина (Ango-Aggros) која се влива во Бронг (Vrogos-Сава), во Трибалската рамнина (Trivallikon pedion), т.е. во Шумадија, а Бронг се влива во Истар (Istros-Дунав). Со тоа, тој ја означил североисточната граница на Илирија. Во натамошниот текст, тој наведува дека источната граница ја чини Скитија, која лежи веднаш зад Тракија (денешна Бугарија) и низ која што тече Истар,[26] а земјата на скитското племе Сигини (Sigynnai) се простира сè до Енет на Јадран,[27] со што ја одредиле северната граница на Илирија. Пишувајќи за обичаите на Скитите, Херодот[28] истакнува: „...Според моето мислење, најпаметен им е овој

обичај, а ист таков постои, колку што сум слушнал, и кај илирското племе Венети...“ Според „таткото на историјата“, земјата на Скитите се простира од Венета на Јадранот до Медија и Персија на исток и „сите тие заедно се викаат според името на еден крал Сколоти (Sköloi); Хелените, меѓутоа, ги викаат Скити.“ Натаму, „Кога Хераклe, терајќи ги Геријоновите стада... стигнал во земјата која се викала Хилеја (Ylaie), т.е. Шумадија... која сега се вика Скитија (Skythia), а бидејќи ги фатила зима и мраз, облече тој лавја кожа и заспа... а коњите му исчезнаа на некој таинствен начин...“[29] „...Кога се разбудил, Хераклe ги барал и откако ја обиколил целата земја... во земјата Хилеа... во една пештера наишол на двојно женско суштество, на кралицата Ехидна... која му рекла дека коњите се кај неа, ама нема да му ги даде сè додека на ја обљуби. И Хераклe под тој услов ја обљубил... Најпосле, му ги дала коњите и му рекла... јас од тебе ќе родам три сина... На првиот му го дала името Агатирс, на оној после него Гелон, а на најмалиот Скит (Skythos)... И од овој Хераклов син потекнуваат сите подоцнежни скитски кралеви.“[30]

[25] Херодот, *Историја*, IV, 49, Матица Српска, Београд, 1988.
[26] Херодот, *Историја*, IV, 49, Матица Српска, Београд, 1988.
[27] Херодот, *Историја*, V, 9, Матица Српска, Београд, 1988.
[28] *Историја*, I, 19, Матица Српска, Београд, 1988.
[20] *Историја*, IV, 8, Матица Српска, Београд, 1988.
[30] *Историја*, IV, 9, 10, Матица Српска, Београд, 1988.

Оваа Херодотова сторија се одвивала во Шумадија, во Трибалската рамнина, каде кралевите биле скитски Трибали (сложен збор од бројот 3 и бал или baal–крал, војвода, Војводина). Јужно од нив биле скитските Дардани[31], потоа скитските Пеони, па скитските Линкести околу Охридското и Преспанското Езеро и уште понајуг во Орестида скитските Македонци од Аргеадската династија, кои се гордееле со Херакловото потекло. И тука Херодот бил во право[32] во поглед на границите на Илирија, каде опишува: „Три потомци Теменови, браќата Гауан, Аероп и Пердика побегнале од Арг во Илирија, а од Илирја прејдоа во Горна Македонија.“

[31] Aplonoius, Rhodius: *Argonautica,* ex rec, II. 178, R. Fr. Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813., и Diod. Sic., Bibl., IV, 43.
[32] Херодот, *Историја,* XIII, 137, Матица Српска, Београд, 1988.

Јужната граница на Илирија бил Епир, за која Тукидид[33] вели: „Во близина на Епидамен (Драч) живеат барбари Тауланчани

(Taylantioi), илирски народ.“ Со ова античките историчари и логографи ги одредиле границите на Илирија, која што ги прифатиле и Римјаните како Илирикум и тоа приморје крај Јадранското Море до Дрилон (Drinos? или Lumi Шушица?) со планинските краеви во заднина сè до Дрина и Сава.

[33] Тукидид, *Повијест Пелопонеског рата,* с. I, 24, Дерета, Београд, 1991.

Релативно младата наука илирологија основана е од страна на археологијата, во половината на XIX век. Во илирските племиња научниците од југ кон север ги вбројуваат: Тауланти, Десарети, Ртини, Пенестри, Ардијци, Плераеци, Даорси, Ардиајци, Лабеатејци, Диоклеатејци, итн., сè до Либурно и Венето во Истрија и Венеција.

Придржувајќи се на Херодотовите описи на скитските племиња на Балканот во кои ги вбројува и Венетите-Енети (Enetoi) и дека Венетите се илирско племе на Јадранот,[34] се наметнува заклучокот дека Илирите на Балканот биле Скити-прот-Словени, а не Кадмови Феничани и Колхиќани, што го потврдува и топонимастиката на Западниот Балкан.

[34] Херодот, *Историја,* I, 196, Матица Српска, Београд, 1988.

Со досегашните археолошки, лингвистички, митолошки, праисториски и миграциони истражувања во голем степен може да се објаснат генетските корени на балканските народи и да се потврди генетскиот профил даден од страна на швајцарскиот Институ за генетика *„iGenea“*, што може да се види од приложените графикони. Сите овие научни истражувања се потенцијално интерсни, како од антрополошко и етногенетско гледиште, така и од хуманитарно гледиште, дека сите народи на Балканот се од еолско потекло (Aia-земја и h'olos-сите, сосема, целосно, т.е. 'Aioleis' – земјаци), со заедничка историја, иднина и биолошки императив.

XXVII
ЕТНОГЕНЕЗА НА ЦИНЦАРИТЕ-АРОМАНИ

Изучувањето на ономастиката, во прв ред топонимите и антропонимите, е од непроценлива вредност за согледување на материјалната и духовната култура на секој народ, бидејќи во името се крие суштината (nomen est omen). Додека антропономастиката се бави со изучување на лични имиња и презимиња, како и со етнонимите, дотогаш топономастиката се бави со изучување на топографските имиња: хороними, ороними, хидроними, макроними и микроними. Бидејќи топонимите се „живи“ споменици и чувари на материјалната и духовната култура на поедини цивилизации или народи, оправдано е овде накратко да се осврнеме само на етимолошкото и семантичкото значење на топономастиките на југозападниот Балкан, со оглед на тоа дека тие се пренесуваат од генерација на генерација.

Најновите макротопонимски истражувања на југозападниот дел на Пелопонез од страна на Георг Мекдоналд,[1] укажуваат дека и покрај ригорозната национална операција за хеленизација на словенските топоними во Грција, тие сеуште постојат и опстојуваат. Така, на пример, утведено е дека десет села имаат име „Оворс“, каде се крие словенското име „Обор“ – коњушница. Потоа, „Потоки“ – поток, исто така кај други 10 села. Следат топоними со имиња од словенско потекло, како што се: Глина – глина, 8 пати; „Вирос“ – вир, 10 пати; „Корита“ – корито, 24 пати; „Граница“ – граница, 15 пати, и други кои семантички одговараат на словенскиот корпус. Г-дин Литоксоу, Д. ги наведува истражувањата во докторската дисертација на авторот Оиконому, К.,[2] која опфаќа 3504 микротопоними кај 42 села во северозападна Грција. Меѓу нив со словенечко потекло имало 444 или 12,7%. Литоксоу заклучува дека и покрај тоа што националната операција за хеленизација на топонимите во Грција прв пат почнала уште на 3 април 1833 година, со декретот на владата на

Грција „за територијална поделба“, таа сукцесивно трае непрекинато сè до септември 1994 година кога Министерството за внатрешни работи наредило промена на „варварофоното“ име „Неон Љосион“ во „Илион“, словенските имиња упорно опстојуваат.

[1] Georgacas, D & McDonal, W.: *Place Names of Southwest Peloponnesus/Peloponnesiaka,* том, VI, Athenai, 1968

[2] Оиконому, К., *Toponymiko tis periohis Zagoriu, Ioannina*, 1991.

Грчките автори не ги обработуваат макротопонимите. Доколку ја погледнеме нивната географска карта, најмногу словенски топоними има долж западниот и централниот дел на Пиндскиот масиф. Нивната етимологија и семантика ја дава Мпампиониоти.[3] „Превеза“ е име на округ и главен град во Амбракијскиот залив, што значи превоз помеѓу два р’та, т.е. низ мореуз. „Карпениси“ е име на округ и главен град во Пиндските гудурми: грчки, непознато потекло, словенски „карпа„-стена. „Гранитса“ – граница, „Тополиана“ – топола, во истиот округ, итн. „Гревена“ – име за округ и главен град, словенски – гребен. „Козани“ е име за округ и главен град, словенски – коза. Од ова се гледа дека кај народот останала традицијата за името на Пердикиниот главен град Ега (Аига), кој во словенски превод значи коза, а се наоѓа на спротивната страна на брегот на реката Бистрица (Халиакмон), на оддалеченост од неколку километри. „Ливадела“ – име на главен град на округот Беотија – грчко потекло непознато, додека словенското значење е – ливада, бидејќи се наоѓа во мочурлив предел. „Làmia„ – име на главен град на округот Фтиотида – грчко потекло непознато, додека на словенски значи – ламја, аждаја. „Vólos“ – име на главниот град на Магнезија – грчкото потекло на зборот е непознато, додека словенското е во-волови. „Загорà“ е име на соседен град на источните падини на планината Пелеј, на словенски значи – зад гора. „Мèцово“ – град во округот Јанина, словенски – мечка. Село „Зитса“ – Жича, „Сербиана“ – Србијанска, итн. „Коница“ – град во истоимениот округ, словенски – коњ(ан)ица, итн. За градот „Воденà“ – вода (Мпампиниоти изнесува дека тоа е средновековно име и дека името Edessa е од XIX век. Од сето наведено може да се заклучи дека Скитско-прасловенските илирски племиња удриле неуништив печат долж планината Пинд, не само во микро, туку и во макротопонимите на денешна Грција. Во овие предели и денес живеат „А-румани“ –

„Цинцари“, „Власи“, „латинофони Грци“, „Влахофони-Грци“, остатоци од илирските плмиња на старите Скити. Сепак, „Nomen est Omen“.

[3] Mpampiniotis, G., *Leksiko tis Neas Ellinikis Glossas*, 1998.

Етногенеза на западнобалканските Цинцари Епири - Приво потомци

Постојат многубројни хиптези за етногенезата на балканските Цинцари. Поповиќ, Д.[4] наведува дека „Цинцарите го добиле ова име од Србите.“ Понатаму, од бројни причини (бројчано многу незначителни, на етничка граница, без значајно воено и политичко минато) без литературен јазик и посебна култура, а омразени поради некои свои особини, тие самите себе, а и другите народи, се нарекувале со различни имиња. Иако живееле на етничка граница на Јужните Словени, на грчката и арбанашката, сепак на нивната судбина пресудно влијание имале Грците. Во енциклопедиите[5] се идентификуваат како население од романско потекло. Како нивен главен град се наведува Москопоље, на западните падини на Пинд и висорамнината Грамос (2520 м) во XVIII век. Москопоље имало 50.000 жители и бил важен трговски центар на балканските земји. Почесто го пустошеле соседните албански племиња, особено во 1788 година, а специјално во 1821 година кога е спалено од страна на турскиот паша Али-паша Јанински.

[4] Поповиќ, Д., *О цинцарима*, Прилози питању постанка нашег грађанског друштва, Прометеј, Београд, 1998, 16.

[5] Просвета, 1969, Београд, 2, 889 и др.

Меѓутоа, и покрај пустошењето на цинцарските населби од страна на Али-паша Јанински – Тепеленлиј и егзодусот на населението, топономастиката на Епир и понатаму е стварност и судбина на овој дел на Грција. Кон тоа многу не придонело ниту националната операција на погрчување на топонимите кои што, според Оиконому[6] во околината на Загорје во Епир од целокупниот број 3.504 микротопоними, 505 или 14,4% припаѓаат на влашкиот (ароманси) јазичен корпус. Тоа мултилингвистичко присуство на тлото на Епир (грчко, словенско, цинцарско) му дава, несвесно, на грчкиот јазик посебна привлечност, специфична топлина, убавина и лексичка разноврсност, а со ништо не ја нарушува неговата норма.

[6] Оиконому К., *Toponymiko tis periohis Zagoriu,* Ioannina, стр. 754, 1991.

Латинофонското население на Грција најчесто се идентификува како Куцовласи или Арумуни. За нивниот јазик Мпампиниоти[7] истакнува дека „тој припаѓа на народниот латински јазик (демодес латинике), од која индоевропската група потекнуваат и италијанскиот, францускиот, шпанскиот јазик, итн. Јазикот на Цинцарите на тлото на Грција е латински дијалект и содржи архаични елементи од латинскиот и значајни архаични елементи од старогрчкиот, кои што не се сочувани во новогрчкиот јазик.“ Се поставува логичното прашање – доколку топонимите упорно, архетипски ги паметат историските настани, како дошло до латинофински имиња? Од досегашните истражувања утврдивме дека првиот, најстар лингвистички супстрат на тлото на Балканот претставува палеобалканската глосологија – Панонија. Следниот слој ја претставува скитско-илирската глосологија. Третиот слој е латински. Како е внесен тој латински супстрат?

[7] Mpampiriotis, G., *Synoptiki istoria tis Ellinikis glossas,* p. 37, Athina, 1986.

Епиротите припаѓале на скитско-илирските племиња Молосими. Еден од кралевите на Епир бил Тарип, а потоа, за време на античката македонска држава на Филип II, неговиот син Алкет добил два сина: Ариб и Неоптолем. Арибин син е Пир, чиј лик и дело опширно го опишал Плутарх.[8]

[8] Plutarchus, *Vitae parallelae* (prev. *Usporedni životopisi*), II, 39, Zagreb, 1988.

Кралот на Молосаните Пир (319-272 година пред Христа) бил оженет со Антигона. Во Епир, Пир вратил 8.000 пешадинци и 500 коњаници, во 275 година пред Христа. Околу 100 години подоцна, т.е. во 168 година пред Христа, Римјаните ги победиле Македонците и нејзините сојузници во битката кај Пидна. Условите за мир не ја лишиле само Македонија од самостојноста, туку и сурово ги казнувале оние кои му помагале на македонскиот крал Персеј или, дури, само го симпатизирале. Македонија била поделена на четири градски округи. Секој округ бил прогласен за самостоен, имал свои пари и не смеел да стапи во односи со другите македонски округи, со што Македонија е претворена во вазална држава и била должна да му плаќа данок на Рим.

Победникот на римските војни на Балканот, конзулот Емилиј Паул Луциј, многу строго ги казнил Персеевите сојузници. *Епирските градови биле уништени, а 150.000 луѓе, жени идеца,*

од нивното население биле земени во ропство. Плутарх[9] за тоа пишува: „... тргна со војската на Епир, бидејќи ја имаше одлуката на сенатот војниците, кои со него се бореле против Персеј, да се обештетат, така што ќе ги пљачкосуваат (ограбуваат) тамошните градови. Бидејќи сакаше да удри на сите нив истоврмено и неочекувано, нареди да повикаат по десетина најглавни луѓе од секој град и им наложи во одреден ден да донесат било какво сребро и злато што го имаат во своите куќи и храмови. Со претставниците од секој град, испрати стража од еден центурион војници, кои се преправаа дека бараат и земаат злато. Но, кога дојде тој одреден ден, сите тие, јурнаа во еден ист час, навалија и ги опљачкаа градовите, така што *во еден час сто и педесет илјади луѓе беа претворени во робје, а седумдесет градови опустошени*. Од толкаво затирање и целосно уништување, на секој војник му припаднаа не повеќе од единаесет драхми, цел свет се згрози на таквиот крај на војната: распарчувањето на цел еден народ донесе толку ситна добивка и мала корист за секој поединечен војник.“

[9] Plutarchus, *Vitae parallelae* (prev. *Usporedni životopisi*), I, 352, 29, Zagreb, 1988.

Со освојувањето на Македонија, Римјните станале господари на Балканот. Новоосвоената област за нив имала големо стратешко значење. Од неа Римјаните често отпочнувале свои експедиции на североисток. За таа цел, тие од Драч до Солун го изградиле патот Via Egnatia кој што преку Via Appia во Италија го поврзувал Запад со Исток, Рим со Македонија, Тракија и со Мала Азија. Солун, поради својата положба, станал значаен копнен, поморски, административен, воен, економски и културен центар. На оваа балканската трансверзала придодадена е веќе постоечката вертикала север-југ, која ги поврзувала басените на Дунав: Sirmium, Singidunum, Naisus, Skupi, Stobi-Солун-Бероја, Теба, Атина.

Историски податоци за репатријацијата на епиротските Аромани не бевме во можност да најдеме. Меѓутоа, со окупацијата на Балканот јасно се манифестирал длабокиот јаз помеѓу официјалната парола за слобода и практичните цели на римската дипломатија. Врз идеолошкото оформување на официјалната римска програма за надворешна политика несомнено влијание извршила стоичката филозофија, која што во

II век била во мода. Слобода (libertas), човечност (humanitas), праведност (iustitia) верност (fides) и на крај „подели па владеј“ (divide et impera) биле основни принципи според кои се раководела римската дипломатија. Од ова се гледа дека римската политика била егоистична и водела сметка само за своите интереси и поради тоа ги фаворизирала само романофилските партии во поедини региони на Балканот, што доведувало до трзавици/тензии и напнатост.

Во Грција, етнонимот Грекос (Graikos) и Хелен (Ellenas) преиначен е во *Ромеос* (Römaios), додека Епиротите добиле етноним *Аромäни,* што значи не се Ромејци, не се Грци, ниту Римјани.

Кај Еприскитe Арömани постојат и други синоними, како што се Куцовласи, Карагуни, Каракачани, Цинцари, Бурзовласи, итн. Етнонимот ’Цинцар’ етимолошки не можевме да го решиме. Суфиксот „ар“ во санскритскиот зборо „Аруа“ има значење на титула – господин. Во старогрчкиот јазик зборот „Ареиön’ значи најдобар, благородник, прв, најхрабар. Во нашиот јазик означува одредена функција, на пример заб-ар, кув-ар, чув-ар и слично. Или, пак, Цинц-ар значи ’пет векови враќање по римското робување’

Етимолошки, етнонимот ’Влав’ е од непознато потекло. Се смета дека е од германско потекло, од зборот „Valah“, латински „Volcae“ – Oualkai. Овој етноним првобитно се однесувал на латинизираните Келти кои живееле во Римската империја, а подоцна, со геманските освојувања, задржан е нивнито етноним. Друга претпоставка е дека тој се однесува на арапскиот збор „fellah“ – земјоделец, име кои Римјните го земале при окупацијата на Египет.

Мпампиниоти[10] смета дека влашкиот јазик во Грција не е од романско потекло од етнолошки аспект, туку дека неговата сродност со романскиот е последица поради тоа што ароманскиот и романскиот имаат заеднички лингвистички корен во тнр. источен или балкански латински јазик. Додека јазикот на Романците бил под влијание на Гетите и Дачаните, јазикот на Ароманите-Цинцари ја сочувал словенската база, старогрчката надоградба и латинската супраструктура.

[10] Mpampiniotis, G., *Leksiko tis Neas Ellinikis Glossas*, p. 377, 1998.

Јазикот на Арöманите

За три-лингвистичкиот состав на цинцарскиот јазик потврдува и Михаил Боиаги во „Граматика на цинцарскиот јазик“.[11] Боиаги бил професор по грчки јазик во Виена и татко на првата научно-засновна граматика на Цинцарите, со објаснување на грчки и на германски јазик. Името на книгата е „Gramatike Römanike, etoi Makedonovlahika“.[12]

[11] Михаил Боиаги, *Граматика цинцарског језика – Граматикă Аромънă* „Луњина“ – Београд, 1993, превод Василије Барба и Прибислав Маринковић

[12] Михаил Боиаги, *Граматика Рömантике, etoi Makedonovlahika*, en Bienne, 1813.

Јазикот, лимба армънеäскä на Бојаџија е архаичен јазик на кој говореле неговите родители во Москополје, околу 1750 година и од гледна точка на современиот цинцарски јазик, неговата граматика е малку употребувана. Меѓутоа, од неговата лексика може да се утврди, пред сè, богатство од латински зборови, словенски и старогрчки, прилагодени на духот и традицијата на цинцарскиот јазичен корпус. Како пример ги наведуваме словенските зборови во свечената песна на Цинцарите: „Завет на родителите – Dimändarea pärinteascä: „plocile“–плоча, „el ân ватара –оган, огниште, итн.

Големиот војсководец и крал на Епир, Пир (црвен како оган), во својата авантуристичка воена кампања на југ во Италија повел 28.500 војници. Војувал од 280-275 година пред Христа. Во Епир се вратил со 8.500 војници. Мртви имало 13.000, а исчезнати 7.000 борци, кои, веројатно, биле заробеници. Ако на овој број се додадат 150.000 граѓани од Епир кои станале робови на Римјаните и биле одведени во Италија од страна на окупаторот Емилиј Паул Лициј, во 168 година пред Христа, се заклучува дека вкупниот број на епирската популација која живеела во Италија изнесувала околу 157.000 жители. Тие, во средината на Римјаните како слуги, го научиле и нивниот јазик, кој што го прилагодиле на својата лингвистичка традиција.

Со изградбата на Виа Егнатија на Балканот, Римјаните на доминантните места за контрола, како што се клисурите, доселувале Аромани. На пример: селото Клисура во Костурскиот огруг на 1.250 м, село Невеска, Леринси округ на 1.364 м и селото Псодери во истиот округ на 1.400 м, селата Горно и Долно

Шел во Његушкиот округ на 1.000 м., селата Ѓавато Кожани, Нижеполе во Битолскиот огруг и градот Крушево на повеќе од 1.000 м надморска височина, итн. Меѓутоа, првата населба на дојденците, Аромани од Италија, била меѓу планината Грамос и Островица, во пределот кој е наречен *Колонија*, каде е основан *Москопол*, нивен најголем и најбогат град на Балканот.

Владеењето на Римската империја на Балканот од 168 година пред Христа па сè до доаѓањето на Турците и падот на Цариград во Византиското период, во 1.453 година, т.е. цели 1621 години, го имала како свој *официјален, латински јазик.* Меѓутоа, зе време на императорот Јустинијан I (527-565) *Александровиот 'коине' јазик бил прогласен за официјален државен јазик* на Источното Римско царство.

Од ова следува дека билингвизмот, т.е. латинскиот и Александровиот-македонски 'коине' јазик, биле главни и доминантни јазици на Балканот околу 1000 години. Сето ова придонело кон формирање и на цинцарскиот ароманскиј јазик и кон зачувување на нивната топономастика и во Епир, нивната автохтона прататковина и покрај егзодусот.

Во текот на отоманската империја на Балканот, сите нејзини жители станале раја, а епитетот „ромиос" се однесувал исклучиво на жителите на Западното Византиско Римско царство кои биле хеленофони.[13]

[13] Mpampiniotis, G., *Leksiko tis Neas Ellinikis Glossas*, p. 1577, 1998.

Во текот на XVIII век, меѓу народите на Балканот доаѓа до будење на националната свест и до препород, до разни востанија, движења поврзани со „источното прашање" и до внатрешна анархија во Отоманското царство. Турските јаничари ги рушат и поставуваат султани во Цариград, додека поедини паши стануваат независни од централната управа. Меѓу нив биле Видинскито паша Пасваноглоу и Јанинскиот паша Али- паша Тепеленли. Али паша–Јанински успеал во 1788 година да ги заземе Епир, јужна Албанија, западна Македонија, Тесалија, западниот дел од континентална Хелада, дури и Пелопонез. Користејќи ги антагонизмите на големите сили и со помош на Франција и Англија, планирал да создаде своја независна држава во западниот дел на Балканот.

Во тие негови настојувања, се судрил со две автономни области на Цинцарите-Епироти: Химара (Heimarras) и Сулиа

(Sylia, Soylion,). Во годината 1798 успеал да ја зазема Химара и сите села на бреговите на Акрокераунија. Борбите против Сулиотите биле тешки и долготрајни. Сулиа бил сојуз на планински села во Епир, а топономомастиката значи ’остар врв на планина’.

Али-паша Тепеленли војувал против Сулиотите во 1790-1791, 1792, 1800 година, но дури во 1803 година успеал да ги совлада по херојскиот отпор на бранителите. После тоа настанал невиден прогон на Цинцарите кога во 1821 година дошло до спалување на Москопље и до голема дијаспора на епирското население низ Балканот и Европа.

XXVIII
ОРИГИНАЛНОСТ НА МИТОЛОГИЈАТА НА БАЛКАНОТ, НЕЈЗИНО ПОТЕКЛО И ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАЃАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА

Научниците досега ја проучувале и реконструирале грчката митологија само посредно и тоа врз основа на три различни видови извори: митолошко-историски, литерарни и археолошки. Автентичноста и изворните материјали како „жив мит“ на олимписки богови и божици не се утврдени, па така дошло да се прифатат приказните во „редакција“ на најстарите сведоци на грчката митологија, Хомер и Хесиод, и на подицнежните поети, ликовни уметници, историчари и митографи.

Според Херодот,[1] поетите Хомер и Хесиод на „Хелените први им создале приказни за настанок на боговите, им дале имиња и ги објасниле божествените почести и вештини, најпосле ги опишале и нивните ликови.“ Во натамошниот текст се изнесува дека поетите велат дека сите тие приказни им ги подариле музите, красноречивите ќерки на Сеќавање, кои што ги инспирарале поетите да говорат за минатото, сегашнота и иднината. Во натамошната расправа, Херодот го истакнува своето мисење дека поетите Хомер и Хесиод, за кои се говори дека живееле пред сите овие приказни, всушност, живееле после нив. Тоа значи дека слични основни мотиви и содржини за приказни за боговите на Олимп постоеле и пред нив.

[1] Херодот, *Историја*, II, 53, Матица Српска, Београд, 1988.

Хомеров историски проблем

Според многубројни истражувања, Хомер живеел во IX-VIII век пред Христа, во Мала Азија, во близина на Смирна, а Хесиод во VIII век пред христа. Додека во животописот за Хомер податоците се многу оскудни, дотогаш главни и најрелијабилни податоци за Хесиодовиот живот се наоѓаат, претежно, во

неговите сочувани песни *Теогонија* (θεογονία) и *Работи и денови (*Ἔργα καὶ Ἡμέραι, *Erga kai Hēmérai).* Од овие дела се дознава дека Хесиодовиот татко се викал Дијо, кој живеел во малоазиската Кима, каде живееле Еолските доселеници. Се бавел со поморска трговија. Бегајќи од лутата сиромаштија, се населил во континенталниот дел на Грција во Беотија, во селото Аскара, помеѓу Орхомен и Теспија, каде се родил Хесиод. Во беотско-тесалскиот Орхомен живееле носителите на „Димини културата“ - Минијците од Подунавје, чија култура под името „минијска“ го достигнала својот зенит во 1400 година пред Христа. Нешто понасевер, во еолската (тесалската) рамнина, покрај Минијците живееле и нивни сродни племиња од Подунавјето: Лапити, Тиројци, Флегијци и други, под заеднички етноним Еолци. Според Томпсон,[2] сите овие Подунавски племиња мигрирале од север од Панонија, долж Вардар, преку македонската Пијериа и Олимп. Тие на просторите на Хелада, и тоа во Тесалија, Бетоија, Атика, на Пелопонез и Крит, ги внеле меѓу староседелците Пелазги, Лелези, Критјани и Јоњани својот јазик, својата вера, своите митови, богови, легенди, обичаи и начин на живеење. Освен тоа, тие од својата стара родна грутка ги внеле и своите јуначки, епски песни во вид на рапсодии (од ραφω - рапсо – сошие, сложи, снове, смислува и ωδη - ода – песна, пеење). Ова го потврдува и Папаставроу,[3] кој истакнува дека Рапсодите, пред Хомер, живееле во Тесалија и во соседните области во Беотија. Поради тоа и нивните богови потекнуваат од Тесалија, а нивното живеалиште е Олимп. При миграцијата на Дорците, како нов народ од северозапад на Балканот во Епир и Тесалија и бегството на Еолците од Тесалија, во 1124 година пред Христа, и нивната преселба на северозападниот брег на Мала Азија, каде е формирана Малоазиската Еолија, се преселиле и Рапсодите со своите песни и традиција. Тоа го потврдуваат историските факти дека некои населби во Анадолија добивале имиња на стари племиња и места во Тесалија, на пример Олимп, Лариса, Магнезија и други, па и целата нивна нова татковина е наречена Еолија. Главни доживувања на тие населеници во почетокот биле борби со анадолските господари Фрижаните (доселеници од Македонија), Мишаните (доселеници од Посавина), како и со Ликијците. Спомените на тие борби сè повеќе добивале митско

обележје и дале централен мотив кон кој се привлекле и митовите донесени од првобитната татковина Панонија, преку Тесалија. Значи, во новите услови на борби за опстанок на доселениците, во поетска сила, придодадени се и херојските содржини од Тројанската војна во 1193 година пред Христа во која учествувале и Минијци, Лапити, Тиројци од Тесалија, Беотија, Месенија и други потомци од Подунавјето од цела Хелада. Меѓутоа, се смета дека најголемиот поетски квалитет од сите творци дал Хомер кој ја опеал *Илијада* и кој на целиот поетско опус ù обезбедил завршна форма. Рапсодите продолжиле со ширењето, сега на Хомеровите епопеи, натпреварувајќи се во рецитирање при свечените собири кои што прво биле приредувани на приватна иницијатива, а подоцна државата ги зела под своја контрола. Околу „хомерскиот проблем“ постојат многубројни прашања и тоа, пред сè, околу староста, односно епохите што се претставени, околу авторот на делото и местото на неговото раѓање. Според историографијата, Хомер е роден во Смирна, во Колофон или на островото Хија. Меѓутоа, постојат индиции дека е роден во Бабилон, под името Тиграм, и дека е продаден како заложник (ομηρος - хомер, основа; αρ, αραρισκω - ар, арариско – залог, гаранција). Според едно друго предание, зборот ’хомер’ значи ’слеп’.

[2] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 124/5, 133/4, 285, 387, Athina, 1954.

[3] Papastavrou, I,: *Istoria tis Arhaias Ellado,* p. 62, Hiotelli, Athinai, 1972.

Илијада секако е создадена пред „архајската“ епоха која што започнува околу 750 година пред Христа, со големата хеленска колонизација на соседниот брег. Ако во *Илијада* е нешто историско, тогаш тоа може да бидат борбите на тесалските иселеници, пред сè Минијците, Лапитите, Тиројците и Ахејците, т.е. Еолците со старото население во анадолското приморје. Водач на таа борба е Ахилеј, а бидејќи неговиот народ се вика Мирмидонци или Ахејци (Αχαιοι - Чемери), исто така под тоа име се викаат Хелените под Троја. Како пофална ода, *Илијада* била претставена во подоцнежните етапи во краслките дворови и во градовите на Јонија, каде кралеви биле Кодриди. Таа е прилагодена, првенствено, на идеалите на аристократијата, со содржини како што се витештво, борбен дух, херојски ликови, освојувачки тежнеења, митови, итн. Речиси сите истражувачи на

„хомеровото прашање“ наведуваат дека во еповите постои мешавина од различни епохи, каде борците користат камено, бронзено, па дури и железно оружје, мешавина од мит, историја и фолклор, богови и херои и др. Едно, меѓутоа, е карактеристично за двата Хомерови епа, а тоа дека јазикот им е ист и дека имињата на боговите се исти. Според Кречмер[4] и Мпампиниотис,[5] Хомеровите дела се создадени на еолско-јонски јазик со атички (лапитски) неотризми.[6] Тие се создадени во областите Смирна и Хија, од поети кои дошле од Тесалија, Беотија и од Пелопонез.[7] Во еволуцијата на развојот на митот за Троја се разликуваат три периоди: тесалски, каде носителите се иселениците од Панонија; пелопонешки, каде творците се Нелеидите и Тиројците (исто така, Панонци) и, најпосле, анадолско-јонски каде се среќаваат Еолци од Тесалија, иселеници од Пелопонез и Јонци. Хомер, давајќи дефинитивна форма на своите епови, станал, како што тоа Платон го вели, не само воспитувач на Хелените, туку и нивен обединител.

[4] Kretchmer, P.: *Einletitung ind die Geschichte der griechischen Sprache,* Gottingen, 1886.

[5] Mpampiriotis, G., *Synopiki Istoria tis Ellinkis glossas,* p. 96, Athina, 1986.

[6] Шкокљев & Шкокљев, 1997 и 1998.

[7] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 390, Athina, 1954.

Што се однесува до Хомеровиот стих, најстариот стих во античкото поетство, како негови пронаоѓачи важеле Панонците, т.е. Хиперборејците. Според Паусаниј[8] тоа се Олен, Орфеј и Феменоја. Олен прв почнал да претскажува и да пее во хексаметар во пророштвото на Аполон на Делфи. Во натамошниот текст Паусаниј, цитирајќи стихови на Бој, изнесува: „Овде, пророштвото што добро се сеќава на сè, го основале Хиперборејците Пагаз и прекрасниот Агијеј“. Набројувајќи и други Хиперборејци (Подунавци) на крајот на химната на Бој го споменува Олен (Ωλην): „И Олен кој прв стана пророк/ Па од стиховите стари состави песни прв“.

Орфеј (Ορφενς), син на Еагар, бил најпознат митски пејач, свирач и поет, крал на Македонија и Тракија. Според Диодор Сиц.[9], него го сметале за пронаоѓач на азбуката. Феменоја (Φημενοη) била Аполонова ќерка, прва пророчица (Питија) во Аполоновото светлиште во Делфи, која прорекувала во хексаметри. Неа ù се припишува изреката „спознај се себе си“.

[8] Pauzania, *Perrigissis tis Ellados,* X, 5, 7, (прев. Pasini: Vodič po Heladi), Logos, Split, 1989.

[9] Diodorus Siculus, *Bibliotheca historica,* Fr. Vogel, I, 69, Leipzig, 1986 и понатаму.

Хесиодови митови

Додека во Мала Азија се создавани Хомеровите епови, дотогаш Хесиодовите епови имаат беотска форма и содржина, од хорска поезија се од Орхомен,[10] што укажува дека се од минијско потекло. Од досегашните истражувања произлегува дека првиот мит за Евронима, како и останатите приказни за боговите и хероите, ги создале хиперборејските народи или Дануни, создавачи на културата на Лепенски Вир, Старчево, Македонија и Винча, односно „Стара Европа“.[11] Тоа биле Мињци (Миничево), Лапити (Лапово), Трои (Сираково), Флегијци (Пожаревчани), Мосиники (Мосна), Мизи или Мионци (Мионица), Македонци и други. При својата миграција во предисториски период, од панонското Подунавје на југ, исток и на запад, тие, покрај архетипската форма на богата археолошка материјална култура (керамика, „мегарони“, трезори), ги оставиле и своите етноними кои што и денес се присутни во топонимите на српските простори и пошироко.

[10] Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* p. 425, Athina, 1954.

[11] Gimbuts, M., *The Goddesses and Gods of Old Europe 6500-3500 B.C. Myth and Cult Images,* Univ. of California Press, 1982.

Покрај тоа, како резултат на интеракцијата на нивниот дух со природното окружување (Панонско море – Карпати, Дунав – Ѓердап), создадена е „ментална“ претстава за раѓањето на космосот и за светa, која со набљудување тежнеела да ги објасни, на свој начин, тајните на природата, животот и смртта. Од овој феномен на духовната манифестација на човековиот ум, создадена е традиционалната космологија и теогонија. Создадена е оригинална, автохотона и единствена митологија, религија и култови кои ја претставуваат архетипската европска филозофија, праисотрија и лингвистика. Нивната религија е најстара на светот. Таа претставува автономен религијски систем, како што е и хидролошкиот систем на Дунав (Дан-Дану-Данубиус, Зевсова или Боговска река на животот), дунавската цивилизација на Лепенскиот Вир. Во таа цивилизација, на ниво на

симболично, на Лепенскиот Вир, преку архитектурата, скулптурата, обредите и обичаите реализирана е слика на космосот со кого госпоради Сонцето како врховно уранско битие, а Лепенскиот Вир е Хериополис, односно Хелиополис. Осознаените манифестации биле во вид на приказни. Тие се пренесувани од генерација на генерација, през милениуми и векови, исклучително преку усни преданија и слободни раскажувања.

Бидејќи приказните биле дополнувани и менувани според новиот амбиент и во нови општествено-историски услови, покрај традиционалните приказни од митолошката космогонија и теогонија, подоцна се јавуваат и приказни и легенди за хероите. Хомер и Хесиод, според тоа, на Грците не им ги создале боговите и пантеистичката религија, како што смета Херодот, [12] туку сите овие оригинални и традиционални приказни ги донеле со себе Подунавските доселеници, а не музите, красноречивите ќерки на Сеќавање. Според тоа, Хомер и Хесоид не се автори, не се „изумители“ на митовите, туку регистратори, бележници и собирачи на митолошката граѓа. Нивното значење во историјата со ова не се намалува, само се укажува дека врвните умствени дела, како што се и овие античките, обично потекнуваат од поединци, се филтрираат низ „главата на целиот народ“ и на крај најумните луѓе на даденото време ги оформуваат во завршна форма, како што бил Атињанинот Пизистрат, од панонско порекло, Аристотел и Академијата на науки во Александрија за време на македонските кралеви од династијата Птоломејци. Доколку се спореди архетипичноста на панонско-„лепенската“ митологија, наречена хеленска, со другите стари митологии во светот и тоа, пред сè, со еврејската, која се развила под влијание на вавилонската и египетската и, најпосле, со римската, која што се развила под влијание на балканско-лепенската и своето влијание го пренела на сите помлади западноевропски митологии, може да се утврди дека оваа митолоија е пооригинална и постара, односно архетипска. Митот за Евронима претставува архетип на Олимпијскиот мит, со тоа што женскиот принцип е заменет со три машки (Уран, Крон и Зевс). Покрај тоа, таа истовремено била усмена, т.е. народна книжевност, која што генијално ја синтетизирале Хомер, Хесиод, Еврипид и мнгу други.

Тие пред себе немале модел, слични дела од Азија и Египет, кога ги создавале своите дела, иако во нив се крие не само мит, туку и некои историски вистини, покриени со густа коприна/превез на поетската имагинација.

[13] Херодот, *Историја,* II, 53, Матица Српска, Београд, 1988.

Потребни се нови информации и натамошни истражувања во оваа насока за да се дополнат нашите сознание и да се отворат нови можности за интеракција на свесното и несвесното (индивидуална и колективна свест) на нашите битија. Покрај личното збогатување на духот, на овој начин би им се оддолжиле на неолитските творци кои ни оставиле во наследство исконско чувство за убаво и возвишено и завештание за освестување (досегнување на божественото во нас), како чуствтот за праведност. Со сфаќање и прифаќање на научните факти дека раѓањето на европската цивилизација било на овие простори може да се отстрани пореметената слика за хиерархијата на изворните европски духовни вредности, а народите на Балканот повеќе да се поврзат и приближат. Археологијата на Лепенскиот Вир, Винча и Старчево, со ономастиката на хидролошкиот систем на Дунав во Панонија, напоредно со изворните дела на античките хроничари, најдобар е изворен материјал за изучување на „живиот мит“ на Балканот. Митолошките, етнолошките, палеолингвистичките и теономните имиња во Панонија може да послужат како за разбирање на митовите, така и за разбирање на основните образци („форми“) во религијата и науката, кои што претставуваат и нова парадигма на „архетипското колективно несвесно“ (Јунг), како и за подобро сфаќање на вечната енигма на „хеленското историско чудо“. Тоа е заедничко на сите народи на Балканот, како што им е заедничка и иднината.

ЗАКЛУЧОК

Во современата археологија се смета дека Балканскиот Полуостров е колевка на културата на „Стара Европа“. Пред повеќе милиони години, Балканот претставувал систем од острови и архипелази во океанот Тетис, сместен помеѓу Африка и останатиот дел од Европа. Со геолошките промени, новоформираното балканско копно се нашло помеѓу Средоземното Море на југ и Панонското Море на север. Со истекување на панонските води преку Карпатите во Црното Море, создадени се терените на денешните српски територии. По своето геолошко наследство, овие територии претставуваат исклучителни терени и ризници од материјали од кои може да се реконструрира развојот на значајните етапи во еволуцијата на копнената вегетација и на животинските видови.

Со повлекување на последната ледена прекривка пред 12.000 години од просторот на средно Подунавје, создадени се поволни услови за опстанок на човекот. Првите човечки заедници на риболовци, а подоцна и на земјоделци, на овие простори ја развиле културата на Лепенскиот Вир, една од најстарите духовни манифестации во Европа. Тргнувајќи од хипотезата дека археолошките наоди на уметноста во Лепенскиот Вир се најстари докази за материјалната култура на една човечка заедница на Балканот, се претпоставува дека постојат и други духовни остварувања. Веројатно е дека постојат и други архетипски спиритуалности, нам непознати, што беше и примарна цел на овој труд.

Во методологијата на научните истражувања користени се Јунговите (1990) ентитети од комплексната психологија: архетипско, колективно несвесно. Со овој модел истражувана е ономастиката, митологиајта и праисторијата. Од ономастиката на средното Подунавје истражувани се хидронимите и хоронимите според воено-гоеграфските мапи 1:200 000. Лингвистичките методи се етимолошки и семантички.

За објаснување на имињата, користени се лексикони на старогрчки јазик, како и глосолошки студии на грчки, германски и

други лингвисти кои утврдиле дека во античкиот грчки јазик постојат супстрати кои не припаѓаат на Хелените, туку на праисториските домородци. По долгогодишни истражувања, утврдено е следново:

На српските простори на средно Подунавје и во Македонија голем број хидроними и топоними припаѓаат на една или општа палеоглосологија на Балканот од семејството на прото-индоеврспски јазици.

Ономастиката на Дунав (која во превод го персонифицира Зевс), неговите притоки и ади, припаѓа на целиот митолошки систем на Хомеровата и Хесиодовата теогонија од Олимпискиот пантеон на богови.

Хесиодовата космогонија ја симболизира вечната борба на водата и камењата и на интеракцијата на овој процес во човековата свест. Геофизичката појава на борба се одиграла меѓу водите на Панонското Море и стените на Карпатите, со создавање на Ѓердап – Тартар и со победа на водата, т.е. Дунав-Зевс, кој загосподарил со останатите богови.

Душите на умрените испратени се по водите на Стига (Млава) во Подземнито свет (Хомолската пештера), каде владее богот на подземниот свет Хад, а за свој чувар го има песот Кербер.

Ономастиката на адите на Дунав (Ада Кале-Еритија, Форкотумац, Чакљан крај Белград, итн.) претставува митолошки патоказ на Хераклевата маршрута по Дунав во остварување на неговите херојски дела: кражбата на Геријоновите стада, фаќањето на Кербер, кражбата на Хесперидините златни јаболка на божицата Хера, борбата со богот-чудовиште

Со ономастиката се утврдени и топонимите каде битисувале разни праисториски еолски племиња од семејството на Хиперборејците, како што се: Дануни, Мишани, Македонци, Минијци, Лапити, Бриги, Мосиники и Каки. Поради миграциите на новите индоевропски народи (Дорци, Скити, Илири и др.) во XIII век пред Христа, Подунавскиот свет ја напуштил својата родна грутка и ја пренел својата архетипска култура на југ, исток и на запад. Со тоа дошло до преместување на цивилизациските средишта во грчката Атина, македонсакта Пела и италската чизма (полуостров). Еолците се учесници во Тројанската војна и творци на „грчкото чудо“, особено античките Македонци.

И покрај разните миграции, опстанале и староседелците, кои заедно со Скитите како пра-Словени на централнит Балкан (Синги, Пеони, Дардани, Линкести, Трибали, Илири и др.), претставуваат континуитет на животот на овие простори и „жива“ потврда за преносот на архетипската цивилизација низ векови преку генерациите, исклучително по усмен пат. Опшана е и колонизацијата на Балканот во праисторијата од страна на египетските Данаиди, Фениќани, Ахејци и Колхиќани.

Палеоглосолијата на Блканот архетипски припаѓа на културите на „Стара Европа“, а сочувана е во топонимите на Балканот, во античкиот грчки јазик, во тнр. Александровиот „коине“, кој што доминирал во античкиот свет 900 години и претставувал инфраструктура на јазиците на денешните народи на Балканот.

Истражувањата имаат антрополошки и лингвистички аспект. Тие задираат длабоко во корените на праисторијата на овие простори, каде послабо може да се следи човечката трага. Тие, меѓутоа, потврдија дека архаичната култура на централниот Балкан имала високи архетипски дострели во цивилизацијата.

Добиените резултати даваат елементи на едно древно наследство кое народите на југоисточна Европа, особено на Балканот, повеќе ги поврзува и приближува, отколку што ги раздвојува. Намера на авторот беше на читателот да му укаже на тоа дека терените на српските и централно-балакнските простори претставуваат не само ризница за следење на еволуцијата на развојот на флората и фауната, туку и за истражување на духовните остварувања со високи дострели. Со посредство на нивното лингвистичко и севкупно наследство, се формира и секојдневно се збогатува поимникот на современата наука и се отстрануваат искривените слики за хиерархијата на изворните европски духовни вредности. Исто така, се потврдува и фактот дека Централнит Балкан е колевка на егејската култура и дека народите на овие простори имат заедничка историја, иднина и биолошки императив.

SUMMARY

The contemporary archeology assumes that the Balkan Peninsula is a cultural cradle of Old Europe. Millions of years ago the Balkans was a system of islands and archipelagos in the Ocean of Tetis, located between Africa and other part of Europe. Along with the geological changes that took place at that time the newly formed Balkan continental land found itself between the Mediterranean Sea on the south and the Pannonia Sea on the north. By the flowing of waters into the Black Sea through the Carpathian Mountains the territories that the present Serbian nations occupy were formed. According to their geological heritage these territories are exceptional locations and treasures of materials that could be used to reconstruct the significant stages in the evolution of land vegetation and animal species.

The withdrawal of the last ice layer from the Middle Danube basin, about 1200 years ago, created favorable conditions for the survival of human beings. The first human fishermen communities and the agricultural communities established later in these regions developed the culture of Lepenski Vir, which is one of the oldest cultural manifestations in Europe. Starting from the hypothesis that the archeological findings of the Lepenski Vir art are the oldest proof of material culture of a human community in the Balkans, it is assumed that there were other spiritual accomplishments as well. Probably there were also other archetypal spiritualities, unknown to us, which was the prime goal of this work.

In explaining the names we have used lexicons of the ancient Greek language, as well as glossological studies of Greek, German and other linguists that have concluded that that there substrates in the ancient Greek language that do not belong to the Hellenes, but to the prehistoric indigenous peoples After a several-year research, the following conclusions are reached:

A large number of hydronyms and toponyms of the regions of Middle Danube Basin and of Macedonia belongs to the common

Balkan paleoglossology from the family of proto-Indo-European language;

The onomastics of the river Danube (personifying Zeus when translated), its tributaries and numerous river islands (adas) belongs to the paleoglossology and it represents an allegory of the entire mythology system of Homer's and Hesiod's Theogony from the pantheon of gods residing atop Mount Olympus.

The cosmogony of Hesiod symbolizes the eternal fight between waters and rocks and the interaction of this process in the human consciousness. The geophysical fight actually took place between the waters of the Pannonia Sea and the rocks of the Carpathians which resulted in the creation of Djerdap-Tartar gorge, and in the victory of the waters, i.e. the Danube-Zeus who became a king of the gods;

The greatest fight, however, took place between the gods of the second and third generation, i.e. gigantomachia. It took place in Serbia, near the Požarevac Valley (Flegreion Pedion). On that occasion lightnings were striking, huge rocks were thrown, the trees were set on fire, and everything was burning as if in hell. Zeus won the victory;

The souls of the dead were sent to the underworld (Homoljske Caves) through the waters of Stigma (river Mlava). The underworld was controlled by Hades, while its gates were guarded by Cerberus.

The onomastics of the Danube islands (Ada Kale – Eritia, Forkotumac, Čakljan near Belgrade, etc.) is a mythological sign post of the route of Heracles along the river Danube in his attempts to perform the famous tasks, i.e. labours: to herd the cattle of Geryon; to capture Cerberus; to fetch the apples of Hesperides; the fight with a god-like monster and others, as well as the voyage of the Argonauts after they stole the Golden Fleece on Kolkhis.

The onomastics of the Balkans also defines the toponyms of places where many different Hyperborean tribes lived, such as Danuns, Mysians, Macedonians, Mynians, Lapits, Brigs, Mosinks, and Kaks?. Due to the migrations of the Indo-European peoples (Dorians, Skyts, Illyrs and others,) in the course of XIII century B.C. the Danube peoples left their fatherland and transfer their archetypal culture to the south, east and west. That led to the shifting of the civilization centers to the Greek Athens, to the Macedonian Pella, and to the Italian Peninsula. The Aeolians were participants in the Trojan War and they

were creators of “the Greek miracle”, especially the ancient Macedonians.

In spite of these migrations the native indigenous peoples survived that, together with the Skits, like pra-Slavic peoples of Central Balkans (Sings, Peons, Dardans, Linkestis, Tribals, Illyrians and others) are a continuity of the life in these regions and a “living” testimony to the transfer of archetypical civilizations through centuries from generations to generations, solely by spoken word. The colonization of the Balkans in prehistory by Egyptian Danaids, Phoenicians, Achaeans and Kolhidians is also given.

From the archetypal aspect the paleoglossology of the Balkans belongs to the culture of “Old Europe” and it is preserved in the toponyms of the Balkans, in the ancient Greek language, in the so called “koine” language of Alexander the Great that dominated in the ancient world for 900 years and was an infrastructure of the languages of the present-day Balkan peoples.

The researches have got both an anthropological and linguistic aspect. They go deeply into the roots of the prehistory of these regions where human traces are harder to be traced. Nevertheless, these investigations have confirmed that the archaic culture of the central Balkans has got high archetypal civilizational ranges.

The obtained results present elements of an ancient heritage that the peoples of South East Europe, especially of the Balkans, unite and bring together more than they separate. The intention of the author is to point out that the grounds of the Serbian and central Balkan areas are not only a heritage for tracing the evolution of the flora and fauna, but also for researching the spiritual accomplishments of high ranges. By the means of their linguistic and overall heritage, the vocabulary of modern science is shaped and enriched on daily bases, and the bended images about the hierarchy of the original European spiritual values are corrected. In addition, it is confirmed that the central Balkans is a cradle of the Aegean culture, and that the peoples in these regions have got a common history, future, and biological imperative.

ЛИТЕРАТУРА

Andronikos, *M.: Oi vasilikoi tafoi tis Verginas,* Athina*,* 1985

Apolonius, Rhodius, *Argonautica,* ex. rec. R. Fr. Brunckii, I-II Lipsiae, 1810-1813.

Apollodori, *Bibliotheca* (I-II v.n.e.)

Aristotelis.: *Fragmenta selecta*, W.D.Ross, 1979.

Бабовић, Љ.: *Положај и функција светилишта на Лепенском Виру*, Центар за археолошка истраживања универзитета у Београду, XVII 97-108, 1997.

Bruck, C.: *Comparative Grammar of Greek and Latin,* Chicago, 1933.

Будимир Милан: *Са балканских источника,* СКЗ, 1969.

Будимир Милан: *Пеласто-славица,* Рад ЈАЗУ, Загреб, 1956, књ. 309.

Cambell, J.: *Occidental Mythology,* Penguin Boks, London, 1964.

Чајкановић, В.: *Стара српска религија и митологија,* СКЗ, Београд, 1993.

Cavalli-Sforza, L.L.: *Genes, peoples and languages,* Scientific American, Nov. 1991. pp. 72-78.

Chadwick J.: *The Decipherment of Linear B*, Cambrudge, 1967.

Childe, V.G.: *The Aryans, a Study of Indo-European Origin,* London, 1927.

Childe, G.V., *The Danube in Prehistory*, London, 1929.

Diodorus Siculus, *Bibliotheca historica,* Fr. Vogel, Leipzig, 1986.

Dimitrakos, D.: *Mega leksikon olis tis elinikis glossis, ,,*Domi*",* Athenae, 1933-1959.

Dvornik, F.: *The Making of Central and Eastern Europe,* London, 1949.

Eliade, M.: *Histoire Des Croyances at Des Idees Religieuses*, Payot, Paris, 1989: *Istorija verovanja i religijskih ideja,* Prosveta, Beograd.

Eratosthenes: *Cakasterismol & Geographica*

Eteria Istorikon Ekvoseon: *Istoria tou Ellinikou Ethnous,* Athinae, 1970.

Evans, Sir, A.: *The Palace of Minos*, London, 1921-35.

Flaschi, V.N.: *Pelazgi, Traci, Etruschi nella paleografia Euro-Mediterranea,* Spoleto, Nov., 1987.

Finlay, M.I.: *Early Greece*, New York, 1981.

Fittbogen, M. Ch.: *De Pelasis,* Commenttation historica et critica, Trowitzsch und Sohn, 1862.

Грашанин, М.: *Праисторија на тлу Србије*, I, 1973, Београд.

Грашанин, М.: *The Aeonolithic Period in Central Balkan Area,* САН, III, I, II, 1982, chapter 2.

Грашанин, М.: *Настанак и порекло Илира,* Научни скуп, САНУ, Илири и Албанци, Београд, 1988, 9-76.

Георгиев, В.: *Блгарска етимологија и ономастика,* Софија, 1966.

Георгиев, В.: *The Arrival of the Greeks in Greece,* 1973.

Gimbutas, M.: *Proto-Indo-European Culture: The Kurgan culture during the fifth, fourth and third millennia B.C., Indo-European and Indo-Europeans,* 157-97, Philadelphia, 1970;

Gimbutas, M.: *The Neolithic cultures of the Balkan Peninsula, Aspects of the Balkans,* 9-49, 1972;

Gimbutas, M.: *Old Europe c. 7000-3500 B.C.: The earliest European civilization before the infiltration of the Indo-European peoples,* Journal of Indo-European Studies, 1, No. 1-21;

Gimbutas, M., *The Goddesses and Gods of Old Europe 6500-3500 B.C. Myth and Cult Images,* Univ. of California Press, 1982.

Grevs, R. *The Greek Myths,* Penguin books, Middlessex, 1972.

Hammond, N.G.L.: *A History of Greece to 322 B.C.,* Oxford, 1959. Hammond, N.G.L.: *Migrations and Invasion in Greece and Adjacent Areas,* Park, Ridge, 1976.

Hatzidakis, G.: *Mesaionika kai Nea Ellinika,* Athinae, 1906.

Hatzidakis, G.: *Syntomos istria tis Elliffikis glossis,* Sideris, 1967.

Haxley & oth.: *Рађање европске цивилизације*, Beograd, 1967

Herodotus: *The History,* Chicago, 1987.

Herodot: *Istorija,* Matica Srpska, Beograd, 1988.

Hesiodus: *Fragmenta & Theogonia*

Hoddinott, F.R.: *The Tracians,* Thames and Hudson, New York, 1981.

Хомер: *Илијада*, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н.Ћурић)

Хомер: *Одисеја*, Нови Сад, 1985. (прев. М.Н.Ћурић)

Hourmouziades, H.G.: *Dispilio (Kastoria),* Codex, Thessaloniki, 1996.

Илъов, В.: *Најстраи пишани споменици,* Македонија, II, РЕВ. 2000, Скопје.

Ивић, П.: *О Словенским језицима и дијалектима,* Просвета, Ниш, 1991.

Ившић, Ст.: *Словенска поредбена граматика,* Загреб, 1970.

Јиричек, К.: *Историја Срба,* Београд, 1922.

Jung, K.G.: *Dynamics of Unconscious, (*prev.), Matica Srpska, N. Sad, 1990.

Katičić, R.: *A contribution to the general theory of comparative linguistics,* The Hague, Mouton, 1970.

Катичић, Р.: *Енхелејци,* Годишњак XV, ЦБИ, Сарајево, 1970, 40.

Кљакић, Љ.: *Ослобађање историје*, Архив Кљакић, Београд, 1993.

Коруга, Ђ.: *Информациона физика,* Сценарио стваралаштва, у ECPD: „Свест - научни изазов XXI века“, ЕЦПД, Београд, 1996, 173.

Ketchmer, P.: *Einletitung und die Geschichte der griechischen Sprache,* Gottingen, 1886.

Macqueen, J.G.: *The Hittites and their contemporaries in Asia Minor,* London, 1986.

Martinet, A.: *Indoevropski jezici i Indoevropljani,* Novi Sad, 1987.

Матија, Л.: *Punctum Salines: Модел свести на бази вибрационо-ротационих модова торуса,* у ECPD: „Свест – научни изазов XXI века", ЕЦПД, Београд, 1996, 178. Megali Elliniki enkiklopaideia, Athens, 1976.

Mellat, J.: *The Chalcolithic and Early Bronze Ages in the Near East and Anatolia,* Beirut, 1966.

Meillet, A.: *Apercu d"une historie de la langue grecque,* Paris, 1940.

Микулчић, Л.: *Пелагонија у светлости археолошких налаза,* Београд, 1966.

Mpampiniotis, G.; Kontos, P.: *Synhroni gramatiki tis koinis neas Elinikis,* Athinai, 1967.

Mpampiniotis, G.: *Synoptiki istoria tis Ellinkis glossas,* Athina, 1986.

Munro, J.A.R.: *Pelasgians and Ionians,* Jornal of Hellenic Studies, London, 1880.

Neuman, E.: *Istorijsko poreklo svesti,* Prosveta, Beograd, 1994.

Новаковић, Р.: *Срби, име Срби кроз време и простор,* Београд, 1993.

Nilsson, P.M.: *Geshicht der griechischen,* 2 vol., Munich, 1961.

Острогорски, Г.: *Историја Византије,* Просвета, Београд, 1969.

Папазоглу, Ф.: *Македонски градови у римско доба,* Скопје, 1957.

Папазоглу, Ф.: *Дарданска ономастика,* Зборник радова Фил. Фак. у Београду, VIII, 1, 1964, 11-31.

Папазоглу, Ф.: *Порекло и развој илирске државе,* Годишњак ЦБИ, V/3, 1967, 123-144.

Papastavrou, I.: *Istoria tis Arhaias Ellados,* Hiotelli, Athinai, 1972.

Pauzania: *Periigissis tis Ellados* (prev. Pasini: *Vodič po Heladi*), Logos, Split, 1989.

Petrova, E.: *Brigite na centralniot Balkan vo II i I millennium pred n.e.,* Skopje, 1996.

Петровић, А.: *Кратка археографија Срба,* Словенски институт, Н. Сад, 1994.

Петровић, С.: *Митологија Срба,* Просвета, Ниш, 1997.

Пешић, Р.: *Sillabario Etruscum,* Arezzo, Milano, 1985.

Пешић, Р.: *L'Origine della scrittura Etrusca,* Milano, 1985

Plutarchus: *Vitae Palallelae* (prev. *Uporedni životopisi*), Zagreb, 1988.

Polybil: *Historiae,* Buttner-Wobst, Lipsiae, 1893 i 1904.

Повијест Свијета, Напријед, Загреб, 1990.

Раковић, Д.: *Хијерархијске неуронске мреже и мождани таласи: на путу ка теорији свести,* у ЕЦПД: „Свет – научни изазов XXI века", ЕЦПД, Београд, 1996, 189.

Рановић, А.: *Ellinistiki epohi,* Mpayron, Athinai, 1983.
Рендић-Миочевић, Д.: *Илири и антички свијет,* Илиролошке студије, Књижевни круг, Сплит, 1989.
Renfrew, C.: *Before Civilization,* Penguin Books, New York, 1978.
Ристић, Св.: *Мит и уметност,* Вук Караџић, Београд, 1984.
Sakelariou, M.: *Oi glossikes kail ethnikes omades tis elinikis glossas,* Athinai, 1986.
Sakelariou, M.: *Peuples prehelleniques d'origine indo-europeenne,* Athinai, 1977.
Schachermeyer, F.: *Dialtesten Kulturen Griechenlands,* Stutgart, 1955.
Schliemann, H.: *Mycenae,* London, 1878.
Senc, St.: *Грчко-Хрватски рјечник,* Кр. Земаљска тискара, Загреб, 1910.
Срејовић, Д., Церамановић-Кузмановић, А.: *Речник грчке и римске митологије,* СКЗ, Београд, 1992.
Срејовић, Д., Бабовић, Љ.: *Уметност Лепенског Вира,* Младинска књига, 1983.
Срејовић, Д.: *Археолошки лексикон,* Савремена Администрација, Београд, 1997.
Strabo: *Geographia*, Meineke, Lipsiae, I, II, III, 1913.
Škokljev, A., Nikolovski, S.: *Придонесот на Македонија во светската цивилизација,* Македонска Искра, Скопје, 2004.
Škokljev, A., Škokljev, L.: *Epistemologija teonimske onomastike Panonije,* Simpozijum Religija i Epistemologija, Filozofski fakultet, Beograd, 17-19 jun 2005 / in press)
Шкокљев, А.: *Повреде у Хомеровој Илијади,* у док.дисертацији, Београд, 196.
Шкокљев, А., Шкокљев, И.: *Пелашка глосологија: ка архетипској свести и колективном несвесном*, у ЕЦПД „Свести", Београд, 1996.
Шкокљев, А.: *Македонија светској цивилизацији??,* Мисла, Скопје, 1998 (in press)
Шкокљев, А., Шкокљев, И.: *Античке легенде Панониje,* „Наука", Београд, 2007.
Шкокљев, А., Николовски, С.: *Од Панонија до Егеј,* Македонска Искра, Скопје, 2007.
Шкокљев, А., Шкокљев, И.: *Митолошки туристички водич Дунавом кроз Србију,* Трагом Хераклa и Аргонаута, ДОНВАС, Београд, 2009.
Tasić, N.: *Eneolithic Cultures of Central and West Balkans,* Draganić, Belgrade, 1995.
Taylor, W. L.: *The Mycenaeolns,* Thames and Hudson, London, 1983.
The Times Atlas of World History, Zagreb, 1987.
Thomsen, V.: *Sur la parente de la lanque etrasque,* OKD, Copenhagen, 1899.

Thomson, G.: *I Arhaia Eilliniki Koinonia-to Proistoriko Algaio,* Athina, 1954.

Томовић, В.: *Рат богова и титана,* Побједа, Титоград, 1987.

Тукидид: *Повијест Пелопонеског рата,* Дерета, Београд, 1991.

Васић, М.: *Археологија и лингвистика*, Зборник САНУ, Београд, 1958.

Ventris, M.: *Evidence for Greek Dialect in the Mycenaean Archives,* Journal of Hellenic Studies, vol. 73, 1953. 84

Ventris M., Chadwich, J.: *Documents in Mycenaen Greek,* Cambridge, 1956, 122

Вукчевић, Г.: *О порijеклу Илира,* Подгорица, 1992.

Жуњић, С.: *Аристотел и Хенологија,* Просвета, Београд, 1958.

АКАД. АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ – ДОНЧО

Академик д-р Антоније Шкокљев-Дончо, пензиониран генерал, е роден во селото Д'мбени, Костурско во Егејска Македонија сега Грција. Д-р Шкокљев го добил своето образование во Костур, Софија и Белград. Во Втората светска војна учествувал во ослободувањето на Македонија и Југославија.

Д-р Шкокљев дипломирал на Медицинскиот факултет во Белград со висок просек во областа на максилофацијалната и оралната хирургија, а работел во Белград и во други медицински центри во Европа. Тој беше доктор по медицински науки и (експерт) член на Светската здравствена организација.

Д-р Шкокљев е автор на повеќе од 260 научни и други трудови, како и на десетина книги од кои посебно внимание заслужуваат: "Поедноставена техника за имобилизација на вилици во модерна војна", што е негова докторска дисертација, одбранета во 1964 година; "Олимписките богови од Србија" (1998), "Придонесот на Македонија во Светската цивилизација" (2004) и голем број други публикации со кои тој го истражува палеолитскиот период на Балканот.

По неговата специјализација во Народна Република Кина, во 1989 година, д-р Шкокљев беше основач на Меѓународната постдипломска школа за традиционална медицина на Европскиот центар за мир и развој, каде што тој бил и директор.

Д-р Шкокљев беше член на Македонската академија на науките и уметностите, член на Академијата за медицински науки, српски медицинска асоцијација во Белград, член на Меѓународната американска академија за акупунктура и електротерапија и на други асоцијации. Исто така, академик Шкокљев беше активен во палеолингвистичките истражувања на Балканот и има добиено многу сертификати

Академик проф. д-р Антоније Шкокљев-Дончо како голема светска личност живееше долг но скромен живот, а на 94 - годишна возраст почина на 01 мај 2018 година во Белград, каде се наоѓа неговиот вечен дом. Меѓутоа, неговото име и дело ќе останат незаборавни во етничка Македонија и во Србија.

СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

Славе Николовски-Катин е голем вљубеник во својата родна Преспа, во етничка Македонија и македонскиот народ, како и во македонската дијаспора. Тој е познат на македонската и на меѓународната јавност по неговите публикации, новинарски и научни трудови кои се посветени, главно на етничка Македонија и на животот на Македонците во светот. Исто така, неговата работа се однесува на културата, литературата, јазикот, историјата, журналистиката и религијата. Тој е автор на шеесет публикации, на стотина научни трудови презентирани на различни симпозиуми и други собири, како и на преку 4.000 новинарски текстови објавени во Македонија и во светот.

Славе Катин е роден на 19 август 1941 година во Долна Преспа. Основното и осумгодишното училиште (со мала матура) го завршува во Љубојно, Средното техничкото училиште во Скопје. Студирал геодезија во Белград, потоа јазик во Торонто, а дипломирал на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Како функционер на Владата на Република Македонија, тој бил на посети и разговори кај поглаварите на Романската, Украинската, Руската и Српската православна црква, потоа во Цариградската патријаршија во Истанбул и повеќе пати во Ватикан во Рим. Меѓу другото, бил и во делегацијата на Владата на Република Македонија за погребот на Мајка Тереза во Калкута, Индија.

Во неговата биографија е забележано дека Славе Катин беше член на *"Академијата за слобода на религијата"* во Вашингтон, САД, секретар на друштвото *"Македонија-Канада",* секретар на Здружението на новинарите на Македонија, беше акредитиран новинар од Македонија за *"Австралиско-македонски неделник"* од Мелбурн и *"Меѓународна политика"* од Белград. Денес е член на *„Друштвото за наука и уметност"* од Битола и е постојан член на најголемата фондација од дијаспората *"Атанас Близнаков",* при Универзитетот *"Св. Кирил и Методиј"* во Скопје.

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР……5
I ГЕОГРАФСКА КОНФИГУРАЦИЈА НА БАЛКАНОТ.....9
II АРХЕОЛОШКИ ОТКРИТИЈА.....11
III ЕПИСТЕМОЛОГИЈА НА ОНОМАСТИКАТА
НА ПАНОНИЈА……..13
IV РАЗВОЈ НА ПАЛЕОГРАФИЈАТА НА БАЛКАНОТ.....36
V ТРАКИЈА.....41
VI ДРЕВНА МАКЕДОНИЈА ВО ПРАИСОТИРСКИОТ ЕГЕЈ.....46
VII ТЕСАЛИЈА – ПРАИСТОРИСКА ЕОЛИЈА.....70
VIII ЕПИР ПЕЛАШКА - ТЕСПРОТИЈА.....78
IX БЕОТИЈА – КОЛОНИЈА НА
МИНИЈЦИТЕ И ФЛЕГИЈЦИТЕ……..80
X КОЛОНИЗАЦИЈАТА НА ТЕБА ОД ФЕНИКИЈЦИТЕ.....87
XI МИТОВИ НА ЕОЛЦИТЕ ЗА
ПЛОВИДБАТА НА АРГОНАУТИТЕ.....98
XII ПЕЛАШКО – ЕОЛСКА АТИНА.....115
XIII ПРАИСТОРИСКИОТ КРИТ И
КИКЛАДСКИТЕ ОСТРОВИ.....128
XIV ПРАИСТОРИСКИ ПЕЛОПОНЕЗ – КОЛОНИЗАЦИЈА.....135
XV КОЛОНИЗАЦИЈА НА СЕВЕРЕН ПЕЛОПОНЕЗ –
ЕГИЈАЛА ОД СТРАНА НА АХЕЈЦИТЕ.....154
XVI ТЕСАЛСКО – ПЕЛОПОНЕШКА МИТОЛОГИЈА ЗА
ХЕРАКЛЕ (ХЕРАКЛЕВИТЕ ПАТУВАЊА ВО ХИПЕРБОРЕЈА
И ПО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ДУНАВ.....161
XVII РЕЛИГИИТЕ НА ПРАИСТОРИСКИОТ ЕГЕЈ.....178
XVIII ИСТОЧНИОТ БРЕГ НА ЕГЕЈ – МАЛА АЗИЈА…..180
XIX ТРОЈАНСКАТА ВОЈНА.....198
XX ПРЕОБЛИКУВАЊЕ НА ЕГЕЈСКИОТ
СВЕТ ПРЕОДЕН – МРАЧЕН ПЕРОД.....201
XXI ПРЕСЕЛБА НА ХЕЛЕНИТЕ –
СКИТАЧКИТЕ ДОРЦИ ВО ГРЦИЈА.....208
XXII ГОЛЕМИ ПРЕСЕЛБИ НА СКИТИТЕ –
ПРАСЛОВЕНИТЕ НА БАЛКАНОТ –
НОВО ПРЕОБЛИКУВАЊЕ НА ПРАИСТОРИСКИОТ ЕГЕЈ.....225
XXIII СКИТИ – ПРАСЛОВЕНИ НА БАЛКАНОТ НОСИТЕЛИ
НА КОНТИНУИТЕТОТ НА ПАНОНСКАТА КУЛТУРА.....241

XXIV СКИТСКОТО – ПРАСЛОВЕНСКО ПОТЕКЛО НА АРГЕАДСКАТА ДИНАСТИЈА НА АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ….....248
XXV ЗНАЧЕЊЕ НА „ХЕЛЕНИЗАМ“ И „МАКЕДОНИЗАМ“.....265
XXVI ФЕНИКИЈЦИТЕ И КАВКАСКИТЕ КОЛХИЃАНИ ГО КОЛОНИЗИРААТ ЗАПАДНИОТ БРЕГ НА БАЛКАНОТ.....276
XXVII ЕТНОГЕНЕЗА НА ЦИНЦАРИТЕ–АРОМАНИ.....288
XXVIII ОРИГИНАЛНОСТ НА МИТОЛОГИЈАТА НА БАЛКАНОТ, НЕЈЗИНО ПОТЕКЛО И ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАЃАЊЕТО НА ЕВРОПСКАТА ЦИВИЛИЗАЦИЈА.....297
ЗАКЛУЧОК.....304
SUMMARY.....307
ЛИТЕРАТУРА.....310

ИЗДАВАЧ „МАКЕДОНСКА ИСКРА“
ТЕЛ. 070 349 457 И 070 381 779

АНТОНИЈЕ ШКОКЉЕВ-ДОНЧО
СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ-КАТИН

ПРАИСТОРИЈА НА ЦЕНТРАЛНИОТ БАЛКАН

За издавачот
Драган Поповски

Главен и одговорен уредник
Славе Катин

Уредници
Марјан Поповски
Славе Катин

Лектор
Елена Тошева

Ликовно и графичко обликување
Боби Аврамовски - Македон
КОНТУРА, Скопје

Печат
ОФСЕТ, Скопје

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

903(497)

ШКОКЉЕВ-Дончо, Антоније
Праисторија на централниот Балкан : (заедничка историја и иднина) / Антоније Шкокљев-Дончо, Славе Николовски-Катин. - Скопје : Македонска искра, 2019. - 417 стр. : илустр. ; 30 см. - (Едиција Историја)

Слики и белешки за авторите: стр. [288]-290. - Summary. - Библиографија: стр. 284-287

ISBN 978-608-202-070-9
1. Николовски-Катин, Славе [автор]
а) Балкан - Праисторија
COBISS.MK-ID 111904266